РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 994
Скопје, 15 октомври 2010 година

## Содржина на Билтен број 994 од 15 октомври 2010 година


### ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**Марјан Дрндаревски, Маја Кукушева, Кире Чиков, Даниел Георгиев, Катерина Божиновска, Александра Каневче, Лимонка Лазарова, Бојана Јованова, Ѓоргис Јапакопулос, Владимир Николоски, Алберт Изеироски, Златко Спасовски, Александар Утевски, Васко Лазов, Дејан Ивановски, Сања Јованоска, Иван Стојкоски Билјана Кузеска, Ѓорѓи Николов, Зоран Јовчев, Клеархо Атанасовски, Игор Китановски, Владимир Стрезовски, Љупчо Стојилков, Марјан Стојанов, Мики Митков, Андреја Наумовски, Оливер Стојчевски, Нена Трајановска, Тони Маркоски, Маја Ристова, Гордана Ристаноска, Славица Спировска, Глигор Ќаев, Наташа Малевска, Бобан Јоксимовиќ, Марин Николовски, Марина Захариева, Слободан Трајанов, Милан Петковски, Александра Христов, Стефанија Пероска, Синиша Станчев, Александра Стојанова, Сандра Станисављевска, Димитар Дренковски, Александар Јовановски, Огненка Гавриловска, Гоце Шапкароски, Артан Абази, Александар Ников, Трајче Димитровски, Стојан Мицанов, Димитар Мицанов, Горан Владев, Александар Палковски, Александар Арсовски, Владимир Ацески Гоце Делов, Саша Хаџи Јорданова, Игор Марковски, Ристе Митевски, Илина Карева, Анета Мирческа, Драган Радески, Горан Соколовски, Ангела Шатановска, Климентина Трифуновска, Јордан Соклевски, Вера Пејовска, Иван Ацев, Драган Захариев, Драган Аврамовски, Ристо Цветковски, Зоран Димов, Зорица Колевска, Јасмина Јосифоска, Благој Гајдарџиски, Давид Ношпал, Кирил Ачкоски, Маригула Димова, Адам Марковски, Александра Богојеска, Вулнет Исмаили, Михаела Ангелова, Војдан Кардалев, Ана Кретеска, Бонела Кладорабски, Соња Стојанова, Татјана Тапанџиева, Спаско Ќаев, Оливер С. Стефановски, Миливој Симеоновски, Коста Карпузовски, Васко Митанов, Благој Ќупев, Апостол Палазов, Здравко Николовски, Наташа Шаурек, Билјана Лозановска, Оливер Велковски, Марија Николоска, Игор Пупалески, Анета Арсенова Најдова, Димче Костадинов)**..........1-10

### ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Ненад Јосифов, Марија Ефремовска, Катерина Насковска, Сања Ѓурковиќ, Драгана Кипријановска, Ирена Арнаудовска, Драгица Недева, Јовче Митов, Маја Ставреска, Станислава Спасеска, Душан Кретевски, Андреј Стојчевски, Гордана Шиклоска,Тања Јосифова, Билјана Кокиновска, Елена Арсовска, Сузана Трајковска, Љупчо Петкуќески, Ристо Илиоски)**..........11-13

### ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор во соработничко звање-асистент по групата предмети: математика 1, математика 2, основи на компјутерското работење, вовед во програмирање и комуникациски вештини на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**м-р Павел Димовски, м-р Зенафер Бајмак-Грозданов, м-р Сузана Стојоска**)..........14-17
2. Реферат за избор во соработничко звање-асистент по групата предмети: наука за неоргански материјали 1, наука за неоргански материјали 2, технологија на груба и фина керамика, технологија на огноотпори и специјална керамика, технологија на стакло и емајл и теоретски основи на неорганска технолоигија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**м-р Војо Јованов**)..........18-21

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор во звањето вонреден професор по предметите правопис и правоговор на современиот македонски јазик, современ македонски јазик, граматика на македонскиот јазик и усвојување на македонскиот јазик како втор/странски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска**)....................22-32

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје (**Зоран Терзиќ, Ранко Безар, Ристо Поповски, Милорад Сиљановски, Даниел Поповски**)....................33

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литертура во Скопје (**Наташа Василевска-Трајчевска, Миле Петковски, Игор Тасевски**)....................34

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Програмски и методско-дидактички концепт на изборните предмети во гимназиското образование во Република Македонија**, изработена од **м-р Ѓорѓина Кимова**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................35-43

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Наташа Бакреска-Кормушоска**)....................44

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**Нелко Нелковски**)....................45

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Дејана Колева, Емилија Стојкова, Дејан Блажевски, Даниела Арсовска Богдановска, Искра Андреева-Алексоска, Љуба Сиљаноска, Лидија Стојчева, Владо Лазовски, Сашка Неделкова, Игор Богоевски, Орнела Трајкоска, Љупка Младеновска, Дарко Казанков**)....................46-47

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Конески и фолклорот**, изработена од **м-р Ана Мартиновска**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.48-55

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во научната област механизациони машини на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Виктор Стојмановски**)....................56-71

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Описното оценување на учениците во природно-научното програмско подрачје во одделенската настава**, изработена од **м-р Теута Питарка-Шабани**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................72-82
2. Реферат за избор на наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): уметност на ренесансата-општа, уметност на барокот-општа, уметност на класицизмот-општа, уметност на романтизмот-општа, уметност на реализмот-општа, на Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет во Скопје (**д-р Татјана Филиповска**)....................83-90

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Маркетинг: теорија и практика**, од **проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска**, пријавен на Економскиот факултет во Скопје....................91-105

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на трудот **Граѓанско процесно право, книга втора, вонпарнично право**, од авторите **д-р Арсен Јаневски и д-р Татјана Зороска-Камиловска**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................106-108
2. Реферат за избор на наставник на научната област економски науки на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Томислав Гроздановски)**....................109-122

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по предметите трговско право и правни и етички аспекти на интернет на Економскиот факултет во Скопје **(м-р Ангела Кузманова)**....................123-128

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор на асистент-истражувач во Институтот за национална историја во Скопје **(м-р Димитар Љоровски)**....................129-131

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Одржлив развој на екодимензии во основното образование во Република Македонија**, изработена од **м-р Десанка Угриновска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................132-138

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања во областа физиологија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(д-р Владимир Петков)**....................139-145

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Владимир Петковски, Катерина Мијалова, Виолета Јосифовска, Катерина Доневска, Кире Крстевски, Лела Јовиќевиќ-Проданова)**....................146

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по предметите: патишта, проектирање патишта, патни јазли, градски сообраќајници, горен слој на патишта, патишта и железници, основи на сообраќајот, управување и одржување на патишта, сообраќајно техничка опрема и паркиралишта и аеродроми на Градежниот факултет во Скопје **(м-р Слободан Огњеновиќ)**....................147-151

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник (во сите звања) за научните области: општа археологија, нумизматика, класична археологија; старогрчка и римска култура; римска провинциска култура, археолошка картографија и топографија, на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Виктор Лилчиќ)**....................152-165

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Јазични особености на турската проза во списанието "Севинч" во периодот од 1950 до 2003 година**, изработена од **м-р Хулија Даут Скука**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје....................166-174

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на доцент во научната област ботаника на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Елизабета Мискоска-Милевска**).........175-185

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент на Институтот за физика на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Ламбе Барандовски**)...........................................................186-191

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Преглед на прифатени наслови на теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**Арииса Реџепи, Индира Чипа**)...............192

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА УЧЕБНИКОТ „ИСТОРИЈА НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ОД XIV ДО XV ВЕК" ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р БОБАН ПЕТРОВСКИ**

Со одлука бр. 12-1446/2 од 17.9. 2010 година на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, определен сум за рецензент на учебникот *Историја на балканските земји од XIV до XV век,* од авторот доц. д-р Бобан Петровски. По разгледувањето на ракописот го поднесувам следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Трудот *Историја на балканските земји од XIV до XV век,* од авторот доц. д-р Бобан Петровски, содржи 207 страници - предговор, основен текст, прилози од извори и користена литература. Материјата во трудот е структурирана во 4 глави, и тоа:

- *Бугарија во XIV век* - во оваа глава, составена од 4 подглави, од кои првата е поделена на 7 поднаслови, елаборирани се настаните кои го окарактеризирале посоченото столетие во историјата на средновековна Бугарија, почнувајќи од кулминацијата на татарската власт во земјата во почетокот на векот, па сè до потпаѓањето на државата под османлиска власт. Во овој дел од трудот, освен политичката историја, исто така се опфатени и податоци за социјално-економската историја, државната управа и културата во Бугарија.
- *Србија од крајот на XIII до средината на XV век* - во оваа втора глава, составена од 9 подглави, од кои речиси половината се поделени на поднаслови, третирано е средновековното минато на Србија во време на династијата Немањиќи, но и по неа, сè до освојувањето на државата од османлиите во средината на *XV век.* Како и во претходната глава, во оваа глава исто така се опфатени податоци за политичката, но и за социјално-економската и културната историја, како и за државаната управа во Србија.
- *Босна во XIV и XV век* – на овој начин авторот ја насловил третата глава во учебникот, составена од 6 подглави. Првите три, поделени на поднаслови, се однесуваат на политичката историја на Босна, од нејзиното издигнување, преку слабеењето на државата и превласта на крупните благородници, до освојувањето на Босна од страна на османлиите. Преостанатите три подглави даваат податоци за

државното и општествено уредување, стопанскиот развиток и културата во Босна.

- *Албанија во XIV и XV век* – е насловот на последната четврта глава во трудот. Во неа, во посебни подглави се понудуваат податоци за албанското општество на преминот од XIII во XIV век, паѓањето под српска власт, самостојните феудални владетели и видни благороднички семејства во втората половина на XIV и првата половина на XV век, потпаѓањето под османлиска власт и конечното потчинување на земјата под власта на османлиите, како и стопанството, црковните прилики и културата во Албанија. Посебен акцент е даден на албанско-зетските односи, третирани во третата подглава, како и на востанието на Скендербег, образложено во посебен поднаслов на четвртата подглава.

Приложените материјали за актуелните студиски и предметни програми, како и нотираните содржини на трудот-текстуални и изворни, дозволуваат неколку генерални квалитативни карактеристики на трудот *Историја на балканските земји од XIV до XV век,* од авторот доц. д-р Бобан Петровски:

*Прво,* трудот ги содржи стандардните содржини карактеристични за историјата на балканските земји во посочениот временски период, со што без сомнение може да се категоризира како *универзитетски учебник.*

*Второ,* станува збор за *прво издание* на учебникот.

*Трето,* учебникот е наменет за студентите на студиската програма по *историја* на Филозофскиот факултет во Скопје.

*Четврто,* за студиската програма по историја, учебникот се однесува на предметната програма *историја на балканските земји од XIV до XV век,* со фонд на часови во наставата 2+2 и носи 5 КТС-кредити.

*Петто,* понудениот учебник ќе биде од полза и за студентите историчари и историчари-архивисти по предметната програма *историја на балканските земји од XI до XV век (изборен),* со фонд на часови во наставата 3+2 и 6 КТС-кредити. Исто така, текстот од трудот може да биде користен и од студентите на Институтот за историја на уметноста и археологија, особено на насоката историја на уметноста, каде што со фонд на часови во наставата 3+2 и 6 КТС-кредити се понудува предмет *историја на балканските земји од XIII до XV век* (изборен).

*Шесто,* учебникот е во согласност со усвоените предметни програми на Филозофскиот факултет.

*Седмо,* сугестиите и забелешките, повеќето од техничка природа, на авторот му се пренесени непосредно.

## КОНСТАТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Се работи за квалитетен труд, чија основна цел и задача е да претставува учебник од кој студентите ќе се ползуваат на предавањата и вежбите по истоимениот предмет. Тоа е видливо од избраниот пристап при третманот на материјата, при што, авторот, покрај текстуален дел, понудува и избор од извори кои го поткрепуваат текстот, што се цени за дополнителен квалитет на трудот.

Во трудот се претставени политичката, но и социјално-економската, црковната и културната историја на третираните балкански народи во посочениот временски интервал. Притоа, водено е сметка за дотогашната подготвеност на студентите со знаења од претходните модули во студиската програма, така што текстот во целост е приспособен за нив. Понудениот материјал би можел да биде препознаен и од поширок читачки аудиториум, во рамките на академската средина, но и надвор од неа.

Стилот во понудениот труд е јасен, разбирлив и дозволува впечаток дека авторот убедливо кореспондира со материјата. Со публикувањето на овој учебник ќе се пополни празнината од труд на македонски јазик за посочената проблематика.

Поаѓајќи од изнесените констатации и оцени за трудот, му предлагам на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да одобри публикување на трудот *Историја на балканските земји од XIV до XV век* од авторот доц. д-р Бобан Петровски, во форма на *универзитетски учебник* по предметот *историја на балканските земји од XIV до XV век.*

Во Скопје, 27 септември 2010 г.

Рецензент
Проф. д-р Коста Аџиевски, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА УЧЕБНИКОТ *ИСТОРИЈА НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ОД XIV ДО XV ВЕК*, ОД АВТОРОТ ДОЦ.Д-Р БОБАН ПЕТРОВСКИ**

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје од 17 септември 2010 година, определен сум за рецензент на учебникот *Историја на балканските земји од XIV до XV век* од доц. д-р Бобан Петровски, Откако го прочитав ракописот, кој ми беше предаден, го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Учебникот на доц. д-р Бобан Петровски е со наслов *Историја на балканските земји од XIV до XV век.*

Учебникот ќе се користи по предметната програма историја на балканските земји од XIV од XV век, од студиската програма по историја на Филозофскиот факултет.

Учебникот е во согласност со предметната програма историја на балканските земји од XIV до XV век со фонд на часови во наставата 2+2 и носи 5 ЕКТС-кредити.

Ова дело за првпат се објавува во Република Македонија и претставува прв учебник на македонски јазик за дел од средновековната балканска историја во земјава.

Овој учебник може да биде ползуван и од студентите од студиската група по историја со архивистика за изборниот предмет Историја на балканските земји од XI до XV век, со фонд на часови 3+2 и 6 ЕКТС-кредити. Овој учебник исто така може да биде користен и од страна на студентите од Институтот за историја на уметноста и археологија, насока: историја на уметноста, каде што е понуден изборниот предмет историја на балканските земји од XIII до XV век, со вкупен фонд на часови 3+2 и 6 ЕКТС- кредити.

Учебникот е во согласност со усвоените и акредитирани наставни програми на Филозофскиот факултет.

Забелешките се од техничка природа и тие му се пренесени на авторот.

Учебникот на доц. д-р Бобан Петровски, со наслов *Историја на балканските земји од XIV до XV век,* содржи 207 страници со предговор, главен текст и избор на користена литература. Главниот дел од учебникот е

поделен на четири глави кои се однесуваат на дел од средновековната историја на Бугарија, Србија, Босна и Албанија.

Првата глава со наслов *Бугарија во XIV век* е поделена на четири подглави. Првата подглава е поделена на седум дела и се однесува на политичката историја на Бугарија во наведениот период. Во текстот се дадени и голем број на изворни записи кои ќе им бидат од голема полза на учениците. Останатите три подглави се однесуваат на социјално-економските односи, државното уредување, материјалната и духовната култура на Бугарија. Студентите ќе добијат целосен пресек и објаснувања за различни теми од бугарската историја.

Втората глава е со наслов *Србија во XIV и XV век*. Првата подглава се однесува на издигнувањето и ширењето на српската држава во наведениот период. Во втората подглава е посветено големо внимание на распаѓањето на српското средновековно царство. Добар дел од оваа глава е посветен на стопанскиот развој, како и на општественото и државното уредување на Србија. Исто така, како логичен след е даден историскиот развој на деловите од распаднатото српско царство, како и создавањето на српското деспотство и потпаѓањето на Србија под османлиска власт.

Насловот на третата глава е *Босна во XIV и XV век*. Оваа глава има шест подглави. Првите три глави се однесуваат на политичката историја на Босна, нејзиното издигнување и пропаѓање. Останатите три глави се однесуваат на државното и општественото уредување, стопанскиот равиток и културните состојби. Исто како и во претходните две глави и тука покрај основниот текст, дадени се и изводи од различни извори кои се важни за совладување на наставниот материјал.

Последната глава од овој учебник се однесува на албанската историја. Насловот на оваа глава е *Албанија во XIV и XV век*. Овој дел од учебникот е поделен на пет подглави во кои студентите, но и другите читатели, можат да најдат многу информации за албанското општество, како и за политичките, социјалните, стопанските, црковните и културните состојби во наведениот период. Особено внимание е посветено на востанието на Скендербег. Сите подглави се полни со изворни материјали кои одлично се вклопуваат со основниот текст на овој учебник.

Понудениот учебник ги исполнува и целосно ги задоволува сите стандарди кои се неопходни за еден добар универзитетски учебник.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Учебникот на доц. Бобан Петровски е квалитетен труд, кој ќе биде од голема корист за студентите од наведените студиски групи, но и за пошироката академска јавност и читателите. Особено треба да се подвлече големиот избор на извори кои го дополнуваат основниот текст. Така студентите полесно ќе можат да го совладаат наставното градиво, но и да добијат јасна претстава за времето на кое се однесува односниот учебник.

Во овој учебник се претставени политичката, економската, социјалната, црковната и културната историја на споменатите балкански земји во наведениот период.

Авторот на учебникот има разбирлив стил и јасна мисла која е неопходна за полесно разбирање од страна на студентите за кои е и наменет овој учебник.

Врз основа на гореизнесеното ми претставува задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го одобри за печатење трудот на доц. д-р Бобан Петровски со наслов *Историја на балканските земји од XIV до XV век*, како универзитетски учебник по предметот *историја на балканските земји од XIV до XV век.*

Скопје, 28 септември 2010 г.

Рецензент
Проф. д-р Далибор Јовановски, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03- 15/а
29-09- 2010 год.
СКОПЈЕ



# ПРЕГЛЕД

за пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први,, во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Ирена Арнаудовска | Компаративна анализа на начинот на кој е овозможена примената на Регулативата 2157/2001/ЕЗ за Статутот на европското друштво (Societas Europea) во некои држави-членки на Европската унија, Република Хрватска и Република Македонија | проф.д-р Тито Беличанец |
| Драгица Недева | Законските наследни редови во македонското и копмаративното право | проф.д-р Дејан Мицковиќ |
| Јовче Митов | Одговорност на штета од неисправен производ во правото на Република Македонија | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Маја Ставреска | Банкарската гаранција според домашните и меѓународните извори | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Станислава Спасеска | Одговорност на штета заради задоцнување на исполнувањето на договор за дело во правото и практиката на Република Македонија | проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска |
| Душан Крстевски | Појава и развој на Данокот на додадена вредност во одредени западно-европски земји | проф.д-р Весна Пендовска |
| Андреј Стојчевски | Правната рамка на фискалната децентрализација во Република Македонија | доц.д-р Александра Максимовска Велјановски |
| Шиклоска Гордана | Локално буџетирање во | доц.д-р Александра |

| | | |
|---|---|---|
| Шиклоска Гордана | Локално буџетирање во Република Македонија | доц.д-р Александра Максимовска Велјановски |
| Тања Јосифова | Видови берзи за хартии од вредност | проф.д-р Димитар Гелев |
| Билјана Кокиновска | Њујоршка берза-правни аспекти | проф.д-р Димитар Гелев |
| Елена Арсовска | Токиска берза-правни аспекти | проф.д-р Димитар Гелев |
| Сузана Трајковска | NASDAQ | проф.д-р Димитар Гелев |
| Љупчо Петкуќески | Внатрешната контрола во акционерското друштво | проф.д-р Тито Беличанец |
| Ристо Илиоски | Нужното наследување во македонското и споредбеното право | проф.д-р Дејан Мицковиќ |

ДЕКАН

---

проф.д-р Борче Давитковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-151/ca
30-09-2010 год.
СКОПЈЕ



# ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Ненад Јосифов | Хашки трибунал, со посебен осврт на македонските предмети | Д-р Н.Тупанчески |
| Марија Ефремовска | Убиство на дете при пораѓање | Д-р М.Каневчев |
| Катерина Насковска | Феноменологија и етиологија на наркоманијата | Д-р М.Каневчев |
| Сања Ѓурковиќ | Остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување во управната постапка | Д-р А. Павловска Данева |
| Драгана Кипријановска | Казнено-правната одговорност на здравствените работници | Д-р Н.Тупанчески |

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Правен факултет "Јустинијан Први" Република Македонија

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: МАТЕМАТИКА I, МАТЕМАТИКА II, ОСНОВИ НА КОМПЈУТЕРСКОТО РАБОТЕЊЕ, ВОВЕД ВО ПРОГРАМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука од 41. седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, одржана на 2.7.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент по групата предмети: ***математика* I, *математика* II, *основи на компјутерско работење, вовед во програмирање*** и ***комуникациски вештини.***

По прегледот и анализата на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс објавен во дневниот весник „Утрински весник" од 26.6.2010 година за избор во соработничко звање - асистент по горенаведената група предмети, се пријавија тројца кандидати: м-р Павел Димовски, дипломиран математичар, м-р Зенафер Бајмак-Грозданов, дипломиран професор по математика и м-р Сузана Стојоска, дипломиран професор по математика.

### *1. Биографски податоци за м-р Павел Димовски*

Датум и место на раѓање: 21.4.1982 год., Битола, Р. Македонија.

#### *Образование*

- Основно образование завршил во ОУ „Климент Охридски" во Битола, а средно образование завршил во УСО „Јосип Броз – Тито" во Битола, со континуиран одличен успех.
- Во учебната 2000/01 година се запишал на Природно-математичкиот факултет во Скопје, група за математика, насока: теориска математика.
- На 30.6.2005 година ги завршил студиите со средна оценка 9,33.
- Во 2006 година се запишал на постдипломски студии на ПМФ во Скопје, група: математика, насока: теориска математика.
- Во октомври 2008 година учествувал на еднонеделната школа *Differential Calculus, Conservation Laws and Application in Mechanics*, одржана во Нови Сад, Србија.
- Во октомври 2009 година учествувал на летната школа *Nonlinear Modeling, Simulation and Optimization*, одржана во Нови Сад, Србија.

- На 31.5.2010 година ги завршил постдипломските студии со средна оценка 10, со одбрана на магистерскиот труд „S' – конволуција, хармониско продолжување на дистрибуции и хармониски функции како Poisson-ови интеграли на дистрибуции", под менторство на д-р Весна Манова - Ераковиќ, вонреден професор на Институтот за математика при ПМФ во Скопје, со што стекнал право на научен степен **магистер на математички науки**.

### *Наставно-образовна дејност*

М-р Павел Димовски од октомври 2006 до јуни 2009 година, а потоа и од февруари 2010 до јуни 2010 година изведува аудиториски вежби по предметите: математика 1, математика 2, математика со биостатистика, алгебра 1, проективна геометрија и лабораториски вежби со пакетот Mathematica по предметите: компјутерски практикум 1, компјутерски практикум 2, нумеричка математика, како демонстратор на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во изминатите неколку години е активен член во Комисијата одговорна за подготовката и спроведувањето на регионални и републички натпревари по математика за учениците од основно и средно училиште.

Во мај 2008 година учествувал во организацијата и реализацијата на „Балканска математичка олимпијада" одржана во Охрид.

М-р Павел Димовски учествувал и во организацијата на интернационалната математичка конференција MICOM 2009, одржана во Охрид.

Кандидатот м-р Павел Димовски го познава англискиот јазик, за што има доставено и уверение.

### *Научна и стручна дејност*

Од 2006 до 2009 година м-р Павел Димовски бил активен во научноистражувачката дејност. Бил вклучен како млад истражувач – соработник во тригодишниот проект финансиран од МОН: *Гранични вредности на аналитички функции и дистрибуции и апроксимации во смисла на дистрибуции*, чиј раководител е проф. д-р Весна Манова – Ераковиќ, Институт за математика, ПМФ, Скопје.

## *2. Биографски податоци за м-р Сузана Стојоска*

Датум и место на раѓање: 8.2.1982 год, Скопје, Р. Македонија.

### *Образование*

- Основно образование завршила во ОУ „Крсте Петков Мисирков", а средно образование завршила во СУГС „Раде Јовчевски Корчагин" во Скопје.

- Високо образование завршила на Природно-математичкиот факултет во Скопје, група за математика, насока: наставна математика.
- На 28.5.2009 година ги завршила постдипломските студии со средна оценка 9,70, со одбрана на магистерскиот труд „Примена на компјутерите во наставата по геометрија за втора година на средното образование", под менторство на д-р Дончо Димовски, редовен професор на Институтот за математика при ПМФ во Скопје, со што стекнала право на научен степен **магистер па математичко образование**.

***Наставно-образовна дејност***

М-р Сузана Стојоска е вработена на определено време во средното училиште - Гимназија „Раде Јовчевски – Корчагин" во Скопје, 3 години и 9 месеци како наставник по предметите математика и линеарна алгебра.

М-р Сузана Стојоска била вклучена во проектот за едукација на Ромите како прегледувач во Бирото за развој на образованието.

Кадидатката м-р Сузана Стојоска го познава англискиот јазик и поседува компјутерски вештини за Microsoft Word, Microsoft Outlook и Internet Explorer.

***3. Биографски податоци за м-р Зенафер Бајмак-Грозданов***

Датум и место на раѓање: 22.5.1976 год., Растељица, Р. Србија и Црна Гора.

***Образование***

- Во учебната 1995/96 година се запишал на Природно-математичкиот факултет во Скопје, група за математика, насока: наставна математика.
- Во 2000 година ги завршил студиите со дипломската работа „Математика и шах".
- Во 2001 година се запишал на постдипломски студии на ПМФ во Скопје, група: математика, насока: теориска математика.
- Од 2001 до 2005 година престојувал во Академијата на науки на Р. Бугарија, во Институтот за математика и информатика, секција за геометрија и топологија, присуствувал на семинари и го подготвувал магистерскиот труд.
- На 8.3.2005 година ги завршил постдипломските студии со средна оцена 10, со одбрана на магистерскиот труд ,,Селекции на повеќезначни пресликувања во Банахов простор", под менторство на д-р Дончо Димовски, редовен професор на Институтот за математика при ПМФ во Скопје, со што стекнал право на научен степен **магистер на математички науки**.

***Наставно-образовна дејност***

М-р Зенафер Бајмак-Грозданов е вработен во средното училиште СУГС „Цветан Димов“ во Скопје од 2006 година како професор по математика.

Кандидатот бил главен оценувач на Државната матура во 2010 година. Тој бил стипендист на DAAD и на Министерството за наука.

Кадидатот м-р Зенафер Бајмак-Грозданов ги познава англискиот и францускиот јазик и активно и напредно употребува персонален компјутер и апликации.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на погоре изложеното може да се заклучи дека кандидатот м-р Павел Димовски е единствен со звањето дипломиран математичар бидејќи ја има завршено теориската насока по математика, додека останатите два кандидата се со звањето дипломиран професор по математика и имаат завршено наставна насока по математика. Со оглед на фактот дека теориската насока по математика на ПМФ единствено образува кадар со звање дипломиран математичар и е насока со повеќе курсеви по математика, за разлика од наставната насока, сметаме дека тоа е предност со која се стекнува кандидатот м-р Павел Димовски пред останатите кандидати. Исто така, кандидатот м-р Павел Димовски со досегашното три и полгодишно самостојно изведување на аудиториски и лабораториски вежби на Институтот по математика на ПМФ во Скопје се издвојува од другите кандидати со своето работно искуство на држење вежби по математички предмети и апликативен софтвер, со што се стекнува со уште една предност пред останатите кандидати и е единствен од тројцата кандидати кој учествувал во научноистражувачки проект финансиран од Министерството за наука на Р. Македонија. Врз основа на гореизнесеното, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кандидатот **м-р Павел Димовски**, дипломиран математичар, да биде избран во звањето асистент на групата предмети: математика I, математика II, основи на компјутерското работење, вовед во програмирање и комуникациски вештини.

Рецензентска комисија

1. Д-р Лилјана Стефановска, редовен професор, ТМФ-Скопје, с.р.

2. Д-р Анета Бучковска, вонреден професор, ФЕИТ-Скопје, с.р.

3. Д-р Бети Андоновиќ, доцент, ТМФ-Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ-АСИСТЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: НАУКА ЗА НЕОРГАНСКИ МАТЕРИЈАЛИ 1, НАУКА ЗА НЕОРГАНСКИ МАТЕРИЈАЛИ 2, ТЕХНОЛОГИЈА НА ГРУБА И ФИНА КЕРАМИКА, ТЕХНОЛОГИЈА НА ОГНООТПОРИ И СПЕЦИЈАЛНА КЕРАМИКА, ТЕХНОЛОГИЈА НА СТАКЛО И ЕМАЈЛ И ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА НЕОРГАНСКА ТЕХНОЛОГИЈА,

НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, донесена на 41 редовна седница одржана на 2.7.2010 година, именувани сме за членови на Комисијата за избор на асистент по групата предмети: наука за неоргански материјали 1, наука за неоргански материјали 2, технологија на груба и фина керамика, технологија на огноотпори и специјална керамика, технологија на стакло и емајл и теоретски основи на неорганска технологија.

Комисијата, по разгледувањето на документацијата на пријавениот кандидат на конкурсот, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневниот весник „Утрински весник" од 26.6.2010 година за избор на соработничко звање- асистент по групата предмети: наука за неоргански материјали 1, наука за неоргански материјали 2, технологија на груба и фина керамика, технологија на огноотпори и специјална керамика, технологија на стакло и емајл и теоретски основи на неорганска технологија, на Технолошко-металуршкиот факултет се пријави еден кандидат – м-р Војо Јованов.

Кандидатот м-р Војо Јованов, досегашен асистент на Технолошко-металуршкиот факултет, ги исполнува конкурсните услови за избор во звањето асистент по групата предмети: наука за неоргански материјали 1, наука за неоргански материјали 2, технологија на груба и фина керамика, технологија на огноотпори и специјална керамика, технологија на стакло и емајл и теоретски основи на неорганска технологија, па во продолжение ќе бидат презентирани неговите биографски податоци и постигнати резултати.

**Биографски податоци:**

Име и презиме: м-р Војо Јованов
Датум на раѓање: 14.9.1981 год.
Место на раѓање: Виница, Република Македонија

**Универзитетско обрзование:**

2007 год. Дипломирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на Технолошко-металуршкиот факултет, отсек: инженерство за неметали, Скопје.

2010 год. Магистрирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на Технолошко-металуршкиот факултет, отсек: нови материјали-неоргански материјали.

**Практика:**

2006 год. Практика во фабриката TONDACH - Виница, 10.7-10.8.2006, „Следење на процесот на подготовка на глината, формирање на форми под притисок, сушење и печење на готовите производи".

2007 год. IAESTE-практика во Нови Сад, 15 мај - 30 јуни 2007, „Испитување на биокорозијата на керамичките материјали и одредување на отпорноста на мраз", Технолошки факултет-Нови Сад.

**Работно искуство:**

- 1. VIII 2007 - 30.XI 2007 год. – вработен во Фабриката за огноотпорни материјали BOMEX REFRACTORY- Пехчево.
- од 30.XI 2007 до денес – вработен во Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, како помлад асистент.

**Наставно-образовна дејност:**

Наставно-образовната дејност на м-р Војо Јованов се состои во изведување вежби по предметите: наука за неоргански материјали, технологија на груба керамика, технологија на фина керамика, технологија на стакло и емајл, технологија на огноотпорни материјали, технологија на специјална керамика, теоретски основи на неметална технологија и подготовка на суровини во неметална технологија, на насоката инженерство за неметали.

**Стручно-апликативна дејност:**

- Технолошко испитување на глини од локалитетот Ајватовци, Скопско, 2008 год., член;
- Лабораториски керамички испитувања на керамички глини од локацијата BOKSH-KOSOVA, Косово, 2008 год., член;
- Лабораториски испитувања на плочки од КЕРАМИКА НОВА, Велес, 2008 год., член;
- Технолошки испитувања на керамичка глина од АД ИГМ ЕЛЕНИЦА СТРУМИЦА, Струмица, 2008 год., член.

**Учество во научноистражувачки проекти:**

1. *Синтеза – структура – својства на поликомпонентни керамички системи добиени по методи на контролирана кохидролиза–* билатерален македонско-бугарски проект финансиран од Министерството за образование и наука, 2009, член;
2. *Креирање на мрежи за соработка помеѓу Универзитетите и индустријата за одржливи технологии* - проект 158989 - TEMPUS-1-2009-1-BE -TEMPUS-JPHES, 2009, член.

**Учество на конгреси :**

1. Vojo Jovanov, Snezana Petrovic, Emilija Fidancevska, Janja Ranogajec, *Composite materials composed of fly ash and clay*, VII студентски конгрес за чиста и применета хемија, 4-6 октомври 2007, Скопје, Македонија;
2. Vojo Jovanov, Snezana Petrovic, Janja Ranogajec, Emilija Fidancevska, *Biocorrosion of composite materials based on fly ash and clay materials*, The seventh Students Meeeting, SM-2007 – Procesing and Application of Ceramics, December 6-7, 2007, Нови Сад, Србија;
3. Vojo Jovanov, Snezana Petrovic, Emilija Fidancevska, Janja Ranogajec, Biljana Anguseva, Sinisa Markov, *Biocorrosion of ceramics fabricated from waste fly ash and clay,* 17-20 September 2008, Охрид, Македонија;
4. Vojo Jovanov, Snezana Petrovic, Miroslava Radeka, Emilija Fidancevska, Janja Ranogajec, *Frost resistance and biocorrosion of ceramics based on fly ash and clay,* VIII студентски конгрес за чиста и применета хемија, 2009, Скопје, Македонија.

Учествува во промотивни активности во рамките на Факултетот/Институтот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од презентираните материјали на кандидатот м-р Војо Јованов, помлад асистент на Технолошко-металуршкиот факултет, може да се констатира дека станува збор за кандидат кој континуирано се надоградува во наставно-педагошката и научноистражувачката дејност.

Кандидатот м-р Војо Јованов досега успешно ги реализира вежбите по предметите за кои досега беше избран, а учествува и како член во билатералниот македонско – бугарски научно- истражувачки проект и едукативен ТЕМПУС-проект, како и во проекти кои се од стручно-апликативен карактер.

Интегрално, кандидатот м-р Војо Јованов претставува млад перспективен кадар кој ентузијастички им пристапува на предизвиците од областа на керамиката и вредно ги завршува зададените задачи.

Согласно со Правилникот за единствените критериуми и постапки за избор во наставно- научни, научни, наставно- стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија врз база на презентираните материјали, му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, м-р Војо Јованов да биде избран во звањето асистент по групата предмети: наука за неоргански материјали 1, наука за неоргански материјали 2, технологија на груба и фина керамика, технологија на огноотпори и специјална керамика, технологија на стакло и емајл и теоретски основи на неорганска технологија.

Рецензентска комисија:

Д-р Емилија Фиданчевска, вонреден професор с.р.

Д-р Катица Давкова, редовен професор с.р.

Д-р Милосав Милошевски, редовен професор с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

# Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на седницата на Наставно-научниот совет одржана на **25.8.2010**

1. Студиска програма **Вградливи микрокомпјутерски системи**

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Марјан Дрндаревски | Вградлив систем за автоматско опишување на содржина во кориснички видеосеквенци во класите природно-вештачко | Embedded system for automatic content description of user generated videos from natural-articial class | доц. д-р Зоран Ивановски |

2.Студиска програма **Комуникациски и информациски технологии**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Маја Кукушева | Анализа на перформанси на криптографија по елиптична крива за примена во безжични сензорски мрежи | Performance Analysis of Elliptic Curve Cryptography for Implementation in Wireless Sensor Networks | вон.проф. д-р Александар Ристески |

3. Студиска програма **Проектен менаџмент**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кире Чиков | Менаџмент на проектно портфолио во нови технолошки околини | Project portfolio management in a new technological environments | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 2 | Даниел Георгиев | Финансиските деривативи како инструменти за финансирање и минимизирање на ризиците во современиот проектен менаџмент | Financial derivatives as instruments for financing and minimizing the risks in the modern project management | вон. проф. д-р Атанас Илиев |

4. Студиска програма **Енергетска електроника**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Катерина Божиновска | Оптимизација и симулација на целомостен резонантен конвертор (за индукционо загревање) од аспект на прекинувачките елементи | Optimization of full-bride resonant converter for induction heating regarding switching components | Проф. д-р Љупчо Караџинов |

5. Студиска програма **Компјутерски мрежи и е-технологии**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Александра Каневче | Моделирање и анализа на сложени мрежни системи | Modeling and analysis of complex network systems | Проф. д-р Љупчо Коцарев |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

# Преглед

на прифатени теми од наставно-научниот совет
на Факултетот за елрктротехника и информациски технологии
за изработка на магистерски трудови на **23. јуни 2010 г.**

1. Студиска програма **Применета математика во областа на електротехниката и информациските технологии**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Лимонка Лазарова | Модели на Black-Scholes и нивна примена | Black-Scholes models and their application | д-р Билјана Јолевска-Тунеска |

2. Студиска програма **Систем во чип**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Бојана Јованова | Web базиран компјутерски систем за надзор и управување со „паметен дом" | Web based computer system for monitoring and control of "smart home" | Проф. д-р Аристотел Тентов |
| 2 | Ѓоргис Јанакопулос | Проектирање и практична реализација на управувачки систем за „паметен дом" | Design and practical realization of control system for "smart home" | Проф. д-р Аристотел Тентов |

3. Студиска програма **Проценка на перформанси и анализа на податоци кај компјутерско-комуникациони системи**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Владимир Николоски | Анализа и проценка на перформанси на извршување на компјутерски програми | Analysis and Performance Evaluation of Execution of Computer Programs | Проф. д-р Аристотел Тентов |

4. Студиска програма **Комуникациски и информациски технологии**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Алберт Изеироски | Имплементација на безжични сензорски мрежи за зголемување на енергетска ефикасност во објекти | Wireless Sensor Networks for enhanced energy efficiency in buildings | проф. д-р Лилјана Гавриловска |
| 2 | Златко Спасовски | Евалуација на перформанси при доделување на бранови должини кај оптички WDM мрежи | Performance Evaluation of Wavelength Assignment Problem in Optical WDM Networks | проф. д-р Борислав Поповски |
| 3 | Александар Утевски | Анализа на перформансите на хендоверите во мобилни WiMAX мрежи | Performance Analysis of Handovers in Mobile WiMAX Networks | вон. проф. д-р Тони Јаневски |
| 4 | Васко Лазов | Методи за ослушнување на спектарот кај когнитивно радио | Spectrum sensing methods for cognitive radio | вон. проф. д-р Венцеслав Кафеџиски |

5. Студиска програма **Екоинформатика**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дејан Ивановски | Модел на азотот во Преспанското Езеро | Nitrogen model in Lake Prespa | проф. д-р Коста Митрески |
| 2 | Сања Јованоска | Просторно моделирање на шумите во Р. Македонија | Spatial modeling of forest in R.Macedonia | проф. д-р Коста Митрески |

**6.** Студиска програма **Безжични и мобилни комуникации**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Иван Стојкоски | Алгоритми за дистрибуиран динамички пристап на спектар кај когнитивно радио базирани на теорија на игри | Algorithms for distributed dynamic spectrum access in cognitive radio based on game theory | Вон. проф. д-р Венцеслав Кафеџиски |
| 2 | Билјана Кузеска | Алгоритми за дистрибуирано кодирање на видео сигнали | *Distributed video coding algorithms* | Вон. проф. д-р Венцеслав Кафеџиски |

7. Студиска програма **Проектен менаџмент**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ѓорѓи Николов | Анализа и планирање на ресурсите на претпријатието со BI (Business Intelligence) систем базиран на OLAP технологија во ERP софтвер | Analyses and planning of resources in enterprises with BI system based on OLAP technology in ERP software | вон. проф. д-р Атанас Илиев |
| 2 | Зоран Јовчев | Анализа на процесот на донесување на одлуки и негова примена во корпоративните средини | Decision making process analysis and its application in corporate environment | вон. проф. д-р Атанас Илиев |
| 3 | Клеархо Атанасовски | Анализа на индустриски проекти за подобрување на енергетската ефикасност | Analysis of industrial projects for energy efficiency improvement | Проф. д-р Атанас Илиев |
| 4 | Игор Китановски | Придобивки од имплементација на интегриран систем за управување со сервисите на информатичките технологии базиран на ITIL процесниот модел | Benefits from implementation of integrated system for IT service management based on the ITIL process model | вон. проф. д-р Атанас Илиев |
| 5 | Владимир Стрезовски | Анализа на стратегиите за интерактивен е-маркетинг | Analysis of the strategies for interactive e-marketing | вон. проф. д-р Атанас Илиев |

**8.** Студиска програма **Обновливи извори**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Љупчо Стојилков | Техноекономска анализа на можностите за примена на обновливи извори на енергија во малите фарми и земјоделието | Techno-economic analysis of the possibilities of application the renewable energy sources in the small farms and agriculture | вон. проф. д-р Атанас Илиев |

**9.** Студиска програма **Електроенергетика**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Марјан Стојанов | Оперативно водење на електроенергетски систем во новите пазарни услови | Power System Operation in new market conditions | вон. проф. д-р Антон Чаушевски |
| 2 | Мики Митков | Оптимална работа на системот на каскадни хидроцентрали на река Треска од аспект на минимална потрошувачка на вода за исто производство на енергија | Optimal work of the system of cascade hydropower plants on the river Treska in terms of minimum consumption of water as energy production | Проф. д-р Арсен Арсенов |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Андреја Наумовски | Управувачка техника и функционални барања на опремата во целосно автоматизирана трансформаторска постројка | Control engineering and functional requirements of the equipment in substation automation | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 4. | Оливер Стојчевски | Трендови и решенија во рехабилитација и автоматизација на мали хидроцентрали со придружни објекти | Trends and Solutions in the rehabilitation and automation of Small Hydro Power Plants with auxiliary structures | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 5. | Далибор Стојевски | Современи технички решенија за заштеда на електрична енергија во домаќинствата | Modern technical solution for saving electricity in households | Вон. проф. Атанас Илиев |
| 6. | Нена Трајановска | Определување на проектни параметри на мала хидроелектрична централа | Determining the design parameters of a small hydropower plants | Вон. проф. Атанас Илиев |
| 7. | Тони Маркоски | Анализа на режимите на работа на ХЕЦ Глобочица | Analyses of the modes of operation of the HPP Globocica | Вон. проф. Атанас Илиев |

**10.** Студиска програма **Софтерско инженерство**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Маја Ристова | Современи технологии за поддршка на образовниот процес | Modern technology support of educational process | Вон. проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 2 | Гордана Ристаноска | Пиксел ориентирани техники за визуелизација на финансиски временски серии | Pixel-oriented visuali zation techniques for visualization of financial time series data | Проф. д-р Сузана Лошковска |
| 3 | Славица Спировска | Визуелни системи за тестирање на софтвер базирани на модели | Visual systems for model based software testing | Проф. д-р Сузана Лошковска |
| 4 | Глигор Ќаев | Примена на ЕСБ во сервисно ориентирана архитектура | Application of ESB in service oriented architecture | Вон. проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 5 | Наташа Малевска | Визуелизација на анатомски дрвовидни структури кај човекот | Visualization of human anatomic tree structures | Проф. д-р Сузана Лошковска |
| 6 | Бобан Јоскимовиќ | Систем за визуелизација и топологија на податочни инфраструктури | System for visualization and topology of data infrastructures | Проф. д-р Драган Михајлов |
| 7 | Марин Николовски | Систем за учење базиран на дигитални игри | Educational system based on digital games | Проф. д-р Драган Михајлов |
| 8 | Марина Захариева | Динамичко програмирање како оптимизациска техника за предвидување на РНК секрундарна структура | Dynamic programming as an optimization technique for RNA secondary structure prediction | Вон. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ |
| 9 | Слободан Трајанов | Примена на мултиплатформски сензорски мрежи за развој на Амбиентална интелегенција | Application of multi-platform sensor networks in development of Ambient intelligence | Вон. проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 10 | Милан Петковски | Графички веб интергејс за репрезентација и обработка на семантички податоци | Graphical web interface for representation and processing of semantic data | Доц. д-р Димитар Трајанов |
| 11 | Александра Христов | Маркетинг во семантичкиот веб | Marketing in the semantic web | Доц. д-р Димитар Трајанов |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | Стефанија Пероска | Графичка веб базирана развојна околина за JQuery | Visual web based development environment for JQuery | Проф. д-р Сузана Лошковска |
| 13 | Синиша Станчев | Техники за класификација на отпечатоци од прсти во биометриски апликации | Fingerprint classification techniques in biometric applications | Вон. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ |
| 14 | Александра Стојанова | Динамичка визуелизација на софтвер | Dynamic visualization fo software | Проф. д-р Сузана Лошковска |
| 15 | Сандра Станисављевска | Водење на успешни проекти со PRINCE2 методологија за проектен менаџмент | Managing successful projects with PRINCE 2 project management methodology | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 16 | Димитар Дренковски | Развој на програма за превод на македонски јазик со Gramatical Framework | Developing a program for translation of Macedonian language using Gramatical Framework | Вон. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ |
| 17 | Александар Јовановски | Визуелизација на графови на мобилни уреди | Visualization of graphs on mobile devices | Проф. д-р Сузана Лошковска |
| 18 | Огненка Гавриловска | Техники за препознавање на лица во биометриски апликации | Face recognition techniques in biometric applications | Вон. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ |
| 19 | Гоце Шапкаровски | Модел на веб систем за препораки со користење на колективна интелигенција | Recommendation engine model utilizing collective intelligence | Вон. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ |
| 20 | Артан Абази | Проценување на кредитен ризик на физички лица со користење на невронски мрежи | Consumer credit risk assessment using neural networks | Вон. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ |
| 21 | Александар Ников | Кориснички интерфејс со контролиран природен јазик базиран на семантички веб технологии | User interface with controlled natural language based on semantic web technologies | Доц. д-р Димитар Трајанов |
| 22 | Трајче Димитровски | Локациско базирани сервиси во мобилни мрежи и социјални аспекти кај мобилните технологии | Location based service in mobile networks and social aspects in mobile technologies | Вон. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ |

11. Студиска програма **Компјутерско-системско инженерство и автоматика**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Стојан Мицанов | Управување на систем за возбуда на синхрон генератор со употрба на невронски мрежи | Neural network based excitation control of synchronous generator | Проф. д-р Татјана Колемишевска-Гугуловска |
| 2. | Димитар Мицанов | Употреба на фази-логички управувач во системот за амортизација кај возилата | Vehicle suspension system using fuzzy-logic controller | Проф. д-р Татјана Колемишевска-Гугуловска |
| 3. | Горан Владев | Развој на управувач за индустриски манипулатор базиран на адаптивен невро-фази систем за заклучување | Design of adaptive neuro-fuzzy inference system based controller for industrial robot manipulator | Проф. д-р Татјана Колемишевска-Гугуловска |
| 4. | Александар Палковски | Примена на генетски алгоритми и фази логика во управување на процеси | Using of genetic algorithms and fuzzy logic in control processes | Проф. д-р Татјана Колемишевска-Гугуловска |
| 5. | Александар Арсовски | Предвидувачко ПИД управување со невронски | Neural network predictive PID control | Проф. д-р Миле |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | мрежи на контејнерски кран | of a container crane | Станковски |
| 6. | Владимир Ацески | Напредни концепти во управувањето на термоенергетските објекти | Model predictive Control in thermal plants | Проф. д-р Миле Станковски |
| 7. | Гоце Делов | Современ SCADA систем во управувањето на термоелектрана | Modern SCADA system for power plant control | Проф. д-р Миле Станковски |
| 8. | Саша Хаџи Јорданова | Моделирање и управување на сообраќај во населени места | Urban traffic control and modelling | Проф. д-р Миле Станковски |
| 9. | Игор Марковски | Проектирање на фреквентен управувач за асинхрони мотори | Design of frequent controller for asynchronous motors | Проф. д-р Миле Станковски |
| 10. | Ристе Митевски | Напредни методи за моделирање на системите за дистрибуција на вода | Advanced methods for modeling of water distribution systems | Проф. д-р Миле Станковски |

**12.** Студиска програма **Интелигентни информациони системи**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Илина Карева | Развој на апликации за мобилни телефони за поттикнување на физичка активност | Mobile phone applications for motivating physical activity | доц. д-р Андреа Кулаков |
| 2 | Анета Мирческа | Локациски базирани системи за пребарување преку мобилни уреди | Location Based Retrieval Systems Using Mobile Devices | вон. проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 3 | Драган Радески | Модел на интегриран систем за електронска размена и наплата на фактури | Model of integrated system for electronic invoice exchange and payment | проф. д-р Данчо Давчев |
| 4 | Горан Соколовски | Оптимизациски техники базирани на мобилни сервиси и карактеристики на проширена реалност | Optimization and filtering techniques based on mobile services and augmented reality features | вон. проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 5 | Ангела Шатановска | Дизајнирање на платформа за контекстно базирана проширена реалност | Context based augmented reality framework design | вон. проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 6 | Климентина Трифуновска | Примена на OLAP и податочно рударење како техники за деловно разузнавање во современиот софтвер | Use OLAP and data mining as business intelligence techniques in modern software | доц. д-р Слободан Калајџиски |
| 7 | Јордан Соклевски | Дефинирање и имплементација на контекстно базирани колаборативни сервиси | Defining and implementation of context based collaborative services | вон. проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 8 | Вера Пејовска | Употреба на објекти за учење во учење на далечина | Usage of learning objects in distance education | вон.проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 9 | Иван Ацев | Моделирање на глаголите во македонскиот јазик според интенцијалното-синтаксичко значење | Modeling the verbs of the Macedonian language according their intentional-syntactical meaning | доц. д-р Андреа Кулаков |
| 10 | Драган Захариев | Предвидување на идните вредности на цените на пазарите за размена на валути со примена на хиерархиски временi мемории | Forex forecasting with hierarchical temporal memories | вон. проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ |

13. Студиска програма **Содржинско базирано пребарување**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Драган Аврамовски | Детектирање сврзувачки места на транскрипциони фактори во ДНК секвенци кои содржат регулаторни елементи | Detection Of Transcription Factor Binding Sites In DNA Sequences Containing Regulatory Elements | доц. д-р Слободан Калајџиски |
| 2 | Ристо Цветковски | Дистинкција помеѓу мотифите на сврзувачките места кај транскрипционите фактори и шумот добиен од мутираните мотифи на геномот | Distinguishing transcription factors of binding sites motifs from the background mutation patterns of the genome | доц. д-р Слободан Калајџиски |
| 3 | Зоран Димов | Ефикасни методи за компресија на податоци во безжични сензорски мрежи | Efficient data compression in wireless sensor networks | проф. д-р Данчо Давчев |

14. Студиска програма **Електрични машини и автоматизација**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Зорица Колевска | Анализа на режимите на работа на чекорен мотор со примена на нумерички методи | Performance analysis of stepper motor using numerical methods | Вон. проф. д-р Гога Цветковски |

15. Студиска програма **Електроенергетски системи**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јасмина Јосифоска | Оптимизација на работата на ЕЕС за подолг временски период со примена на софтверскиот пакет MATPOWER | Optimal generation scheduling for a longer time period by the MATPOWER software package | Доц. д-р Мирко Тодоровски |
| 2 | Благој Гајдарџиски | Анализа на доверливоста на средпонапонските дистрибутивни мрежи во ЕВН-Македонија со примена на симулацијата Монте Карло | An analysis of the reliability of EVN Macedonia medium voltage networks through Monte Carlo simulation | Проф. д-р Ристо Ачковски |
| 3 | Давид Ношпал | Примена на компјутерската програма ZAZEM за усовршување на постапката за димензионирање на мрежестите заземјувачи во постројките од ЕЕС според техничката препорака ТП23 | Improvement the procedure for Grounding Grid Design of Substations according to the Technical Recommendation TP23 by using the Computer Programme ZAZEM | Проф. д-р Ристо Ачковски |
| 4 | Кирил Ачкоски | Примена на напредни компјутерски методи за оптимизација при проектирањето на надземните електроенергетски водови | Application of Advanced Computer Methods for Optimization of Overhead Lines Design | Доц. д-р Мирко Тодоровски |

16. Студиска програма **Компјутерски мрежи и е-технологии**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Маригула Димова | Влијание на трансформацијата на бизнис процесите | The implications of ICT network infra- | Доц. д-р Соња Филипоска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | врз ИКТ мрежната инфраструктура | structure for business process redesign | |
| 2 | Адам Марковски | Креирање на семантички податоци со помош на веб виџети | Web widgets based semantic data creation | Доц. д-р Димитар Трајанов |
| 3 | Александра Богојеска | Проценка на биоинформатички алгоритми со посебен фокус на високопропусно секвенцирање | Evaluation of bioinformatics algorithms with special focus on high-throughput sequencing | Проф. д-р Љупчо Коцарев |
| 4 | Вулнет Исмаили | Детална анализа на DoS/-DDoS проблематиката и можни солуции | Detailed analysis of DoS/DDoS and possible solutions | Проф. д-р Љупчо Коцарев |
| 5 | Михаела Ангелова | Анализа на геномот од бактеријата Pseudomonas sp. (DSM 6611) | Assembly, Annotation and Comparison of the Genome of Pseudomonas sp. (DSM 6611) | Проф. д-р Љупчо Коцарев |
| 6 | Војдан Кардалев | Употреба на сериозни игри во високото образование | Serious games in higher education | Доц. д-р Димитар Трајанов |
| 7 | Ана Кретеска | Анализа на перформансите на високото ИТ образование и кариера во Република Македонија | Performance analysis of the IT higher education and careers in Republic of Macedonia | доц. д-р Соња Филиповска |
| 8 | Бониела Трајановска | Методологија за одредување на доверба и проценка на кредибилитетот на податоците во Семантичкиот веб | Methodology for assessing trust and authority of the semantic web data | доц. д-р Димитар Трајанов |
| 9 | Ангел Кладорабски | Анализа и моделирање на надежноста кај ад хок мрежите | Analysis and modeling of reliability in ad hoc network | Доц. д-р Димитар Трајанов |
| 10 | Соња Стојанова | Дизајн и имплементација на паралелни алгоритми за манипулација и претставување на логички функции на графичкиот процесор | Design and implementation of parallel algorithams for Boolean function manipulation and representation on the GPU | Доц. д-р Димитар Трајанов |
| 11 | Татјана Тапанџиева | Мониторинг и проценка на бизнис перформансите користејќи го стандардот CobiT | Monitoring and evaluation of business performances using Cobi T standard | Проф. д-р Ванѓел Фуштиќ |
| 12 | Спаско Ќаев | Методолошка рамка за мрежи од големи размери анализа и дизајн | Methodological Frameworks for Large-scale Network Analysis and Design | Проф. д-р Љупчо Коцарев |
| 13 | Оливер С. Стефановски | Анализа на ранливост на мрежи моделирани со графови | Vulnerability Analysis of network modeled with graphs | Проф. д-р Љупчо Коцарев |
| 14 | Миливој Симеоновски | Енкрипција базирана на идентитет: анализа, дизајн и имплементација | Identity based encryption: analysis, design and implementation | Проф. д-р Љупчо Коцарев |

17. Студиска програма **Вградливи микрокомпјутерски системи**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Коста Карпузовски | Проектирање и имплементација на вградлив микрокомпјутерски систем кај уред за корекција на | Design and implementation of an embedded system for power factor correction | проф. д-р Јосиф Ќосев |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | факторот на моќност | device | |
| 2. | Васко Митанов | Вградлив уред за зголемување динамички опсег на слики базиран на ARM процесор | Embedded device based on ARM processor for enhancing dynamic range of images | доц. д-р Зоран Ивановски |
| 3. | Благој Ќупев | Вградлив систем за приказ на возни параметри кај возило на ветробранско стакло | Embedded system for displaying drive parameters on vechicle's wind shield | доц. д-р Зоран Ивановски |
| 4. | Апостол Палазов | Проектирање и имплементација на вградлив микрокомпјутерски систем кај CNC машина | Design and Implementation of an Embedded Microcomputer System for CNC Machine | проф. д-р Јосиф Ќосев |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

# Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на седницата на Наставно-научниот совет одржана на **29.9.2010**

1. Студиска програма **Софтерско инженерство**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Здравко Николовски | Систем за интерактивна образовна анимација | Interactive educational animation system | Проф. д-р Драган Михајлов |

**2.** Студиска програма **Проектен менаџмент**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Наташа Шаурек | Методи за анализа на бизнис податоци за проценка на ризик во инженерските проекти | Methods for business data analysis for risk evaluation in engineering projects | Проф. д-р Атанас Илиев |
| 2 | Билјана Лозановска | Проектниот менаџмент и системите за менаџмент на севкупен квалитет | Project Management and Total Quality Management Systems | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 3 | Оливер Велковски | Проценка на ризиците во рамки на стандардот ISO/ IEC 27001:2005 во одредени стопански гранки | Risk assessment within the standard ISO 27001:2005 in certain industries | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 4 | Марија Николоска | Процес на водење е-Влада проекти–Планирање, имплементација и најдобри практики | Process of management of e-Government Projects–Planning, implementation and best practices | Проф. д-р Крсте Најденкоски |
| 5 | Игор Пупалески | Систем за менаџирање и профилирање на односи со корисници и евалуација на ризичните фактори при определување на индексот на задоволство кај телеком оператор | Customer relationship management with profiling and evaluation of risk factors in determination of customer satisfaction index in telecom operator | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |

**3.** Студиска програма **Електроенергетика**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Анета Арсенова Најдова | Енергетска и економска анализа на неискористениот хидропотенцијал кај малите хидроцентрали во Република Македонија | Power and economic analyses of the unutilised small hydro power plants potential in the Republic of Macedonia | Вон. проф. д-р Атанас Илиев |

**4.** Студиска програма **Дигитално процесирање на сигнали**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Димче Костадинов | 3Д реконструкција на сцена од една дигитална слика | 3D Single Image Reconstruction | Доц. д-р Зоран Ивановски |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ *ПРАВОПИС И ПРАВОГОВОР НА СОВРЕМЕНИОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, СОВРЕМЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ГРАМАТИКА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК* И *УСВОЈУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК КАКО ВТОР/СТРАНСКИ ЈАЗИК* НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ *БЛАЖЕ КОНЕСКИ* ВО СКОПЈЕ

На својата осма редовна седница одржана на 2.7.2010 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет *Блаже Конески* нè избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска на конкурсот објавен на 23.6.2010 во весникот *Утрински весник*, за избор на наставник во сите звања по предметите *правопис и правоговор на современиот македонски јазик, современ македонски јазик, граматика на македонскиот јазик* и *усвојување на македонскиот јазик како втор/странски.*

Во врска со тоа Комисијата има чест на Наставно-научниот совет да му го предложи следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска е родена на 13.1.1969 година во Скопје. Дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје во 1990 со средна оценка 9,59, на *групата македонски јазик и јужнословенски јазици*, а дополнително ги положила и предметите од *групата полски јазик*, како втор главен предмет. Магистрирала на темата *Глаголи на зборување во современиот македонски јазик* во 1996 година, а докторирала на тема: *Семантика на примарните телични глаголи во македонскиот јазик* во 2005 година.

Д-р Тофоска-Јанеска има работено како млад истражувач на проектот „Толковен речник на македонскиот јазик" (1992-1997), во Одделението за лексикологија и лексикографија при Институтот за македонски јазик. На Филолошкиот факултет е вработена од 1997 година, прво како лектор, од 2004 како виш лектор, а од 2005 година како доцент по *современ македонски јазик.* Ја изведувала наставата по предметите: *македонски јазик (култура на говорот)* на: Филозофскиот факултет, Природно-математичкиот факултет, Факултетот за физичка култура и др. нематични факултети: *правопис и правоговор на современиот македонски јазик,* за групата *македонски јазик; современ македонски јазик 1* и *2,* за групите *албански* и *Турски* јазик; *современ македонски јазик 1* и *2,* за групата *превод и толкување – албански јазик.*

Била лектор по *македонски јазик како странски* на *Меѓународниот семинар по македонски јази, литература и култура* во Охрид (1994-1996 и 2003) и на *Универзитетот Индијана*, Блумингтон, САД, во текот на летниот семестар 2001 година.

Тофоска била на студиски престој на Јагјелоњскиот универзитет во Краков во 2000 година. Има посетувано 6 летни школи по јазик: 4 за полски (на Шљонскиот универзитет во Катовице, 1989, на Јагјелоњскиот универзитет во Краков-1991, 1992 и на Варшавскиот универзитет, 1992); една за англиски јазик (на Американскиот универзитет во Вашингтон, 1989) и една за словенечки јазик (Универзитетот во Љубљана, 2000). Била учесник и на 4 меѓународни летни школи по лингвистика (на Варшавскиот универзитет - 1992, 1994 и на Карловиот универзитет во Прага - 1993, 1998).

Во периодот до избор во звањето доцент, Тофоска има учествувано во неколку научноистражувачки проекти: *Толковен речник на македонскиот јазик* (1992-1997) во ИМЈ „Крсте Мисирков", *Глаголскиот вид во македонскиот јазик* (1995-2005, како дел од проектот *Темпоралниот и аспектскиот систем на македонскиот, полскиот и италијанскиот јазик*) на Филолошкиот факултет.

Била секретар на Катедрата во 2005 година и член на Наставно-научниот совет од 1997. Во периодот (1998-2001) била член на Извршниот одбор на *Сојузот на друштвата за македонски јазик* и во истиот период повеќе пати била член или претседател на комисиите на општинските и државните натпревари по македонски јазик и литература, како и на државните рецитаторски натпревари за учениците од основното и средното образование.

**Дејности по изборот во звањето доцент**

**Наставно-образовна дејност**

Како доцент ја изведувала наставата по предметите: *правопис и правоговор на македонскиот јазик, семантика* (2005-2008), *македонски јазик 1* и 2 (за *групата превод и толкување) современ македонски јазик 3* и *4* (за групите *албански* и *турски*, 2005-2008), *граматика на македонскиот јазик 5* и *6* (за групата *превод и толкување – албански јазик* (од 2008-) и *македонски јазик за странци.*

Од 2009/2010 учествува и во наставата и испитите по македонски јазик на постдипломските студии по конференциско толкување.

Била лектор по *македонски јазик како странски* на *Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* во Охрид (2006, 2008 и 2009).

Учествувала во два меѓународни Темпус-проекта (в. Анекс 2: 3 и 5), во чии рамки има посетувано повеќе тренинг- програми за изработка на сертифицирани тестови за Б1 и А1-ниво на познавање на македонскиот јазик како странски/втор јазик, како и тренинг-програми за изработка на учебник за Б- ниво. Како член на работната група во *Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик* на Филолошкиот факултет *Блаже Конески* работи и како овластен испитувач и составувач на тестови, а во моментов е и дел од тимот кој го изработува учебникот по македонски јазик како странски/втор јазик за Б-ниво.

Д-р Тофоска се покажала како добар наставник во редовната настава, а и при испитувањето и составувањето тестови за македонскиот јазик како странски/втор јазик.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Тофоска учествува како соработник во работата на неколку научно-истражувачки проекти: *Функционална и географска карактеристика на морфосинтаксичките балканизми* (2001-), во Центарот за ареална лингвистика во МАНУ, од кој се произлезени неколку научни статии (в. Анекс 2: 8,9, 11,15) објавени во реномирани списанија и *Положбата на македонскиот и на хрватскиот јазик во образовниот систем на повеќејазични средини* (2007-2009), кој се реализира како билатерален проект под раководство на проф. д-р Емилија Црвенковска и од кој произлезе меѓународниот собир на Филолошкиот факултет во Скопје под наслов *Прв, втор, друг јазик: македонско-хрватски споредби* (мај 2010, а Тофоска беше член на организациониот одбор).

По изборот во звањето доцент учествувала на повеќе меѓународни конференции со реферати од областа на лексикологијата, семантиката и усвојувањето на македонскиот како странски/втор јазик во земјата и во странство (Хрватска), самостојно, а и во коавторство со стручњаци од соодветните области од странство (Зринка Јеласка), а и од Македонија (в. Анекс 2: 17-27) Има објавено повеќе трудови од наведените области во домашни и меѓународни списанија, како дел од работата на научноистражувачките проекти или реферати од споменатите конференции.

Во овој период, научниот и стручниот интерес на д-р Тофоска е насочен кон неколку области, а тоа се семантиката и прагматиката, лексикологијата и усвојувањето на македонскиот како странски/втор јазик и наставата по македонски како втор/странски јазик.

По своето значење се изделуваат неколку труда, поврзани со проучувањето на категоријата аспект во македонскиот јазик, како на пр. *За семантиката на теличните глаголи*, во кој се дава длабока и детална анализа на теличните

глаголи, кои за првпат се анализирани во македонскиот јазик. Трудовите на д-р Тофоска поврзани со категоријата евиденцијалност, исто така заземаат важно место во македонската лингвистика (в. Анекс 2: 11, 15), како и трудовите од областа на усвојувањето на македонскиот јазик како втор/странски (в. Анекс 2: 13, 14, 16).

Преку работата на проектите, учеството на конференциите и објавувањето на трудовите, д-р Тофоска има голем придонес за издигнувањето на македонската лингвистичка наука.

**Стручно-апликативна дејност**

Во овој период д-р Тофоска била претседател на организацискиот одбор на *Шестиот научен собир на млади македонисти* (2008), член на организацискиот одбор на меѓународниот собир *Прв, втор, друг јазик: македонско-хрватски споредби* (2010), а во моментов е член на организацискиот одбор на *Седмиот научен собир на млади македонисти* (2010).

Член е на мрежата за база на податоци за показателите на евиденцијалноста во европските јазици (2008- ) и на Славистичкото лингвистичко друштво (2009- ). Од 2010 е член на редакцијата на списанието *Литературен збор*.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**Рецензентската комисија, со задоволство, многу позитивно ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска од областа на македонската наука за јазикот, со што се покажува дека ги исполнува условите за избор во звањето вонреден професор.**

**Имаме чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да ја избере д-р Станислава-Сташа Тофоска-Јанеска во знањето вонреден професор по предметите *правопис и правоговор на современиот македонски јазик, современ македонски јазик, граматика на македонскиот јазик и усвојување на македонскиот јазик како втор/странски*.**

**Рецензентска комисија**

**1. Проф. д-р Елена Петроска, с.р.**

**2.Проф. д-р Живко Цветковски, с.р.**

**3. Проф. д-р Катерина Велјановска, с.р.**

# АНЕКС

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО- НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Станислава-Сташа Јован Тофоска**

Институција: **Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје**

Научна област: **македонски јазик и лингвистика**

## 1. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| ред. број | Назив на активноста: | поени |
|---|---|---|
| | **Одржување настава (од прв циклус студии)** | |
| 1 | 2005/2006 летен семестар: *македонски јазик со културата на говорот* (на Филозофски факултет)-2 часа* 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 2 | 2005/2006 летен семестар: *правопис и правоговор на македонскиот јазик*-2 часа * 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 3 | 2005/2006 летен семестар: *македонски јазик* 2 (гр. ПИТ) -4 часа * 15 недели *0,04 | 2,4 |
| 4 | 2005/2006 летен семестар: *современ македонски јазик* 4 -4 часа * 15 недели *0,04 | 2,4 |
| 5 | 2007/2008 зимски семестар: *македонски јазик со културата на говорот* (на Филозофски факултет) - 4 часа* 15 недели *0,04 | 2,4 |
| 6 | 2007/2008 зимски семестар: *правопис и правоговор на македонскиот јазик*-2 часа * 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 7 | 2007/2008 зимски семестар: *македонски јазик* 1 (гр. ПИТ)- 4 часа* 15 недели *0,04 | 2,4 |
| 8 | 2007/2008 зимски семестар: *семантика* -2 часа* 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 9 | 2007/2008 зимски семестар: *современ македонски јазик* 3-2 часа* 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 10 | 2007/2008 летен семестар: *македонски јазик за странци* -2 часа* 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 11 | 2007/2008 летен семестар: *македонски јазик со културата на говорот* (на Филозофски факултет) - 2 часа* 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 12 | 2007/2008 летен семестар: *правопис и правоговор на* | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | *македонскиот јазик*-2 часа * 15 недели *0,04 | |
| 13 | 2007/2008 летен семестар: *македонски јазик* 2 (гр. ПИТ)- 4 часа* 15 недели *0,04 | 2,4 |
| 14 | 2007/2008 летен семестар: *современ македонски јазик* 4-2 часа* 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 15 | 2007/2008 летен семестар: *македонски јазик за странци* -2 часа* 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 16 | 2008/2009 зимски семестар: *македонски јазик со култура на говорот* (на Филозофски факултет) - 4 часа* 15 недели *0,04 | 2,4 |
| 17 | 2008/2009 зимски семестар: *правопис на македонскиот јазик*- 2 часа * 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 18 | 2008/2009 зимски семестар: *македонски јазик* 1 (гр. ПИТ)- 4 часа* 15 недели *0,04 | 2,4 |
| 19 | 2008/2009 зимски семестар: *граматика на македонскиот јазик 5* -4 часа* 15 недели *0,04 | 2,4 |
| 20 | 2008/2009 летен семестар: *македонски јазик со култура на говорот* (на Филозофски факултет) - 4 часа* 15 недели *0,04 | 2,4 |
| 21 | 2008/2009 летен семестар: *правоговор на македонскиот јазик*- 2 часа * 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 22 | 2008/2009 летен семестар: *македонски јазик* 2 (гр. ПИТ)- 4 часа* 15 недели *0,04 | 2,4 |
| 23 | 2008/2009 летен семестар: *граматика на македонскиот јазик 6* - 4 часа* 15 недели *0,04 | 2,4 |
| 24 | 2009/2010 зимски семестар: *македонски јазик со вештини на пишување* (на Филозофски факултет) - 2 часа* 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 25 | 2009/2010 зимски семестар: *правопис на македонскиот јазик*- 2 часа * 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 26 | 2009/2010 зимски семестар: *македонски јазик* 1 (гр. ПИТ)- 2 часа* 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 27 | 2009/2010 зимски семестар: *граматика на македонскиот јазик 5* -4 часа* 15 недели *0,04 | 2,4 |
| 28 | 2009/2010 летен семестар: *македонски јазик со култура на говорот* (на Филозофски факултет) - 2 часа* 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 29 | 2009/2010 летен семестар: *правоговор на македонскиот јазик*- 2 часа * 15 недели *0,04 | 1,2 |
| 30 | 2009/2010 летен семестар: *македонски јазик* 2 (гр. ПИТ)- 2 часа* 15 недели *0,04 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 31 | 2009/2010 летен семестар: *граматика на македонскиот јазик 6* - 4 часа* 15 недели *0,04 | 2,4 |
| | **-од втор циклус студии** | |
| 32 | 2009/2010 зимски семестар: *македонски јазик* на специјалистичките студии (мастер-студиите) по конференциско толкување | 0,4 |
| | **-на летни школи** | |
| 33 | 2006- лектор на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и кулутра | 1 |
| 34 | 2007- лектор на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и кулутра | 1 |
| 35 | 2009- лектор на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и кулутра | 1 |
| 36 | Консултации со студенти 2005/2006 л. семестар (просечно 400 студенти) | 0,8 |
| 37 | Консултации со студенти 2007/2008 (просечно 400 студенти) | 1,6 |
| 38 | Консултации со студенти 2008/2009 (просечно 400 студенти) | 1,6 |
| 39 | Консултации со студенти 2009/2010 (просечно 200 студенти) | 0,8 |
| 40 | Ментор на 1 дипломска работа | 0,2 |
| 41 | Член на комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на м-р Лидија Танушевска | 0,5 |
| 42 | Член на комисијата за оцена и одбрана на магистерскиот труд на Стојанче Илиевски | 0,3 |
| 43 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа: 4 дипломски работи | 1,2 |
| 44 | Коавтор на позитивно рецензиран практикум: *Преглед на видските форми на почестите глаголи во македонскиот јазик* (во коавторство со К. Велјановска, А. Дучевска и Л. Танушевска), издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 2007,116 стр. | 3 |
| | **Вкупно:** | **66,2** |

## 2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| ред. број | Назив на активноста: | поени |
|---|---|---|
| 1. | Коментор на магистерски труд на студент на размена преку програмата Basileus- Грет Јанс (Greet Jans) од Универзитетот во Гент, Белгија. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | **проекти** | |
| 2. | Од 2001 до денес: *Функционална и географска карактеристика на морфосинтаксичките балканизми*, Центар за ареална лингвистика, МАНУ. | 3 |
| 3. | 2006-2007 во проектот од ТЕМПУС-програмата (TEMPUS MALTECCSM_SCM-C008B06- 2006 (MK), за изработка на стандардизиран тест по македонски јазик за средно рамниште (Б1). | 5 |
| 4. | 2007-2009 во меѓународниот (билатерален) проект: *Положбата на хрватскиот и македонскиот јазик во образовниот систем на повеќејазични средини.* | 5 |
| 5. | Од 2010 до денес во проектот од ТЕМПУС-програмата (158638-TEMPUS-1-2009-1-MK-TEMPUS-JCPR) за изработка на учебник по македонски јазик за средно рамниште (Б). | 5 |
| | **Трудови објавени во научно/стручно списание** | |
| 6 | *За семантиката на теличните глаголи во македонскиот јазик*, во: Прилози на Одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, бр. XXX 1-2, Скопје, 2005, 71-86. | 4 |
| 7 | *За една група деструктивни глаголи*, во: Folia Philologica Macedono Polonica, том 6, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје 2006, 93-102. | 4 |
| 8 | *Основни средства за изразување сегашност во хрватскиот јазик* http://www.manu.edu.mk/cal/CAL/008_Seg_Hrvatski.html, Скопје 2008, 51-58. | 2 |
| 9 | *Основни средства за изразување сегашност во словенските и балканските јазици* (со Е. Петроска) http://www.manu.edu.mk/cal/CAL/present.html, Скопје 2008, 108-117. | 3,6 |
| | **Трудови објавени во зборник од научен/стручен собир** | |
| 10 | *За врската меѓу значењата на глаголот и семантичката карактеризација на објектот на дејството*, во: XXXIII научна конференција на XXXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 2007, 171-181. | 2 |
| 11 | *Глаголски предикати-носители на информацијата за евиденцијалност во македонскиот и во полскиот јазик*, во: Реферати на македонските слависти за XIV меѓународен славистички конгрес во Охрид, Скопје, 2008, 303-310. | 2 |
| 12 | *Начини на изразување благослови во македонскиот и во албанскиот јазик (сличности и разлики)*, во зборникот на трудови *Културата и јазикот* од истоимениот научен собир, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2009, 251-262, (со Ј. Шемко). | 1,8 |
| 13 | *Глаголскиот вид во учебниците по македонски како втор и како странски јазик*, во: Зборник во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова по повод 70-години од раѓањето, Скопје 2009, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје 2009, 57-62. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | *Glagolski sustavi u hrvatskomu i makedonskomu kao drugomu i stranomu jeziku* (со Z. Jelaska i L.Cvikić), во Зборникот од Меѓународниот македонистички собир, Охрид, 1-3 септември 2008 (во печат). | 1,6 |
| 15 | „Лексичките показатели за прекажана евиденцијалност во македонскиот и во полскиот јазик", во зборникот од *VIII македонско-полска конференција,* октомври 2009, Скопје (со Е. Петроска)-(предадено за печат). | 1,8 |
| 16 | „Профилот на учениците што го изучуваат македонски јазик како втор" (во коавторство со Е.Петроска и Љ. Боцевска), во зборникот од меѓународниот собир на соработка *Прв, втор, друг јазик: македонско-хрватски споредби,* Скопје 14-15 мај 2010 (предадено за печат). | 1,6 |
| | **Учество на научен/стручен собир, конференција со реферат** | |
| 17 | „За врската меѓу значењата на глаголот и семантичката карактеризација на објектот на дејството". *XXXIII научна конференција на МСМЈЛК,* август 2006, Охрид. | 1 |
| 18 | *Makedonski jezik kao prvi, drugi i strani jezik na Filološkom fakultetu Blaže Koneski u Skoplju* na znanstveno-stručni kolokvij во рамките на билателарниот македонско- хрватски проект „Položaj hrvatskoga i makedonskoga jezika u obrazovnom sustavu višejezičnih sredina ", МЗОŠ, Zagreb, 12 февруари 2008. | 1 |
| 19 | „Начини на изразување благослови во македонскиот и во албанскиот јазик (сличности и разлики)" ( во коавторство со Ј.Шемко), на научниот собир *Културата и јазикот,* Институт за македонски јазик, Крсте Мисирков, април 2008, Скопје. | 1 |
| 20 | „Дали постои конгруенција по евиденцијалност? ". *XXXV научна конференција на МСМЈЛК,* август 2008, Охрид. | 1 |
| 21 | „Глаголски предикати-носители на информацијата за евиденцијалност во македонскиот и полскиот јазик" *XIV меѓународен славистички конгрес,* 2008, Охрид. | 1 |
| 22 | „Glagolski sustavi u hrvatskomu i makedonskomu kao drugomu i stranomu jeziku" (so Z. Jelaska i L.Cvikić) на *Меѓународниот македонистички собир,* 1-3 септември 2008, Охрид. | 1 |
| 23 | "Verbs expressing telic aspectual configuration in Macedonian" *Forth Slavic Linguistic Society Conference,* септември 2009, Задар, Хрватска. | 1 |
| 24 | „ Глаголскиот вид во учебниците за македонски јазик како втор и како странски" - тркалезна маса на тема: *Положбата на македонскиот и на хрватскиот јазик во повеќејазични средини,* 7 октомври 2009, Скопје. | 1 |
| 25 | Лексичките показатели за прекажана евиденцијалност во македонскиот и во полскиот јазик", на *VIII македонско-полска конференција,* октомври 2009, Скопје (со Е.Петроска). | 1 |
| 26 | „Профилот на учениците што го изучуваат македонски јазик како втор" (во коавторство со Е.Петроска и Љ. Боцевска), на меѓународниот собир на соработка *Прв, втор, друг јазик: македонско-хрватски* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | *споредби,* Скопје 14-15 мај 2010. | |
| 27 | „Преносни отстапувања кај говорителите на албанскиот јазик во усвојувањето на предлозите во македонскиот јазик", на меѓународниот собир на соработка *Прв, втор, друг јазик: македонско-хрватски споредби,* Скопје, 14-15 мај 2010. | 1 |
| | **ВКУПНО:** | **55,9** |

## 3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **ред. број** | **Назив на активноста:** | **поени** |
|---|---|---|
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Член на уредувачки одбор на научно-стручно списание: *Литературен збор* од мај 2010. | 0,5 |
| 2 | Уредник на зборникот на трудови од научен/стручен собир: *Шести научен собир на млади македонисти.* | 1 |
| 3 | Претседател на организацискиот одбор на *Шестиот научен собир на млади македонисти, Скопје, 18-20 декември 2008.* | 2 |
| 4 | Член на организацискиот одбор на *Седмиот научен собир на млади македонисти, Скопје, 14-16 октомври 2010.* | 0,5 |
| 5 | Член на организацискиот одбор на научно-стручниот собир *„Položaj hrvatskoga i makedonskoga jezika u obrazovnom sustavu višejezičnih sredina* ", МЗОŠ, Загреб, 12 февруари 2008. | 1 |
| 6 | Член на на организацискиот одбор на научно-стручниот собир (тркалезна маса) *Положбата на македонскиот и на хрватскиот јазик во повеќејазични средини*, 7 октомври 2009, Скопје. | 1 |
| 7 | Член на организацискиот одбор на меѓународниот научен собир на соработка со Филозофскиот факултет во Загреб, Хрватска: *Прв, втор, друг јазик: македонско-хрватски споредби,* Скопје, 14-15 мај 2010. | 1 |
| 8 | *Повелба во знак на признание за придонесот во работата на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* од ректорот на УКИМ. | 1 |
| 9 | Учество во работилницата *Data base of evidential markers in European languages*, во Institut für Slavistik, Johannes-Gutenberg Universität, Mainz, Германија, 16-18 април 2009. | 0,5 |
| 10 | Член на мрежата *Network on the Data base of evidential markers in European languages* (Мрежа за база на податоци за показателите на евиденцијалност во европските јазици ) Universität Mainz, 2008- | 1 |
| 11 | Член на *SLS - Slavic Linguistic Society (Славистичко лингвистичко друштво),* 2009- | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Член на факултетска комисија за јавни набавки | 0,5 |
| 13 | Претседател на факултетската комисија за евиденција на основните средства | 0,5 |
| | **ВКУПНО:** | **11,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **66.2** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **55,9** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **11,5** |
| **Вкупно:** | **133,6** |

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Елена Петроска, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Живко Цветковски, член, с.р.
3. Проф. д-р Катерина Велјановска, член, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени теми за изработка на магистерски труд прифатени
од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје
на седницата одржана на 30.9.2010 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Зоран Терзиќ | "Анализа на ефикасноста на дистрибутивните канали со посебен осврт на случајните нарачки" | Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Ранко Безар | "Клучни фактори за успешен процес на селекција на човечки ресурси со посебен фокус на структурното интервју | Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Ристо Поповски | "Основни деловни процеси во производствените компании и нивната метрика" | Проф. д-р Владимир Дуковски |
| Милорад Сиљановски | "Прилог кон дефинирање на погодна технологија за користење на цврстиот комунален отпад како извор на енергија во зависност од еколошките ограничувања" | Проф. д-р Славе Арменски |
| Даниел Поповски | "Дефинирање на индикатори за донесување одлука при усвојување на нов производ" | Проф. д-р Роберт Миновски |

Д е к а н

Проф. д-р Атанас Кочов

# ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на
**магистерски труд** на

## ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје

| Ред. Бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Наташа Василевска-Трајчевска | „Празнувањето на Проштени поклади (Прочка) во Струмица и Струмичко"<br><br>Celebrating the holiday Prosteni pokladi (Procka) in Strumica and Strumica's area | Проф. д-р Марко Китевски |
| 2. | Миле Петковски | „Македонските обичаи во периодот на некрстените денови"<br><br>The Macedonian customs in the period of the unbaptised days | Проф. д-р Марко Китевски |
| 3. | Игор Тасевски | „Преданија за Прилеп и Прилепско" (со посебен осврт на преданијата од Марко Цепенков)<br><br>Legends about Prilep and its Surrounding (with emphasis on the Marko Cepenkov's collection) | Проф. д-р Марко Китевски |

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОГРАМСКИ И МЕТОДСКО-ДИДАКТИЧКИ КОНЦЕПТ НА ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ГИМАНЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЃОРЃИНА ЌИМОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката број 0903-316/09 од 17.9.2010 година, донесена од Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата редовна X седница одржана на 14.9.2010 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов: *Програмски и методско-дидактички концепт на изборните предмети во гимназиското образование во Република Македонија,* изработена од *м-р Ѓорѓина Ќимова.*

Комисијата во состав: проф. д-р Снежана Адамческа, проф. д-р Снежана Адамческа, проф.д-р Наташа Ангелоска-Галевска, проф. д-р Анета Баракоска, проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова и проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ, до Наставно-научниот совет го доставува следниов

### И з в е ш т а ј

Докторската дисертација под наслов: *Програмски и методско-дидактички концепт на изборните предмети во гимназиското образование во Република Македонија* елаборира мошне значајно прашање кое е актуелно речиси во сите развојни фази на системот на образование кај нас и во светот. Проблемот на изградба на програмски, оперативно-процесен и докимолошки концепт на средното гимназиско образование претставува суштина на речиси сите зафати кои се во функција на модернизацијата на образовниот систем во целина. Според кандидатката станува збор за континуирана тенденција на усовршување на односите меѓу дидактичките, методичките и евалуативните компоненти на процесите кои се идентификуваат како елементи на секоја реформа во образованието. Од тие причини, во овој труд се опфатени носечките компоненти на учечко-поучувачките процеси и односот на субјектите во нив како битни аспекти на севкупниот концепт на гимназиското образование. Изборот на проблемот во рамките на изборните предмети во гимназиското образование актуализира бројни прашања на кои овој труд дава одговор и настојува да понуди насоки за понатамошен поинтензивен развој и усовршување.

Трудот е конципиран во неколку глобални дела: вовед и теоретски пристап кон проблемот на истражување, методолошки компоненти на истражувањето, анализа на резултатите од истражувањето, дискусија за одделните аспекти на проблемот и резултатите, прилози во вид на инструменти користени во анализата на изворите и конкретните

истражувачки ситуации. Трудот содржи 413 страници компјутерски обликуван текст и 75 наведени релевантни извори од домашни и странски автори и 37 интернет-извори.

Теоретскиот дел на трудот кандидатката м-р Ќимова го конципирала од неколку глобални наслови во кои е извршена анализа на теоретските фундаменти на проблемот. Направен е осврт на неколку глобални аспекти на проблемот на истражување:

- Промените во општеството и образовниот систем;
- Приоритети во развојот на воспитанието и образованието;
- Промени на развојот на современото образование;
- Квалитетот на образованието и контролата на квалитетот;
- Тенденции во современото средно образование;
- Вредносни основи на средното образование;
- Гимназиското образование како сегмент на системот.

Во овие делови од трудот, кандидатката м-р Ќимова дава осврт на бројните претпоставки како почетни точки на преобразбата, укажувајќи на согледаната потреба од функционална конекција на образованието и пазарот на трудот, компатибилноста на нашиот со развиените европски и светски образовни системи и нагласените промени и предизвици во потребите на младите генерации за образовни вредности потребни за натамошно школување и работа.

Во наредните неколку поглавја од трудот, кандидатката се задржува на неколку методско-дидактички димензии на дизајнирањето на наставните планови и програми во гимназиското образование, иницирајќи го и промовирајќи го курикуларниот пристап во тие дејности како најефикасна можност за директно поврзување на теоретските сознанија и практичните активности, педагошкиот статус на изборните предмети и програми, конекција која се реализира преку истражувачки активности на учениците, нивната проактивна позиција, суптилните аспекти на скриениот курикулум во текот на наставниот процес, методите и техниките на оценување, самооценување, заемно оценување и нивото на задоволство и успешност од вложениот труд и постигањата.

Во теоретскиот дел на трудот се актуализирани и анализирани и проблемите на тимскиот пристап во планирањето на воспитно-образовната работа, потребата од повисок степен на самостојна и истражувачка работа на учениците и наставникот, суштинските компоненти на полиморфната и поливалентната димензија на поучувачките процеси од аспект на наставните методи и техники, организационите форми на работа и сл.

Во второто глобално подрачје се опфатени методолошките компоненти на истражувањето. Презентираме дел од нив, особено оние што го идентификуваат истражувачкиот модел на емпиријата која е во директна функција на истражувачкиот проблем:

- **Предмет на истражување** се *наставните програми по изборните предмети* за гимназиско образование за 4 година (општествено-хуманистичко подрачје), кои се воведуваат од 2002/2003 година и *процесот на нивната реализација.*
- Во рамките на претходно определениот предмет, поконкретно се проучени структурните елементи на наставните програми, процесот на реализација на наставната програма по изборните предмети (методичките аспекти - наставните методи - формите, средствата, организацијата на активностите), ставовите и мислењата на професорите во врска со планирањето и спроведувањето на изборните наставни програми, мислењата на учениците за реализацијата на избраните наставни програми и за влијанието врз нивното понатамошно образование.
- **Целта на истражувањето** е, преку содржинска анализа на наставните програми по изборните предмети за четврта година гимназиско образование (2002/2003), да се соберат, да се систематизираат и да се воопштат теоретски сознанија врз чија основа ќе се *добие слика за: структурата, педагошката заснованост и современост на наставните програми.* Преку собирање податоци за процесот на изведба, да се добијат сознанија за *методичките аспекти на реализацијата на програмата* по изборните предмети за гимназиско образование. Сублимирано, целта на истражувањето е да се согледаат состојбата и напредокот во планирањето и во реализацијата на наставните програми по изборните предмети за да **се преземат активности за нивно унапредување** и за осовременување на нивната реализиција затоа што изборните предмети претставуваат можност за насочување на ученикот кон соодветното научно подрачје.
- Се работи за **квалитативно** истражување со **дескриптивен карактер.**
- Целта на истражувањето се остварува преку следниве **истражувачки задачи:**

  - да се добијат квалитативни податоци *за структурата и за структурните компоненти* на наставните програми по изборните предмети за гимназиско образование (2003 година) ;
  - да се добијат сознанија за *методичките аспекти на процесот на реализација* на наставните програми по изборните предмети;
  - да се добијат сознанија за *квалитетот на планирањето и на подготвувањето на наставниците* (предвидување разновидни активни наставни методи, форми, средства, континуирани проверување и оценување на сите активности на ученикот, актуелни случувања, користење на Интернет, земање предвид на разликите меѓу учениците, соработка меѓу колегите, примена на сознанија од семинари).

  - да се испитаат *мислењата на учениците* за процесот на организација и на реализација на наставата по изборните предмети;

- да се добијат сознанија за *влијанието на наставата по изборните предмети кај учениците врз зголемувањето на интересите на учениците и врз изборот* на понатамошно образование кое е поврзано со соодветната научна област.

- Во истражувањето се поаѓа од следниве **посебни и поединечни хипотези:**
- *Структурата* на наставните програми по изборните предмети за четврта година гимназиско образование во 2003 година е богата, содржи голем број јасно образложени структурни елементи.
- *Процесот на реализација* на наставните програми по изборните предмети за четврта година гимназиско образование е *методички современо обликуван.*
    - Во процесот на реализација на наставата по изборните предмети во четврта година гимназиско образование се остваруваат *поставените цели.*
    - Во процесот на реализација на наставата по изборните предмети во четврта година гимназиско образование се применуваат *активни наставни методи.*
    - Во процесот на реализација на наставата по изборните предмети во четврта година гимназиско образование се применуваат *разновидни наставни форми.*
    - Во процесот на реализација на наставата по изборните предмети во четврта година гимназиско образование се користат *разновидни и современи наставни средства и помагала;*
    - Во процесот на реализација на наставата по изборните предмети во четврта година гимназиско образование се применува *континуирано оценување кое ги зема предвид сите активности на ученикот во наставата.*
- *Планирањето и подготвувањето на наставата по изборните предмети за четврта година гимназиско образование, од страна на наставниците, се квалитетни.*
    - При планирањето и подготвувањето на наставата по изборните предмети за четврта година гимназиско образование се поаѓа од *програмираните цели.*
    - При планирањето и подготвувањето на наставата по изборните предмети за четврта година гимназиско образование се почитуваат *дидактичко-методските упатства.*
    - При планирањето и подготвувањето на наставата по изборните предмети за четврта година гимназиско образование се земаат предвид *актуелните општествени случувања.*
    - При планирањето и подготвувањето на наставата по изборните предмети за четврта година гимназиско образование се користат *интернет-извори.*
    - При планирањето и подготвувањето на наставата по изборните предмети за четврта година гимназиско образование се користат *сознанија стекнати на семинари.*

- При планирањето и подготвувањето на наставата по изборните предмети за четврта година гимназиско образование се предвидува употреба на *современи наставни средства;*
- При планирањето и подготвувањето на наставата по изборните предмети за четврта година гимназиско образование се предвидува *соработка меѓу колегите.*

- Преовладуваат *позитивни мислења на учениците и задоволство од процесот на реализацијата на изборните предмети* за гимназиско образование.
- Наставата по изборните предмети *влијае врз зголемувањето на интересите и врз изборот на понатамошно образование.*
- **Независни варијабли:**
- *Наставни програми (документи) по изборните предмети 2002/2003* година (општествено-хуманистичко подрачје), со својата структура: цели (општи, посебни); потребни претходни предзнаења; образовен процес (области и содржини, структурирање на содржините за учење - области и содржини - конкретни цели, дидактички насоки, корелација меѓу содржините и меѓу предметите), наставни методи и активности за учење, организација на реализација на наставата, наставни средства и помагала, учебници и дополнителна литература; оценување на постигањата на учениците; кадровски и материјални предуслови, карактеристики на наставникот, стандарди за наставен кадар и стандарди за простор и опрема.)
- *Организација на наставата по изборните предмети за четврта година гимназиско образование.*
- **Зависна варијабла:** *Ставовите на учениците и на наставниците во врска со планирањето и со реализацијата на наставата по изборните предмети за четврта година гимназиско образование.*

**МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

Покрај општите методи на анализа, споредување, апстракција и генерализација, во текот на ова истражување е применет дескриптивно-аналитичкиот метод. Од техниките се применети:

- *Анализа на содржина,* која се користеше при утврдувањето на карактеристиките на наставните програми по изборните предмети за четврта година гимназиско образование (општествено-хуманистичко подрачје), како документи, нивните структурни елементи, јасноста и разработеноста на секој од нив.
- *Анкета,* која се користеше за добивање мислења од *наставниците* кои предаваат изборни предмети во четврта година гимназиско образование за осмислувањето, односно планирањето на наставата по изборните предмети, и од *учениците* од четврта година за самиот процес на реализација на наставата по изборните предмети и за нивното влијание врз понатамошното образование на учениците.

- *Набљудување* на случајно избрани наставни часови по изборни предмети од четврта година гимназиско образование.
- Со *набљудувањето* се регистрираа податоци за методичките аспекти на реализација на наставните часови по изборните предмети. Извршено е непосредно следење со рачно бележење на набљудуваните активности.
- ***Инструментите*** кои се посебно изработени за ова истражување се:
- *чек листа за* наставните програми каде што се бележат структурните елементи на програмите;
- *анкети наменети за наставниците* кои предаваат изборни предмети во четврта година гимназиско образование преку кои се добиваат податоци за планирањето и за подготвувањето на наставата по изборните предмети;
- *анкети наменети за учениците* од четврта година гимназиско образование преку кои се собираат податоци за мислењата и за задоволството од самиот процес на реализација на часовите по изборните предмети, како и за нивното влијание врз понатамошниот избор на професија;
- *листа на набљудување* за наставниот процес на случајно избраните наставни часови по изборни предмети во четврта година (општествено-хуманистичко подрачје).

*Истражувачки примерок*

- **Суппримерок на содржини/програми**: *наставните програми по изборните предмети* за четврта година
- ***Суппримерок училишта:*** по пат на случаен избор за спроведување на анкетата, избрани се наставници и ученици од 5 гимназии од различни градови.

  Истражувањето е спроведено во 5 градови избрани по случаен избор во гимназиите: *Кочо Рацин, Велес; Мирко Милески, Кичево; Кочо Рацин, Свети Николе; Гоце Делче", Куманово и Ѓорче Петров, Крива Паланка.*
- **Суппримерок ученици:** 142 испитаника, ученици од 4 клас кои посетувале изборни предмети во општествено-хуманистичкото подрачје на гимназиското образование.
- **Суппримерокот професори**: за анкетирање брои 102 лица, кои предаваат изборни предмети во четврта година во гимназиите и биле присутни во моментот на спроведување на истражувањето.
- ***Суппримерок наставни часови:*** 108 часа во следниот обем: социологија - 22 часа; филозофија - 14 часа; психологија - 12 часа; историја - 12 часа; економија - 22 часа; логика - 12 часа; менаџмент, 14 часа.

Сложените емпириски постапки во трудот обебзедиле добивање драгоцени и автентични податоци кои во вид на истражувачки резултати го идентификуваат придонесот на овој труд за педагошката наука.

Добиените резултати ги потврдуваат наводите во хипотезите на истражувањето. Во трудот се потенцирани следниве заклучни сознанија:

- ***Идентификационите податоци*** *јасно го диференцираат статусот на наставниот предмет, преку кои се стекнува увид за науката од која потекнува наставниот предмет, за видот на средното образование во кое се изучува соодветниот предмет, за годината на изучување и за неговиот статус, како задолжителен или изборен.*

- ***Фондовите на предвидени часови на годишно и на седмично ниво*** *овозможуваат рационално планирање на предвидениот наставен материјал и на активностите преку адекватна распределба на часовите.*

- *Во наставните програми се идентификувани три нивоа на цели:* ***општа цел (глобална); конкретизирани цели*** *(по завршување на наставниот процес)****; конкретни цели*** *(за секоја наставна тема).*

- ***Предвидува потребни претходни предзнаења*** *од истите предмети од претходните години на изучување или од сродни предмети.*

- ***Предвидува тематски целини.*** *Темите претставуваат посебни целини кои произлегуваат од науката од која потекнува наставниот предмет.*

- ***Тематските целини имаат конкретни цели*** *изразени преку активноста на учениците, дадени со јасен, коректен јазик на опишување на однесувањето на ученикот по обработената содржина. Конкретизацијата на целите ја поедноставува работата* на наставникот, и *тој полесно го осмислува и го гради наставниот процес.*

- ***Наставната програма со секоја тематска целина предвидува соодветни наставни содржини.*** *Во зависност од предвидената длабочина на обработување на материјата, темите се расчленети на содржини.*

- ***Наставните програми предвидуваат дидактички насоки.*** *Во структурирањето на содржините за учење, покрај*

*горесПоменатите елементи, присутни се дидактички насоки. Тие, пред сè, претставуваат еден вид препораки, насоки за активностите на наставникот што упатуваат на користење активни методи на учење.* ***Предвидена е корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите.***

- ***Програмата предвидува наставни методи и активности на учење.*** *Во согласност со предвидените цели, покрај традиционалните (метод на усно излагање, работа со текст), се претпоставува користење на активни методи (учење преку откривање, дискусии, дебати, изработки на практични трудови) и разновидни наставни форми - групна, тандемска, самостојна.*

- *Овие предвидени активности говорат за планираната активна улога на наставникот и на ученикот во наставната програма.*

- ***Наставните програми предвидуваат наставни средства и помагала.***

- ***Со наставната програма се предвидуваат различни методи и инструменти за оценување*** *(усно презентирање, есеи, тестови, проекти, систематско набљудување на практични изведувања, чек листи). Се препорачува континуирано оценување.*

- ***Во наставните програми се пропишани кадровските*** **услови** во вид на *Основни карактеристики на наставникот и Стандард за наставен кадар.*

- ***Програмите предвидуваат материјални услови во вид на Стандард за простор и опрема.***

- ***Структурата на наставните програми по изборните предмети, со оглед на фактот дека ги содржи сите битни компоненти на современата наставна програма.***

Заклучните сознанија на кандидатката м-р Ќимова корелираат со предметот, целта и задачите на истражувањето и претставуваат драгоцен материјал и основа за понатамошно унапредување и подобрување на нашето средно гимназиско образование.

## Заклучок и предлог

Докторската дисертација поднесена од м-р *Ѓорѓина Ќимова* нуди значен придонес во утврдувањето на актуелните состојби во средното гимназиско образование во Република Македонија од аспект на програмскиот дизајн и процесно-изведбените аспекти на наставната практика кои се иницирани во програмите на изборните наставни предмети. Аналитичко-компаративните резултати добиени преку опсервација на наставните часови упатуваат на јасни функционални врски меѓу програмираните цели и нивната операционализација. Според добиените сознанија, концептот на изборните наставни предмети и програми се фокусирани кон проактивни наставни активности што се согледани од видот, обемот и квалитетот на активностите на учениците кои, преку истражувања, иницијација на проблемски прашања и нивни одговори, говорат за егзистирање на современа настава чии ефекти се мерат континуирано и со јасна отвореност и транспарентност.

Врз основа на тоа, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет со особена чест и задоволство му предлагаме докторската дисертација под наслов: *Програмски и методско-дидактички концепт на изборните предмети во гимназиското образование во Република Македонија* изработена од *м-р Ѓорѓина Ќимова,* да ја усвои и да одобри нејзина јавна усна одбрана.

Скопје, 25.9.2010 година Членови на Комисијата

Проф. д-р Снежана Адамческа, с.р.
Проф.д-р Наташа Ангелоска-Галевска, с.р.
Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.
Проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова, с.р.
Проф. д-р Јасмина Делчева –Диздаревиќ, с.р.

## П Р Е Г Л Е Д

**на одобрена тема за изработка на магистерски труд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 30.09.2010 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Наташа Бакреска Кормушоска, специјалист по хемиски науки | „ФЛОТАЦИОНО КОНЦЕНТРИРАЊЕ НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ТРАГИ ВО ВОДНИ СИСТЕМИ СО ПЕНТАМЕТИЛЕНАМОНИУМ ПЕНТАМЕТИЛЕНДИТИОКАРБАМАТ КАКО НОВ ФЛОТАЦИОНЕН КОЛЕКТОР И НИВНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СО АТОМСКА АПСОРПЦИОНА СПЕКТРОМЕТРИЈА“ | - д-р Катарина Чундева, ред. проф. на ПМФ – Скопје |

# ПРЕГЛЕД

**на пријавена и прифатена тема за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Нелко Нелковски | "Чехов на сцените на Македонија во периодот 1945-2010" | Проф.д-р.Нада Петковска |

**П Р Е Г Л Е Д**

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Дејана Колева | "Унапредување на ефикасноста на корпоративното управување со кодексот на однесување" | проф.д-р Бобек Шуклев |
| Емилија Стојкова | "Трансформација на класична организација во организација ориентирана кон бизнис процеси" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Дејан Блажески | "Организирање на националните здравствени системи" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Даниела Арсовска Богдановски | "Проектниот менаџер како фактор за успех на проектот" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Искра Андреева-Алексоска | "Интелектуалниот капитал и конкурентноста на претпријатијата во Европската Унија" | проф.д-рЉубомир Дракулевски |
| Љуба Сиљаноска | "Лобирањето како средство за влијание во процесот на одлучување и креирање политики:во функција на бизнисот или политиката" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Лидија Стојчева | "Актуарска анализа на пензиско осигурување" | проф. д-рДраге Јанев |
| Владо Лазовски | "Слободното движење на работна сила во насока на зацврстување на единствениот пазар" | проф. д-р Билјана Секуловска Габер |
| Сашка Неделкова | "Општествено одговорни маркетинг комуникациски активности во ЕВН Македонија" | проф.д-р Анита Циунова Шулеска |
| Игор Богоевски | "Маркетинг стратегии и клучни мотиватори при купување на производи за забава, рекреација и личен луксуз " | поф. д-р Сежана Р. Јовановска |
| Орнела Трајкоска | "Идните предизвици во | поф. д-р Михаил |

| | | |
|---|---|---|
| | регулирањето на инвестиционите фондови по светската финансиска криза" | Петковски |
| Љупка Младеновска | "Стратегии и практики за управување со ликвидносниот ризик | проф. д-р Михаил Петковски |
| Дарко Казанков | "Мали и средни претпријатија во Европската Унија" | проф. д-р Љубомир Дракулевски |

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОНЕСКИ И ФОЛКЛОРОТ" ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АНА МАРТИНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

На својата шеста редовна седница, одржана на 21.4.2010 г., Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, овласти Рецензентска комисија во состав: *д-р Атанас Вангелов*, редовен профессор, *д-р Нина Анастасова-Шкрињарић*, вонреден професор, *д-р Весна Мојсова-Чепишевска*, вонреден професор, *д-р Марко Китевски*, научен советник и *д-р Виолета Тасевска-Пирузе*, редовен професор, со задолжение да предложи писмена оцена (реферат) за доставената докторска дисертација „Конески и фолклорот", изработена од *м-р Ана Мартиновска* и уредно доставена до надлежните служби на Филолошкиот факултет во пропишаниот број примероци. Користејќи ја пријатната можност да му ја искаже на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет својата искрена и голема благодарност за укажаната доверба, именуваната Комисија го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *Структура*

Докторската дисертација „Конески и фолклорот", изработена од м-р Ана Мартиновска, научен соработник на Институтот за македонска литература во Скопје, изнесува 303 страници со вообичаен новинарски проред, во кои се вклучува и неопходниот научен апарат: 1) *Селективна библиографија* (285), *Список на користена теоретско критичка литература* (288) и *Список на користени електронски извори* (301). Самата обработка на прашањето: односот на научното и уметничкото дело на Блаже Конески кон моделите на македонската усна уметничка и културна традиција е поделена на 6 (шест) посебни потпрашања.

По вообичаениот „Вовед", во кој се објаснуваат мотивите на кандидатката да му се посвети на тоа прашање, м-р Ана Мартиновска смета за неопходно да го разјасни и опише „интересот" на Блаже Конески за македонскиот фоклор кој е, по многу нешта, особен, парадигматичен и, по низа линии, делотворен за обликувањето како на неговата научна, така и за неговата уметничка мисла. Или, кажано со зборовите на м-р Мартиновска: „Врските на Конески со фолклорното творештво (....) потекнуваат уште од неговите најрани години; самите спомени за неговото детство ја изразуваат главно неговата трајна импресија од фолклорот..." (11). Тие „врски", натаму, се идентификуваат од две перспективи: првата подразбира искази, описи и опсервации на самиот Конески за уделот на усната уметничка традиција во неговата уметничка практика; втората опфаќа описи и опсервации на стручната литература за научното и уметничкото дело на Конески.

Третото поглавје од дисертацијата, *Конески како фоклорист,* се концентрира на две прашња: од една страна се дава слика за активноста на Конески во прибирањето и публикувањето фолклорни материјали, а од друга страна се даваат потребните детали и објасненија за научната

обработка на тие материјали. Натаму, собирачката и публицистичка дејност на Конески во областа на народното творештво се тематизира на неговите посебни изданија: *Збирка на македонски народни песни, Силјан Штркот и Кузман Капидан, Од борбата и Сказни и сторенија*, додека, пак, во вториот раздел од третата глава се дава слика за научниот опис на усното творештво, кое, потоа, со поврзува со некои особености на уметничкото творештво на Конески. Смислата на тоа поврзување се состои во тоа да се покажат како видливите, така и помалку видливите контакти на творештвото на Конески со уметничката практика на македонската народна уметност.

Би можело да се каже дека, во некоја рака, четвртата глава од дисертацијата ,*Конески и фоклорот,* е своевиден *ex-cursus* од главната и магистрална линија на научното испитување на м-р Ана Мартиновска, која си поставила цел не само да ги идентификува, туку и да ги опише делотворните контакти на уметничката практика на Конески со моделите на оралната традиција, на што потсетува и самиот Конески во зрелиот период на неговата научна и уметничка дејност, а посебно во неговата знаменита поетолошка расправа *Еден опит* од 1979 г.

Се подвлекува дека таа глава функционира како вид *ex-cursus,* затоа што авторот на предложената докторска дисертација посветува многу - колку систематски, толку инспиративни - страници на описот на уметничката доктрина на рускиот формализам кој, од своја страна, и даде своевиден белег на модерната наука за литературата особено во минатиот, дваесетти век. Тој „отклон" на Мартиновска кон начелата и постулатите на руската формална школа по прашањата за научната анализа на уметничките текстови брзо станува разбирлив како една неопходност без која се не може, кога ќе се потсети дека главните имиња на таа научна струја од почетокот на дваесеттиот век посветуваат многу внимание на таканаречените канонски уметнички форми, за какви што се сметаат оние на усното творештво, меѓу кои е посебно местото на Богатирјов, Јакобсон, Владимир Проп, Бахтин, Медведов и Михајлов.

Следната етапа во научната расправа на м-р Ана Мартиновска е, - - предложениот увид во основните начела и постулатите на европската структурална школа која се искажа како доминанта на европската научна мисла за анализата на уметничкиот текст некаде во втората половина на минатиот век. Компетентниот, детален, изнијансиран и јасен увид на м-р Мартиновска во научната техника на тие модерни школи на научната мисла, кога е во прашање таканаречената *интратекстуална* анализа на уметничките текстови, добива своја функционална мотивација кога ќе се постави прашањето за увидот и компетенцијата на Блаже Конески во научните процедури на тие, во секој поглед, клучни научни доктрини кои му дадоа своевиден белег на минатиот, дваесетти век.

Во постојната стручна литература за научната и уметничката мисла на Конески има доволен број назнаки, интуиции, опсервации и системни експликации за респективниот увид на Конески во традицијата на рускиот формализам и европската структурална школа. Во неговите три клучни теоретски расправи: *Еде опит* (1979), *Разговори со Конески* (1991) и *Во светот на песната и легендата* (1993) има многу подробности кои убаво зборуваат за живи врски на неговата уметничка и научна мисла со концептуалниот апарат на споменатите доктрини. Конески посветува посебно внимание на категориите *паралелизми*, *архитектоника* или внатрешна структура на уметничкиот текст,

*актуализација, традиција, иновација, херметризам, очудување, симбол и симболизација.* Тоа се концепти без кои не може да се замисли научниот жаргон на руската формална школа, кој доби своја актуелна доработка и практика во научниот идиом на структуралната школа. Кога м-р Мартиновска исцрпно и во детали зборува за начелата и практиката на тие две аналитички школи, таа се води, во прв ред, од амбицијата да покаже на систематски, а убедлив начин, во кој степен увидот на Конески е квалификуван, компетентен и делтворен по однос на модерната научна мисла за проучувањето на уметничките својства и појави. Според исцрпноста, систематичноста и јасноста на описот на контактите на Конески со тие две, во секој поглед, магистрални научни доктрини, Конески би требало да се определи не само како основоположник на македонската модерна наука за јазикот и историјата на литературата, туку и како основоположик на *иманентната* анализа на уметничкиот текст.

Не само имплицитно, туку тоа се кажува дури и експлицитно во дицертацијата на м-р Мартиновска. Таа вели: „...Конески се занимава со прашањето за структурата уште во 1952 година, кога во краткиот претдговор на својата Граматика вели дека неговата намера е да ја опишува „структурата на нашиот литературен јазик". Притоа, важно е да се знае дека Конески не само што суштински проникнува во методите на структуралната школа на лингвистиката, туку тоа го прави дури и доста години пред појавата на „Критиката и вистината" од Ролан Барт, која се смета за основа на францускиот структурализам, поради што неговото место критиката го одредува како исклучително актуелно, дури и предвремено и авангардно"(273).

Ако петтата глава зборува за опсегот и карактерот на увидот на Конески во модерните уметнички доктрини кои и дадоа белег на епохата во која живееше, наредната, шеста глава, настојува да го опише уделот на тие уметнички оптики врз практиката на Конески. Се посветува, за таа цел, особено внимание на одделни, парадигматични текстови од творештвото на Конески кои, по кус а прегледен начин, треба да ги објаснат експлицитните и имплицитните извори на неговата уметничка практика. Ете зошто се подложува на посебна експертиза неговата песна *Тешкото*, како и некои други текстови од неговата книга *Земјата и љубовта*, односно *Везилка, Виј, Болен Дојчин,* циклусот за *Марко Крале*, односно расказите од збирката *Лозје*, како и текстовите од *Дневникот по многу години;* сите кои даваат скапоцени податоци и појаснениja за генезата на некои негови знаменити уметнички текстови.

Така опишаната уметничка литература на Конески се поставува, потоа, во поширок *контекст* на модерната македонска култура, за да се утврдат нејзините живи, делотворни врски; тие им даваат не само поттик туку и правец на определени тенденции во современата литература, музиката, драмската и ликовната уметност. На *Завршните согледби* (264-285) се посветува последната глава од дисертацијата „Конески и фоклорот"; во неа се даваат резултатите од научното истражување на научната и уметничката мисла на Конески: „...се обидовме, истакнува м-р Мартиновска, само да ги потцртаме најзначајните моменти од неговиот обид за интроспекција и за создавање своја сопствена и автентична *ars poetica* и за категоризација на сопственото творештво во рамките на книжевно-теоретското промислување, и да покажеме што научивме од Конески за македонскиот фоклор, за љубовта кон оваа сѐ уште жива и

плодотворна култура и идентификација со нејзината колективна перспектива, но и за творечките изневери и креативни актуализации со кои може да се поврзат минатото, сегашноста и иднината на една современа литература каква што е македонската." (283).

## ***Проблематика***

Делото на Конески е релативно добро покриено со релевантни описи и коментари за неговата научна и уметничка актива. Неговата поезија и проза е, респективно, подобро и поцелосно осветлувана од неговите литературно-историски и јазички научни трудови. Причината за тоа лежи, најверојатно, во фактот што неговата уметничка литература реско се издели (и тоа уште во нејзината прва, рана фаза) од некои доминантни стилски модели, кои доживуваа општа и масовна практика. Упростено кажано, во времето на доминација на поетиката на реализмот со неговата подваријанта соц-реализам, Конески беше една видливо интровертна уметничка фигура со дискретен, тих интимизам, кажано со речникот на тогашната критеристика, а во времето на доминација на естетичките канони на надреалистичката доктрина, тој накрена глас (и теоретски, и практично!), против безразложниот, стихиен метафоризам кој се изроди во своевидна лирска инфлација.

Некаде во шеесеттите години беше изработена првата исцрпна студија на неговата лирика од *Предраг Драгиќ-Кијук*. Во осумдесеттите години *Радомир Ивановиќ* објави посебна книга за поетиката на Конески, во која поебно внимание посвети на неговите теоретски списи за кои го употреби изразот *експлицитна*, а врз основа на опис на лирската особеност на поетот Конески, тој ја формулира неговата *имплицитна* поетика. Нешто подоцна, литературниот критичар Слободан Мицковиќ напиша и одбрани докторска дисертација на тема: Поетските *идеи* на Конески, во која се потруди да ја согледа уметничката практика на тој поет како своевидна и оригинална топика во тесна врска со изворниот модел на македонскиот културен опит. За вредноста на концептите традиција и иновација зборува дисертацијата на англистот Зоран Анчевски. Своја посебна книга за творештвото на Конески објави и естетичарот Георги Старделов, за која ја употреби квалификацијата херменевтички пристап, некој вид слободно читање на неговата лирика, надвор од протоколите на теоријата за конструкција на индиректната смисла, изработени во седумдесеттите години на минатиот век.

Која и каква би била потребата од уште една дисертација на тема Конески и неговото творештво, овојпат тематизирана на прашањето за врските на тоа творештво со традицијата на усната литература, прашање на кое посветил многу внимание и самиот Конески во својата долгогодишна плодна и, по многу нешта, инструктивна научна работа. Како одговор на тоа прашање, м-р Ана Мартиновска го вели следново: „...релацијата помеѓу овие два генија [=фолклорот и Конески]... е направена првенствено во однос на *сопствените преферирања*, уште повеќе и заради *постојните празнини и недоречености* во македонската фолклористика и наука за литрратурата" (3).

Постојат "празнини", според мислењето на м-р Мартиновски, во областа на фолклористиката по прашањето-континуитет меѓу една колективна (стихијана) вербална практика каква што е онаа на усната

традиција од една, и еден личен уметнички опит од друга страна, како што постои таква во науката за литературата. За таква празнина зборува м-р Мартиновска и во завршниот дел од своето научно испитување кога бележи: „....Можноста да впловиме во едно научно проследување на врските меѓу два најголеми генија во историјата на македонското литературно творештво – народот како литературен автор и непресушната ризница на фолклорното богатство од една, и достојниот наследник и продолжувач на таа традиција, Блаже Конески, од друга страна, а притоа да ги исползуваме огромниот број на прикази, оцени, толкувања, анализи и размисли, во исто време претставуваше и благослов и хендикеп. Благослов бидејќи сите автори (....) ни понудија темелни сознанија за неговиот опус (...), но и хендикеп затоа што океанот од толкувања го направи исклучително тежок секој обид да се каже нешто ново и различно по кое било прашање за кој било сегмент од интензивната и широка активност на Конески....“ (264)

Кон тие не мали притисоци на постојната стручна литература врз замислата и амбицијата да се дојде до некои понови и досега непознати сознанија на уметничката практика на Конески, треба да се додадат и оние што доаѓаат од научните расправи на Конески кои зборуваат за историски, теоретски и стилски прашања како на оралната литература, така и на индивидуалната уметничка практика. Веќе кај раниот Конески можат да се најдат индикации дека е тој добро упатен во техниката на интратекстуалната анализа, а во расправата за наративните особености на Цепенков тој веќе зборува за некои стилски особености во духот и речникот на руската формална школа. Во статиите за нашите писатели од деветнаесеттиот век (Крчовски, Пејчиновиќ, Миладиновци), тој се посветува на прашањата на пробив на разговорниот јазик во стилот на еден институционализиран, писмен јазик, а, пак, тоа се прашања врз кои на специјален начин е посветена научната мисла на рускиот специјалист Михаил Бахтин: тој ја предложи дистинкцијата “исказ“ како основна единици на литературниот дискурс - динамичка категорија - наспрема концептот стилема, со кој манипулира традиционалната (класична или модерна) стилистика. Ете зошто со право Мартиновска ќе подвлече: „Иако не постојат никакви директни индикации дека Конески бил запознат со теоријата на Бахтин или неговите интертекстуални наследници, сепак уште во 1971 г. бил свесен за неопходноста од комуникација меѓу поетот и традицијата како услов за воспоставување на уникатна стилистичка функција, што е видливо во неговите есеи во кои говори за овие теми, но и во неговата поезија која е интертекстуална во својата основа...“ (274).

Нешто слично, иако со друг речник, Конески објаснува кога се занимава со некои топизми и формализми во лириката на Константин Миладинов од перспектива на конфликт меѓу модели на традиција (народна основа) и притисоци на актуелна лирска доктрина, како онаа на рускиот романтизам која одекнува во неговата класична песна *Т'га за југ.* Кога, потоа, зборува за извесен конзерватизам на формата од една и модернизам на содржината во уметничката практика на Коста Рацин, тој само на друг начин ја објаснува дијалошката природа на уметничкиот исказ, а, пак, некои важни особености на лириката на Јован Котески, кои упатуваат на некој вид медитерански уметнички модел со кој се сврзува и лириката на шпанскиот поет Федерико Гарсија Лорка, треба, исто така, да се разбираат во духот на Бахтиновиот дијалогизам, работа на која со право се посветува систематско внимание во дисертацијата на м-р Ана

Мартиновски. Всушност, станува збор за вид општ закон до кој особено држат значајните уметнички појави, чии дела влегуваат во именителот национален белег на една уметрничка практика. Конески посвети многу внимание на уметничкото дело на Григор Прличев, до кое дојде многу подоцна од приказните на Марко Цепенков, со кои се занимаваше во текот на целиот живот. За Цепенков напиша дека е творец на модерната македонска проза. Освен една исцрпна и вдахновена студија за делото на Прличев, Конески напиша и една потресна поема, во која тешко може да се разбере дали, преку ликот на Прличев не зборува за себеси, или пак преку себеси не зборува толку впечатливо, трогателно и сочувствено за охридскиот "втор Омир". Своите две знамениті поеми Прличев ги напиша на новогрчки јазик (строга катаревуса), со суверен увид во техниката на класичната поезија, кој не заостанува зад оној на поетиката на романтизмот, доминанта на тогашната новогрчка поезија. Во тие, така да се каже, софистицирани поетски форми, Прличев внесува лирsко сиже и ликови, необични и туѓи на елинизмот кои брзо се идентификуваат и предизвикуваат отпори кон словенскиот поет од Охрид. Тоа што беше Кузман Капидан за Прличев, тоа се приказните и легендите на Цепенков за Конески, кој се однесува кон нив по истиот начин како и младиот Гете кон *Народната книга* на Хердер. Ете зошто систематското прочување на контактите на уметничкото творештво на Конески со моделите на усната традиција е, всушност, клучот за разбирањето на неговата природа, особено ако се има предвид дека тоа творештво знаеше да им одолее на напливите од доминантни уметнички практики кои ја карактеризираа нашата повоена литература. На свој начин таа карактеристика добро ја уочи критиката на Димитар Митрев, кој прв ја оцрта самосвојната стилска особеност на литературата на Конески. Во завршниот дел од својата дисертација, во која м-р Мартиновска ја согледува уметничката практика од една комплексна, културолошка перспектива, таа дава доволен број убедливи документи кои ја образложуваат и солидифицираат таа одамнешна перцепција на Митрев за главниот белег на уметничката поезија на Блаже Конески.

### *Резултати*

Во својата класична научна расправа, *Јазикот на македонската народна поезија,* со посебен осврт за стилот на мекедонската уметничка поезија, Конески покажа, со многу дух и богата документација, на кој начин народната основа наоѓа по еден спонтан и не секогаш доволно видлив начин патишта до модерниот израз на уметничката литература која е, навидум, во тесна врска со актуелни поетолошки доктрини. Тој интерес на Конески треба да се поврзе со неговата научна работа врз описот на модерниот македонски јазик, за кои постои, уште, и богата документација во ракописите од неговата оставнина. Сите исписи на Конески кои служат како докази за некои специфики и форми на македонскиот јазик (се даваат било во неговата „Граматика", било во неговата „Историја на македонскиот јазик") се, во најголем дел, од збирките на македонските собирачи на народни умотворби (Цепенков, Шапкарев, Верковиќ) до кои доаѓа уште како студент во Белград. Таа систематска работа врз македонскиот јазик, колку морфолошка толку и лексиколошка, солидно е опишана во научните трудови на Трајко

Стаматовски, на кои често се повикува м-р Ана Мартиновска кога ја поврзува неговата научна дејност во областа на јазикот со онаа во областа на фоклористиката. Таа длабока и суштинска врска на научната и творечка работа на Конески со изворите на македонската народна култура е, според низа карактеристики, многу особена и самосвојна во практиката на Конески, за што и самиот зборува подробно во својата, кажано со речникот на Р. Ивановиќ, *експлицитна* поетика. За Конески не се важни техничките особености на усната уметничка култура, туку тоа што може да се именува како нејзин дух. Мошне добро може да се види тоа во неговиот циклус песни за *Марко Крале*, за кои самиот кажа дека системот скриени пораки од гледна точка - модерна состојба на современиот човек врз фонот претходници е тоа што го поврзува неговиот уметнички опит со народната традиција.

Основниот резултат до кој доаѓа докторската дисертација на м-р Ана Мартиновска е, донекаде, парадоксален. Духот на оралното творештво е првиот контакт на Конески со светот на вербалните уметности, кој станува негова трајна инспирација и интерес. Оттаму и мултилатералниот пристап на Конески кој го испитува од јазичка, стилска, етичка и естетичка перспектива, во која се бараат и се распознаваат оние црти на културата и цивилизацијата, кои изнендуваат со нивна особеност и автентичност. Тој многустран и сложен пристап е она, кое според м-р Мартиновски, остава впечат дека не постои некој систем во односот Конески-народна уметничка култура, при што е сосем јасно дека системот Конески е повеќе од очигледен.

Ете и зошто би можело да се каже дека, со оглед на постојната стручна литература за делото на првото име на македонската модерна култура, многу работи се точно поставени и формулирани, но затоа, пак, остануваат уште многу допрва да се поставаат и да се формулираат. Нема сомнение дека, кога на тој начин ја определува основната природа на уметничката реч на Конески, м-р Мартиновска дава јасен доказ за една интимна понесеност и фасцинација од таа монументална појава во нашата современа култура, која убаво се гледа и покрај нејзиниот одмерен јазик и стил на солидна научна експликација до детали упатена во корпусот и методолошките техники на современата фоклористичка анализа.

Од предложената стручна литература во библиографијата многу убаво може да се види: м-р Мартиновски суверено ја владе стручната литература од нејзината потесна специјалност и тоа - како во источниот, така и во западниот свет. Нејзиниот увид во специолистичкиот фонд на науката за литературата и, особено на онаа, која си постава цел да изработи солидни и суптилни техники за интратекстуалните анализи на уметничките дела е, речиси, нова појава во нашата фоклористика која не се среќава во таков обем и продлабоченост. Само со еден исклучок, а тоа се – фолклористичките, специјалистички трудови на предметот на нејзината научна расправа, а имено Блаже Конески. Таа работа на повеќе места експлицитно се истакнува во докторската дисертација на м-р Мартиновска и, по секоја веројатност, нашла некое свое ехо како во стилот, така и во композицијата на докторската дисертација „Конески и фоклорот".

И кога си постава како прва и основна задача да ги анализира многубројните стручни расправи на Конески, посветени на македонскиот фоклор, и кога трага, а потоа формулира, одредени тематски рефлексии

во неговата уметничка литература, и кога настојува да ги определи специфичниот тон и стил на лириката на Конески која, по чудесен начин, постига да звучи со стилот на едноставноста од најдобрите примери во народната лирика, м-р Мартиновска успева наполно да се вклучи во регистарот „проста и строга македонска песна", под некоја трајна фасцинација на таа строгост која му дава драматика и привлечност на нејзиното научно писмо. Иако во ниеден момент не ги напушта начелата на прегледно изложен систем аргументи поврзани со предметот за кој зборува, иако не ретко завлегува во суптилни стручни експликации кои ги напуштаат рамките на науката за оралната уметност, за да иницираат прашања од општата наука за уметничките текстови, духот на спонтаност и понесеност во ниеден момент не се губи во студениот и неутрален тон на научниот дискурс. Ете зошто треба да се рече дека, дисертацијата „Конески и фолклорот" е нов, по многу нешта вреден и оригинален придонес како во областа на фоклористиката, така и поопшто, во областа на нашата модерна наука за литературата. Сето тоа не овластува да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја допушти м-р Ана Мартиновска на усна одбрана.

Рецензентска комисија

Д-р Атанас Вангелов, редовен професор, с.р.

Д-р Виолета Тасевска-Пирузе, редовен професор, с.р.

Д-р Весна Мојсова-Чепишевска, вонреден професор, с.р.

Д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ, вонреден професор, с.р.

Д-р Марко Китевски, научен советник, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕХАНИЗАЦИОНИ МАШИНИ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 2.9.2010 година, нè определи за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите научни звања во научната област механизациони машини.

Врз основа на прегледот и анализата на доставените материјали, како и од личното познавање на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен на 5.6.2010 во дневните весници „Утрински весник" и „Коха диторе", за предметното наставничко место се јави кандидатот д-р Виктор Стојмановски, дипл. маш. инж., доцент на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила на Машинскиот факултет во Скопје, за избор во наставно-научното звање вонреден професор.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Доц. д-р Виктор Стојмановски е роден на 18.8.1972 година во Скопје. Основно образование завршил во Основното училиште „29 Ноември" во Скопје со континуиран одличен успех. Средно образование завршил во Гимназијата „Раде Јовчевски–Корчагин" во Скопје, насока: математика – информатика, со одличен успех.

Во учебната 1991/92 се запишал на Машинскиот факултет во Скопје каде што дипломирал на 16.9.1996 година на насоката: механизациони машини и возила, со просечен успех 9,73. Во текот на студиите е награедуван од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје. Во учебната 1994/95, од страна на Сојузот на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, доделена му е диплома за најдобар студент на Универзитетот.

Во текот на студирањето, д-р Виктор Стојмановски бил примен во Друштвото на машинските инженери на САД - ASME (The American Society of Mechanical Engineers), во својство на член - студент. По дипломирањето е промовиран за полноправен член во спомената асоцијација. Членувањето во ова Друштво му овозможува редовно добивање на стручни списанија и други информации за модерните трендови на современото машинство.

Прв добитник е на наградата од фондот „Димитар Стамболиев", при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за постигнат највисок просек во текот на студиите на Машинскиот факултет за дипломираните студенти во учебната 1995/96 година.

На 21.1.1997 година, кандидатот е избран за стручен соработник на определено време во Институтот за МКММВ на Машинскиот факултет во Скопје, во јануари 2000 година за помлад асистент, а во октомври 2002 за асистент. Во јануари 2006 година, д-р Виктор Стојмановски е избран за доцент на која должност се наоѓа и сега.

Од септември 1998 до јуни 1999 бил на отслужување на воениот рок во АРМ.

Во периодот 15.8 - 15.11.1999, д-р Виктор Стојмановски престојувал во Италија - Универзитет Калјари во Сардинија за стручно усовршување, преку Темпус - Фаре проектот „Воведување на комплексни системи за моделирање во високото образование по индустриско инженерство и континуирано образование на професионалци од мали и средни претпријатија".

Постдипломските студии ги завршил на 7.3.2002 година, со одбрана на магистерската работа со наслов „Истражување на глобалната и локалната распределба на напоните и деформациите на конзолниот носач кај ротирачки багер".

На 8.7.2005 година, на Машинскиот факултет во Скопје ја одбранил докторската дисертација под наслов „Влијание на депланацијата на динамичкото однесување на просторни тенкоѕидни носечки структури", под менторство на проф. д-р Гаврило Гаврилоски.

Д-р Виктор Стојмановски од 2008 година па до денес е член на Комисијата за настава на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Од 2008 година па до денес, тој е член и на Националната комисија за учебници на Република Македонија.

Од март 2008 година, кандидатот е раководител на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија, координиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Учеството во овој проект му овозможи да биде член и на Секторската група за автомобилска индустрија, транспорт и логистика на Мрежата за поврзување на академската заедница, со бизнис - заедницата и со центрите за трансфер на технологии и иновации – Enterprise Europe Network EEN. Како раководно лице на овој проект во Република Македонија, д-р Виктор Стојмановски учествува во работата на Управната и советодавна група на EEN, која е координирана од страна на Европската комисија во Брисел.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, а се служи и со италијанскиот јазик.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во досегашниот период како стручен соработник и подоцна како помлад асистент и асистент, кандидатот бил ангажиран во одржување вежби по повеќе предмети при Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила, и тоа: машински елементи, основи на машински елементи, нацртна геометрија, техничко цртање, носечки конструкции на механизационите машини и возила, транспортни уреди I, транспортни уреди II, кранови и лифтови, средства

за транспорт, транспортери, транспортни уреди и возила, вечни машини и возила. За одбележување е дека повеќето предмети по кои бил ангажиран за одржување вежби, за прв пат биле воведени во тој период, согласно со новите наставни планови на Машинскиот факултет кои тогаш се воведоа.

Како доцент на Машинскиот факултет, на првиот циклус академски студии д-р Виктор Стојмановски предава: нсечки конструкции и надградби кај шински возила, жичари и ски-лифтови, средства за транспорт, транспортни средства, транспортери и возила, проектирање на носечки конструкции и надградби, пракса во индустријата, мали и средни претпријатија. Кандидатот, исто така ги држел и вежбите по овие предмети. Во својство на доцент одржувал вежби и по предметот носечки конструкции.

На вториот циклус студии ги предава следниве предмети: нумерички методи за анализа и проектирање на структурни елементи кај механизационите машини и возила и структурна динамика на транспортните системи.

На третиот циклус - докторски студии по машинство, согласно со Елаборатот, кандидатот учествува во наставата по следниве предмети: современи концепти за развој и проектирање на механизациони и транспортно-претоварни машини; дизајн, анализа и оптимизација на носечки структури кај механизациони машини и возила; динамика на носечки конструкции на механизациони машини и возила.

Учествувал како член на комисија за одбрана на повеќе дипломски работи.

Ментор е на двајца кандидати- магистри.

## III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во текот на изминатиот период, во својство на стручен соработник, а потоа и како помлад асистент, асистент и доцент, кандидатот бил вклучен во реализација на повеќе стручно-научни активности на Факултетот, при што изработил повеќе трудови. Листа од 49 труда, изработени во периодот додека кандидатот бил соработник, е наведена во Билтенот на Универзитетот бр.888 од 29.12.2005 г. при неговиот избор во звањето доцент.

### 1. СПИСОК НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

Трудовите изработени во периодот по изборот за доцент, до денес се дадени во Образецот кон извештајот за избор во наставно-научно звање.

### 2. УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ

Во периодот од изборот на Машинскиот факултет како соработник – помлад асистент и асистент, учествувал во еден ТЕМПУС - проект и во еден научно- истражувачки проект финансиран од Министерството за наука на Република Македонија, кои се разгледувани во рефератите за избор во досегашните звања на Машинскиот факултет. Прегледот на проектите во кои учествувал или учествува од неговиот избор за доцент на Машинскиот факултет, до денес е даден во Образецот кон извештајот за избор во наставно-научно звање.

3. МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И СЕМИНАРИ

Во периодот од изборот на д-р Виктор Стојмановски за доцент на Машинскиот факултет во Скопје, до денес учествувал на неколку научно- стручни собири. Прегледот е даден во Образецот кон извештајот за избор во наставно-научно звање.

Исто така, д-р Виктор Стојмановски имал и повеќе настапи на манифестации, семинари, работилници, трибини од меѓународен карактер организирани во Република Македонија од страна на бизнис - заедницата на теми: наука, образование, транспорт, логистика, индустрија, иновации, FP7, CIP.

4. ЈАВНИ НАСТАПИ ВО ЕЛЕКТРОНСКИ И ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Во периодот на неговиот ангажман како доцент, д-р Виктор Стојмановски учествувал во емисии на радио и телевизија и објавил стручни статии во дневни весници и популарни списанија на стручни теми:

- емисијата *Живот во Живо* – гостин во емисијата на тема: партнерство на академската заедница и стопанските субјекти, трансфер на технологии, меѓународна соработка од областа на иновациите, Македонско радио, 2.7.2009;
- *Научен спектар* – учесник во емисијата која обработува теми од областа меѓународно вмрежување за научна соработка, бизнис - соработка, трансфер на технологии и иновации, Македонска телевизија, 24.10.2009;
- две статии во списанието *Транспорт и логистика* на тема: интернационализација на економската, технолошката и научно-истражувачката соработка во автомобилската индустрија, транспортот и логистиката, теми кои се од доменот на неговата дејност на Машинскиот факултет;
- изјави за неколку дневни весници во врска со актуелни теми и настани поврзани со технолошки развој, трансфер на технологии, финансирање на научноистражувачки и развојни проекти од страна на ЕУ, конкурентност и иновации.

## IV. ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

- член на Комисијата за настава на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (од 2008 година);
- раководител на Лабораторијата за механизациони машини при Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила на Машинскиот факултет во Скопје;
- член на Националната комисија за учебници на Република Македонија (од 2008 година);
- член на Секторска група за автомобилска индустрија, транспорт и логистика на Enterprise Europe Network;
- член на Управната и советодавната група на Entеprise Europe Network, координирана од страна на Европската комисија во Брисел.

## V. ЛИЦЕНЦИ, ОВЛАСТУВАЊА И СЕРТИФИКАТИ

- лиценца за овластен проектант (А и Б), за проекти од областа на машинството (бр 3.0089);

- лиценца за овластен надзор (А и Б), за проекти од областа на машинството (бр 3.0089);
- лиценца за овластен ревидент (А и Б), за проекти од областа на машинството (бр 3.0089);
- сертификат за обука за оценувач, издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија.

## VI. КРАТОК ОСВРТ НА СТРУЧНАТА И НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### А. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачката дејност на кандидатот, според критериумите за избор во звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", може да се подели во следниве категории:

- оригинални научни трудови, објавени во научни списанија;
- трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор;
- учества во меѓународни проекти;
- секциски предавања на стручни собири со меѓународно учество.

Трудовите [1] и [2] претставуваат оригинални научни трудови кои кандидатот ги изработил сам или како соработник - носител заедно со други автори.

Трудот [1] претставува истражување во областа на просторните тенкоѕидни носечки конструкции. Во него е дадена компаративна анализа на напонско-деформационата состојба на тенкоѕиден носач според класичната теорија и според теоријата на ограничена торзија.

Трудот [2] претставува истражување во областа на носечките конструкции на механизационите машини. Во него е анализирана локалната распределба на напоните и деформациите кај комбиниран ротационен багер кој се користи во површинските копови за јаглен.

Тродот [3] е труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на меѓународна конференција. Тој ја анализира причината за рушењето на вертикален сад за складирање на течност, и ги изложува поуките од анализираната хаварија.

Трудовите [7], [8] и [9] претставуват секциски предавања на научно-стручни собири од меѓународен карактер.

Трудот [7] претставува анализа за потребите на секторот за автомобилска индустрија, транспорт и логистика со цел изнаоѓање на идни форми за меѓународна научноистражувачка и економска соработка.

Трудот [8] е предавање од областа на технолошката меѓународна соработка и улогата на технолошките платформи во изградба на ефикасен систем за регионален кризен менаџмент со посебен осврт кон релевантниот сектор.

Трудот [9] е предавање со цел да се зајакне соработката на академската заедница со малите и средните претпријатија и нивно вклучување во меѓународни проекти за трансфер на технологии и иновации.

Д-р Виктор Стојмановски учествува и во два меѓународни научни ТЕМПУС - проекта, а е национален раководител на меѓународен проект за поддршка на научноистражувачки активности и трансфер на технологии координиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Проектот [4] има за цел да ја зајакне конкурентноста на малите и средните претпријатија преку зголемување на обемот на технолошка, комерцијална и научна соработка. Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија, во таа смисла, дејствува и како Центар за трансфер на технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во кој партнер е и Европската комисија. Преку овој проект, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како координатор, е дел од меѓународната мрежа Enterprise Europe Network, во која членуваат преку 600 организации за поддршка на бизнисот, технологиите и науката (универзитети, научни институти, стопански комори, фондации, развојни агенции и сл.). Мрежата е администрирана од страна на Извршната агенција за конкурентност и иновации при Европската комисија во Брисел. Во Република Македонија, менаџер на проектот е д-р Виктор Стојмановски, кој исто така членува и во Управната и советодавна група на мрежата координирана од Европската комисија во Брисел. Во рамките на овој проект се остварени бројни контакти со партнерските институции и реализирани се многу средби и активности кои се од особена важност за евроинтеграциите на Република Македонија, особено за интеграциите во доменот на науката, технологиите и иновациите. Овој проект претставува и еден од клучните инструментите за реализација на европската индустриска политика во Република Македонија, за што сведочи и местото кое тој го има во Националната стратегијата за приближување на Република Македонија кон ЕУ, издадена од Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија.

Цел на проектот [5] е да се создаде процес на отворање на Универзитетот кон општеството така што ќе се направат релации на поврзување на академската заедница со индустрискиот сектор преку релацијата образование - научно истражување - иновации.

Проектот [6] има за цел да ја зајакне економијата, така што ќе се продлабочат врските помеѓу универзитетите и индустрискиот сектор, при што универзитите активно ќе учествуваат во регионалниот економски развој.

## Б. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Стручно-апликативната дејност на кандидатот, согласно со критериумите за избор во звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", може да се подели во следниве категории:

- супервизии;
- испитувања и прегледи;
- евалуации;
- надзор и контрола на квалитет;
- изведбени проекти.

Трудовите [1]-[11] претставуваат суперконтроли и експертизи за утврдување на квалитетот во процесот на производство и монтажа на носечки конструкции, гасоводни транспортни системи, опрема и инсталации.

Трудовите [12], [13] и [14] претставуваат испитувања и прегледи на носечки конструкции за потребите на повеќе производни претпријатија.

Трудовите [15] – [58] претставуваат евалуации за утврдување на состојбата на разни елементи, склопови, системи и постројки за потребите на индустрискиот сектор од Република Македонија.

Трудовите [59] и [60] претставуват надзор и контрола на квалитет во процесот на изведба на топол приклучок на гасоводен транспортен систем.

Трудот [61] претставува изведбен проект за носечка конструкција на транспортен систем за потребите на стопански субјект во Република Македонија.

В. ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Дејностите од поширок интерес на кандидатот д-р Виктор Стојмановски, можат да се поделат во:

- Студиски престои во странство. Во периодот од неговиот избор како доцент до денес, д-р Виктор Стојмановски, во рамките на Темпус - проектите во кои учествувал, тој реализирал студиска посета на Универзитетот во Саарбрукен (18-20 ноември 2009) и на Универзитетот во Оксфорд (22-23 март 2010).
- Членство во извршно тело во меѓународна организација: член е на Управна и советодавна група на Enterprise Europe Network – најголема меѓународна мрежа за трансфер на технологии, иновации и за вмрежување на научно-истражувачки организации и универзитети со бизнис - заедницата. Мрежата е управувана од страна на Извршната агенција за конкурентност и иновации при Европската комисија. Член е и на Секторската група за автомобиска индустрија, транспорт и логистика на Enterprise Europe Network.
- Членство во Универзитетската комисија за настава.
- Членство во Националната комисија за учебници на Република Македонија.

## VII. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, јасно се гледа целокупната активност на пријавениот кандидат доц. д-р Виктор Стојмановски, и во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно - научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатот доц. д-р Виктор Стојмановски, дипл.маш.инж., да биде избран во звањето вонреден професор во научната област механизациони машини.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Јанко Јанчевски, с.р.
2. Проф. д-р Гаврило Гаврилоски, с.р.
3. Проф. д-р Славе Јакимовски, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАУЧНИ, НАСТАВНО – СТРУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

**Кандидат:** д-р Виктор Стојанчо Стојмановски

**Институција:** Машински факултет – Скопје

**Научна област:** механизациони машини

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | ПРЕДАВАЊА | |
| 1. | Носечки конструкции и надградби кај шински возила, 2006/07 и 2007/08 – (три семестри) | 3,6 |
| 2. | Жичари и ски лифтови – (четири семестри) | 4,8 |
| 3. | Средства за транспорт – (пет семестри) | 6 |
| 4. | Транспортни средства – (четири семестри) | 4,8 |
| 5. | Проектирање на носечки конструкции и надградби кај моторните возила (4 семестри) | 4,8 |
| 6. | Пракса во индустријата, мали и средни претпријатија (1 семестар) | 1,2 |
| | **Вкупно предавања** | **25,2** |
| | ВЕЖБИ | |
| 7. | Носечки конструкции и надградби кај шински возила – (три семестри) | 1,8 |
| 8. | Жичари и ски-лифтови | 3,6 |
| 9. | Средства за транспорт | 2,7 |
| 10. | Транспортни средства | 2,7 |
| 11. | Транспортери и возила | 0,9 |
| 12. | Проектирање на носечки конструкции и надградби, | 2,7 |
| 13. | Пракса во индустријата, мали и средни претпријатија | 0,45 |
| 14. | Носечки конструкции | 4,5 |
| | **Вкупно вежби** | **19,35** |
| | **КОНСУЛАТЦИИ СО СТУДЕНТИ** | |
| 15. | 2006/07 – вкупно 105 студенти (предавања и вежби) | 0,21 |
| 16. | 2007/08 – вкупно 245 студенти (предавања и вежби) | 0,49 |
| 17. | 2008/09 – вкупно 235 студенти (предавања и вежби) | 0,47 |
| 18. | 2009/10 – вкупно 265 студенти (предавања и вежби) | 0,53 |
| | **Вкупно консултации со студенти** | **1,7** |
| 19. | **Член на комисија за одбрана на дипломска работа (9 дипл. работи)** | **0,9** |
| | ВКУПНО | 47,15 |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **ТРУДОВИ СО ОРИГИНАЛНИ НАУЧНИ РЕЗУЛТАТИ, ОБЈАВЕНИ ВО НАУЧНО/СТРУЧНО СПИСАНИЕ** | | |
| [1.] | V. Stojmanovski: Comparative analysis of the stress state of a thin walled Г girder with U cross section obtained by classical theory and the theory of warping torsion. Faculty of Mechanical Engineering – Skopje, Proceedings no. 25. | 4 |
| [2.] | Viktor Stojmanovski, Vladimir Stojmanovski: LOCAL STRESS AND STAIN ANALYSIS OF CONSOLE GIRDER AT A COMBINED BUCKET WHEEL EXCAVATOR TYPE KRB1 Proceedings, Faculty of Mechanical Engineering, Skopje, Vol 24, No.1, pp.25-32. | 4 |
| **ТРУДОВИ СО ОРИГИНАЛНИ НАУЧНИ РЕЗУЛТАТИ, ОБЈАВЕНИ ВО ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧЕН СОБИР СО МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР** | | |
| [3.] | V. Stojmanovski: FailureAnalysis of Vertical Storage Tank and Lessons Learned, XVIII International conference on "Material Handling, Constructions and Logistics", Belgrade, October 19-20 2006, Proceedings pp. 239-242. | 2 |
| **УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ** | | |
| [4.] | *Рамковна програма за конкурентност и иновации (Competitiveness and Innovation Framework Programme) – CIP 2007-2013*<br>1. Европски информативен и иновативен центар во Македонија, Enterprise Europe Network – Macedonia – проектен менаџер. | 5 |
| [5.] | *TEMPUS* OPUS: Opening University towards Society – Linking Education-Research-Innovation | 5 |
| [6.] | 3. TEMPUS: Creating R&D Capacities and Instruments for boosting High Education-Economy Cooperation | 5 |
| **СЕКЦИСКИ ПРЕДАВАЊА НА СТРУЧНИ СОБИРИ СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО** | | |
| [7.] | Automotive Transport and Logystics Sector group meeting, University Bicocca Milano, Italy, 4-5 November 2008. Учество на состанокот во својство на член од Република Македонија во Секторската група за Автомобилска индустрија, транспорт и логистика, организирана од страна на Извршната агенција за конкурентност и иновации при Европската комисија. | 1 |
| [8.] | Cross-border Disaster eResponse in the region: Interoperability of information systems of the Organizations involved – предавање на тема: International Cooperation on Business, Technology and Innovation – EEN, Faculty of Mechanical Engineering – Skopje, 4-5.05.2009. | 1 |
| [9.] | Conference on Industry – Academia partnership, предавање на тема: Enterpise Europe Network and the support of SMEs in Research Funding, Универзитет „Св. Климет Охридски"- Битола, 5.5.2009 | 1 |
| [10.] | **Ментор на две магистерски работи** | 2 |
| | ВКУПНО | 30 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **СУПЕРВИЗИИ** | | |
| [1.] | С.Стојмановски, В.Георгиевски, Г.Гаврилоски, М.Гаврилоски, З.Богатиноски, Ѓ.Аџиев, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Суперконтрола на заварување на носечката покривна челична конструкција на објектот Повеќенаменска и спортска сала на град Скопје. Машински факултет- Скопје, 2006 год. | 1 |
| [2.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Суперконтрола на заварување при санација на вертикални цилиндрични резервоари во складот Илинден – Скопје, Макпетрол АД- Скопје. Машински факултет – Скопје, мај 2007 год. | 1 |
| [3.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Суперконтрола на заварување на цевководен развод во склоп на Рафинеријата за биодизел гориво Склад – Илинден, Макпетрол АД- Скопје. Машински факултет – Скопје, мај 2007 год. | 1 |
| [4.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Суперконтрола на заварување при производство и монтажа на внатрешна гасоводна мрежа во ТИРЗ – Скопје, локалитет Бунарџик. Машински факултет – Скопје, ноември 2007 год. | 1 |
| [5.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Суперконтрола при производство и монтажа на челичната конструкција на порталите на ТС 400/110 kV Дуброво – Поле Б7. Машински факултет- Скопје, јуни 2008 год. | 1 |
| [6.] | С.Стојмановски, Вл.Стојмановски, В.Стојмановски: Суперконтрола на заварување при фабричкото производство и монтажата на челичниот цевковод во рамките на Проектот за унапредување на ХС Злетовица – Пакет 3, зафати и водоснабдителни цевководи. Вивакс Инженеринг ДОО – Скопје, јануари 2009 год. | 1 |
| [7.] | С.Стојмановски, Вл.Стојмановски, В.Стојмановски: Суперконтрола на заварување при фабричкото производство и монтажата на челичниот цевковод во рамките на Проектот за унапредување на ХС Злетовица – Пакет 3, дислокација на дел од цевководот кон Кратово. Вивакс Инженеринг ДОО – Скопје, јули 2009 год. | 1 |
| [8.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Суперконтрола при фабричко производство на челични цевки за изградба на гасоводна мрежа за потребите на АД ГА-МА – Скопје. Машински факултет – Скопје, септември 2009 год. | 1 |
| [9.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Суперконтрола на заварување при монтажа на опрема и инсталации на постројката за хидродесулфуризација на керозин „С-500" инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД Скопје. Машински факултет – Скопје, ноември 2009 год. | 1 |
| [10.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Суперконтрола на заварување при монтажа на опрема на објектот С-900 и поврзување со постојните инсталации и постројки на Рафинерија на нафта ОКТА АД. Машински факултет- Скопје, февруари 2010 | 1 |
| [11.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Суперконтрола на | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | заварување при монтажа на опрема на постројката за изомерација С-400 и поврзување со постоечките инсталации и постројки на рафинеријата. Машински факултет- Скопје, јули 2010 год. | |
| **ИСПИТУВАЊА И ПРЕГЛЕДИ** | | |
| [12.] | С.Стојмановски, В.Георгиевски, З.Богатиноски, П.Цветановски, М.Гаврилоски, Ѓ.Ациев, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Испитување со пробно оптоварување на главните просторно решеткасти носачи GN 1 и GN 2 од носечката покривна челична конструкција на објектот Повеќенаменска и спортска сала на град Скопје. Машински факултет – Скопје, 2006 год. | 1 |
| [13.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Извршени испитувања и прегледи за утврдување на состојбата на антенски столб на објектот Базна станица за мобилна телефонија 334 Требино, Виваксс Инженеринг ДОО- Скопје, ноември 2006 год. | 1 |
| [14.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Испитување на челичните далекуводни столбови на ДВ 400 kV Битола 2 – Грчка граница. Машински факултет- Скопје, февруари 2008 год. | 1 |
| **ЕВАЛУАЦИИ** | | |
| [15.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Утврдување на моменталната состојба на парен котел тип ТРК ВК30 лоциран во Млекара Здравје Радово – Куманово. Виваксс Инженеринг ДОО- Скопје, јануари 2007 год. | 1 |
| [16.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски, Т.Алексовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-403 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, август 2007 год. | 1 |
| [17.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-101 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, мај 2008 год. | 1 |
| [18.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-102 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, мај 2008 год. | 1 |
| [19.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-502 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, мај 2008 год. | 1 |
| [20.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-503 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет Скопје, мај 2008 год. | 1 |
| [21.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-504 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет Скопје, мај 2008 год. | 1 |
| [22.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-301 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет Скопје, мај 2008 год. | 1 |
| [23.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на резервоар за компримиран | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | воздух во Бучим ДООЕЛ Радовиш, фаб. бр. 61, Prab=11 bar, V=13 m3. Машински факултет- Скопје, јуни 2008 год. | |
| [24.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски. Утврдување на моменталната состојба на резервоар за компримиран воздух во Бучим ДООЕЛ Радовиш, фаб. бр. 62, Prab=11 bar, V=13 m3. Машински факултет- Скопје, јуни 2008 год. | 1 |
| [25.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на резервоар за компримиран воздух во Бучим ДООЕЛ Радовиш, фаб. бр. 799, Prab=8 bar, V=4 m3. Машински факултет- Скопје, јуни 2008 год. | 1 |
| [26.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на резервоар за компримиран воздух во Бучим ДООЕЛ Радовиш, фаб. бр. 800, Prab=8 bar, V=6 m3. Машински факултет- Скопје, јуни 2008 год. | 1 |
| [27.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на резервоар за компримиран воздух во Бучим ДООЕЛ Радовиш, фаб. бр. 801, Prab=8 bar, V=6 m3. Машински факултет- Скопје, јуни 2008 год. | 1 |
| [28.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на резервоар за компримиран воздух во Бучим ДООЕЛ Радовиш, фаб. бр. 818, Prab=8 bar, V=3 m3. Машински факултет- Скопје, јуни 2008 год. | 1 |
| [29.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на резервоар за компримиран воздух во Бучим ДООЕЛ Радовиш, фаб. бр. 842, Prab=10 bar, V=15 m3. Машински факултет- Скопје, јуни 2008 год. | 1 |
| [30.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-201 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД Скопје. Машински факултет- Скопје, октомври 2008 год. | 1 |
| [31.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-202 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД Скопје. Машински факултет- Скопје, октомври 2008 год. | 1 |
| [32.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-203 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, октомври 2008 год. | 1 |
| [33.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-601 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, октомври 2008 год. | 1 |
| [34.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-602 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, октомври 2008 год. | 1 |
| [35.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-603 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, октомври 2008 год. | 1 |
| [36.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-604 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, октомври 2008 год. | 1 |
| [37.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-605 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, октомври 2008 год. | |
| [38.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-306-Е инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје како К-010-505. Машински факултет- Скопје, април 2009 год. | 1 |
| [39.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски. Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-501 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, мај 2009 год. | 1 |
| [40.] | С.Стојмановски, Вл.Стојмановски, В.Стојмановски: Суперконтрола на заварување при фабричкото производство и монтажата на челичниот цевковод во рамките на Проектот за унапредување на ХС Злетовица – Пакет 3, дислокација на дел од цевководот кон Кратово. Вивакс Инженеринг ДОО- Скопје, јули 2009 год. | 1 |
| [41.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-401 со термосифон Т-401 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, јули 2009 год. | 1 |
| [42.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-406/1 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје., О.Наумовски. Машински факултет- Скопје, јули 2009 год. | 1 |
| [43.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-406/2 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје.. Машински факултет- Скопје, јули 2009 год. | 1 |
| [44.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-402 со термосифон Т-402/1 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, јули 2009 год. | 1 |
| [45.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-010-404 со термосифон Т-404/1 инсталирана во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје, Машински факултет- Скопје, јули 2009 год. | 1 |
| [46.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на резервоар Р-401 инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, август 2009 год. | 1 |
| [47.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на резервоар Р-402 инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, август 2009 год. | 1 |
| [48.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на резервоар Р-404 инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, август 2009 год | 1 |
| [49.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на резервоар Р-406 инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје. август 2009 год. | 1 |
| [50.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на резервоар Р-407 инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | август 2009 год. | |
| [51.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на сепаратор С-401 инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, август 2009 год. | 1 |
| [52.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на реактор Рк-401 инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, август 2009 год. | 1 |
| [53.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-302/1 инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, септември 2009 год. | 1 |
| [54.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона К-302/2 инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје. Машински факултет- Скопје, септември 2009 год. | 1 |
| [55.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на колона за абсорпција на МЕА Т-801 инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје, (ХДС Постројка). Машински факултет- Скопје, септември 2009 год. | 1 |
| [56.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на високопритисен сепаратор D-802 инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје, (ХДС Постројка). Машински факултет- Скопје, септември 2009 год. | 1 |
| [57.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на топлиноизменувач Е-802 инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје, (ХДС Постројка), Машински факултет- Скопје, септември 2009 год. | 1 |
| [58.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Утврдување на моменталната состојба на топлиноизменувач Е-801/А инсталиран во Рафинерија на нафта ОКТА АД- Скопје, (ХДС Постројка), Машински факултет- Скопје, септември 2009 год. | 1 |
| **НАДЗОР И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ** | | |
| [59.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски: Заварување на приклучок на гасоводот Ø219, 1x8mm кои СЕЗ Бунарџик во магистралниот гасовод Ø530x7,1mm со работен притисок Prab=54bar за потребите на АД ГА-МА – Скопје. Машински факултет- Скопје, октомври 2007 год. | 1 |
| [60.] | С.Стојмановски, В.Стојмановски, Вл.Стојмановски, О.Наумовски: Заварување на приклучните парчиња за изведба на топол приклучок за објектите на ТЕ-ТО, ФАКОМ и ФУРНА ДИМЕ. Машински факултет – Скопје, април 2010. | 1 |
| **ИЗВЕДБЕНИ ПРОЕКТИ** | | |
| [61.] | Ј. Јанчевски, В. Стојмановски: Проект за носечка конструкција за транспортер во Цементарница ТИТАН АД- Скопје, Машински факултет – Скопје, 2007 г. | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| [62.] | 1.Студиска посета на Универзитетот во Саарбрукен (18-20 ноември 2009)<br>2.Студиска посета на Универзитетот во Оксфорд (22-23 март 2010). | 1 |
| [63.] | 1.Член на Управната и советодавната група на Enterprise Europe Network – најголема меѓународна мрежа за трансфер на технологии, | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | иновации и за вмрежување на научноистражувачки организации и универзитети со бизнис - заедницата.<br>2.Член на Секторската група за автомобиска индустрија, транспорт и логистика на Enterprise Europe Network. | |
| [64.] | Член на универзитетската комисија за настава | 1 |
| [65.] | Член на Националната комисија за учебници на Република Македонија. | 1 |
| [66.] | Член на Инспекциското тело за садови под притисок при ЦИРКО (ИТ-027) | 1 |
| | **Вкупно** | **69** |

| Ред. број | ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **47,15** |
| **2.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **30** |
| **4.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **69** |
| | **Вкупно** | **146,15** |

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Јанко Јанчевски, с.р.

2. Проф. д-р Гаврило Гаврилоски, с.р.

3. Проф. д-р Славе Јакимовски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОПИСНОТО ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ПРИРОДНО-НАУЧНОТО ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ТЕУТА ПИТАРКА-ШАБАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката број 0903-952/06 од 17.9.2010 година, донесена од Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата редовна X седница одржана на 14.9.2010 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов: *Описното оценување на учениците во природно-научното програмско подрачје во одделенската настава*, изработена од кандидатката *м-рТеута Питарка-Шабани.*

Комисијата во состав: проф. д-р Снежана Адамческа, проф. д-р Снежана Адамческа, проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, проф. д-р Вера Стојановска, проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова и проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ, до Наставно-научниот совет го доставува следниов

## **И з в е ш т а ј**

Докторската дисертација под наслов: *Описното оценување на учениците во природно-научното програмско подрачје во одделенската настава* елаборира мошне значајно прашање кое е актуелно речиси во сите развојни фази на системот на образование кај нас и во светот.

Следењето, проверувањето и оценувањето на учениците се процеси, стари, колку и самата настава. Дури во 16 век се воведува книга за евиденција на учениците и нивните способности, интереси, навики, постигања и самостојност, а во 17 век се спроведуваат годишните испити и рангирањето на учениците според успехот. Бројчаното оценување се појавува во 18 век. Кандидатката укажува дека сите овие елементи на оценувањето на учениците биле познати уште во далечното минато, но денес стануваат многу актуелни и за нив се расправа во сите земји како за еден многу важен елемент на општата реформа на образованието, во светот и кај нас.

Следењето, проверувањето, а посебно оценувањето на постигањата на учениците е сплет од разни функции и манифестации кои ја условуваат учениковата работа. Во училиштето се оценуваат резултатите од учењето, го познаваме начинот на кој наставниците оценуваат, што значи одлична, а што слаба оценка. Кога не сме задоволни од оценките кои ги добиваат учениците, од обемот и квалитетот на знаењата и останатите постигања на учениците, обично причините ги бараме во недоволната ангажираност и заинтересираност на учениците. Во трудот кандидатката актуализира мошне значајни прашања кои ја изразуваат суштината на проблемот: *Како се проверува и оценува знаењето и какво знаење воопшто се бара од*

*учениците? Дали начинот на оценување соодветствува на стилот на наставна работа? Какво е влијанието на проверувањето и оценувањето врз учењето на учениците? Дали сме се обиделе да подобриме нешто во следењето, проверувањето и оценувањето на учениците?*
Современото поимање на учењето и поучувањето ја темели потребата од нови парадигми во оценувањето. Описното оценување на степен на одделенска настава е една од најзначајните промени во основното образование, затоа во овој период образовниот систем во основното училиште ќе мора неминовно да претрпи промени во подрачјето на проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците. Денес честопати се истакнува потребата од измени на методите на поучување со што ќе се истакне не само активноста на наставникот-наставата, туку и процесите на учење-активноста на учениците, формите на активно учење кај учениците, истражувањето во наставата, проблемското учење, учењето со увидување, со откривање итн. Промените во процесот на усвојување на знаења кај учениците не би го дале својот ефект и не би биле целосни доколку со нив паралелно не се опфатат и реализираат и промените во оценувањето на учениците, бидејќи тие се меѓусебно тесно поврзани процеси.

Трудот е конципиран во неколку глобални делови: вовед и теоретска елаборација на проблемот на истражување, методолошки компоненти на истражувањето, анализа на резултатите од истражувањето, дискусија за одделните аспекти на проблемот и резултатите, прилози во вид на инструменти користени во анализата на изворите и конкретните истражувачки ситуации. Трудот содржи 493 страници компјутерски обликуван текст и 105 наведени релевантни извори од домашни и странски автори.

Теоретскиот дел на трудот, кандидатката м-р Питарка-Шабани го конципирала од неколку глобални наслови во кои е извршена анализа на теоретските фундаменти на проблемот. Направен е осврт на неколку глобални аспекти на проблемот на истражување. Издвојуваме некои од нив:

- **Потребата од промени во системот на оценување**

- Слабости на досегашниот начин на оценување на учениците
- Условеноста и поврзаноста на оценувањето на учениците со
- стилот на наставата
- Оценување на постигањата на учениците

- **Основни докимолошки поими**

- Следење
- Проверување

- Мерење
- Оценување
- Вреднување

- **Мерила за оценување на постигањата**

- Образовни стандарди, критериуми и норми - тенденции во нивното одредување
- Наставната програма како основа за оценувањето

Во теоретската елаборација на проблемот, м-р Питарка-Шабани се задржува на други мошне значајни аспекти на проблемот на описното оценување во нашата наставна практика: информативна функција на оценувањето, дијагностичка функција, прогностичка функција, мотивациска функција, воспитно-образовна функција и административна функција.

Според кандидатката, во описното оценување треба да се почитуваат барањата на носечките дидактички принципи кои ја идентификуваат неговата физиономија како значаен системско-програмски сегмент на наставата и образованието воопшто:

- принцип на индивидуализација
- принцип на континуираност
- принцип на позитивна насоченост
- принцип на јавност
- принцип на планираност
- принцип на сеопфатност
- принцип на вклученост на учениците во оценувањето.

Во посебно поглавје од трудот е елаборирано прашањето на видовите на проверување и на оценување на постигањата на учениците, при што се укажува на неколку битни критериуми: според начинот на изведување, според тоа кој ги изведува, според вклученоста на учениците во оценувањето, според основот за споредување на постигањата, според постапката за споредување и оценување и според симболите на изразување на оценката. Во трудот посебно внимание е посветено на специфичностите на описното оценување во природно-научното програмско подрачје, како и на прашањето на структурата на концепцијата на описното оценување во која се издвоени техниките и постапките за идентификација на иницијалната состојба во постигањата на учениците, дијагностицирањето на проблемите, проекција на постапки за нивно решавање, педагошката суштина на повратната информација, системите и формите на бележење и сл.

Во последното поглавје од теоретскиот дел на трудот се елаборирани носечките фактори кои суштински влијаат врз процесот на имплементација на концептот на описното оценување: наставникот, ученикот, родителите, училишната стручна служба и училишниот менаџмент.

Во второто глобално подрачје се опфатени методолошките компоненти на истражувањето. Презентираме дел од нив, особено оние што го идентификуваат истражувачкиот модел на емпиријата која е во директна функција на истражувачкиот проблем.

Ова истражување прикажува модел на примена на квалитативните техники:

- партиципативно набљудување;
- текстуална (содржинска) анализа;
- неструктурирано интервју.

Врз наведените основи е дизајниран и истражувачкиот модел на трудот, кој ги содржи следниве елементи:

**Предмет на ова истражување** е описното оценување на учениците во одделенската настава, како сумарен опис од перманентното следење и проверување на постигањата на учениците.

Предметот на истражувањето е проучуван преку следниве компоненти:

- условите и спремноста на училиштето да го реализира овој елемент на реформата на основното образование;
- менувањето на стилот на поучување на наставникот заради поефикасно имплементирање на описното оценување со сите негови придруѐни елементи;
- поврзаноста на планирањето и реализирањето на наставните цели и содржини, со процесот на следење, проверување и оценување на постигањата на учениците;
- поврзаноста на поучувањето, учењето и оценувањето, како три важни елементи на наставниот процес;
- перманентното следење, проверување и оценување на учениците во текот на учебната година;
- подготвеност, мотивираност и оспособеност на наставникот за континуирано индивидуално следење на учениците во своето одделение;

- начинот на кој учениците ја доживуваат сопствената улога во тој процес на перманентно следење, проверување и оценување;

- начинот на кој родителите ја прифаќаат нивната нова улога на активни и постојано информирани личности за напредокот на нивните деца.

Во истражувањето се дефинирани следниве фундаментални **поими:**
- описно оценување;
- ученици;
- одделенска настава.

**Карактер на истражувањето**

Истражувањето има квалитативен карактер и во него се применуваат квалитативни техники:
- партиципативно набљудување;
- текстуална анализа;
- неструктуирано интервју.

***Цел на ова истражување*** е да се добијат квалитативни сознанија за описното оценување на учениците во одделенската настава како сумарен опис од перманентното следење и проверување на постигањата на учениците.

***Задачи на истражувањето:***
- да се дојде до сознанија за спремноста на училиштето за реализирање на описното оценување на учениците;

- да се утврди дали описното оценување реално ги опишува индивидуалните постигања на учениците;

- дали описното оценување ги опфаќа и ги реализира сите цели пропишани во наставната програма: знаења, способности, когнитивни процеси, психомоторни вештини, мотивациски, социјални и други аспекти на развојот на личноста на ученикот;

- да се добијат податоци за процесот на следење, проверување и оценување на учениците, започнувајќи од дијагностичкото, преку формативното до сумативното оценување;

- да се утврди дали сумативната описна оценка произлегува и е континуитет на перманентното следење, проверување и оценување;

- да се добијат податоци за подготвеноста и мотивираноста на наставниците за перманентно индивидуално следење на нивните ученици;

- да се добијат сознанија за оспособеноста на наставниците да го утврдат развојот на нивните ученици во зависност од утврдените цели во наставната програма;
- да се добијат податоци за позицијата и улогата на учениците во овој процес на постојано следење, проверување и оценување;
- да се добијат податоци за мислењата и ставовите на родителите поврзани за овој начин на оценување.

Во ова истражување се поставени следниве ***истражувачки прашања:***

- Како описното оценување се планира во позначајните училишни документи;
- Какви материјални и технички услови се потребни за успешно спроведување на концепцијата на описното оценување;
- Дали описното оценување е континуиран процес кој се изведува паралелно со поучувањето и учењето;
- Колку описното оценување нуди насоки за следните чекори во поучувањето на наставникот;
- Дали и на кој начин описното оценување е поврзано со планирањето и реализацијата на наставата;
- Да се утврди како описното оценување е поврзано со конкретните наставни цели планирани од страна на наставникот;
- Да се утврди дали наставниците ги планираат очекуваните резултати од учењето на учениците во дневните и тематските планирања;
- Наставни цели од кои домени најчесто планираат наставниците во описното оценување, во природното предметно подрачје: когнитивни, афективни или психомоторни;
- Дали учениците се следат, се проверуваат и се оценуваат во споредба со операционализираните наставни цели;
- Колку наставникот го користи методот на набљудување за да ги следи активностите на учениците;
- Колку во описното оценување се користи усното, писменото и практичното проверување на постигањата на учениците;
- Дали се задоволува принципот на индивидуалност во описното оценување;

- Дали игра улога социјалното потекло на учениците во оценувањето ;
- Дали во описното оценување, учениците се опишуваат индивидуално без да се споредуваат со соучениците;
- Колку описното оценување претставува збир на групирани компетентни единици (знаења) и единици на некогнитивно поведение (социјална, емоционална и психомоторна област);
- Колку дијагностичкото оценување се користи во описното оценување за утврдување на предзнаењата на учениците;
- Дали наставникот го користи дијагностичкото оценување за планирање на неговото поучување;
- Колку се спроведува формативно следење, проверување и оценување на учениците во текот на наставата;
- Колку наставникот го следи напредокот на учениците при формативно следење и проверување;
- Дали наставникот ги користи резултатите од формативното проверување за да го модификува сопственото поучување;
- Дали во формативното следење и проверување учениците добиваат усни и писмени повратни информации;
- Колку наставникот тргнува од очекуваните резултати од учењето во одредувањето на инструментот на проверување кој ќе го користи при неговото проверување;
- Дали се користат разновидни методи за проверување на учениците во зависност од нивните индивидуални особености;
- Дали наставникот поставува усни и писмени прашања на различно ниво на сложеност, колку се вклучени и вишите когнитивни процеси;
- Дали наставникот постојано го забележува, го следи и го бележи индивидуалното ниво на постигање на учениците;
- Колку влијае когнитивниот стил на наставникот во слободното определување на начинот на бележење на постигањата на учениците;
- Дали сумативното оценување е резултат на претходното следење и проверување на постигањата на учениците;
- Колку сумативната оценка е квалитативен коментар за степенот на постигнатост на наставните цели;

и двајца наставници од трето одделение од горенаведеното училиште. Ќе се анализираат дневните подготовки на овие наставници опфатени со примерокот, повремените белешки кои ги водат наставниците како важни елементи на описното оценување, како и 10 свидетелства за завршена учебна година: пет од ученици од второ одделение и 5 од ученици од трето одделение, по случаен избор на ученици.

- *Субпримерок на време:* партиципативното набљудување започна на 1.9.2007 год. и заврши на 10.6.2008 год., значи се следеше описното оценување на учениците во текот на целата учебна година. Се следеа наставните часови по предметот природа и општество во второ одделение, кои според распоредот беа во вторник и четврток и приближно присуствувавме на околу 55 наставни часови.

Во истражувањето се користени следниве ***методи:***

- аналитичко-експликативната;
- аналитичко-компаративната;
- аналитичко-дескриптивната.

Тргнувајќи од предметот и целта на истражувањето, а со цел да се добијат релевантни податоци, во ова истражување се користени следниве ***техники и инструменти:***

- партиципативно набљудување;
- (протокол на набљудување);
- неструктурирано интервју;
- (полуповрзано интервју);
- содржинска (текстуална) анализа.

Сложените емпириски постапки во трудот обезбедиле добивање драгоцени и автентични податоци кои во вид на истражувачки резултати го идентификуваат придонесот на овој труд за педагошката наука. Добиените резултати ги потврдуваат наводите во хипотезите на истражувањето. Во трудот се потенцирани следниве заклучни сознанија:

1. Оценувањето е составен и многу важен дел од наставниот процес. Покрај учењето на учениците и поучувањето на наставникот, оценувањето имаше свое заслужено место во наставниот процес. Имено, овие три процеси се одвиваа едновремено во текот на целиот наставен час, во текот на целата учебна година.

2. Описното оценување на учениците е тесно поврзано со планирањето и реализацијата на наставата. Наставниците ги планираат конкретните, операционализирани цели на наставните содржини со цел да го конкретизираат нивното поучување, односно да им биде полесно и појасно што треба да работат со нивните ученици. Значи, во овој процес наречен

- Колку наставниците се оспособени за описно оценување на постигањата на нивните ученици;
- Дали со описното оценување се зголемува одговорноста на учениците за успехот, нивната мотивација за учење;
- Колку учениците се вклучуваат во самооценувањето и заемното соученичко оценување;
- Дали во описното оценување, родителите се доволно информирани за постигањата на нивните деца во наставата;
- Колку родителите ги сфаќаат квалитативните коментари за постигањата на нивните деца;
- Дали описното оценување на учениците во одделенската настава е сумарен опис од перманентното следење и проверување на постигањата на учениците.

**Примерок на истражувањето**

- *Примерокот за партиципативно набљудување* го сочинува една единица на набљудување, т.е една паралелка од второ одделение од *ОУ Браќа Миладиновци* од Куманово.
- *Субпримерокот на наставници* опфатени со интервју е 8, т.е по две наставници од прво, второ, трето и четврто одделение, во кое се вклучува и наставникот од второто одделение кое е единица на партиципативното набљудување.
- *Субпримерокот на ученици* опфатени со неструктурирано интервју е 10 субјекти, и тоа: 4 ученици од второто одделение опфатено со партиципативното набљудување, 3 ученици од другото второ одделение и 3 ученици од трето одделение од училиштето.
- *Субпримерокот на родители* кои се опфатени со интервју е 8, од кои 4 родители чие дете завршило второ одделение и 4 родители на деца кои завршиле трето одделение.
- *Субпримерокот на останати субјекти* кои ги опфаќаме со неструктуираното интервју се директорот и педагогот на ОУ „Браќа Миладиновци".
- *Субпримерокот на наставници* опфатени со техниката на содржинска (текстуална) анализа е 4, т.е двајца наставници од второ

настава, присутни се поголем број на елементи кои се поделени вештачки, само теоретски, но практично ги воочивме и заклучивме дека не можат да се делат, се случуваат едновремено, се испреплетуваат, зависат една од друга, се причинско-последично поврзани, од успехот или неуспехот на едниот елемент, зависи успехот или неуспехот на другите елементи.

3. Наведените елементи на наставниот процес, и самиот процес на оценување, односно описно оценување на постигањата на учениците, е доста сложен и комплексен процес. Во нејзината внатрешност влијаат голем број законитости, принципи, барања, кои мора да се почитуваат од страна на наставниците, со цел оценувањето да биде успешно, реално и објективно, а не да се врши стихијно. Иако описното оценување во одредена доза е зависно од самиот наставник, неговиот стил на работа, оспособеност, мотивираност и повеќе фактори поврзани за личноста на наставникот, сепак постојат јасно зацртани законитости кои во секој момент мора да се респектираат за да може описното оценување да ја исполнува својата функција: да ги опише индивидуалните постигања на секој ученик.

4. Дијагностичкото, формативното и сумативното следење и проверување се процеси кои се случуваа во одредени временски периоди со една единствена цел: да се утврдат предзнаењата и постигањата на учениците и што е најважно, тие да се подобрат и да овозможат чекорење кон очекуваните резултати од учењето на учениците, а со тоа и кон реализација на планираните наставни цели. Во целиот тој процес учениците се самостојни, активни, внатрешно мотивирани, со високо ниво на аспирација и со одговорност кон поставените задачи.

Заклучните сознанија на кандидатката м-р Теута Питарка-Шабани корелираат со предметот, целта и задачите на истражувањето и претставуваат драгоцен материјал и основа за понатамошно унапредување и подобрување на моделите на оценување кои се базираат на континуираното следење и анализа на постигањата на учениците.

## Заклучок и предлог

Докторската дисертација поднесена од м-р *Теута Питарка-Шабани* нуди значен придонес во утврдувањето на актуелните состојби во првиот образовен циклус на основното училиште во Република Македонија. Станува збор за првиот степен на задолжителното образование. Овој труд е прв од областа на докимолошките анализи на системот и процесите кои се одвиваат кај нас. Описното оценување не е иновација за педагошката теорија, но претставува иновативен скок за нашата воспитно-образовна практика. Овој модел на оценување не е само педагошка категорија, туку и

правно регулирано подрачје чија примена во последниве години се интензивира и добива во квалитет.

Сметаме дека овој труд ќе даде значаен придонес во расветлувањето на бројните дилеми околу описното оценување од теоретски и практичен аспект. Добиените сознанија во вид на валидни резултати можат да се искористат како податоци за нашата практика, но и како насоки за понатамошен развој на техниките на оценување воопшто.

Врз основа на тоа, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, со особена чест и задоволство, му предлагаме докторската дисертација под наслов: *Описното оценување на учениците во природно-научното програмско подрачје во одделенската настава,* изработена од кандидатката *м-р Теута Питарка-Шабани,* да ја усвои и да одобри нејзина јавна усна одбрана.

Скопје,
25.9.2010 година

Членови на Комисијата

Проф. д-р Снежана Адамческа, с.р.
Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, с.р.
Проф. д-р Вера Стојановска, с.р.
Проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова, с.р.
Проф. д-р Јасмина Делчева –Диздаревиќ, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА СЛЕДНИВЕ НАУЧНИ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): УМЕТНОСТ НА РЕНЕСАНСАТА - ОПШТА, УМЕТНОСТ НА БАРОКОТ - ОПШТА, УМЕТНОСТ НА КЛАСИЦИЗМОТ - ОПШТА, УМЕТНОСТ НА РОМАНТИЗМОТ - ОПШТА, УМЕТНОСТ НА РЕАЛИЗМОТ - ОПШТА, НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И АРХЕОЛОГИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс објавен во „Дневник" на 25.8. 2010 година за избор на еден наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): уметност на ренесансата - општа, уметност на барокот - општа, уметност на класицизмот - општа, уметност на романтизмот - општа, уметност на реализмот - општа, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата X редовна седница одржана на 14.9.2010 година, определи Рецензентска комисија во состав: акад. Цветан Грозданов, проф. д-р Владимир Величковски и проф. д-р Елизабета Димитрова.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јавил само еден кандидат, и тоа д-р Татјана Филиповска, досегашен доцент на Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет во Скопје. По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката д-р Татјана Филиповска е родена на 24.4.1965 година во Скопје. Во 1987 година дипломирала на Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет во Скопје со просечна оценка 9,94. Како најдобар студент на Филозофскиот факултет во академската 1986/1987 година, Филиповска (род. Наумовска) е добитник на наградата „Френк Манини" („26 јули"), која Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" ја доделува секоја година.

Постдипломските студии ги завршила во 1996 на Групата за историја на уметноста на Филозофскиот факултет во Белград, на насоката општа историја на уметноста на новиот век, со одбрана на магистерскиот труд „Венецијанското жанр сликарството во 18 век инспирирано од театарот", под менторство на проф. д-р Сретен Петковиќ. На 13.10.2005, на Институт за историја на уметноста и археологија во Скопје ја одбранила докторската дисертација „Празничната сцена

во венецијанското сликарство на 18 век", работена под менторство на проф. д-р Борис Петковски.

Филиповска се вработила на Филозофскиот факултет, на Институтот за историја на уметноста и археологија, во 1988 година, како помлад асистент. Во звањето асистент на истиот Институт била избрана во 1996, а во 2006 во звањето доцент по предметите историја на европската уметност на новиот век 1 и 2.

## Наставно-образовна дејност

Кандидатката Татјана Филиповска успешно и посветено ги реализира наставата, предавањата и вежбите, по предметите за кои била избрана (29,7). Таа била член на комисии за одбана на бројни дипломски трудови и ментор на повеќе дипломски трудови одбранети на Институтот за историја на уметноста и археологија (4,2). Доц. д-р Филиповска учествувала и во наставата за студиите од II степен, ангажирана на предавањата за задолжителните предмети на насоката Историја на уметноста (1,3).

Кандидатката д-р Филиповска, во периодот на остварувањето на својата наставно-образовна дејност како доцент, била член на две комисии за оцена и одбрана на докторат (2), а во пет комисии за оцена и одбрана на магистерски труд (3) и член на една комисија за рецензија на учебник (1).

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138, од 6 јули 2009 година), кандидатката д-р Татјана Филиповска од наставно-образовната дејност остварила 41,85 поени и со тоа го надминала минималниот број поени (15) што треба да ги оствари за да биде избрана во звањето вонреден професор.

## Научноистражувачка дејност

Во поглед на научноистражувачката дејност, доц. д-р Татјана Филиповска во изминатиот период покажала забележителни резултати. Таа е ментор на докторскиот труд со наслов „Развојот на графичките техники во европската нововековна уметност" на канд. Маја Атанасова (3 поени). Особено место во научноистражувачката дејност на Филиповска има нејзината монографија со наслов „Празничната сцена во венецијанското сликарство на XVIII век" (Скопје, 2009), која е резултат на повеќегодишното истражување на сите стилско-иконографски варијации на богатиот и единствен празничен тематски избор во рамките на Венеција на Сетеченто (8 поени).

Д-р Татјана Филиповска е автор на повеќе научни трудови кои вклучуваат оригинални научни резултати, објавени во научни списанија:

1. Филиповска Т. (2006), „Услови за создавање на ведутизмот како жанр во италијанското сликарство", во: *Годишен зборник на ФЗФ*, Книга 59, Скопје, 2006, 369-396. (4 поени)
2. Филиповска Т. (2007), „Триста години од раѓањето на Карло Голдони (1707- 1798) – авторот на комичната хроника на својата епоха", во: *Годишен зборник на ФЗФ*, Книга 60, Скопје, 2007, 397 – 418. (4 поени)

3. Филиповска. Т. (2009), „Андреа Паладио (1508 - 1580) и сликарското искуство на класичната архитектура", во: *Годишен зборник на ФЗФ*, Книга 62, Скопје, 2009, 327 - 350. (4 поени)
4. Филиповска Т. (2010), „Социолошко - антрополошкиот аспект на празнувањето во рамките на митот за Венеција", во: *Социолошка ревија*, бр. IX – X, Скопје, 2010, 61 - 75. (4 поени)
5. Филиповска Т. (2010) „Митологијата во европската нововековна уметност", во: *Systasis* 16-17, 2010 (Електронско списание на Здружението на класични филолози ,,Антика"). www.systasis.org (4 поени).

Во категоријата трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир, кандидатката д-р Филиповска во 2007 година објавила труд со наслов: „Италијанската ликовна уметност и архитектура и нивното влијание како предмет на изучување на Институтот за историја на уметноста и археологија во Скопје", во *Tempo d`incontri*, Atti seminari „TEMPUS" JEP 18101 – 2003, a cura di Anastasija Gjurcinova e Vanna Zaccaro, Skopje 2007, 431 – 438. (2 поена)

Во изминатиот период, кандидатката д-р Филиповска учествувала со сопствени реферати на научни/стручни собири со меѓународно учество, и тоа:

1. Учество на меѓународен научен собир „Италијанските студии на европскиот систем на високо образование" (Скопје, 22 и 23 февруари 2007), организиран од Филолошкиот факултет „Блаже Коневски" во Скопје, во рамките на Научниот проект од Темпус-програмата за образование и култура. (2 поена)
2. Учество на меѓународниот научен собир „Ruskin, Venice and Cultural Travel", Венеција, 25-27 септември 2008. Зборникот од овој собир, во кој е содржан нејзиниот текст, е во фаза на печатење. (2 поена)
3. Учество на меѓународниот научен собир „50 години италијански студии, италијански јазик, литература и култура", одржан на 29-30 октомври 2009 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје („50 anni di studi italiani, lingua, letteratura e cultura italiana"). Зборникот од овој собир, во кој е содржан нејзиниот текст, е исто така во фаза на печатење. (2 поена)

Во рамките на својата научноистражувачка дејност, доц. д-р Татјана Филиповска учествувала во меѓународниот научноистражувачки проект:

„Разбирање на визуелната култура на Балканот" (2003 - 2006). (5 поени)

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138, од 6 јули 2009 година), кандидатката д-р Татјана Филиповска од научноистражувачката дејност остварила 44 поени и со тоа го надминала минималниот број поени (10) што треба да ги оствари за да биде избрана во звањето вонреден професор.

**Стручно-апликативна дејност**

Во рамките на стручно-апликативната дејност, доц. д-р Татјана Филиповска ги реализирала следниве активности:

- објавена монографија (8 поени);
- раководител на постдипломските студии од 15 октомври 2009 година (2 поена);
- член на дисциплинска комисија за студентите во 2004 и 2006 година (1 поен).

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138, од 6 јули 2009 година), кандидатката д-р Татјана Филиповска од стручно-апликативната дејност остварила 11 поени и со тоа го надминала минималниот број поени (5) што треба да ги оствари за да биде избрана во звањето вонреден професор.

## ПРЕДЛОГ

Членовите на Рецензентската комисија, земајќи ги предвид достигнувањата и способностите на кандидатката во изминатиот период, можат да констатираат дека доц. д-р Татјана Филиповска успешно ги реализирала задачите поврзани со наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.138, од 6 јули 2009 година, член 12), кандидатката доц. д-р Татјана Филиповска со постигнати вкупно 96,85 поени го надминала минималниот број поени по сите основи (40) што треба да ги оствари за да биде избрана во звањето вонреден професор.

Со оглед на изнесеното, како членови на Рецензентската комисија, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатката доц. д-р Татјана Филиповска да биде избрана во звањето вонреден професор по научните области: уметност на ренесансата - општа, уметност на барокот - општа, уметност на класицизмот - општа, уметност на романтизмот - општа, уметност на реализмот - општа.

**Рецензентска комисија**

1. Акад. Цветан Грозданов, с.р.
2. Проф. д-р Владимир Величковски, с.р.
3. Проф. д-р Елизабета Димитрова, с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Татјана Борислав Филиповска**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Филозофски факултет, Институт за историја на уметноста и археологија**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: уметност на ренесансата - општа, уметност на барокот - општа, уметност на класицизмот - општа, уметност на романтизмот - општа, уметност на реализмот - општа.**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. Бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| - | **Одржување на настава од I циклус студии** | |
| 1 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 2 (4+2), летен семестар 2005/2006 | 2,4 |
| 2 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 1 (4+2), зимски семестар 2006/2007 | 2,4 |
| 3 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 2 (4+2), летен семестар 2006/2007 | 2,4 |
| 4 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 1 (4+2), зимски семестар 2007/2008 | 2,4 |
| 5 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 2 (4+2), летен семестар 2007/2008 | 2,4 |
| 6 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 1 (4+2), зимски семестар 2008/2009 | 2,4 |
| 7 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 2 (4+2), летен семестар 2008/2009 | 2,4 |
| 8 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 1 (4+2), зимски семестар 2009/2010 | 2,4 |
| 9 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 2 (4+2), летен семестар 2009/2010 | 2,4 |
| - | **Одржување на настава од II циклус студии** | |
| 1 | Историја на уметноста (III - XX век), 10, летен семестар 2006/2007 | 0,5 |
| 2 | Историја на уметноста (III - XX век), 5, зимски семестар 2008/2009 | 0,25 |
| 3 | Методологија на научно истражување, 5, зимски семестар 2008/2009 | 0,25 |
| 4 | Методологија на научно истражување, 6, зимски семестар 2009/2010 | 0,3 |
| - | **Одржување на вежби** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 2 (4+2), летен семестар 2005/2006 | 0,9 |
| 2 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 1 (4+2), зимски семестар 2006/2007 | 0,9 |
| 3 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 2 (4+2), летен семестар 2006/2007 | 0,9 |
| 4 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 1 (4+2), зимски семестар 2007/2008 | 0,9 |
| 5 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 2 (4+2), летен семестар 2007/2008 | 0,9 |
| 6 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 1 (4+2), зимски семестар 2008/2009 | 0,9 |
| 7 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 2 (4+2), летен семестар 2008/2009 | 0,9 |
| 8 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 1 (4+2), зимски семестар 2009/2010 | 0,9 |
| 9 | Историја на западноевропската уметност на новиот век 2 (4+2), летен семестар 2009/2010 | 0,9 |
| - | **Консултации со студенти** | |
| 1 | Летен семестар 2005/2006, 50 студенти | 0,1 |
| 2 | Зимски семестар 2006/2007, 45 студенти | 0,09 |
| 3 | Летен семестар 2006/2007, 38 студенти | 0,076 |
| 4 | Зимски семестар 2007/2008, 40 студенти | 0,08 |
| 5 | Летен семестар 2007/2008, 35 студенти | 0,07 |
| 6 | Зимски семестар 2008/2009, 42 студенти | 0,084 |
| 7 | Летен семестар 2008/2009, 30 студенти | 0,06 |
| 8 | Зимски семестар 2009/2010, 25 студенти | 0,05 |
| 9 | Летен семестар 2009/2010, 20 студенти | 0,04 |
| - | **Ментор на дипломска работа** | |
| 1 | Летен семестар 2005/2006 | 0,2 |
| 2 | Зимски семестар 2008/2009 | 0,2 |
| 3 | Зимски семетар 2009/2010 | 0,2 |
| 4 | Летен семестар 2009/1010 | 0,2 |
| - | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | |
| 1 | Член на комисија за оцена и одбрана, канд. Викторија Поповска Коробар, летен семестар 2007/2008 | 1 |
| 2 | Член на комисија за оцена и одбрана, канд. Сашо Цветковски, зимски семестар 2008/2009 | 1 |
| - | **Член на комисија за оцена (и) или одбрана на магистратура** | |
| 1 | Член на комисија за оцена и одбрана , канд. Анита Илиева Николовска, зимски семестар 2006/2007 | 0,6 |
| 2 | Член на комисија за оцена и одбрана, канд. Ивана Јарчевска, зимски семестар 2007/2008 | 0,6 |
| 3 | Член на комисија за оцена и одбрана, канд. Џемил Бектовиќ, летен семестар 2007/2008 | 0,6 |
| 4 | Член на комисија за оцена и одбрана, канд. Сафет Ахмети, | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | летен семестар 2008/2009 | |
| 5 | Член на комисија за оцена и одбрана, канд. Гудз Асани, летен семестар 2009/2010 | 0,6 |
| - | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| 1 | Член на комисија за одбрана на 34 дипломски труда од 2006 година до денес | 3,4 |
| - | **Рецензент на универзитетски учебник** | |
| 1 | Учебникот „Современа македонска уметност" на проф. д-р Владимир Величковски, летен сем. 2008/2009 | 1 |
| | **Вкупно** | 41.85 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| - | **Ментор на докторска дисертација** | |
| 1 | Ментор на докторската дисертација: „Развојот на графичките техники во европската нововековна уметност" на канд. Маја Атанасова | 3 |
| - | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| 1 | Учесник во меѓународен научен проект: „Разбирање на визуелната култура на Балканот" (2003 - 2006) | 5 |
| - | **Монографија** | |
| 1 | Монографија Филиповска Т. (2009), *Празничнаша сцена во венецијанскošо сликарсšво на XVIII век*, Скопје 2009. | 8 |
| - | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| 1 | Филиповска Т. (2006), „Услови за создавање на ведутизмот како жанр во италијанското сликарство", во: *Годишен зборник на ФЗФ*, Книга 59, Скопје, 2006, 369-396. | 4 |
| 2 | Филиповска Т. (2007), „Триста години од раѓањето на Карло Голдони (1707- 1798) – авторот на комичната хроника на својата епоха", во: *Годишен зборник на ФЗФ*, Книга 60, Скопје, 2007, 397 – 418. | 4 |
| 3 | Филиповска. Т. (2009), „Андреа Паладио (1508 - 1580) и сликарското искуство на класичната архитектура", во: *Годишен зборник на ФЗФ*, Книга 62, Скопје, 2009, 327 - 350. | 4 |
| 4 | Филиповска Т. (2010), „Социолошко - антрополошкиот аспект на празнувањето во рамките на митот за Венеција", во: *Социолошка ревија*, бр. IX – X, Скопје, 2010, 61 - 75. | 4 |
| 5 | Филиповска Т. (2010),„Митологијата во европската нововековна уметност", во: *Systasis* 16-17, 2010 (Електронско списание на Здружението на класични филолози „Антика"). www.systasis.org | 4 |
| - | **Труд со оригинални научни стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 1 | Филиповска. Т. (2007), „Италијанската ликовна уметност и архитектура и нивното влијание како предмет на | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | изучување на Институтот за историја на уметноста и археологија во Скопје", во *Tempo d`incontri*, Atti seminari „TEMPUS" JEP 18101 – 2003, a cura di Anastasija Gjurcinova e Vanna Zaccaro, Skopje 2007, 431 – 438. | |
| - | **Секциско предавање на научен/ стручен собир со меѓународно учество** | |
| 1 | Учество на меѓународен научен собир: „Италијанските студии на европскиот систем на високо образование" (Скопје, 22 и 23 февруари 2007), организиран од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, во рамките на Научниот проект од Темпус-програмата за образование и култура. | 2 |
| 2 | Учество на меѓународниот научен собир „Ruskin, Venice and Cultural Travel" (Венеција, 25-27 септември 2008). | 2 |
| 3 | Учество на меѓународниот научен собир „50 години италијански студии, италијански јазик, литература и култура", одржан на 29-30 октомври 2009 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје („50 anni di studi italiani, lingua, letteratura e cultura italiana"). | 2 |
| | **Вкупно** | 44 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. Бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| - | **Стручна монографија** | |
| 1 | Филиповска Т. (2009), *Празничната сцена во венецијанското сликарство на XVIII век*, Скопје, 2009. | 8 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Член на дисциплинска комисија за студентите, 2004 и 2006 | 1 |
| 2 | Раководител на постдипломските студии од 15 окт. 2009 | 2 |
| | **Вкупно** | 11 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **41,85** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **44** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **11** |
| **Вкупно** | **96,85** |

**Членови на Комисијата**

1. Акад. Цветан Грозданов, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Владимир Величковски, член, с.р.
3. Проф. д-р Елизабета Димитрова, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „МАРКЕТИНГ:ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА" ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р СНЕЖАНА РИСТЕВСКА-ЈОВАНОВСКА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр.12-2481/2, донесена на седницата одржана на 24.9.2010, определен сум за рецензент на ракописот со наслов „МАРКЕТИНГ: теорија и практика" од проф. д-р Снежана Ристевска - Јовановска. По деталното проучување на добиениот ракопис, до Наставно научниот совет на Економскиот факултет, го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Првото издание на учебникот „Маркетинг: теорија и практика", од проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска, содржи 332 страници. Овој учебник е наменет за потребите на студентите на Економскиот факултет во Скопје по предметот: основи на маркетинг, студиска програма: маркетинг. Предвидениот ракопис во целост ја покрива наставната содржина за предметот основи на маркетинг – студиска програма: маркетинг; *шифра на предмет 251 (ECTS - 8).* Ракописот исто така може да послужи и за студентите запишани на втор циклус на студии на студиската програма маркетинг.

Проблематиката опфатена во трудот,к освен предговорот (стр.1-10) и користената литература (стр. 325-332), е систематизирана во 9 (девет) дела како што следува:

1. **Маркетинг концепт (стр. 11 - 36)**
2. **Маркетинг менаџмент (стр. 37 - 54)**
3. **Маркетинг истражување (стр. 55 - 86)**
4. **Сегментирање на пазарот (стр. 87-110)**
5. **Производ (стр. 111-160)**
6. **Цена на производите (стр. 161 - 196)**
7. **Промоција (стр. 197 - 260)**
8. **Дистрибуција (стр. 261 - 302)**
9. **Маркетинг за глобален пазар (стр. 303 - 324)**

### Приказ на содржината на трудот

**Маркетинг концепт (стр. 11-36)** – во првиот дел, авторката го објаснува концептот на маркетингот од повеќе аспекти, подетално задржувајќи се на неговото дефинирање: како процес на планирање и спроведување на замислата, одредување на цената, дистрибуцијата и промоцијата на идеи, стоки и услуги со цел создавање на размена која ги задоволува согледаните потреби, барања и цели на индивидуите и компаниите. Понатаму, авторката прави осврт врз алтернативните маркетинг концепти: *производствен* концепт, концепт на *производ*,

*продажен* концепт, *маркетинг* концепт *и* концепт на *општествен маркетинг*. Со посебно внимание се објаснети одделните инструментите на маркетинг концептот (производ, цена, дистрибуција, промоција), кои се модифицираат и прошируваат во маркетингот на услуги, поради нивната различна природа, со додавање на уште 3P елементи поврзани со услужната испорака: *физички параметри (physical evidence), процеси (process) и луѓе (people)*. Во првиот дел, авторката, исто така, детално ги разработува и актерите во маркетинг системот, како и процесот на донесување на одлука од страна на потрошувачите.

Во вториот дел на трудот, насловен како **Маркетинг менаџмент (стр. 37-54)** авторката ја истакнува важноста на координираното и планско одвивање на маркетинг активностите и функциите во компаниите, како централно прашање на маркетинг менаџментот за зголемување на ефикасноста во работењето на компанијата во целина. Притоа, според неа, маркетинг менаџментот како дел од вкупниот процес на управување и раководење во компаниите вклучува наизменично: управување со побарувачката и управување со односите со потрошувачите или едноставно, маркетинг менаџментот е *управување со побарувачката*. Во понатамошниот дел на текстот од овој дел подетално се разработени основните елементи на маркетинг менаџментот: маркетинг планирањето како примарна фаза во процесот, маркетинг организирањето како втора фаза и маркетинг контролата како трета, завршна фаза во процесот.

**Маркетинг истражување (стр. 55-86)** е насловот на третиот дел на трудот. Маркетинг менаџерите успешното планирање, организирање и контрола на маркетинг активностите го должат на информациите, кои не се само инпут за донесување добри деловни одлуки, туку средство на маркетингот кое обезбедува конкурентска предност од стратешко значење. Притоа, информациите кои им се потребни на маркетинг менаџерите можат да произлезат од: внатрешната евиденција на компанијата, маркетинг разузнавањето и маркетинг истражувањето. Маркетинг истражувањето претставува збир од истражувањето на пазарот и истражувањето на поодделните инструменти на маркетинг микс концептот (4P). Притоа, според авторката, истражувањето на пазарот, иако најзначаен сепак претставува само еден дел од маркетинг истражувањето. Не навлегувајќи пошироко во интерпретацијата на одделните различни мислења, во наредните излагања авторката подетално го разработува процесот на маркетинг истражувањето како процес кој се состои од следните седум чекори: дефинирање на маркетинг проблемот и целите на истражувањето, дизајнирање на истражувањето, определување на типовите и изворите на податоци, дизајнирање на инструментите за истражување, планирање на примероците и нивната големина, имплементирање на планот за истражување и толкување и известување за заклучоците.

Четвртиот дел на трудот е со наслов **Сегментирање на пазарот (стр. 87-110)**. Во современи услови е неопходно компаниите да го набљудуваат пазарот како целина составена од поодделни хомогени групи

на потрошувачи, т.е. пазарни сегменти. Притоа, сегментирањето на пазарот всушност претставува определен истражувачки процес кој се сфаќа како: поделба на потрошувачите во определени групи кои имаат заеднички карактеристики или кои покажуваат определени сличности во своето однесување. Резултат на тој процес се пазарните сегменти. Притоа, сегментирањето на пазарот може да се изврши на неколку различни нивоа: (а) масовен маркетинг, (б) сегментирачки маркетинг, (в) супсегментирачки маркетинг и (г) микромаркетинг. Понатаму, авторката истакнува дека компанијата треба да ја процени привлечноста на секој пазарен сегмент поодделно и да ги таргетира пазарните сегменти во кои има различни предности во споредба со нејзините конкуренти; пазарните сегменти во кои може да генерира најголема вредност за клиентот и во кои може неа да ја одржува и сл. Како логична последователна фаза на активностите на сегментирање и таргетирање, авторката го објаснува процесот на позиционирање на пазарот, кое му дава на производот јасно, посебно и пожелно место во главата на целните потрошувачи во споредба со конкурентските производи. Значи, маркетарите ги планираат позициите кои ги издвојуваат нивните производи од конкурентските брендови на производи и им даваат најдобра стратегиска предност на нивните целни пазари.

Понатамошните делови на трудот почнувајќи од 5. (петтиот) заклучно со 8. (осмиот) дел се посветени на детална разработка на инструментите на маркетинг концептот според следниов редослед: производ, цена, промоција и дистрибуција.

**Производ (стр. 111-160)** е насловот на петтиот дел, во кој се разработува производот како еден од инструментите на маркетинг концептот. Во практика, речиси е невозможно да се изврши строго разграничување меѓу производите и услугите. Голем број производи егзистираат заедно со дополнителните услуги кои ја зголемуваат вредноста за потрошувачите. Истовремено, голем број на услуги вклучуваат физички производи во својата понуда. Но, и покрај ова испреплетување на производите и услугите, услугите имаат свои специфичности кои изнудуваат поинаков пристап од страна на маркетинг менаџерите. Тие специфичности произлегуваат пред се од: нематеријалноста, нераздвоивоста, варијабилноста и краткотрајноста како карактеристики на услугите. Според авторот, секое активно истражување на природата на производот неминовно бара претходно разграничување на следните три нивоа на производот: (а) основен производ; (б) фактички производ и (в) подобрен производ. Во овој дел од трудот, авторката прави и подетален осврт врз основните маркетинг одлуки во врска со производите на кои треба да им се посвети посебно внимание, пред сè на: брендот на производите, квалитетот на производите, дизајнот на производите, асортиманот на производство, пакувањето и етикетирањето на производите и диференцирањето на производите. Понатаму, авторката детално ги разработува одделните фази од процесот на развој и лансирање на новиот производ, како и фазите на животниот циклус на производот.

**Цена на производите (стр. 161-196)** е насловот на шестиот дел од овој труд. Цената е една од четирите основни стратегиски варијабли кои ги контролираат и за кои маркетинг менаџерите треба да донесат соодветни одлуки. Тие одлуки во голема мера го определуваат обемот на продажбата и висината на остварениот профит бидејќи цената има директна улога во одредувањето на вредноста за потрошувачот. Според авторката, водени од корпорациските цели, маркетинг менаџерите треба да развијат сет од ценовни политики и цели кои треба да објаснат: колку флексибилни ќе бидат цените, на кое ниво ќе биде поставена цената во секоја фаза од животниот циклус, кога и на кого ќе бидат одобрени дисконти и попусти и како ќе бидат распределени транспортните трошоци. Генерално, според авторката, цената треба да ги исполни следниве цели: исполнување на финансиските цели (профитабилност), вклопување во реалноста на пазарот (дали потрошувачите ќе купуваат по таа цена) и поддржување на позиционирањето на производот на пазарот и конзистентност со другите варијабли на маркетинг миксот. Понатаму, авторката ги разработува одделните фактори што влијаат врз политиката на цени кои може да се класифицираат во две основни групи – *интерни и екстерни фактори*. Според неа, постојат комплетни и парцијални методи за формирање на цените. Комплетните методи овозможуваат да се дојде до цената „од дното до горе" и укажуваат на тоа како се определува цената и кога и за колку таа се менува. Во овој дел подетално се разработени следните пристапи за определување на цените: пристап базиран на трошоци во работењето, пристап базиран на конкуренцијата и пристап базиран на потрошувачот. На крајот од овој дел од трудот се нуди преглед и објаснување на специфичните ценовни политики кои се користат како дополнување на основните ценовни пристапи.

Седмиот дел од трудот носи наслов **Промоција (стр. 197-260)** и нуди преглед на различното дефинирање на промоцијата, како инструмент на маркетинг миксот, кое произлегува од широката лепеза на облиците на промотивни активности кои од една страна го опфаќаат информирањето и убедувањето на потрошувачите, а од друга вкупниот систем и процес на комуницирање меѓу производителите и потрошувачите. Во суштина, промоцијата, односно маркетинг комуникациите претставуваат средство со кое компаниите се обидуваат да ги информираат, убедуваат и да ги потсетуваат потрошувачите - директно или индиректно - на производите и брендовите што ги продаваат. Целта на овој систем е создавање на поволно мислење за производите/услугите и нивно прифаќање од страна на потрошувачите. Таквото настојување во процесот на комуницирање и во прифаќањето на производите и услугите е составен дел на вкупниот маркетиншки напор на компанијата, со кој се остваруваат целите на маркетингот и на работењето, воопшто. Во таа насока, авторката го дефинира процесот на комуникација како пренесување на информации, размена на идеи, односно процес на воспоставување единство помеѓу испраќачот и примателот. Притоа, се разработуваат макро и микромоделите на комуницирање, како и одделните фази од процесот на комуникација. Фокусот на овој дел од

трудот е на одделните инструменти од промотивниот микс, чиј интегриран пристап води кон креирање на синергетски ефект. Притоа, поодделно се разработуваат: економската пропаганда, продажната промоција, публицитетот и односите со јавноста, личната продажба, директниот маркетинг и останатите алтернативни облици на промоција. Економската пропаганда, како најраспространет облик на маркетинг комуникација, зазема посебно место во овој дел од трудот, во кој авторката ги објаснува: методите за определување на вложувањата во економска пропаганда, процесот на креирање на економско-пропагандна порака, изборот на медиуми на економската пропаганда, одделните видови медиуми, како и мерењето на ефектите од вложувањата во економската пропаганда.

**Дистрибуција (стр. 261-302)** е осмиот дел од овој труд, во кој авторката истакнува дека ефикасното управување со дистрибуцијата подразбира испорака на бараните производи и услуги до клиентите во вистинско време, на вистинско место и по вистинска цена. Одлуките за маркетинг каналите се меѓу најважните одлуки со кои се соочува менаџментот на една компанија, бидејќи тие се поврзани со сите други маркетинг одлуки. Притоа, маркетинг каналите можат да се јават во следниве два облика: 1. директен маркетинг канал, односно канал без посредници (директна продажба) – всушност претставува канал од нулто ниво. Тој се состои од директна продажба на производите од производителот на потрошувачите; 2. индиректен маркетинг канал, односно канал со посредници кој може да се јави како: (*маркетинг канал со еден посредник* – односно канал во едно ниво и *маркетинг канал со два посредника* (продавач на големо и продавач на мало) – односно канал во две нивоа. Понатаму, авторката ја објаснува организацијата и начинот на работа на маркетинг каналите, истакнувајќи ги трите главни типови на вертикални маркетинг системи: корпоративен, администриран и договорен вертикален маркетинг систем. Како главни учесници во процесот на дистрибуција се издвојуваат трговците на големо и трговците на мало. Притоа, авторката ги разработува одделните групи на трговци на големо: трговци на големо кои ја преземаат сопственоста на стоката, трговски посредници и трговски агенти и претставништва и канцеларии на производителите; како и одделните типови трговци на мало: класични системи (облици) на малопродажба и современи системи (облици) на малопродажба. На крајот од овој дел, авторката ја разработува маркетинг логистиката и нејзините главни функции: процесирање на нарачките, управување со залихите, складирање и транспорт.

**Маркетинг за глобален пазар (стр. 303-324) е** деветтиот и последен дел од овој труд. Денес, компаниите повеќе не можат да си дозволат да му посветуваат внимание само на нивниот домашен пазар, без оглед на неговата големина. Многу индустрии се глобални индустрии и оние компании кои работат на глобално ниво, остваруваат пониски трошоци и поголема свесност за нивната марка на производ. Во современи услови, компаниите посветуваат помало внимание на глобалната трговија само кога домашниот пазар е голем, преполн со

можности и е многу посигурен. Колку повеќе компаниите го одложуваат преземањето на чекори кон интернационализација, толку повеќе тие ризикуваат да бидат исклучени од пазарите во пораст низ светот. Во оваа насока, авторката ги разработува клучните одлуки кои треба да ги донесе компанијата пред да настапи на странскиот пазар: донесување одлука на кои пазари да се влезе, донесување одлука во врска со глобалната маркетинг програма, комбинирање на инструментите на глобалниот маркетинг и управување со глобалните маркетинг активности. Прашањето за тоа дали да се приспособи или да се стандардизира маркетинг миксот, во последниве години е предмет на многу дебати. На едниот крај се компаниите кои користат стандардизиран маркетинг микс насекаде во светот и во најголем дел ги продаваат истите производи и користат исти приоди во маркетингот низ целиот свет. На другиот крај е приспособениот маркетинг микс. Во овој случај, производителот ги приспособува елементите на маркетинг миксот за секоја целна група, при што ги поднесува сите трошоци, но се надева на поголем дел од пазарот и поголеми приноси.

## Оцена на трудот

Првото издание на учебникот „Маркетинг: теорија и практика" од проф. д-р Снежана Ристевска - Јовановска ја потенцира новата обврска на маркетингот во современи услови на стопанисување – поголема претпазливост во врска со противречностите помеѓу желбите на потрошувачитет и општествената благосостојба. Онаму каде што постои недоволен обид во активностите на потрошувачот и сопственото чувство на потрошувачите за одговорност, маркетарите би постапиле подобро доколку го контролираат или регулираат своето однесување при обезбедувањето стоки или услуги кои се непожелни за општеството како целина. Доколку не постапат така, веројатно е дека легислативата ќе го направи тоа за нив. Маркетарот ориентиран кон општеството треба да дизајнира производи кои не овозможуваат само задоволство, туку се и општествено корисни. Оттаму и овој труд станува многу актуелен.

Сосема погрешен е ставот дека маркетингот е само една и тоа изолирана деловна функција. Зошто? Маркетингот е филозофија која ја насочува целата компанија, а целта на таа филозофија е создавање на профит преку задоволување на потребите на потрошувачите.

Во овој труд авторката проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска на јасен и концизен начин ги објаснува и ги диференцира поимите продажба, маркетинг, економска пропаганда и промоција, категории кои честопати внесуваат конфузија во теоретските и практичните расправи. Притоа авторката истакнува дека продажбата доаѓа само откако ќе се произведе производот, додека маркетингот кај успешните компании започнува многу порано пред компанијата да има производ. Потоа, економската пропаганда се издвојува само како еден од облиците на комуникацискиот (промотивниот) микс. Промоцијата, пак, е само еден од инструментите на маркетинг миксот. Ова не значи дека продажбата и економ-

ската пропаганда се беззначајни. Напротив, тоа значи дека тие се дел од поголем маркетинг микс – збир на маркетинг инструменти кои функционираат заедно и влијаат врз вкупните пазарни состојби.

Во најголем број на случаи кога луѓето се обидуваат да го објаснат процесот на управување со маркетингот, за него размислуваат како за процес на изнаоѓање „доволно клиенти" за моменталното производство на компанијата. Меѓутоа, ова гледиште е премногу ограничено. Секоја компанија за своите производи може да има различно ниво на побарувачка (соодветна, преголема, невообичаена или мала побарувачка), а маркетинг менаџментот мора да најде начини соодветно да се справи со овие различни состојби на побарувачка.

Првото издание на учебникот „Маркетинг: теорија и практика", од проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска, и концепциски и методолошки претставува комплетен, сеопфатен и научен труд кој ја третира проблематиката од областа на маркетингот. Практичната димензија на трудот е она што го издвојува овој труд од останатите трудови кои делумно обработуваат поширок или потесен круг на прашања од маркетиншката област.

Како таков, трудот придонесува во збогатувањето на економската литература а особено бизнис литературата од областа на маркетингот. Во трудот, авторката со својот аналитичен пристап особено го потенцира значењето и можноста од негова употреба во секојдневното работење од страна на маркетинг менаџерите во наши услови на стопанисување. За таа цел, во трудот се содржани бројни слики и табели кои ја поврзуваат теоријата и практика на маркетингот, при што со нив се зголемува транспарентноста на текстот и заклучоците кои произлегуваат од практичните истражувања. Тоа несомнено покажува дека овој труд ќе предизвика интерес не само кај студентите, туку и кај маркетинг менаџерите кои во своето секојдневно работење се занимаваат со проблематиката од областа на маркетингот.

Трудот „Маркетинг: теорија и практика" е пишуван според програмата по предметот основи на маркетинг прифатена од страна на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Трудот со наслов „Маркетинг: теорија и практика" во целост ја покрива наставната содржина за предметот основи на маркетинг – студиска програма: маркетинг. Ракописот ги содржи сите компоненти неопходни за да биде категоризиран како постојан учебник за потребите на студентите на Економскиот факултет по предметот основи на маркетинг.

## Предлог

Поаѓајќи од презентираната содржина и оцените на понудениот ракопис од авторката проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска, имам пријатно задоволство да му препорачам на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го одобри насловот „Маркетинг: теорија и практика" за користење од страна на студентите на Економскиот

факултет во Скопје по предметот: основи на маркетинг **како постојан учебник** и истовремено го препорачувам за печатење.

Скопје 27.9.2010

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Димитар Граматиков с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ ,,МАРКЕТИНГ:ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА" ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р СНЕЖАНА РИСТЕВСКА-ЈОВАНОВСКА

Со одлука на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје бр.12-2481/2, донесена на седницата одржана на 24.9.2010, определена сум за рецензент на ракописот со наслов "МАРКЕТИНГ: теорија и практика" од проф. д-р Снежана Ристевска - Јовановска. По деталното проучувањето на добиениот ракопис, до Наставно - научниот совет на Економскиот факултет, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Првото издание на трудот **,,МАРКЕТИНГ: теорија и практика"**, од проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска, содржи 332 страници текст, бројни табели, слики и шематски прикази за појасно презентирање и совладување на обработуваната проблематика. Трудот, содржински, освен предговорот и литературата е структуриран во девет дела: **Маркетинг концепт (стр. 11 - 36), Маркетинг менаџмент (стр. 37 - 54), Маркетинг истражување (стр. 55 - 86), Сегментирање на пазарот (стр. 87-110), Производ (стр. 111-160), Цена на производите (стр. 161 - 196), Промоција (стр. 197 - 260), Дистрибуција (стр. 261 – 302), Маркетинг за глобален пазар (стр. 303 - 324).**

## Приказ на содржината на трудот

**Маркетинг концепт (стр. 11-36)** – првиот дел од овој труд, авторката логично го посветува на согледување на воведните елементи од маркетинг концептот, кој го дефинира како: "процес или техника на промоција, продажба и дистрибуција на производот или услугата, т.е. збир на функции вклучени во движењето на стоките од производителот до потрошувачот." Понатаму, авторката нуди преглед и прави компарација помеѓу одделните алтернативи на маркетинг концептот: производствен концепт, концепт на производ, продажен концепт, маркетинг концепт и концепт на општествен маркетинг. Во овој дел од трудот, авторката ги идентификува и основните инструменти на маркетинг миксот (производ, цена, дистрибуција, промоција), кои понатаму се детално разработени во посебни глави. Како дополнување на основните 4P маркетинг инструменти, авторката разработува уште 3P елементи поврзани со услужната испорака: физички параметри (physical evidence), процеси (process), и луѓе (people). Понатаму, авторката ги разработува одделните учесници, односно главни актери во маркетинг системот. На крајот од првата глава, авторката се фокусира на процесот на донесување на одлука од страна на потрошувачите, детално разработувајќи ги одделните фази од тој процес: препознавање на потребата, истражување пред купување,

проценка на алтернативите, однесување во текот па купувањето и проценка по купувањето.

**Маркетинг менаџмент (стр. 37-54)** е вториот дел на трудот, во кој авторката го дефинира маркетинг менаџментот како: "процес на анализа, планирање, имплементација и контрола на програмите дизајнирани со цел да создадат, да изградат и да одржат корисни размени со целните потрошувачи поради постигнување па целите на компанијата". Фокусот на овој дел од трудот е на основните фази од процесот на маркетинг менаџмент: маркетинг планирање, маркетинг организирање и маркетинг контрола. Притоа, детално се разработени клучните елементи што треба да ги содржи еден маркетинг план, како и алтернативните видови на маркетинг планови. Во фазата, пак, на маркетинг организација авторката ги разработува одделните модели на организација на маркетинг активностите во компаниите: функционален модел, географски модел, производен модел, сегментиран модел и комбиниран модел. Во делот на маркетинг контролата се објаснети одделните видови на маркетинг контрола: оперативна и стратегиска маркетинг контрола.

Насловот на третиот дел од трудот е **Маркетинг истражување (стр. 55-86)**, во кој авторката го разработува маркетинг истражувањето како дел од маркетинг информативниот систем, кој во себе ги опфаќа и маркетинг разузнавањето и внатрешната евиденција на компанијата. Притоа, авторката ја нуди следнава дефиниција за маркетинг истражувањето:"систематско планирање, собирање, анализирање и известување за податоците и наодите значајни за специфична маркетиншка комуникација со која се соочува компанијата". Во овој дел од трудот, авторката детално ги разработува одделните фази од процесот на маркетинг истражувањето: дефинирање на маркетинг проблемот и целите на истражувањето, дизајнирање на истражувањето, определување на типовите и изворите на податоци, дизајнирање на инструментите за истражување, планирање на примероците и нивната големина, имплементирање на планот за истражување и толкување и известување за заклучоците.

**Сегментирање на пазарот (стр. 87-110)** е насловот на четвртиот дел на трудот во кој авторката ги објаснува процесите на сегментирање па пазарот, таргетирање и позиционирање на пазарот. Притоа, авторката го објаснува сегментирањето на пазарот како истражувачки процес кој опфаќа поделба на потрошувачите во определени групи кои имаат заеднички карактеристики или кои покажуваат определени сличности во своето однесување, создавајќи одделни пазарни сегменти. Авторот ги објаснува основните карактеристики и специфичности на сегментирањето на потрошувачкиот пазар и на индустрискиот пазар, како и варијаблите врз основа на кои се врши сегментирањето на одделните пазари. Понатаму, авторката го разработува процесот на проценка и избор на пазарните сегменти кои ќе станат нејзини целни пазари-таргети. Во таа насока, се нудат следниве три стратегии за настап на пазарот: недиференциран маркетинг, диференциран маркетинг и концентриран маркетинг. На крајот од овој

дел од трудот, авторката го објаснува процесот на позиционирање на пазарот и нуди преглед на алтернативните стратегиите за позиционирање на пазарниот лидер, пазарниот предизвикувач, пазарниот следбеник и пазарниот тампонер.

Петтиот, шестиот, седмиот и осмиот дел од трудот се фокусираат на одделните инструменти на маркетинг-миксот, разработувајќи ги производот, цената, промоцијата и дистрибуцијата, респективно.

Првиот маркетинг инструмент кој е разработен во овој труд е производот, па оттука и петтиот дел носи наслов **Производ (стр. 111-160).** Во овој дел од трудот авторката го дефинира поимот производ и ги истакнува специфичностите на производите и услугите, кои влијаат врз креирањето на политиките на останатите маркетинг инструменти. Како дополнување на дефинирањето и разграничувањето на производот како инструмент, авторката нуди преглед на одделните нивоа и видови производи. Понатаму, посебно внимание се посветува на одлуките за производот поврзани со: брендот на производите, квалитетот на производите, дизајнот на производите, асортиманот на производство, пакувањето и етикетирањето на производите и диференцирањето на производите. Во овој дел од трудот се објаснуваат и одделните фази од процесот на развој и лансирање на нов производ: генерирање идеи, селекција на идеи, развој и тестирање на концептот, развој на маркетинг стратегија, бизнис анализа, развој на производ, маркетинг тестирање и комерцијализација. На крајот од петтиот дел, авторката ги разработува одделните фази од животниот циклус на производот (воведување, пораст, зрелост и опаѓање), нудејќи алтернативни стратегии за секоја одделна фаза.

Шестиот дел од овој труд е насловен **Цена на производите (стр. 161-196)** и ја разработува цената како еден од четирите инструменти на маркетинг миксот и одделните ценовни цели кои треба да ги оствари компанијата, кои може да бидат: профитно ориентирани, продажно ориентирани и статус-кво ценовни цели. Понатаму, авторката ги разработува одделните фактори кои влијаат врз формирањето на цените и воопшто врз ценовната политика, групирајќи ги на *интерни* (маркетинг цели на претпријатието, стратегија на маркетинг миксот, трошоците, производот и организацијата) и *екстерни фактори* (побарувачката, конкуренцијата и останатите елементи на окружувањето). Притоа, се разработуваат следните пристапи за определување на цените: пристап базиран на трошоци во работењето, пристап базиран на конкуренцијата и пристап базиран на потрошувачот. Како дополнување на основните пристапи за формирање на цената, авторката ги нуди и следните специфични ценовни политики: флексибилни цени, цени во зависност од животниот циклус, политика на ценовни надоместоци, географски цени, линија на цени, водечки цени, привлечни цени, психолошки цени, цени за повеќе производи, цени врзани за квалитет итн.

**Промоција (стр. 197-260)** е насловот на седмиот дел од трудот, во кој авторката го дефинира поимот промоција, односно маркетинг комуникација и ги идентификува и поодделно ги разработува одделните

инструменти на промотивниот микс: економската пропаганда, продажната промоција, публицитетот и односите со јавноста, личната продажба и директниот маркетинг. Според авторката, оптималното комбинирање на овие промотивни инструменти во форма на интегриран комуникациски микс и овозможува на компанијата да испорача ефективна и конзистентна порака до целната јавност. Како елементи во овој процес на комуникација, авторката ги истакнува и ги објаснува: испраќачот на пораката, шифрирањето на пораката, пораката, медиумите, дешифрирањето на пораката, примателот, одговорот, повратните информации и пречките (шумовите) во процесот на комуникација. Во делот на економската пропаганда, подетално се разработени: методите за определување на вложувањата во економска пропаганда, процесот на креирање на економско - пропагандна порака, изборот на медиуми на економската пропаганда, одделните видови медиуми, како и мерењето на ефектите од вложувањата во економската пропаганда. Во делот на продажна промоција, авторката ги објаснува одделните инструменти, групирајќи ги во две групи: продажна промоција насочена кон потрошувачите и продажна промоција насочена кон трговијата. Понатаму, авторката врши дефинирање и компарација на публицитетот и односите со јавноста, истакнувајќи ги нивните специфичности, предности и слабости. Во делот на лична продажба подетално се објаснуваат фазите од овој процес и одделните тактики кои треба да ги користат продавачите во секоја поодделна фаза од процесот на лична продажба. Директниот маркетинг, пак, се истакнува како модерен и специфичен промотивен инструмент кој добива уште поголемо значење со развојот на он-лајн маркетингот. На крајот од овој дел, авторката разработува два алтернативни облици на промоција, и тоа: вирусниот маркетинг и герила маркетингот.

Седмиот дел од трудот е насловен **Дистрибуција (стр. 261-302)** и го објаснува оној инструмент од маркетинг миксот кој е задолжен за испорака на производите и услугите до крајните потрошувачи. Притоа, посредниците играат главна улога во обезбедување на поголема ефикасност во испораката и значајна улога во поврзувањето на понудата и побарувачката. Генерално, посредниците можат да се јават во форма на *трговци на големо* (трговци на големо кои ја преземаат сопственоста на стоката, трговски посредници и трговски агенти и претставништва и канцеларии на производителите) или *трговци на мало* (класични системи на малопродажба и современи системи на малопродажба). Притоа, трговските претпријатија посредуваат помеѓу производителите и деталистите и овозможуваат забрзување на циркулацијата на стоката. Додека, пак, трговските претпријатија на мало - деталистите се јавуваат како посредници во прометот помеѓу трговски претпријатија на големо и крајните потрошувачи. Токму поради директниот контакт со крајните потрошувачи, авторката нуди преглед на детерминантите кои влијаат врз успехот на трговците на мало: локација, природа и квалитет на асортиманот, цена, рекламирање и промоција, персонал на продажба, услуги кои се нудат, физички атрибути на продавницата, карактеристики

на потрошувачите, изложби на местото на купување и логистика на потрошувачите. Како дополнување на делот за дистрибуција, авторката ја издвојува и маркетинг логистиката, како процес на планирање, имплементирање и контролирање на физичкиот тек на материјалите, финалните производи и сродните информации од местото на потекло до местото на потрошувачка заради задоволување на потребите на потрошувачите и остварување профит.

Последниот, односно деветтиот дел од трудот е насловен **Маркетинг за глобален пазар (стр. 303-324).** Во овој дел од трудот авторката го објаснува значењето и влијанието на глобалното окружување врз настапот и успехот на компанијата на странските пазари, подетално разработувајќи ги: економското, политичко - правното, технолошкото и културното окружување. Притоа, авторката ги објаснува клучните одлуки кои компанијата треба да ги донесе во врска со настапот на странските пазари. Првата одлука што треба да ја донесе компанијата во оваа насока се однесува на тоа на кои пазари да влезе. Понатаму, штом компанијата се одлучи да продава во странска земја, таа мора да избере начин за влез на пазарот: извоз, заедничко вложување или директна инвестиција. Покрај тоа, авторката истакнува дека компанијата мора да донесе одлука и во врска со глобалната маркетинг програма, односно да одлучи дали на одделните странски пазари ќе настапува со стандардизирани или со приспособени маркетинг активности. Во овој дел од трудот со посебно внимание се објаснуваат политиките на одделните маркетинг инструменти и нивната комбинација, која добива специфично значење поради глобалните димензии. На крајот од овој дел од трудот се објаснуваат одделните видови активности кои компаниите ги извршуваат во врска со управувањето на маркетингот на надворешните пазари.

## Оцена на трудот

Авторката на првото издание на учебникот „Маркетинг: теорија и практика", проф. д-р Снежана Ристевска - Јовановска, во својот труд разработува многу актуелна и значајна проблематика, што претставува значаен придонес на теоретската мисла во областа на маркетингот, како и на деловната практика во оваа област. Досегашното искуство на авторката во наставата на факултетот и воопшто, работата во оваа област и овозможиле да изврши вистински избор на содржините на трудот и на консултираната литература при подготовката на трудот. Стилот на пишување се карактеризира со концизни реченици, кои јасно ја презентираат идејата и намерата на авторката и ја објаснуваат суштината на конкретното прашање.

Првото издание на учебникот „Маркетинг: теорија и практика", од проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска, постигнува актуелност на обработуваната проблематика, презентирајќи ги современите светски трендови во областа. Структурата на материјата опфатена во трудот во целост одговара на прифатената предметна програма на предметот основи

на маркетинг- студиска програма: маркетинг. Овој труд ги исполнува сите критериуми кои се неопходни за да се користи како постојан учебник за потребите на студентите на Економскиот факултет по предметот основи на маркетинг.

Овој труд на едноставен и јасен начин ги обработува најактуелните прашања од областа на маркетингот, истакнувајќи го неговото значење во секојдневното работење на компаниите. Имено, во последните неколку децении од 20 век и почетокот на новиот милениум, во сите развиени земји и оние што настојуваат да ги следат, дојде до значајни промени во сфаќањата за концепцијата на маркетингот и нејзиното имплементирање во целокупните активности, како на деловните, така и на јавните субјекти. Фокусирањето кон истражувањето и задоволувањето на потребите и желбите на потрошувачите не е само од комерцијално значење за компаниите, туку има и пошироко општествено значење. Притоа, компаниите со високо ниво на маркетиншка свест настојуваат не само да остварат еднократна трансакција со своите потрошувачи, туку и да изградат долгорочни односи со нив, со останатите стејкхолдери, вклучително и со пошироката јавност. Оттука и целиот труд е насочен кон интегриран пристап на сите инструменти на маркетинг миксот во насока на воспоставување трајни односи со потрошувачите и остварување профит преку нивно задоволување. Токму поради тоа, авторката истакнува дека компаниите треба да се насочат кон потребите и желбите на потрошувачите на домашниот и на странскиот пазар, креирајќи соодветни маркетинг-микс понуди за соодветните сегменти на потрошувачи. Вака презентираните согледувања не само што се корисен водич за студентите, туку се и значајно помагало за сите учесници во маркетинг процесот.

Трудот „МАРКЕТИНГ: теорија и практика", кој е поднесен од проф. д-р Снежана Ристевска - Јовановска, во целост се совпаѓа со содржините во наставната програма од соодветниот предмет. Со современиот пристап на содржините на овој труд се потврдува дека студентите ќе добијат соодветен учебник, а другите заинтересирани ќе имаат модел за научен приод во маркетиншките активности.

Првото издание на учебникот „Маркетинг: теорија и практика", од проф. д-р Снежана Ристевска – Јовановска, е за потребите на студентите на Економскиот факултет во Скопје по предметот: основи на маркетинг, студиска програма: маркетинг. Предвидениот ракопис во целост ја покрива наставната содржина за предметот основи на маркетинг – студиска програма: маркетинг; *шифра на предмет 251 (ECTS - 8).* Ракописот исто така може да послужи и за студентите запишани на втор циклус на студии на студиската програма маркетинг.

## Предлог

Имајќи ја на увид содржината на трудот и квалитетот на понудениот текст од проф. д-р Снежана Ристевска - Јовановска, имам чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да му го предложам трудот со наслов „Маркетинг: теорија и практика" да биде

прифатен за публикување како **постојан учебник** по предметот основи на маркетинг.

Скопје, 27.9.2010

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-843/1
08-10-2010 год.
СКОПЈЕ



# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ТРУДОТ „ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО, КНИГА ВТОРА, ВОНПАРНИЧНО ПРАВО"
# ОД АВТОРИТЕ Д-Р АРСЕН ЈАНЕВСКИ И Д-Р ТАТЈАНА ЗОРОСКА - КАМИЛОВСКА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, бр.02-712/29 од 1.9.2010 година, донесена на седницата одржана на 30.8.2010 година, определени сме за рецензенти на учебникот по „Вонпарнично право", од авторите проф. д-р Арсен Јаневски и доц. д-р Татјана Зороска - Камиловска.

По проучувањето на понудениот текст на учебникот, до членовите на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 30.8.2010 година, утврди потреба од учебник по предметот вонпарнично право, поради фактот што на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје веќе неколку децении нема учебник по граѓанско процесно право во делот на вонпарничното право, кој би бил во согласност со предметната програма усвоена во рамките на европскиот кредит-трансфер систем, а во, исто време, усогласен со актуелното вонпарнично законодавство во Република Македонија.

Трудот што ни е доставен за рецензирање носи наслов „Граѓанско процесно право, книга втора, вонпарнично право" и претставува нов дел, односно продолжение на систематската обработка на материјата на граѓанското процесно право што авторите ја започнаа со трудот „Граѓанско процесно право, книга прва, парнично право", кој излезе од печат во ноември минатата година.

Приложениот текст на ракописот има вкупно 186 страници и е пишуван со компјутерска техника, без проред. Материјата на текстот содржи основен текст на учебникот, користени кратенки, литература и предметен регистар.

Материјата на основниот текст на учебникот е поделена во два дела. Првиот дел е насловен како „Вовед во вонпарничното право" и во него се обработени основните поими и институти на вонпарничното право. Со оглед на тоа дека вонпарничното право ги опфаќа правните норми според кои се дава правна заштита во граѓанскоправните работи во кои не се постапува според правилата на парничното право, сосема е оправдано што авторите основните поими и институти на вонпарничното право ги обработуваат преку постојано споредување со соодветните поими и институти на парничното право, за на тој начин да укаже на нивните разлики, а со тоа и на специфичностите на вонпарничното право. Од нормативен аспект, овој дел на учебникот, всушност претставува разработка на основните правила на вонпарничната постапка содржани во општите одредби од Законот за вонпарнична постапка на Република Македонија од 2008 година.

Првиот дел на учебникот е поделен во четири глави. Во првата глава се изложени: поимот и карактеристиките на вонпарничното право, структурата на вонпарничното право, изворите на вонпарничното право, како и поимот, предметот и карактеристиките на вонпарничната постапка, видовите вонпарнични постапки и односот на вонпарничната и парничната постапка. Во втората глава се обработуваат начелата на вонпарничната постапка и тоа како општите процесни начела кои се застапени во секоја гранка на процесното право, така и процесните начела кои се специфични само за вонпарничната постапка и по кои таа се разликува од другите постапки за заштита во сферата на граѓанскоправните односи. Третата глава е посветена на субјектите на вонпарничната постапка (судот и учесниците во вонпарничната постапка) и процесните претпоставки што се однесуваат на нив. Во четвртата глава е изложен текот на вонпарничната постапка, од поведувањето на постапката до донесувањето на одлука, при што се детално објаснети разликите во однос на текот на парничната постапка. Обработени се и правните лекови во вонпарничната постапка, како и прашањето за трошоците на вонпарничната постапка. Во овој дел на трудот, посебно внимание е посветено на прашањето за тенденциите во развојот на вонпарничното право.

Вториот дел од учебникот е посветен на посебните вонпарнични постапки. Обработката на посебните вонпарнични постапки ја следи систематиката на Законот за вонпарична постапка. Во таа смисла, вториот дел е поделен на четири глави, и тоа: прва глава - постапки за уредување на лични состојби, втора глава - постапки за уредување на семејни односи, трета глава - постапки за уредување на имотни односи и четврта глава - постапка за правна важност на исправите, чување на исправи во судот и судски депозит. Покрај наведените четири глави, овој дел од трудот има разгранета структура на делови и поделови, во зависност од бројот на вонпарничните постапки кои влегуваат во соодветната група, како и од сложеноста на постапката што се обработува. Авторите се ограничиле на елаборација само на вонпарничните постапки што се уредени со Законот за вонпарична постапка, што е вообичаено за секој стандарден учебник по вонпарично право.

Од понудената структура на овој дел од текстот, јасно се гледа дека авторите се обиделе да востановат определна шема во обработката на посебните вонпарични постапки, што значително ја олеснува не само обработката, туку и изучувањето на одделните постапки. Во рамките на таа шема, авторите ги разгледуваат следниве прашања: предмет на постапката, месно надлежен суд, поведување на постапката, тек на постапката, решение, правна природа и дејство на решението, правни лекови во соодветната постапка и трошоци на постапката. Од вака востановената шема, значително отстапува обработката на постапката за расправање на оставината, во која поради нејзината комплексност дополнително се изложени и некои други процесноправни прашања (на пр., попис и процена на оставина, наследноправни барања по правосилност на решанието за наследување, упатување на парница, итн.).

Со обработката на општите функционални правила на вонпарничната постапка и правилата за посебните вонпарнични постапки уредени со Законот за вонпарничната постапка заокружена е стандардната материја на вонпарничната постапка и вонпарничното право.

Учебникот е подготвен со користење главно на позитивноправниот и теорискиот пристап во обработката на предметната проблематика. Имено, изпагањето на материјата го следи текстот на соодветните процесни и други

закони, главно текстовите на Законот за вонпарничната постапка и Законот за парничната постапка, така што во заградите се наведуваат членовите од законите со кои е уредено соодветното процесно прашање. Овој пристап е успешно усогласен со соодветна мера на теориски разгледувања на одделните поими и процесни институти.

Трудот е напишан на чист литературен македонски јазик, со јасни искази, формулации и заклучоци. Авторите се доследни во користењето на правната и посебно процесноправната терминологија, што во теоријата и практиката на процесното право има посебно значење. Материјата е презентирана на разбирлив начин, со разумна мерка на дескрипции и експликации, но без непотребни оптоварувања. Трудот по својот обем одговара на потребите за совладување на материјата и подготвување на испитот по предметот граѓанското процесно право - вонпарнично право, а е погоден и како литература за подготвување на писмени трудови на студентите. На студентите на додипломските правни студии, овој учебник ќе им овозможи брзо и без тешкотии да се стекнат со основни знаења од областа на граѓанското процесно право - вонпарнично право, а на студентите на последипломските студии ќе им овозможи зацврстување и продлабочување на веќе стекнатите знаења.

Како логично продолжение на првата книга од серијалот посветен на проблематиката на граѓанското процесно право, трудот „Граѓанско процесно право, книга втора, вонпарнично право" претставува уште еден сериозен придонес во развојот на науката за граѓанското процесно право во Република Македонија и пошироко, и збогатување на правната литература со трудови од учебнички карактер.

Врз основа на наведените карактеристики и квалитети на понудениот текст на трудот „Граѓанско процесно право, книга втора, вонпарнично право" од авторите проф. д-р Арсен Јаневски и доц. д-р Татјана Зороска - Камиловска, задоволство ни е да му препорачаме на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го усвои овој труд како основен учебник по соодветниот предмет што се изучува на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Скопје, 27.9.2010 година

**Рецензенти**

**Проф. д-р Гордана Станковиќ, с.р.**

**Проф. д-р Дејан Мицковиќ, с.р.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет „Јустинијан Први"
Бр. 03-854/
13.10.201_ год.
СКОПЈЕ



# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМСКИ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 24.IX 2010 година, донесе одлука за формирање на Комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област економски науки во состав: акад. д-р Таки Фити, проф. д-р Јане Миљовски и проф. д-р Михаил Петковски.

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област економски науки, објавен во весникот „Дневник“ од 28.VI 2010 година, се пријави д-р Томислав Гроздановски, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кон пријавата кандидатот достави: кратка биографија, уверение за државјанство, диплома за научен степен доктор на науки, список на научни и стручни трудови и примероци од нив, преглед на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Томислав Гроздановски, дописи и договори за подготовка на национални документи, како и членство во комисии и тела на државни и други органи. По разгледувањето на пријавата, другите приложени документи и приложените трудови, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Биографски податоци

Кандидатот д-р Томислав Гроздановски е роден на 10.IV 1955 година во Битола. Основно образование и средно економско училиште завршил во Битола. Дипломирал на Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

На Економскиот факултет во Скопје, на студиите за монетарно-кредитна теорија и политика, во 1989 година успешно го одбранил магистерскиот труд на тема: „Стабилизационата функција на фискалната политика“, под менторство на акад. д-р Ксенте Богоев и се стекнал со академски степен магистер на економски науки од областа на монетарно-кредитната теорија и политика.

На Економскиот факултет во Скопје, во 1993 година, ја пријавил докторската дисертација: „Стабилизационата фискална политика во економиите во транзиција – случајот на Македонија“, којашто ја работел под менторство на акад. д-р Ксенте Богоев и успешно ја одбранил (cum laudem) во 1999 година, со што се стекнал со научен степен доктор на економски науки.

Како студент на Економскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатот бил ангажиран како демонстратор по предметот математика за економисти. Д-р Томислав Гроздановски во 1979 година бил избран како помлад асистент на Катедрата за економски науки на Правниот факултет при Универзитетот

„Св. Климент Охридски" во Битола. Со изборот за помлад асистент на Катедрата за економски науки, кандидатот бил вклучен во наставно-образовниот процес на предметите: стопански систем на СФРЈ и финансиски систем и финансиско право, а повремено и на предметите политичка економија и статистика.

По укинувањето на Правниот факултет во Битола, од октомври 1989 година, преминал на работа на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје каде што, сè до изборот за асистент по предметот политичка економија – во ноември 1991 година, работел како шеф на сметководство во секретаријатот на Факултетот.

По воведувањето на новиот наставен план на Факултетот, во учебната 1993/94 година, според кој на прва студиска година, наместо предметот политичка економија, се воведе нова наставна дисциплина – економика, продолжил да ги извршува сите асистентски обврски од наставно-образовниот процес на научната област економика, на којашто бил и преизбран, со сите групи на правните, политичките и студиите по новинарство, а повремено асистирал и на научната област современи економски теории на трета година на политичките студии.

Од изборот за доцент, од учебната 2000/01 година до денес, изведува настава и ги спроведува испитите по предметот современи економски теории на политичките студии.

Од учебната 2001/02 до денес изведува настава и ги спроведува испитите по предметот економика на правните студии.

Од изборот за доцент, само во учебната 2000/2001 година, бил ангажиран во наставата и спроведувањето на испитите по предметот економика на политичките студии.

Во учебната 2002/03 година изведувал настава и ги спроведувал испитите по предметот меѓународни економски односи на правните студии и на студиите по новинарство.

Од учебната 2003/04 година до денес, изведува менторска настава и ги спроведува испитите по предметите статистика и демографска статистика на правните студии.

Во учебната 2005/06 и 2006/07 година изведувал настава според ЕКТС по предметот економика на дисперзираните правни студии во Штип на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Од учебната 2007/08 година до денес, изведува настава според ЕКТС по предметот вовед во економика на студиите по новинарство.

Од учебната 2009/10 година изведува настава (менторска) по предметот јавни финансии на постдипломските студии на насоката применета политика на политичките студии.

Кандидатот д-р Томислав Гроздановски учествувал на повеќе интерфакултетски конференции на правните факултети од Југославија, а има остварено (како стипендист на странски влади и фондации) и повеќе студиски и работни престои во странство: Париз (1982), Монпеље (1986), Лион (1988), Атина (2001) и Москва (2002).

Во втората половина на 1993 година, кандидатот бил ангажиран од Владата на Република Македонија во подготовката на Платформа за преговори со Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд како носител, заедно со проф. д-р Живко Атанасовски, на подрачјето за јавните финансии. Сепаратот, под наслов „Фискалната политика на Република Македонија", заедно со другите сепарати од поширокото

макроекономско подрачје беше инкорпориран во финалната верзија на Платформата за преговори со Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд. Таа, по успешно завршените преговори, во декември 1993 година, беше имплементирана како Стабилизациона програма на Владата на Република Македонија.

Како член на тимот на научноистражувачкиот проект „Економските односи на Македонија со Европската унија – тенденции и перспективи", реализиран во 1993/94 година, го подготвил емпирискиот дел за економските односи на Република Македонија со Европската унија.

Во 1999 година, во рамките на макропроектот, чиј носител е Министерството за развој на Владата на Република Македонија, „Стратегија на Република Македонија за вклучување во европските интеграциони процеси – економски и социјален дел", како раководител на фискалното подрачје го подготвил II. дел Фискална политика.

Кандидатот д-р Томислав Гроздановски има учествувано на голем број симпозиуми, научни собири и работилници во земјата и во странство. Од изборот за вонреден професор има учествувано на неколку научни/стручни собири во земјата и странство:

- „Закон за јавни набавки", семинар со меѓународно учество, одржан во Скопје, 2005 година.
- „Системи за преиспитување и правна заштита кај јавните набавки", семинар со меѓународно учество, одржан во Скопје, 2007 година.
- „Социо-културни аспекти на евроинтеграцијата", меѓународен научен собир, одржан во Прилеп, 2008 година.
- „XXIII Копаоничка школа природног права", меѓународен конгрес на Здружението на правници на Република Србија, 2010 година.

## II. Објавени стручни и научни трудови

По изборот за вонреден професор, кандидатот ги подготвил и ги објавил следниве трудови:

- „Макроекономика", втора книга од учебникот по економика во коавторство со проф. д-р В. Кандикјан, 2007 година;
- „Економика: прв дел - микроекономика", прва книга од учебникот по економика во коавторство со проф. д-р В. Кандикјан, 2010 година;
- „Промени во демографската структура на Република Македонија", во коавторство со м-р К. Ношпалова, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. д-р Тодорка Оровчанец, 2006 година;
- „Демографските промени и стареење на населението во Република Македонија", во коавторство со м-р К. Ношпалова, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. д-р Стрезо Стрезовски, 2007 година;
- „Корупцијата и даноците: улогата на бонусните стимулации", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. д-р Тодор Рушков, 2009 година;

- „Контрациклична фискална политика", XXIII Копаоничка школа природног права, 2010 година;

- „Контрилирање на фискалната корупција," Економија и бизнис, Година XIII, бр. 148, 2010 година;

- „Автоматските фискални стабилизатори и макроекономската стабилност", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. д-р Георги Ганзовски, 2010 година;

- „Општествените трошоци на загадувањето и некои аспекти на заштита на животната средина", Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. д-р Никола Матовски, 2010 година.

Во продолжение ќе дадеме кус приказ на објавените трудови.

Трудот под наслов **„Економика, втор дел – макроекономика"**, коавторство, претставува модерно конципиран учебник којшто ги содржи вообичаените и во основа стандардизирани содржини на оваа значајна научна дисциплина чијашто обработка е современа и базирана на нова и релевантна литература од областа, претежно од англосаксонското говорно подрачје. Кандидатот ги подготви третото, седмото и деветтото поглавје.

Третото поглавје, „Компоненти на агрегатната побарувачка" (стр. 37-68), претставува детална анализа на агрегатната побарувачка и на нејзините основни компоненти: личната потрошувачка (потрошувачката на секторот на домаќинствата), инвестициона побарувачка (побарувачката на секторот на претпријатијата), јавната потрошувачка (потрошувачката на секторот на државата) и нето-странската побарувачка (активноста на надворешнотрговскиот сектор). Овде се елаборирани факторите коишто ги детерминираат компонентите на агрегатната побарувачка и нивната променливост која придонесува за флуктуации на вкупната економска активност.

Седмото поглавје, „Фискална политика" (стр. 123-156), обработува повеќе значајни прашања за фискалната политика како поимот и суштината, нејзиното дејствување врз макроекономските текови преку дискрециона активност и автоматски стабилизатори и слично. Во овој дел на трудот посебно се анализирани ефектите на фискалната политика на страната на агрегатната побарувачка (што е и разбирливо, бидејќи државната потрошувачка е компонента на агрегатната побарувачка, додека даноците ги димензионираат расположливиот доход на домаќинствата и нето-профитот на претпријатијата), а дадено е, што е добро, и нејзиното дејство на страната на агрегатната понуда. Поглавјето се заокружува со анализа на буџетските дефицити, јавниот долг и нивните импликации врз економијата, а во тој контекст посебно е елабориран ефектот на истиснување на бизнисите од сферата на инвестициите.

Деветтото поглавје, „Економски циклуси" (стр. 176-194), е посветено на цикличното одвивање на економската активност и периодичната замена на експанзиите на економската активност со рецесии како иманентен феномен на пазарните економии. Тука е објаснет поимот на економскиот циклус, карактеристиките на неговите одделни фази, историските факти за економскиот циклус (со осврт и на феноменологијата на современите економски циклуси) и теориите за

економските циклуси коишто настојуваат да ги објаснат причините за нивното настанување.

Трудот со наслов **„Економика – прв дел, микроекономика"**, коавторство, е современ учебник по микроекономика во којшто презентираната содржина е експлицирана на начин како што е тоа направено во секој престижен учебник од оваа област којшто се користи на познатите западни универзитети. Кандидатот ги подготви десеттото, единаесеттото и дванаесеттото поглевје.

Десеттото поглавје, под наслов „Распределба на доходот и доход од труд" (стр. 177-204), е посветено на распределбата на доходот во пазарните стопанства, која почива, главно, врз функционирањето на пазарите на факторски услуги и посебно на наемнината и пазарот на труд, неговите специфики и начинот на неговото функционирање. Спецификите на пазарот на труд се детерминирани од карактеристиките на инпутот на трудот, кој е секогаш врзан за живата човечка личност. Тие, исто така, се огледуваат и во сегментираноста на пазарот на труд на голем број потпазари на неконкурентски групи каде што отсуствува конкурентност. Наместо тоа, пазарите се контролирани како од монополите на работниците – синдикатот, така и од монополите на работодавачите – фирмите, а понекогаш и од државата преку утврдување на минимална наемнина.

Во единаесеттото поглавје, „Доход од сопственост" (стр, 205-232), се анализирани доходите од сопственост – рентата, интересот (каматата) и профитот. Анализата е комплексна и модерна. Таа ги објаснува основите за присвојување на доход врз основа на сопственост на одделните фактори на производство, причините за разликите при создавањето на одделните доходи, како и утврдувањето на цената на земјата и на капиталот врз основа на нивниот припос, односно доход.

Дванаесеттото поглавје, „Нееднаквост, сиромаштија и политики на прераспределба на доходот" ( стр. 233-260), како логично продолжение на претходното поглавје, на проблемот на пазарната распределба на доходот се осврнува директно. Посебно и во детали се елаборирани проблемот на доходната нееднаквост, утврдувањето на степенот на доходната нееднаквост и причините за нејзиното зголемување и намалување, како и поврзаниот со доходната нееднаквост проблем на сиромаштија и различните политики на владата сосредоточени кон надминување на проблемот на нееднаквоста и сиромаштијата. Во рамките на политиките на прераспределба на доходот особено внимание е посветено на изборот помеѓу поправичната распределба и доходната нееднаквост, односно на т.н. trade-off помеѓу економската еднаквост и економската ефикасност.

Во трудот **„Промени во демографската структура на Република Македонија"**, коавторство, во фокусот на интересот е старосно-половата структура на населението, која претставува основа за концирирањето на економската, социјалната и популационата политика. Трудот ги анализира состојбите и промените во основната структура на населението во Република Македонија, односно ги елаборира промените на некои од функционалните контингенти на населението како: претшколскиот и школообразовниот, репродуктивниот, работниот и контингентот на старото население, како и показателот на старосната зависност коишто, во крајна инстанца, се доста значајни како за

сегашниот општествено-економски развој, така и за идниот развој и за концепирањето на популационата и другите политики на земјата.

Трудот **„Демографските промени и стареење на населението во Република Македонија"**, коавторство, ги обработува состојбите и промените во старосно-половата структура на населението во Република Македонија според пол, старост и демографско стареење, а според класификацијата на НУТС (номенклатура на територијални единици за статистика на Македонија – НУТС 1 и НУТС 3). Од компаративните согледувања, на мошне дивергентниот процес на стареење на населението во Република Македонија, на регионално ниво воочливи се разликите и групирањето на регионите во подрачје со послаб (полошкиот, југозападниот и североисточниот) наспроти подрачје со засилен интензитет на процесот на стареењето (југоисточниот, вардарскиот, источниот и пелагонискиот), како и поларизирање, односно нагласена дивергентност на процесот на стареење помеѓу полошкиот и пелагонискиот регион. Додека во полошкиот регион сè уште не е започнат процесот на стареење на населението, тој во пелагонискиот регион се одвива со засилено темпо, меѓу другото, и како последица на повеќедецениската емиграција на младото население.

**„Корупцијата и даноците: улогата на бонусните стимулации"** е труд во којшто предмет од интерес е корупцијата кај даночната администрација каде што потенцијални ризици за корупција се фазата на наплата на даноците, постапката по жалби, присилната наплата на заостанатите даночни обврски и слично. Суштествено за подобрувањето на одржливоста на фискалната состојба и, особено, на приходната позиција е проширувањето на даночната основа, односно намалување на неформалниот сектор на економијата, како и мотивирањето на даночните обврзници да ги плаќаат даноците и на даночните службеници да вршат нивно собирање. Гломазната и сложена регулатива, нагласените дискрециони права и присуството на корупција најчесто ги водат економските субјекти во неформалниот сектор на економијата предизвикувајќи, притоа, ерозија на даночните приходи. На кус рок, модернизацијата на администрацијата, воведувањето на ефикасен систем на санкции како за даночните службеници, така и за оние што ги корумпираат, но и вработувањето на професионален и особено мотивиран кадар, преку стимулативните бонусни шеми, може да ги намали ваквите активности и да го ублажи проблемот на коруптивно креираната даночна евазија.

Во трудот **„Контрациклична фискална политика"** се испитуваат ефектите врз стабилизацијата коишто можат да се постигнат со поместување на даничната структура од индиректните кон директните даноци, односно со зголемување на приходите од даноците на доход доколку нивното учество во структурата на даночните приходи е релативно мало. Прогресивноста на овие даноци придонесува за остварување на поголема економска еднаквост и поголема економска стабилност. Меѓутоа, зголемувањето на контрацикличните ефекти преку пораст на нивото на прогресивноста на даночниот систем треба да биде

одмерено и не на штета на стимулирање на трудот, инвестициите и штедењето. Секако, автоматското реагирање на данокот на корпорациски доход (профит) на цикличните флуктуации може да биде ослабено доколку постои временско заостанување во трансмисија на цикличните промени врз износите на наплатениот данок. Во таков случај, утврдувањето на данокот врз основа на проценетиот тековен доход е подобро решение од она на утврдувањето на данокот врз база на доходот од претходната година. Кон зголемување на контрацикличните ефекти може да придонесе и решението на отпис на деловните загуби од оданочивиот доход од претходните години само во кризни времиња, како и развивање на мрежата на социјална сигурност.

Трудот **„Контрилирање на фискалната корупција"** го обработува феноменот на фискалната корупција којашто е реалност и ги следи и засега многу земји во светот. Фискалната корупција е тесно поврзана со зголемувањето на државната активност во економијата и со начинот на извршување на државните функции. Потенцијалните користи од корупцијата (коишто може да бидат извлечени како примања во случај на даночна евазија или во случај на прекумерни јавни расходи), занемарливите трошоци на поткуп (како казни и санкции предвидени за поткупувачот и за поткупениот) и моќта за пазарење на државните службеници (како дискрециони права со коишто располагаат државните службеници) се главни генератори на фискалната корупција. Често сугерирани мерки, во таков случај, се намалувањето на даночните стапки, воведувањето на поригорозни санкции и смалувањето на дискреционата сила на даночните власти. Меѓутоа, доколку даночните службеници се малку платени, нивната нагласена склоност кон корупција може да ги направи несоодветни и да ги доведе во прашање посочените мерки. Дизајнирањето на стимулативен систем што ќе ги мотивира даночните службеници да ја откриваат и пријавуваат даночната евазија може да биде соодветно решение за фискалната корупција и за пораст на даночните приходи. Се разбира дека при постоење на мешана структура од корумпирани и некорумпирани службеници, намалувањето на фискалната корупција ќе зависи и од степенот на корумпираност на повисоката даночна власт.

**„Автоматските фискални стабилизатори и макроекономската стабилност"** е труд во којшто се анализираат ефикасноста и ограничувањата на автоматските стабилизатори инкорпорирани во буџетскиот систем. Автоматските (вградените) фискални стабилизатори се рефлектираат врз приходните и врз некои расходни позиции коишто автоматски се приспособуваат на цикличните промени во економијата. Преку силните фискални стабилизатори, имплементацијата на политиката е благовремена и постапна онака како што даноците и расходите реагираат на промените во економските услови. Нема политички одлуки и задоцнувањето во дејствувањето се минимизира. Ова обезбедува адекватна и ефикасна реакција кога производниот јаз е предизвикан од шокови на страната на побарувачката. Меѓутоа, ако економијата доживее шокови на страната на понудата, нивното неутрализирање преку фискалните промени на

страната на побарувачката ќе предизвика инфлациони ефекти. Дополнителен проблем на автоматските стабилизатори претставува постоењето на фискални правила (како, на пример, правилото за фискална рамнотежа) коишто изискуваат дискрециони фискални акции што можат да ги неутрализираат автоматските ефекти. Соодветно решение, во таков случај, можат да бидат однапред преддетерминирани и озаконети повремени промени на даноците и расходните програми коишто би се активирале само при нарушување и влошување на макроекономската стабилност.

Трудот **„Општествените трошоци на загадувањето и некои аспекти на заштита на животната средина“**, коавторство, третира мошне актуелна тема на современиот свет – проблемот на загадувањето на животната средина. Обезбедувањето на подобри животни услови и квалитет на живеење подразбира спречување на ширењето на загадувачките материи во животната средина коишто директно влјаат врз промената на екосистемот. Фактите говорат дека проблемите со загадувањето на животната средина (водата, воздухот, почвата, вегетацијата и живиот свет), на глобално ниво, постојано се влошуваат како резултат на современата и брзо растечка индустријализација. Високотоксичните хемиски супстанци, тешки метали и радиоактивни материјали претставуваат закана за животот и здравјето на планетата. Штетата од загадувањето е неприфатливо тешка од аспект на јавниот интерес, така што пазарниот неуспех ја оправдува државната интервенција во овој домен. Како основни методи на заштита на животната средина се волонтерските програми, директната контрола и даноците.

## III. Други активности

Како помлад асистент на Правниот факултет во Битола, кандидатот бил член на Наставно-научниот совет на Факултетот, секретар на Катедрата за економски науки, секретар на Годишникот на Факултетот. На Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола бил член на Комисијата за материјално-финансиски прашања (во два мандата), член на Комисијата за соработка со универзитети и други организации во земјата и во странство и др. Бил член на Советот за општествено-економски односи на Собранието на општина Битола, а, исто така, и член на други органи и организации.

Покрај обемните обврски поврзани со наставно-образовниот процес на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатот има бројни ангажмани на Факултетот (член на комисии за изготвување на акти, член на уредувачки одбори на повеќе зборници на Правниот факултет во Скопје, член на рецензентски комисии за избор на соработници и наставници во сите наставно-научни звања на Правниот факултет во Скопје), а, исто така, извршува(л) и други активности како:

- главен уредник на Зборникот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Георги Ганзовски;
- претседател на Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје;

- член на факултетската стручна Комисија за признавање високообразовни квалификации стекнати во странство (додипломски студии) од областа па политичките науки;

- член на факултетската стручна Комисија за признавање високообразовни квалификации стекнати во странство (постдипломски и докторски студии) од областа на деловното право и економските науки;

- член на Комисијата за избор на стручњаци од практиката за изведување на клиничка настава од областа на применетата политика на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кандидатот д-р Томислав Гроздановски е ангажиран и извршува активности и надвор од Факултетот како:

- член на Работната група за сиромаштија и за пазар на трудот на Државниот завод за статистика во Скопје;

- член на Надзорниот одбор на Централниот депозитар за хартии од вредност а.д. Скопје во Скопје;

- член на Македонското научно друштво од Битола:

- член на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола од Битола;

- член на Управниот одбор на аероклубот „Мирко Тодоровски" во Битола;

- член на Управниот одбор на Здружението за македонско- руско пријателство и соработка во Битола.

## IV. Награди и признанија

По предлог на Институтот за деловно право и економски науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Томислав Гроздановски, за книгата *Стабилизациона фискална политика*, во 2001 година е добитник на наградата „4 Ноември“ на Советот на општината Битола, највисоко признание за особени достигнувања и придонес во областа на науката. Управниот одбор на Фондот на наградата „4 Ноември“ во образложението на наградата за книгата, меѓу другото, ќе истакне: „Книгата *Стабилизациона фискална политика* претставува досега најкомплексен научен труд од областа на фискалните финансии објавен во нашата држава“. Во својата рецензија, пак, акад. д-р Ксенте Богоев ќе напише: „Книгата *Стабилизациона фискална политика* обработува мошне актуелна и значајна тема која по својот сеопфатен и современ пристап, но и по начинот на интерпретација на сознанијата и резултатите до кои се дошло, претставува сериозен научен придонес во третираната проблематика. Книгата се одликува со интегрален и продлабочен пристап на теоретските анализи и сознанија со емпириското искуство... Иако обработената материја има нагласен теориско-аналитички пристап, авторот успеал критички да проникне во суштинските елементи на научната аргументација, на конфронтираните современи доктрини и полемики и со сигурност да се движи и определува во таквиот научен лавиринт. Во тој контекст, книгата претставува не само квалитетна интерпретација на современата макроекономска и фискална литература, туку и вреден придонес во нашите научни и стручни извори од тој домен.“

Книгата *Стабилизациона фискална политика*, покрај промоцијата, на научната и на пошироката јавност ѝ беше претставена и

преку два приказа. Во едниот од нив ќе биде истакнато: „Книгата... по многу нешта е посебна и вредна: дело е на автор кој подолг период студиозно ја проучува оваа област и тоа не само од теоретски, туку и од аспект на богатото емпириско искуство; во неа, во соодветна мера, е обработено скоро сè што е релевантно од областа на стабилизационите приспособувања; извонредно е актуелна; пополнува едно специфично економско подрачје значајно и за профилирање на соодветен кадар, но и за policy maker-рите и за сите оние кои непосредно или посредно влијаат врз креирањето на економската политика; пишувана е со јасен и концизен стил на автор кој компетентно ја владее и прегледно ја презентира елаборираната проблематика."

### V. Заклучок и предлог

Врз основа на поднесената документација, прегледот на досегашната дејност и повеќегодишното следење на развојниот пат на кандидатот, Комисијата констатира:

Прво, кандидатот д-р Томислав Гроздановски ги исполнува условите предвидени во Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за избор во звањето редовен професор на научната област економски науки.

Второ, во изминатиот петогодишен период кандидатот одговорно и посветено ги извршуваше своите обврски во изведувањето на наставата од првиот циклус студии по предметите економика на правните студии, вовед во економика на студиите по новинарство, современи економски теории на политичките студии, од вториот циклус студии по предметот јавни финансии, на насоката применета политика на политичките студии, како и по предметите статистика и демографска статистика, според старата наставна програма и предметот економика на дисперзираните студии во Штип. Крајно професионалниот однос во наставно-образовниот процес го потврдуваат и добиените оцени од спроведената анкета за евалуација на наставно-соработничкиот кадар.

Трето, насловите и содржините на приложените трудови упатуваат на заклучокот дека кандидатот одлично ја познава и ја владее економската наука што се потврдува и со современиот начин на елаборирање на материјата, според најновите сознанија и достигнувања на светската економска наука.

Четврто, способноста за тимска работа на кандидатот се потврдува со коавторството коешто им дава посебен белег на неговите трудови. Ваквиот пристап во истражувањето е особено значаен за развој и градење на научна кариера и е широко познат и применуван во светската практика.

Петто, кандидатот го карактеризира крајно сериозен и одговорен однос кон сите свои професионални обврски, поради што е често ангажиран како член во разни органи и во други тела како на Факултетот, така и надвор од него.

Врз основа на погоре изнесеното, членовите на Комисијата со особено задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на

Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го избере кандидатот д-р Томислав Гроздановски во звањето **редовен професор на научната област економски науки.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Акад. д-р Таки Фити, с.р.
2. Проф. д-р Јане Миљовски, член, с.р.
3. Проф. д-р Михаил Петковски, член, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Томислав Гроздановски

**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје

**Научна област:** економски науки

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава [1] | |
| 2. | Од прв циклус студии:<br>- економика - 27 (2005/06 - 12*15*0,04=7,2 ; 2006/07 – 9*15*0,04=5,4; 2007/08 – 12*15*0,04=7,2; 2008/09 – 6*15*0,04=3,6; 2009/10 – 6*15*0,04=3,6) .<br>- економика (дисперзирани студии во Штип) - 7,2 (2005/06 – 4*15*0,04=2,4; 2006/07 - 8*15*0,04=4,8).<br>- вовед во економика – 3,6 (2007/08 – 2*15*0,04=1,2; 2008/09 – 2*15*0,04=1,2; 2009/10 – 2*15*0,04=1,2).<br>- современи економски теории – 15 (2005/6 – 4*15*0,04=2,4; 2006/07 – 4*15*0,04=2,4; 2007/08 – 6*15*0,04=3,6; 2008/9 – 6*15*0,04=3,6; 2009/10 – 5*15*0,04=3). | 52,8 |
| 3. | Од втор циклус студии:<br>- јавни финансии (2009/10 – менторска настава) | |
| 4. | Консултации со студенти [2] (3100*0,002=6,2) | 6,2 |
| 5. | Позитивно рецензирани универзитетски учебници | |
| | - „Макроекономика" (2007), втора книга од учебникот по економика во коавторство со проф. д-р В. Кандикјан. | 6 |
| | - „Економика: прв дел - Микроекономика" (2010), прва книга од учебникот по економика во коавторство со проф. д-р В. Кандикјан . | 6 |
| 6. | Член на комисија за оцена и одбрана на докторат:<br>- „Фискална децентрализација и финансирање на локалната самоуправа во Република Македонија", од кандидатот м-р Александра Максимовска (одбранета).<br>- „Јавна политика и јавна вредност", од кандидатот м-р Марија Ристевска (одбранета). | 1 |
| | **Вкупно** | 72 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание [3] | |

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти*бодување. Пример: 100 (студенти во семестар)* 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

[3] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора - секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори – секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе – секој добива по 60% од бодовите

| | | |
|---|---|---|
| | „Промени во демографската структура на Република Македонија“ (во коавторство со м-р К. Ношпалова), Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Тодорка Оровчанец (2006 година) | 3,6 |
| | „Демографските промени и стареење на населението во Република Македонија“ (во коавторство со м-р К. Ношпалова), Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Стрезо Стрезовски (2007 година) | 3,6 |
| | „Корупцијата и даноците: улогата на бонусните стимулации“, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Тодор Рушков (2009 година) | 4 |
| | „Контрациклична фискална политика“, Копаоничка школа природног права (2010 година) | 4 |
| | „Контрилирање на фискалната корупција,“ Економија и бизнис, Година XIII, број. 148, 2010. | 4 |
| | „Автоматските фискални стабилизатори и макроекономската стабилност“, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Георги Ганзовски (2010 година) | 4 |
| | „Општествените трошоци на загадувањето и некои правни аспекти на заштита на животната средина“ (во коавторство со м-р Е. Темелковска), Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. д-р Никола Матовски (2010 година) | 3,6 |
| 2. | Ментор на магистерски работи | |
| | - „Буџетски дефицит и јавен долг со посебен осврт на Република Македонија“, од кандидатот Синиша Ивановски | 1 |
| | - „Економски импликации на јавниот долг“, од кандидатот Един Рамадановиќ | 1 |
| | **Вкупно** | 28,8 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Главен уредник на Зборникот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Георги Ганзовски | 2 |
| 2. | Член на Уредувачкиот одбор на Зборникот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Стрезо Стрезовски | 0,5 |
| 3. | Член на Уредувачкиот одбор на Зборникот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Тодорка Оровчанец | 0,5 |
| 4. | Член на уредувачкиот одбор на Зборникот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Тодор Рушков | 0,5 |
| 5. | Член на уредувачкиот одбор на Зборникот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Бранко Зеленков | 0,5 |
| 6. | Член на уредувачкиот одбор на Зборникот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Кики Мангова | 0,5 |
| 7. | Член на уредувачкиот одбор на Зборникот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Милан Недков | 0,5 |
| 8. | Член на факултетски комисии [4] | |
| | - член на факултетската стручна Комисија за признавање високообразовни квалификации стекнати во странство (додипломски студии) од областа на политичките науки | 0,5 |
| | - член на факултетската стручна Комисија за признавање високообразовни квалификации стекнати во странство (последипломски и докторски студии) од областа на деловното право и економските науки | 0,5 |
| | - член на Комисијата за изработка на Правилникот за плати и други надоместоци на вработените на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 0,5 |
| | - член на Комисијата за изработка на Правилникот за стекнување и распоредување на вкупниот приход на Правниот факултет „Јустинијан | 0,5 |

[4] Поените се однесуваат за еден мандатен период.

| | | |
|---|---|---|
| | Први“ во Скопје | |
| | - член на Комисијата за изработка на Одлука за издавачка дејност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | 0,5 |
| | - член на Комисијата за изработка на Правилник за надомест на вработените за трет циклус студии (докторски студии) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 0,5 |
| | - член на Комисијата за избор на стручњаци од практиката за изведување на клиничка настава од областа на применетата политика на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 0,5 |
| | - член на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област применета економика на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (2006 година) | 0,4 |
| | - член на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област економика на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (2010 година) | 0,4 |
| | - член на Рецензентската комисија за избор/преизбор на асистент на научната област економика на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (2008 година) | 0,4 |
| | – член на Рецензентската комисија за избор на помлад асистент на научната област економика на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (2008 година) | 0,4 |
| | – претседател на Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 0,5 |
| 9. | Учество во комисии и тела на државни и други органи | |
| | - член на Работната група за сиромаштија и за пазар на трудот на Државниот завод за статистика во Скопје | 1 |
| | - член на Надзорниот одбор на Централниот депозитар за хартии од вредност а.д. Скопје – Скопје | 1 |
| | - член на Одделението за општествени науки на Македонското научно друштво во Битола | 1 |
| | - член на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола - Битола | 1 |
| | - член на Управниот одбор на аероклубот „Мирко Тодоровски“ од Битола | 1 |
| | - член на Управниот одбор на Здружението за македонско- руско пријателство и соработка од Битола | 1 |
| | **Вкупно** | 16,6 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 72,0 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 28,8 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 16,6 |
| **Вкупно** | 117,4 |

**Членови на Комисијата**

1. Акад. д-р Таки Фити, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Јане Миљовски, член, с.р.
3. Проф. д-р Михаил Петковски, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ТРГОВСКО ПРАВО И ПРАВНИ И ЕТИЧКИ АСПЕКТИ НА ИНТЕРНЕТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Дневник" од **26.6.2010** година, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на **24.9.2010** година, донесе одлука **бр. 02-2973/1** од 6.10.2010 година со која сме определени за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент по предметите трговско право и правни и етички аспекти на интернет.

По опстојното разгледување на приложената документација, односно по деталното проценување на квалификациите на пријавениот кандидат, Рецензентската комисија го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор на асистент по предметите трговско право и правни и етички аспекти на интернет на Економскиот факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје се пријави еден кандидат, и тоа:

1. **Ангела Кузманова – магистер по деловно право**

Во извештајот ќе бидат изнесени податоци за кандидатот, со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И НАСТАВНО-НАУЧНИ И СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ

Кандидатката Кузманова Јордан Ангела е родена на 10 ноември 1979 година во Скопје, каде што во 1998 година го завршила средното гимназиско образование, како еден од најдобрите ученици во својата генерација. Во истата година се запишала на Правниот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"(меѓународно-правна група). Во јуни 2003 година дипломирала со просечна оценка на положени испити 9,11 (од максимум 10,00).

Во периодот 2001-2002 работела во Собранието на Република Македонија како практикант на Националниот демократски институт за надворешни работи од Вашингтон. Имено, оваа програма е наменета за студентите што посебно се истакнуваат за време на студирањето.

Од 2002 до 2003, кандидатката работела на проектот „Школа за демократија", организиран од страна на Фондацијата Институт отворено општество-Македонија, како цивилен едукатор задолжен за спроведување наставни теми и организирање трибини и работилници, кои опфаќаат различни теми од областа на демократијата и правото. Од мај до декември 2005

година работела на проектот „Медиумско огледало", организиран од страна на Фондацијата Институт отворено општество-Македонија.

Во јули 2005 година била избрана за помлад асистент по предметот трговско право на Економскиот факултет во Скопје, на кое работно место се наоѓа и сега. Во учебната 2005/2006 година, кандидатката Кузманова Ангела се запишала на постдипломските студии од областа на деловното право на Правниот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и предвидените испитите ги положила со просечна оценка 10,00 (од максимум 10.00). Во мај 2010 година успешно го одбранила магистерскиот труд под наслов „ Електронските трговски зделки со посебен осврт на електронските системи за плаќање и електронските пари во регулативата на Европската унија и Република Македонија".

Во однос на образовната дејност, по изборот за помлад асистент во 2005 година, кандидатката до денес активно учествува во наставните тимови по предметите: трговско право, трговски договори, правни и етички аспекти на интернет, работно право и меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување. Кандидатката совесно и квалитетно ги извршува своите работни задачи, кои се однесуваат на подготовка и одржување на настава, консултации со студентите за семинарски и стручни трудови на кои работат и помош при подготовка и изведување на колоквиуми и испити по наведените предмети на Економскиот факултет во Скопје.

Во однос на стручната и научната дејност, кандидатката Кузманова Ангела од последниот избор во звањето помлад асистент ги има објавено следниве трудови:

- **„Променетите околности и неможноста за исполнување на договорите во земјите од континенталниот правен систем и во земјите кои припаѓаат на Common Law системот"**, Годишник, Економски факултет - Скопје (2010). Овој труд претставува кратка анализа на значењето на променетите околности и доктрината за неможност за исполнување на договорните обврски во земјите од континенталниот правен систем, од нејзините зачетоци до сегашниот степен на развој – од компаративен аспект. Постојат три главни пристапи во континенталниот систем, од аспект на усвојување на rebus sic stantibus доктрината. Некои земји ја отфрлаат, други ја прифаќаат во рамките на судскиот систем и практика, додека, пак, трети експлицитно ја имплементираат во својата кодификувана легислатива. Исто така, се споредува rebus sic stantibus доктрината со слични концепти застапени во англосаксонските земји. Од овој труд произлегува заклучокот дека не постојат многу големи разлики во имплементирањето на оваа доктрина во двата правни система.

- **„Електронските трговски зделки со посебен осврт на електронските системи за плаќање и електронските пари во регулативата на Европската унија и Република Македонија"**, магистерски труд (2010). Структурата на магистерскиот труд се состои од вовед, четири глави, заклучок и користена литература и тоа според следниов распоред:

- Вовед
- Општи излагања за електронска трговија, електронски трговски зделки (електронски договори) и електронски криминал
- Електронски пари и електронско банкарство
- Актуелната легислатива на Европската унија (правна рамка) за електронските договори и електронските плаќања

- Електронските договори и електронските системи за плаќање во Република Македонија
- Заклучок
- Користена литература

Во воведот кандидатката ја дефинира и ја поставува основната теза на магистерскиот труд која тргнува од решенијата на регулативата на Европската унија и нив ги надградува со компаративно-правните аспекти на правото во Република Македонија.

Првиот дел од магистерскиот труд се состои од 3 точки преку кои кандидидатката врши воведување во суштината на темелните теоретски поставки на електронската трговија и електронското договарање. Преку анализа на неколку аспекти на електронското договарање (понуда и акцепт, утврдување на договорните услови, видовите на електронски договори, електронското потпишување), кандидатката ја воочува кохезивната сила на договорното право изразена во заемната манифестација на овие аспекти. Од ревизијата на теоријата, правните норми, како и од судската практика, кандидатката извлекува логички заклучок во однос на карактеристиките на електронскиот договор (принципот на дематеријализација на електронскиот договор не треба да биде пречка за неговата правна валидност; принципот на автономија на волјата на договорните страни, како и потребата од регулирање на изјавата на волја од страна на националните законодавства; разликување на понудата за договор од поканата за склучување на договор која не е правно-обврзувачка ; потребата од нови законски решенија во однос на отповикување на понудата, молчењето како (не)прифаќање на понудата и релативизирање на писмената форма; афирмирање на нови техники на склучување на електронските договори.)

Во вториот дел од трудот, кандидатката ја анализира суштинската разлика помеѓу дефиницијата за електронски пари на Европската централна банка и директивата на Европскиот парламент и Европскиот совет која фактички претставува законска рамка за работењето со електронските пари во ЕУ. Со цел дефиницијата да го опфати сè помасовното користење на електронските пари складирани на уред во сопственост на издавачот и да ја избегне дилемата околу некористењето или користењето на сметките како конечна дефиниција, кандидатката ја предлага дефиницијата според Директивата 2000/46/ЕЦ на Европскиот совет и Европскиот парламент, односно под електронски пари треба да се подразбира монетарната вредност изразена онака како што е декларирана од страна на издавачот и која е:

1. складирана на електронски уред;
2. издадена со прием на средства на износ не помал од износот на монетарната вредност која е издадена;
3. прифатлива како средство за плаќање кон трети страни различни од издавачот.

Со цел да ги потенцира предностите на електронското во однос на класичното банкарство, кандидатката прави излагање на видовите на електронско банкарство, како и најистакнатите компании-понудувачи на електронски пари.

Третиот дел кандидатката го посветува на анализа на актуелната легислатива на Европската унија за електронските договори и електронските плаќања. Акцентот е ставен на Директивата за електронска трговија како најзначаен правен документ за регулирање на он лајн тргувањето.

Четвртиот дел од магистерскиот труд се однесува на електронската трговија и електронските системи за плаќање во Република Македонија. На самиот почеток кандидатката ги презентира резулатите од анализата на сегашната состојба на информатичките технологии и електронската трговија во земјава. Понатаму, дава табеларен приказ на состојбата со електронското банкарство, односно конкретните услуги кои ги нудат Комерцијална, Стопанска и Тутунска Банка. Од анализата на услугите понудени од страна на банките, кандидатката констатира дека понудата на услуги е релативно иста и дека трите најголеми банки во Република Македонија настојуваат да бидат во тек со можностите кои ги нудат конкурентските фирми, како и барањата на клиентите. Исто така прави анализа на ефектите на електронското наспроти традиционалното банкарство врз трошоците на работењето, имајќи ги предвид презентираните податоци на вебстраните.Имајќи ги предвид предностите и слабостите на електронската трговија и банкарство, кандидатката ја потенцира потребата од соодветна правна рамка која ќе обезбеди правна сигурност во прометот, како и зголемена доверба на сите заинтересирани субјекти и поради тоа, прави анализа на усвоените закони и правни документи во Република Македонија. Во однос на нивната усогласеност со регулативата на Европската унија, кандидатката констатира дека тие се на висок степен на хармонизација.

На крајот во заклучокот, кандидатката Ангела Кузманова ги изнесува и ги апострофира најважните резултати на истражувањето со кои се потврдува поставената истражувачка хипотеза на магистерскиот труд. Со тоа всушност се потврдува неприкосновената улога и значење на електронското тргување и електронското банкарство, како непоходноста од соодветна правна рамка за нивно регулирање, која in ultima linea мора да биде во согласност со нормативните решенија предвидени во регулативата на Европската унија.

- **„Заштита на потрошувачите во електронските трговски зделки во регулативата на ЕУ и Република Македонија“**, Годишник, Економски факултет - Скопје (2009). Овој труд претставува анализа на мерките преземени од страна на европскиот законодавец во последните неколку декади, со цел да обезбеди правна рамка за регулирање на заштитата на потрошувачите во електронската трговија.Оваа тема е многу значајна од аспект на Европската унија, поради тоа што електронската трговија е двигател на интеграција par excellence и поради постоењето на недостиг на доверба од страна на потрошувачите. B2C електронската трговија може да предизвика одредени проблеми за потрошувачите, поради тоа што тие не се рамноправни со производителите во определување на генералните договорни услови и поради тоа што потрошувачите не можат да ги видат производите како што е тоа случј во продажбата помеѓу присутни страни. Затоа европскиот законодавец бара од продавачите да ги обезбедат неопходните информации за добрата и услугите, да обезбедат пишана потврда на тие информации, право на повлекување од договорите, безбедни системи за плаќање итн. Република Македонија, како земја-кандидат, треба да има правна регулатива усогласена со европскиот правен систем. Во тој контекст, може да се каже дека македонското право за заштита на потрошувачите е во согласност со она на Европската унија, иако сè уште постојат услови кои треба да се исполнуваат.
- **„Ефикасноста на стечајната постапка во РМ“**, Годишник, Економски факултет - Скопје (2007). Во овој труд е направена анализа на ефикасноста на стечајната постапка преку утврдување на: бројот на стечајните предмети во Република Македонија, причините поради кои се зголемува времетраењето на стечајните постпки, новите решенија од Законот за стечај во насока на

зголемување на ефикасноста и намалување на трошоците на постапката. На крајот од трудот е презентирана идејата за формирање специјализирани судови во чија надлежност ќе бидат стопанските предмети и стечајната постапка, со цел да се зголеми ефикасноста во нивното спроведување.

- **„Акцијата како дел од акционерското друштво"**, Годишник, Економски факултет - Скопје (2006). Во овој труд се презентирани акциите како дел од една корпорација, и тоа според англосаксонската практика, поконкретно американската. Акциите се дел од основната главнина на акционерското друштво. По правило, тие се прибавуваат во парични средства, но по исклучок можат да бидат и во предмети и во права, но секогаш се изразуваат во парична вредност. Акциите што ги издава едно акционерско друштво можат да ги купат сите домашни и странски физички и правни лица. Акциите се издаваат, се пренесуваат и се вадат во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија, во согласност со закон.

Своето стручно усовршување го надградила и со учество на следниве меѓународни проекти и:

- TEMPUS JOINT EUROPEAN PROJECT CD_JEP 17030-2002 "E-Business Management for the Faculty of Economics, Skopje – EBUSMAN (2003-2006);
- TEMPUS CD JEP 40093-2005 Master of E - business Management at the Faculty of Economics in Skopje –MEMFES. (2006-2009);
- SCORE (Strengthening the Strategic Cooperation between the EU and Western Balkan Region in the field of ICT Research).

Кандидатката Ангела Кузманова, во насока на своето научно образование ги остварила следниве студиски престои:

- Франција, Париз, University Paris 1 Pantheon Sorbonne (септември 2009);
- Франција, Париз, University Paris 1 Pantheon Sorbonne (октомври 2008);
- Холандија, Ајндховен, Fontys University for professional education (април 2006).

Во рамките на својата академска работа, кандидатката ги имала следниве активности:

- 2007- член на работната група за подготовка на Законот за електронска трговија, спроведена од страна на Владата на Република Македонија;
- јуни 2007- предавач на подготвителен семинар за полагање на правосуден испити (стопанско право), организиран од ТАЗ Организација-Белград;
- 18-25 октомври, предавач на постдипломските студии по Е-бизнис (ТЕМПУС-проект) на Универзитетот Париз 1 Пантеон Сорбона;
- 25-26 ноември 2008 –предавач на дводневен семинар насловен „Е-бизнис стратегии за креирање на ефикасни и ефективни компании во глобалното опкружување", организиран од страна на Стопанската комора на Република Македонија.

**МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените позначајни податоци за кандидатката, Рецензентската комисија оценува дека Ангела Кузманова ги исполнува законските и нормативните критериуми за избор во звањето асистент.

Паралелно со наставно-научната активност, која како помлад асистент ја врши во текот на пет години, кандидатката забележала сериозна научно-истражувачка активност и напредок. Има објавено неколку научни трудови од областа на деловното право и учествувала на неколку семинари, проекти и курсеви од истата област. Членовите на Комисијата сакаат да го истакнат фактот што проблемите анализирани во трудовите, во проектите и на семинарите коинцидираат со наставните содржини по предметите на кои е ангажирана кандидатката.

На сето ова се додава и фактот дека кандидатката Ангела Кузманова го има успешно одбрането својот магистерски труд под наслов „Електронските трговски зделки со посебен осврт на електронските системи за плаќање и електронските пари во регулативата на Европската унија и Република Македонија".

Во рамките на наставно-образовната работа, кандидатката Ангела Кузманова совесно и беспрекорно ги извршува поставените задачи. Таа активно е вклучена во изведувањето на наставата по предметите трговско право и правни и етички аспекти на интернет. Исто така, учествува во спроведувањето колоквиуми и испити од спомenатите предмети.

Кандидатката покажала високи квалитети за тимска работа и комуникациски вештини како во рамките на Факултетот, така и надвор од него, во соработката со други образовни институции и со бизнисзаедницата во Македонија и надвор од неа.

Врз основа на реченото, а во согласност со член 140 од Законот за високото образование, Рецензентската комисија смета дека кандидатката Ангела Кузманова ги исполнува критериумите за избор за асистент по предметот трговско право и дека во целост ќе ја оправда довербата на Комисијата за избор. Поради тоа, Комисијата со посебно задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатката Ангела Кузманова **да биде избрана во звањето асистент по предметите трговско право и правни и етички аспекти на интернет**.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Горан Коевски с.р

Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска с.р

Проф. д-р Сашо Јосимовски с.р

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Со ваша одлука сме именувани за Рецензентска комисија за избор во звањето асистент-истражувач на м-р Димитар Љоровски во состав: проф. д-р Марија Пандевска, проф. д-р Катерина Тодороска и доц. д-р Наташа Котлар-Трајкова, кој се пријави на објавениот конкурс во весникот „Време" од 17.5.2010. По прегледувањето на поднесената документација, имаме чест на Советот на ИНИ да му го доставиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

М-р Димитар Љоровски е роден на 9.12.1981 година во Скопје, каде што со одличен успех ги завршил и основното и средното образование. На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на Институтот за историја дипломирал на 29.6.2005 година. Постдипломските студии ги следел на Институтот за национална историја и по положувањето на испитите својата магистерска теза со наслов: „Дејноста на костурскиот митрополит Германос Каравангелис 1900-1904 година" успешно ја одбранил во јуни 2009 година, со што се стекнал со степенот магистер на историски науки.

Магистерскиот труд на м-р Димитар Љоровски, „Дејноста на костурскиот митрополит Германос Каравангелис 1900-1904 година", обработува еден специфичен период на трансформација на грчката пропагандна политика во Македонија - поточно нејзината трансформација од чисто верско-просветните сфери на македонското општество под османлиска управа кон вооружените форми на спроведување на грчката пропаганда среде македонското население, најпрво во Костурско, а во годините што ќе следат и во пределите на Јужна Македонија кои влегувале во составот на познатата грчка националистичка програма „мегали идеја". Иако навидум насловот може да сугерира биографско-историска конотација на трудот, сепак темата излегува многу повеќе

надвор од биографските референци на животниот пат на грчкиот патријаршиски свештеник Германос Каравангелис. Имено, историскиот период кој е обработен во овој магистерски труд (1900-1904) и кој се одвива на територијата на Костурско ,всушност, ја претставува прелудијата на започнувањето и одвивањето на т.н. грчка „македонска борба" кога во периодот 1904-1908 грчките паравоени формации ќе хараат низ територијата на јужните делови на етничка Македонија. Гледано од овој аспект, трудот на м-р Димитар Љоровски дава аналитички увид во почетоците на оваа крвава паравоена инфилтрација, со право поставувајќи ја дејноста на костурскиот митрополит Каравангелис во центарот на својата опсервација. Овој магистерски труд е напишан на јасен и едноставен стил, а она што привлекува внимание е обемноста на користените извори и литература од грчка провениенција. Мислата во пишувањето е логична и ја следи историската нарација, а анализата е дадена во една кратка збиена форма. Изворното градиво се користи аналитички во корелација на целата достапна документација и литература.

Покрај работата на постдипломските студии и магистерската теза, м-р Димитар Љоровски има настапено со свои реферати на два научни симпозиума одржани во земјава и тоа, со рефератот: „Јазичната асимилација на Македонците во Грција по Втората светска војна (Заклетвите од 1959 година)", на научниот симпозиум „60 години од егзодусот на децата бегалци од Егејска Македонија", одржан во Скопје во јули 2008 г. и со рефератот: „Именувањето на Македонците во егејскиот дел на Македонија од страна на грчката држава (1946-1949): опции и дилеми", на меѓународниот научен симпозиум „60 години од завршувањето на Граѓанската војна во Грција - причини и последици", одржан во Скопје во декември 2008 година. И двата реферата се во фаза на публикување во соодветните зборници. М-р Димитар Љоровски во својата библиографија како млад историчар има веќе и објавена статија во историското гласило - списанието „Историја" број 1-2 од 2007 година, со наслов: „Германос Каравангелис и неговата дејност за време на Илинденското востание". Меѓутоа, она што привлекува внимание во поднесените библиографски податоци на м-р Димитар Љоровски се

бројните објавени написи во весниците и магазините во периодот од 2004 до 2010 година и тоа во: *Внатрешен патник* (еден напис), *Македонско сонце* (тринаесет написи), *Фокус* (четири написи) во Р. Македонија и *Народна волја* (три написи), објавени во Благоевград, Р. Бугарија. Во овие свои написи тој разработува различни теми од поновата историја на Македонија на Балканот и особено релациите со грчката држава. Од сите овие теми може да се согледа дека м-р Димитар Љоровски веќе се профилирал во својот научен интерес кон истражувањето на најразличните аспекти на грчката балканска политика кон Македонија и Македонците. Во тоа од голема помош му е познавањето на грчкиот и англискиот јазик.

Од сето погоре изнесено станува јасно дека во овој случај се работи за млад научен кадар кој својата професија ја има сфатено во целата нејзина сеопфатност: на потребата за истражување и поставување прашања, и потребата да се трага по одговорите на зададените прашања. Во пишувањето м-р Димитар Љоровски користи едноставен, но писмен стил на изразување, а анализата на историските настани и процеси ги забележува како свои опсервации. Во иднина очекуваме м-р Димитар Љоровски како подмладок на македонската историска наука да продолжи во продлабочувањето на сите свои научни и човечки квалитети и потенцијали. Затоа, ни претставува чест и задоволство на Советот на Институтот за национална историја да му предложиме м-р Димитар Љоровски да биде избран во соработничкото звање асистент - истражувач.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Пандевска с.р.
Проф. д-р Катерина Тодороска с.р.
Доц. д-р Наташа Котлар - Трајкова с.р

**РЕЦЕНЗИЈА**
НА ДОКТОРСКТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЕКОДИМЕНЗИИ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДЕСАНКА УГРИНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката број 0903-100/08 од 16.4.2010 година, донесена од Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов: *Одржлив развој на екодимензии во основното образование во Република Македонија*, изработена од *м-р Десанка Угриновска*.

Комисијата во состав: проф. д-р Снежана Адамческа, проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска и проф. д-р Сузана Миовска Спасева, проф. д-р Лена Дамовска и проф. д-р Вера Стојановска, до Наставно-научниот совет го доставува следниов

**И з в е ш т а ј**

Докторската дисертација под наслов: *Одржлив развој на еко-димензии во основното образование во Република Македонија* елаборира мошне значајно прашање кое е актуелно речиси во сите сфери на човековото живеење. Во тие рамки, екодимензиите во процесите на образованието сè повеќе добиваат на тежина, разбрани и поддржани како парадигма и модел на одрживиот развој кој претставува основа за егзистенција на целокупното човештво. Овој проблем е стар колку и постоењето на човековата цивилизација. Екодимензиите и нивниот одржив развој во трудот се третираат на соодветен начин и со неопходната теоретска основа и емпирија својствена за сите педагошки истражувања.

Трудот е конципиран во неколку глобални дела: теоретска рамка на проблемот, методолошки компоненти на истражувањето, анализа и интерпретација на добиените резултати и прилози во вид на инструменти користени во анализата на изворите и конкретните истражувачки ситуации. Трудот содржи 294 страници компјутерски обликуван текст и 66 наведени релевантни извори од домашни и странски автори.

Во теоретскиот дел на трудот, кандидатката м-р Угриновска прави анализа на генезата на екодимензиите почнувајќи од познатите мисли и согледувања на Сократ и Платон за функционалната релација меѓу мислата на човекот и окружувањето во кое таа се создава. Значајно место е дадено на процесите на поврзување, меѓузависност и сообразеност на екодимензиите на образованието преку внесување на содржини во курикулумите и редефинирање на целите на образованието како најподатлива средина за влијание и придонес во нивниот

одржлив развој. Најмаркантна точка од тој развој е, според кандидатката, 1975 година и Белградската конференција на УНЕСКО на која се утврдени познатите шест цели на образованието и воспитанието за средината:

1. Вредност на свеста
Водење на индивидуите и групите кон развој на чувствителност за глобалната средина и со неа поврзаните проблеми.
2. Знаење
Водење на индивидуите и групите да усвојат основни сознанија за средината, но и за проблемите што ѝ се препишуваат, како и улогата на критичност со одговорност кај секое човеково битие.
3. Компетентност
Водење на индивидуите и групите да усвојат неопходно знаење за да се создаваат решенија за надминување на проблемите во средината.
4. Капацитети за вреднување
Целта претпоставува водење на индивидуите или групите да реализираат вреднување на мерките и воспитно-образовните програми што ја опфаќаат средината во функција на факторите од еколошки, политички, економски, социјален, естетски и образовен аспект.
5. Учество

Во рамките на оваа цел се вклучува водење на индивидуите и групите во сфаќање на одговорноста и неопходноста да дејствуваат во средината.

Во теоретскиот глобален дел на трудот, кандидатката ги елаборира екодимензиите на образованието и нивниот одржив развој на глобално светско ниво преку дејствувањето на низа меѓународни институции, организации и мрежи за глобално влијание врз свеста и образованието на секој поединец независно од неговата полова и возрасна припадност: УНЕСКО, ЕУ, ОЕЦД, ЕНСИ-мрежата и др.). Во овие поглавја, кандидатката упатува на низа мерки, препораки, стандарди и политики за еко-образованието во светски рамки, нагласувајќи ја и образовната администрација во секоја земја. Во неколку поглавја во трудот се изложени бројните фактори и чинители на ековоспитанието со искуства од различни земји: наставните планови и програми, наставничкиот кадар и можностите за екоедукација во средното и високото образование.

Вториот глобален дел од трудот ги содржи методолошките компоненти на истражувањето. Ги презентираме најрелевантните од нив:

*Предмет на истражувањето:*

Компаративното согледување на образовното дејствување за одржлив развој како планска, програмска и дидактичко-методичка парадигма, но и дефинирање на условите и претпоставките за негова присутност и ефикасност во основното училиште.
Предметот е анализиран од неколку аспекти.

А) Анализа на педагошките национални/ државни и регионални плански/ стратегиски документи од аспект на екопедагошките димензии на основното образование.
Б) Анализа на образовни планови и програми од основните училишта кај нас и во неколку странски држави од аспект на образованието за одрживиот развој.

В) Согледување на ставовите за образованието за одржливиот развој на наставниците од неколку основни училишта.

*Цел и карактер на истражувањето*

Согледување на состојбите во однос на квалитетот на планирањето, програмирањето и дидактичко-методичката обработка на образованието за одржливиот развој во основното образование во Република Македонија, Кралството Норвешка и Република Финска.

*Задачи на истражувањето*

1. Да се утврди присутноста на педагошките димензии на одржливиот развој во национални и регионални стратегии во доменот на основното образование.
2. Да се согледа и спореди начинот на планирање на педагошките димензии на одржливиот развој во актуелните планови за основно образование во Кралството Норвешка, Република Финска и Република Македонија.
3. Да се утврди застапеноста на цели од одржливиот развој во програмите од основното образование во Кралството Норвешка, Република Финска и Република Македонија.
4. Да се проучи и спореди присутноста и можностите за дефинирање на задачи од одржливиот развој во програмите од основното образование во Кралството Норвешка, Република Македонија и Република Финска.
5. Да се испитаат и споредат присутноста и потенцијалите за вклучување на содржини од образованието за одржливиот развој во програмите од основното образование во Кралството Норвешка, Република Македонија и Република Финска.
6. Да се согледаат ставовите на наставниците за унапредување на педагошките димензии на одржливиот развој на основното образование на наставниците во Република Македонија.

*Истражувачки прашања*

1. Истражувањето треба да одговори на прашањето дали планирањето, дидактичко-методичката обработка и ставовите на наставниците за образованието за одржливиот развој во одделни подрачја на основното образование соодветствуваат со можностите и потребите на образовните системи во Кралството Норвешка, Република Финска и Република Македонија.
2. Со истражувањето треба да се дојде до сознанија за тоа дали во анализираните национални стратегии се забележува квантитативно и квалитативно учество на образованието за одржливиот развој соодветно на современите научни сознанија.
3. Компаративната анализа на регионалните стратегии треба да посочи дали тие квантитативно и квалитативно ги презентираат современите научни барања за образованието за одржливиот развој.
4. Дали во анализираните европски наставни планови за основно образование се искористени можностите за реализација на педагошките димензии на одржливиот развој?
5. Дали во анализираните програми за основно образование се присутни цели соодветни на современите барања на образованието за одржливиот развој?
6. Какви се можностите за екопедагошко дејствување, евидентирани во дефинираните цели во анализираните европски програми за основно образование?
7. Дали во анализираните програми за основно образование се присутни задачи што би соодветствувале на современите екопедагошки барања?

8. Колку компаративно се забележуваат значителни разлики во пристапот на дефинирањето на задачи за одржливиот развој во анализираните наставни програми за одделните области?
9. Дали се забележува присутност на содржини од одржливиот развој во анализираните европски програми за основно образование?
10. Компаративно да се согледа дали се содржани од одржливиот развој во анализираните европски програми за основно образование?
11. Дали наставници од основните училишта искажале ставови од кои може да се препознае нивна блискост со можностите за вклучување на екопедагошките аспекти на образованието?
12. Колку наставниците покажуваат дека тие ги препознаваат и практикуваат можностите за соработка со различни чинители и избор на ресурси при реализација на екопедагошките димензии?
13. Колку наставниците ја користат проектната работа при реализацијата на одделни аспекти на екопедагошкото делување?
14. Какви видови на обука им се потребни на наставниците за унапредување на екопедагошките димензии во основното образование?
15. Постои ли конзистентност на ставовите на наставниците во врска со нивниот придонес за одржливиот развој на екопедагошките димензии на основното образование во конкретната воспитно-образовна практика?

*Методи на истражувањето*

- аналитичко-дескриптивен;
- аналитичко-компаративен метод.

*Техники и инструменти на истражување*

- анализа на педагошката документација;
- интервјуирање.

*Примерок на истражување*

- глобални документи за планирање и развој;
- регионални документи за планирање и развој;
- национални документи за планирање и развој (Норвешка, Финска и Македонија);
- 82 наставници од 7 основни училишта во Скопје.

Преку квалитативна компаративна анализа на целите и содржините од повеќе сродни наставни предмети во задолжителното училиште во Република Македонија и неколку нордиски и балтички земји, кандидатката Угриновска прави осврт на неколку елементи кои се суштински и произлегуваат од предметот на истражување:

- сличности и разлики меѓу целните, содржинските и апликативните аспекти на наставата за околината во Република Македонија и наведените земји;

- сродни, блиски и заеднички точки во носечките документи за стратегиски развој на образованието кај нас и во другите земји;
- заложбите за креирање и дизајнирање на екопедагошки кор-курикулум како заедничко јадро во образовните системи;
- дилеми околу прашањето на дидактичко-методскиот статус на екопедагошките содржини/програми во рамките на наставните планови и програми;
- специфичностите кои се однесуваат на посебноста на екопедагошкото образование кај нас;
- слабости и недоследности на планот на реализација на еко-педагошките проблеми во Република Македонија имајќи ги предвид искуствата од другите земји;
- предлог-механизми за надминување на идентификуваните слабости и предлози за нивно надминување.

Со примената на истражувачките методи и техники, кандидатката регистрира неколку глобални заклучоци кои се однесуваат на следниве прашања:

- стратегиските документи се битна одредница во екопедагошкото дејствување во анализираните образовни системи;
- анализата на овие документи покажа дека во нив се создаваат солидни основи за унапредување на екопедагошкото дејствување на национален и меѓународен план;
- се забележува слабост во дефинирање на воведните, визионерски сегменти на стратегиите за образование за одржливиот развој во коишто доминира антропоцентризмот;
- за разлика од македонските услови, во другите анализирани документи се забележува постоење на паралелен процес;
- во сите земји се забележува различен пристап во вклучувањето на екопедагошките аспекти;
- структурната анализа на програмските документи покажа дека се препознаваат разлики во пристапот кај одделните земји.;
- постои тенденција на постепено вклучување на дидактичко-методички елементи и содржини кои можат да бидат во функција на ваквото дејствување;
- присутна е неискористеност на имплицитните можности за екопедагошко дејствување во рамките на сите анализирани програми од соодветните предмети;
- во предметот *природа и општество* - сепак анализата на програмите од оваа сфера покажаа дека тие се неконзистентни и парцијални од екопедагошки аспект;
- се забележува и непрецизност во користењето на термините/поимот *чиста, здрава* средина иако станува збор за иста проблематика.

- во наставните програми по предметот *граѓанско образование* во македонскиот образовен систем е пропуштена можноста образовно да дејствува ученикот/ученичката да се развиваат како граѓани, активни субјекти во демократското општество. Тоа е појава што може да биде пречка и за нивно изградување како активни субјекти во еколошкиот развој на општеството во коешто припаѓаат;
- ставовите на наставниците одат во прилог на ваквата разновидност, што може да се согледа како во видот на активности што се реализираат, начинот на којшто се реализираат екопедагошките димензии, но и соработниците преку кои се реализира овој вид на образование;
- интервјуираните наставници од аспект на наставните програми во најголем број посочиле дека аспекти на одржливиот развој треба да се вклучат во предметите: *физичко образование, природа и општество* и *македонски јазик*. Најмал број на наставници како предмети каде што би можело да се вклучи одржливиот развој биле споменати предметите: *историја, информатика, општество* и *албански јазик*;
- може да се заклучи дека во училиштето сега повеќе декларативно екопедагошките димензии се дел од секојдневниот училишен живот;
- значајно за екопедагошкото дејствување на наставниците имаат големиот број позитивни искуства од реализацијата на проектите;
- според наставниците, проектната работа има позитивни ефекти за унапредување на екопедагошкото дејствување, но и на квалитетот на образовното дејствување воопшто.

## Заклучок и предлог

Докторската дисертација поднесена од м-р *Десанка Угриновска* нуди значен придонес во утврдувањето на актуелните состојби во врска со одржливиот развој на екодимензиите во основното образование во Република Македонија врз основа на квалитативна компаративна анализа со искуствата во повеќе нордиски и балтички земји. Станува збор за програмскиот, но и дидактичко-методскиот идентитет на содржините од екопедагошкото подрачје во задолжителното образование, реализацијата на неговите цели како трајна и универзална вредност на децата и младите, но и на наставниците како целни групи во истражувањето. Овој обемен труд не е прв од областа на екопедагогијата, но е со оригинална структура и методолошка поставеност. Сметаме дека овој труд ќе даде значаен придонес во расветлување на бројните дилеми околу прашањето на педагошкиот третман на екообразованието кај нас. Добиените сознанија во вид на валидни резултати можат да се искористат како податоци за нашата педагошка теорија и наставна практика, но и како насоки за понатамошниот подем во развојот на свеста за личната и колективната одговорност низ процесите на воспитание и образование. Како ментор на трудот ја изразувам мојата лична благодарност кон

членовите на Комисијата за добронамерните, целисходните и научно фундираните сугестии кои кандидатката ги прифати, ги внесе и ги елаборира во трудот.

Врз основа на тоа, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет со особена чест и задоволство му предлагаме докторската дисертација под наслов: *Одржлив развој на екодимензии во основното образование во Република Македонија,* изработена од кандидатката *м-р Десанка Угриновска,* да ја усвои и да одобри нејзина јавна усна одбрана.

Скопје, 29.9. 2010 година

Членови на Комисијата

Проф. д-р Снежана Адамческа, с.р.
Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска, с.р.
Проф. д-р Сузана Миовска Спасева, с.р.
Проф. д-р Лена Дамовска, с.р.
Проф. д-р Вера Стојановска, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО ОБЛАСТА *ФИЗИОЛОГИЈА* НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, со одлука бр. 0201-2782/2, донесена на седницата одржана на 13. 9.2010 година, во врска со објавениот конкурс во весникот „Дневник" од 25. 8.2010 и весникот "Koha" од 25. 8.2010, формира Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања во областа физиологија, во следниов состав: проф. д-р Здравко Тројачанец, претседател, проф. д-р Влатко Илиески, член, и проф. д-р Цане Пејковски, член.

На распишаниот конкурс за избор во сите звања, се пријави само еден кандидат, д-р Владимир Петков, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

По разгледувањето на поднесените документи на кандидатот, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Петков Владимир е роден 11. 1.1964 година во Скопје. Основното и средното училиште го завршал во Скопје.

Во 1983 година се запишал на Факултетот за ветеринарна медицина во Загреб, Хрватска, на кој дипломирал во 1989 година. Истата година се вработил на Ветеринарниот институт во Скопје, во Одделот за репродукција на домашните животни.

Од 1990 до 1992 е запишан на постдипломските студии по репродукција, Катедра за репродукција, породилство и В.О. на Ветеринарниот факултет во Загреб, Хрватска.

Магистрирал 1992 година со наслов на магистерската тема „Промјене разине прогестерона и естрадиола 17β у крвној плазми оваца тјеком пуерперија у сезони и изван сезоне мркања" .

Во 2000 година докторирал со наслов на докторската дисертација „Споредба на успехот меѓу интрацервикалната и интракорнуалната инсеминација кај овците со длабоко замрзата сперма", на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Од 2004 година е вработен на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како доцент по предметот физиологија на домашните животни.

Во 2005 година е избран за вонреден професор по предметот физиологија на домашните животни, а од 2004 до 2006 е раководител на Институтот за ветеринарна биомедицина.

Од 2006 до 2009 е раководител на Институтот за репродукција и биомедина. Уредник и коавтор е на учебникот „Физиологија на домашните животни".

Учествувал во повеќе домашни и меѓународни проекти и има објавено повеќе од 90 научни- и стручни трудови. Учествувал на бројни симпозиуми, конгреси, семинари и конференции во земјата и во светот.

Бил претставник на Р. Македонија во Европскиот совет за заштита на животните.

Во моментот е вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје по предметот физиологија.

## 2. Наставно-образовна активност

Д-р Владимир Петков учествува во изведувањето на наставата по предметот физиологија на домашните животни.

Раководител е на програмата за постдипломски магистерски студии на Факултетот и учествува во изведувањето на наставата по студиската програма по предметот физиологија на домашните животни.

Ментор е на 16 дипломски работи, изработени и одбранети на Катедрата за функционална морфологија.

Бил член на повеќе комисии за одбрана на магистерски труд.

Член е на комисијата за измена и дополнување на наставниот план и програма на ФВМС (одлука на ННС бр. 0201- 1027/10 од 29.9.2008).

## 3. Научно-стручна дејност

Во периодот од последниот избор до сега, кандидатот објавил 18 труда.

Раководител е на меѓународниот македонско-хрватскии научно-истражувачки проект со наслов „Оптимизација на суперовулацијата, криопрезервација и трансферот на ембриони од кози" (2010 и 2011), МОН, билатерален проект со Р. Хрватска.

Учествувал исто така и во проектот „Ембриотрансфер и *in vitro* оплодување кај преживарите" (2.1.2005- 31.12.2007), МОН, билатерален проект со Р. Хрватска.

## 4. Стручно-апликативна активност

Раководител бил на Институтот за репродукција и биомедицина од 2004 до 2009.
Носител е на процесите за производство на длабоко замрзнато семе и дистрибуција на длабоко замрзнато семе по стандардот ИСО-9001
Член е на Универзитетскиот сенат на УКИМ од 2006 до 2008 и од 2008 до денес
Член е на интеруниверзитетската конференција од 2008 до денес

Од март 2007 е член на Уредувачкиот одбор на списанието „Македонски ветеринарен преглед".

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот.

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на разгледувањето на приложената документација и земајќи ја предвид севкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна активност на кандидатот, Рецензентската комисија оценува дека вонр. проф. д-р Владимир Петков ги исполнува сите услови и поседува квалитети да биде избран во звањето редовен професор. Согласно со тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Владимир Петков да биде избран во звањето **редовен професор** по предметот физиологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Здравко Тројачанец с.р.
2. Проф. д-р Влатко Илиески с.р.
3. Проф. д-р Цане Пејковски с.р.

**АНЕКС 2**

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Владимир Кирил Петков**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **физиологија**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | Физиологија на животните 1, 2. сем. (3+2) 2006/07 | 2,7 |
| | Физиологија на животните 1, 3. сем. (5+4) 2006/07 | 4,8 |
| | Физиологија на животните 1, 2. сем. (3+2) 2007/08 | 2,7 |
| | Физиологија на животните 1, 3. сем. (5+4) 2007/08 | 4,8 |
| | Физиологија на животните 1, 2. сем. (3+2) 2008/09 | 2,7 |
| | Физиологија на животните 1, 3. сем. (5+4) 2008/09 | 4,8 |
| | Физиологија на животните 1, 2. сем. (3+2) 2009/10 | 2,7 |
| | Физиологија на животните 1, 3. сем. (5+4) 2009/10 | 4,8 |
| | Физиологија на животните 1, 3. сем. (3+2) 2010/11 | 2,7 |
| | Физиологија на животните 1, 4. сем. (5+4) 2010/11 | 4,8 |
| | Консултации со студенти, 2006/07 (39- студенти) | 0,078 |
| | Консултации со студенти, 2007/08 (32- студенти) | 0,064 |
| | Консултации со студенти, 2008/09 (28- студенти) | 0,056 |
| | Консултации со студенти, 2009/10 (28- студенти) | 0,056 |
| | Ментор на дипломска работа (16) | 3,2 |
| | **Вкупно** | **41,01** |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | „Ембриотрансфер и in vitro оплодување кај преживарите" (билатерален научноистражувачки проект, Р. Хрватска, учесник) 2005. | 3 |
| 2. | „Оптимизација на суперовулацијата, криопрезервација и трансферот на ембриони од кози", МОН, билатерален проект со Р. Хрватска. координатор на проектот (2010 и 2011) | 9 |
| 3. | Effect of norgestomet on successful resumption of ovarian activity in postpartum non-cyclic dairy cows, T. Dovenski, P. Trojacanec, Lj. Kocoski, K. Popovski, V. Petkov, B. Atanasov, Reproduction in Domestic Animals, Vol. 41 No 4, p. 353, 2006. (6*0.6=3.6) + 1.526 (и.ф.) | 5,126 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Influence of infectious diseases on reproductive performance of dairy cows, T. Dovenski, Lj. Kocoski, P. Trojacanec, V. Petkov, G. Mickovki, D. Mitrev, I. Naletoski, 8. Symposium on Veterinary Clinical Pathology and Therapy "Clinica Veterinaria" p. 15-19, 2006, Neum, BiH (пленарно предавање). | 1.2 |
| 5. | Influence of calf management on diarrhea occurrence during the first weeks after calving, Lj. Kočoski, T. Dovenski, P. Trojačanec, V. Petkov, G. Nikolovski, V. Dimovski, Z. Najdovski, 8. Symposium on Veterinary Clinical Pathology and Therapy "Clinica Veterinaria" p. 42-47. 2006, Neum, BiH | 1,2 |
| 6. | LAPAROSCOPIC TECHNIQUE OF ARTEFICIAL INSEMINATION WITH FROZEN SEMEN IN SMALL RUMMINANTS Vladimir Petkov, Toni Dovenski, 9. Symposium on Veterinary Clinical Pathology and Therapy "Clinica Veterinaria" 2007 Palic, Serbia. | 3 |
| 7. | SPERMATOZOID MORPHOLOGY IN DEEP FROZEN BULL SEMEN Lj. Mickov, V. Petkov, T. Dovenski, G. Mickovski 9. Symposium on Veterinary Clinical Pathology and Therapy "Clinica Veterinaria" . 2007 Palic, Serbia. | 1,2 |
| 8. | Efficiency of Beta-Carotene for treatment of ovarian disorders in dairy cows, T. Dovenski, P.Trojacanec, Lj. Kocoski, V.Petkov, K.Popovski, Snjezana Trojacanec, Reproduction in Domestic Animals, Vol. 42, No 2, p. 116, September, 2007 (6*0.6=3.6) + 1.526 (и.ф.). | 5,126 |
| 9. | Use of ultrasound imaging of the ovaries for early pregnancy diagnosis in dairy cows, T. Dovenski, P. Trojacanec, Lj. Kocoski, V. Petkov, Lj. Mickov , B. Atanasov 2009 BAN, 18-19 February, Sofia, Bulgaria (пленарно предавање). | 1.8 |
| 10. | Motility parameters of boar spermatozoa assessed by CASA, Mickov Lj., Dovenski T., Petkov V., Trojacanec P., Proceedings of the 1st Conference of the Balkan Network for the Animal Reproduction Biotechnology, 2009, BAN, 18-19 February, Sofia, Bulgaria. | 1,2 |
| 11. | Monitoring of early embryonic mortality in dairy cows using ultrasound and progesterone profile, Dovenski Toni, Trojacanec Plamen, Petkov Vladimir, Atanasov Branko, Grizelj Juraj Proceeding of the 2nd General Meeting of GEMINI Maternal communication with Gametes and Embryo / Alireza Fazeli, Fulvio Gandolfi, Sergio Ledda (ed). - GEMINI COST ACTION FA0702 , 2009. 102-102 (ISBN: 978-0-9563694-0-6). | 1,2 |
| 12. | Ilieski V., Pendovski L., Petkov V, Kocoski L, Popovska-Percinic F. Computer Modeling During Flexion and Extension on Dog Elbow Joint. Macedonian Veterinary Review. Vol. 30 No.1: 57-62; 2007 | 1.2 |
| 13. | Pendovski L., Ilieski V., Tosovska-Lazarova D., Petkov V., Kocoski L. Popovska Percinic F. Pelvi-Caliceal System on Pig Kidney: A Model for Urologic Procedures in Human Medicine. Macedonian Veterinary Review. Vol. 30 No.1: 49-56; 2007 | 1.2 |
| 14. | Pendovski Lazo, Ilieski Vlatko, Lazarova-Tosovska Dobrila, Trpkovska Biljana, Petkov Vladimir. Classification of Pig Kidney Collecting System: S10/S3 Corrosion Casts Study. Abstract Booklet of the 14th International Conference for Plastination; Heidelberg, Germany; 48.p; 2008. | 1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Ilieski Vlatko, Pendovski Lazo, Bojadzieva Biljana, Petkov Vladimir. The Pig Heart Anatomy on Thin S10 Tissue Slices. Abstract Booklet of the 14th International Conference for Plastination; Heidelberg, Germany; 59 p; 2008. | 1.2 |
| 16. | Ilieski Vlatko, Pendovski Lazo, Pejoska Jana, Mitrov Dine, Petkov Vladimir. Reconstruction of flexion and extension of elbow joint using software AVOID SOFTIMAGE XSI. Magyar Allatorvosok Lapja- XXVIIth EAVA Congress. Budapest, Hungary. 45p; 2008 | 1.2 |
| 17. | Ilieski V, Pendovski L., Petkov V., Popovska-Percinic F., Mizrahi R. Plastination Of Tissues And Organs: Interdisciplinary Approach To Replace Laboratory Animals That Are In Use For Education And Research. Macedonian Veterinary Review. Vol. 31, No.1: 71-78; 2008 | 1.2 |
| 18. | Pendovski L., Ilieski V., Petkov V., Popovska-Percinic F., Mizrahi R: Morphological Peculiarity Of The Renal Parenchyma On S10 Thin Plastinated Pig Kidneys. Macedonian Veterinary Review. Vol. 31, No.1: 49-57; 2008 | 1.2 |
| 19. | *Ilieski V, Pendovski L, Trojacanec P, Ilievska K, Nikolovski G, Petkov V, Popovska-Percinic F.* Endoscopy and bronchoscopy of dog plastinated specimen XXVIIIth EAVA Congress – Paris, France 28-31/07/2010 *Parc Floral de Paris* (7*0.6=4.2) + 0.573 (и.ф.). | 4.7 |
| 20. | *Lazo Pendovski, Vlatko Ilieski, Vladimir Petkov, Florina Popovska-Percinic* Using S10 thin plastinated slices to study anatomy of renal parenchyma pig kidneys XXVIIIth EAVA Congress – Paris, France 28-31/07/2010 *Parc Floral de Paris* (4*0.6=2.4) + 0.573 (и.ф.). | 2.9 |
| | **Вкупно** | **49,05** |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Учество во промотивни активности на ФВМС (предавања во средните училишта, Саем за едукација, Денови на науката) | 0,5 |
| | | |
| Дејности од поширок интерес | | |
| 2 | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: „Македонски ветеринарен преглед" | 0,5 |
| 3 | Изготвен и пријавен билатерален проект со Р. Словенија: „Испитување на способноста за замрзнување на сперма од нерези и можности за опримена во практиката" | 1 |
| 4 | Раководител на внатрешно оргазациона единица на ФВМС, 2005-2009 | 15 |
| 5 | Член на Универзитетскиот сенат на Уким, 2005-2010 | 10 |
| 6 | Член на интеруниверзитетската конференција, 2008-денес | 6 |
| 7 | Раководител на постдипломски студии на ФВМС, 2004-2009 | 10 |
| 8 | Член на комисија за ревидирање на наставниот план на ФВМС (по ЕКТС), со одлука на ННС бр. 0202-5596/9 од 31.10.2005. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Член на комисија за измена и дополнување на наставниот план и програма на ФВМС (одлука на ННС бр. 0201- 1027/10 од 29.9.2008). | 0,5 |
| 10 | Член на комисија за избор во звање (7) | 4.2 |
| 11 | Член на комисија за оцена на докторат (2) | 1 |
| 12 | Член на комисија за оцена на магистратура (2) | 0,6 |
| | **Вкупно** | **49,8** |

| | | |
|---|---|---|
| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | | поени |
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | | **41,01** |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | | **49,05** |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | | **49,8** |
| | **Вкупно** | **139,86** |

Членови на Комисијата:

1. Проф. д-р Здравко Тројачанец, претседател с.р.
2. Проф. д-р Влатко Илиески, член с.р.
3. Проф. д-р Цане Пејковски, член с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје**

| Реден број | Име на кандидат | Наслов на тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Владимир Петковски | "Проценета вредност на претпријатија наспроти нејзината берзанска вредност-Студија на случај" | д-р Билјана Ангелова |
| 2. | Катерина Мијалова | "Промотивниот микс во функција на развој на алтернативниот туризам" | д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| 3. | Виолета Јосифовска | "Социјална наспроти комерцијална компонента на микрокредитирањето" | д-р Климентина Попоска |
| 4. | Катерина Доневска | "Улогата на интерната ревизија и контрола во компаниите-Студија на случај" | д-р Билјана Ангелова |
| 5. | Кире Крстевски | "Улогата на локалната самоуправа во развојот на малите и средни претпријатија во општина Битола" | д-р Билјана Ангелова |
| 6. | Лела Јовиќевиќ-Продanova | "Можности за трансфер на технологија во Република Македонија-состојби и перспективи" | д-р Неда Петроска-Ангеловска |

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ПАТИШТА, ПРОЕКТИРАЊЕ ПАТИШТА, ПАТНИ ЈАЗЛИ, ГРАДСКИ СООБРАЌАЈНИЦИ, ГОРЕН СТРОЈ НА ПАТИШТА, ПАТИШТА И ЖЕЛЕЗНИЦИ, ОСНОВИ НА СООБРАЌАЈОТ, УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТА, СООБРАЌАЈНО ТЕХНИЧКА ОПРЕМА И ПАРКИРАЛИШТА И АЕРОДРОМИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје бр. 02-2/117 од 7.7.2010 година, донесена на 365 седница одржана на 1.7.2010 година, именувана е Рецензентска комисија во состав: проф. Орхан Авдовиќ, проф. д-р Радојка Дончева и проф. д-р Милорад Јовановски.

Рецензентската комисија изврши преглед на документите од кандидатот и врз основа на личното познавање, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс во весникот „Дневник" од 10.06.2010 за избор на асистент по предметите: патишта, проектирање патишта, патни јазли, градски сообраќајници, горен строј на патишта, патишта и железници, основи на сообраќајот, управување и одржување на патишта, сообраќајно техничка опрема и паркиралишта и аеродроми се пријави досегашниот асистент м-р Слободан Огњеновиќ, дипл. град. инж.

### 1. Биографски податоци

Кандидатот Слободан Огњеновиќ, дипл. град. инж., е роден во Скопје на 22.6.1969 година. Основното и средното образование ги завршил во Скопје со континуиран одличен успех.

На Градежниот факултет во Скопје се запишал во учебната 1994/95 година, на насоката патишта и железеници. За време на студиите се истакнувал со својата студиозност и со продлабочениот интерес за наставните дисциплини. Студиите ги завршил во определениот рок со среден успех 9,45 од сите предмети и 10,00 од групата предмети на Катедрата за која конкурира. Дипломската работа на тема „Идеен проект за улицата 'Митрополит Теодосиј Гологанов' од крстосницата со улицата 'Ѓорче Петров' до крстосницата со улицата 'Козле 6'", ја одбранил на 3.7.2000 година со оценка 10 (десет).

На 270 седница на Наставно-научниот совет е избран за надворешен соработник на Катедрата за патишта, а од 25.12.2001 година е редовно вработен на истата Катедра.

Во учебната 2000/2001 година се запишал на постдипломски студии на Градежниот факултет во Скопје. На 12.6.2007 година кандидатот успешно ја одбрани магистерската работа под наслов: „Прилог кон управувањето со состојбата на одржлив квалитет на коловозните конструкции" и се здоби со научно звање магистер на технички науки од областа на градежништвото.

Посебно се истакнува во разработката и имплементацијата на врвниот софтвер Plateia, Autodesk Land Desktop, Autodesk Civil 3D, Micro Paver и HDM-IV.

Од неговиот избор до денес, ас. м-р Слободан Огњеновиќ континуирано работи на своето усовршување во областа на наставните дисциплини за кои е избран.

## 2. Наставна работа

Во изминатиот период од изборот за помлад асистент до денес, кандидатот Слободан Огњеновиќ учествува во изведувањето на аудиторните вежби, графичките вежби и практичната настава по предметите: патишта, проектирање патишта, патишта I, патни јазли, патишта II, градски сообраќајници, патни јазли, горен строј на патишта, патишта и железници, основи на сообраќајот, управување и одржување на патишта, сообраќајно техничка опрема и паркиралишта и аеродроми, на Градежниот факултет во Скопје, а исто така учествувал и во изведувањето на вежбите по предметот патишта, железници и аеродроми на Воената академија „Ген. Михајло Апостолски" во Скопје и во изведувањето на вежбите по предметот проектирање патишта на Државниот универзитет во Тетово. И покрај големата оптовареност со голем број часови во изминатиот период, обврските кон наставата ги извршува коректно и одговорно.

Во извршувањето на своите задолженија воспоставува коректни односи и покажува спремност за соработка со студентите во совладувањето на наставната материја и во решавањето на практичните проблеми.

## 3. Научноистражувачка и стручна работа

Ас. м-р Слободан Огњеновиќ пројавува интерес и во извршувањето на стручната и научноистражувачката работа во областа на дисциплините на кои е избран.

Со свои трудови кандидатот учествувал на стручни и на научни собири во земјата и во странство, како автор и коавтор.

Во продолжение е даден прегледот на научните и стручните трудови во периодот од 2007 до 2010 година во кои кандидатот активно учествувал:

### Научни трудови

- **Слободан Огњеновиќ,** „Модел за предвидување на состојбата на коловозот во системот за управување Micro Paver", 12 Симпозиум на ДГКМ, Струга, септември 2007.

- **Павле Стоименов, Орхан Авдовиќ, Слободан Огњеновиќ,** „Уточнување на методиката за димензионирање на преодно-брзинските ленти на рампите за приклучување на патните јазли кај автопатиштата", 12 Симпозиум на ДГКМ, Струга, септември 2007.

- **Павле Стоименов, Орхан Авдовиќ, Слободан Огњеновиќ,** „Актуелни проблеми во експлоатационото одржување на патната мрежа”, Совет за безбедност на патиштата на Република Македонија, Скопје, март 2008.

- **Орхан Авдовиќ, Слободан Огњеновиќ,** „Проектирање на рехабилитации на вонградските патишта", Совет за безбедност на патиштата на Република Македонија, Скопје, ноември 2008.

- **Слободан Огњеновић, Златко Зафировски, Зоран Кракутовски** "Економске анализе у систему управљања путевима", Интернационални научно-стручни скуп, Грађевинарство-наука и пракса, Жабљак, фебруари 2008.

- **Слободан Огњеновић,** "Примена полиер битумена на путевима у Македонији", Научно-стручни скуп, Рехабилитација и реконструкција путева, Златибор, јуни 2007.

- **Слободан Огњеновић, Орхан Авдовић,** "Експлоатационо одржавање путне мреже у Македонији", Интернационални научно-стручни скуп, Грађевинарство-наука и пракса, Жабљак, фебруари 2010.

- **Слободан Огњеновић, Радојка Дончева, Златко Зафировски** "Динамичка хомогеност одређена на основи елемената пута", Интернационални научно-стручни скуп, Грађевинарство-наука и пракса, Жабљак, фебруари 2010.

**Стручни трудови**

- Техничка контрола на Главен проект, тех. бр. 1414/05 за бул "Видое Смилевски-Бато" во Скопје, градежен дел, 2008
- Техничка контрола-рецензија на проектна документација во фаза Основен проект за 110 патни правци од локалната патна мрежа на Република Македонија, 2008-2010

- Техничка контрола на основен сообраќаен проект за автопат обиколница на скопје, делница: Оризари-Сарај

- Техничка контрола на проектна документација Коридор К-8: Песочани-Требеништа елаборат за сообраќајно уредување

- Техничка контрола на проектна документација Главен проект за Коридор К-8: Длабочица-Чатал од км 0+000 до км 14+100 и Чатал-Роамновце од км 0+000 до км 35+431

- Техничка контрола на главен проект за патен коридор бр. 8, исток-запад, автопат: Деве Баир-Ќафасан, делница: Длабочица-Чатал од км 0+000 до км 14+104.78

- Техничка контрола на проектна документација во фаза главен проект за патен коридор бр. 8, Исток-Запад, автопат: Деве Баир-Ќафасан, делница: Чатал-Стрезовци од км 0+000 до км 18+223.986

- Техничка контрола на основен проект за реконструкција на ул. Благоја Стефковски на дел од бензиска пумпа до крстосница со населба М. А. Ченто, тех. бр. 152/09

- Техничка контрола на основен проект за реконструкција и проширување на бул. Илинден од бул. 8-ми Септември до ул. Скупи, тех. бр. 1391/2008

- Техничка контрола на проектна документација на Главен проект за улица Новопроектирана, од ул. 8-ми септември до ул. Њуделхиска

- Техничка контрола на основен проект за реконструкција и проширување на бул. Илинден од ул. Н. Н. Борче до ул. Рузвелтова, градежен дел, тех. бр. 101/2010

- Техничка контрола на основен проект за ул. Мајски Манифест крак 3, собирна улица тех. бр. 495/2-09

- Техничка контрола на основен проект за ул. Првомајска, рехабилитација и реконструкција од Рампа до ул. Народни Херои, книга 1-траса-градежно решение, тех. бр. 01/2009

- Техничка контрола на основен проект за реконструкција бул. Илинден од крстосница со бул. Климент Охридски до ул. Наум Наумовски Борче, од км 0+000 до км 0+488.90, тех. бр. 48/09

- Техничка контрола на основен проект за кружна крстосница меѓу ул. Ѓорче Петров, ул. Војин Драшковиќ и ул. Радушка, тех бр. 66/2010, Општина Ѓорче Петров

- Техничка контрола на проектна документација во фаза Изведбен проект за автопат: Демир Капија-Смоквица

**4. Заклучок**

Од изнесеното може да се констатира дека ас. м-р Слободан Огњеновиќ, од неговиот избор до денес, покажал континуирана активност во наставата, научноистражувачката и стручната дејност. Во изминатиот период успешно ги извршувал обврските во наставата по дисциплините од Катедрата за патишта и учествувал во изработката на научни трудови во земјата и во странство.

Имајќи го предвид изнесеното, несомнено е дека кандидатот ас. м-р Слободан Огњеновиќ, дипл. град. инж., се оформува како научен и стручен соработник во областа во која конкурира.

Поради тоа му предлагаме на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатот ас. м-р Слободан Огњеновиќ, дипл. град. инж., да биде избран асистент по предметите: патишта, проектирање патишта, патни јазли, градски сообраќајници, горен строј на патишта, патишта и железници, основи на сообраќајот, управување и одржување на патишта, сообраќајно техничка опрема и паркиралишта и аеродроми .

Рецензенти

Проф. Орхан Авдовиќ с.р.

Проф. д-р Радојка Дончева с.р.

Проф. д-р Милорад Јовановски с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ОПШТА АРХЕОЛОГИЈА, НУМИЗМАТИКА, КЛАСИЧНА АРХЕОЛОГИЈА: СТАРОГРЧКА И РИМСКА КУЛТУРА; РИМСКА ПРОВИНЦИСКА КУЛТУРА, АРХЕОЛОШКА КАРТОГРАФИЈА И ТОПОГРАФИЈА, НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата X редовна седница одржана на 14. 9. 2010 година (вторник), нè избра за референти по пријавата на д-р Виктор Лилчиќ, на конкурсот објавен во весникот „Дневник" на 2.9.2010 година, за избор за наставник (во сите звања), за научните области и предмети: општа археологија (вовед во археологија, методологија на кабинетските археолошки истражувања); нумизматика (раноантичка нумизматика, нумизматика на Рим и рана Византија); класична археологија: старогрчка и римска култура; римска провинциска култура (римска археологија 1, римска археологија 2 – на Република Македонија); археолошка картографија и топографија, на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за историја на уметноста и археологија. Со внимание ги прегледавме приложените документи и го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот д-р Виктор Лилчиќ е роден на 16. 5. 1956 година во Скопје, каде што го завршил основното и средното образование. Студирал на Филозофскиот факултет во Скопје, на Наставно-научната студиска група за историја на уметноста со археологија, каде што се стекнал со диплома историчар на уметност со археологија во 1979 година.

На 9.7.1986 година, на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, го одбранил магистерскиот труд на тема: „Античка градежна керамика во СР Македонија, Скупи, Стоби, Хераклеја и Стибера", пред Комисијата во состав: акад. проф. д-р Блага Алексова, проф. д-р Иван Микулчиќ и акад. проф. д-р Вера Битракова Грозданова.

На 8. 6. 2000 година, на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Белград (Република Србија), ја одбранил докторската дисертација на тема: „Архитектонска камена пластика во Република Македонија од I-VI век", пред Комисијата: проф. д-р Александрина Цермановиќ-Кузмановиќ, проф. д-р Александар Јовановиќ, проф. д-р Иван Ѓорѓевиќ и доц. д-р Сташа Бабиќ.

### Наставно-образовна дејност

Од летниот семестар (1.4.1987), кандидатот бил ангажиран како асистент за вежбите по предметот класична археологија (класична археологија 1, класична археологија 2). Од 21. 12. 1988 година, кандидатот бил ангажиран како асистент во настава за предметот вовед во историја на уметноста со археологија (од 1994 како посебни предмети: вовед во археологија и вовед во историја на уметност).

Од 22.2.2001 година, кандидатот бил избран за доцент по предметот класична археологија 2 (римска археологија) и вовед во археологија.

Од 23.2.2006 година, кандидатот бил избран за вонреден професор за научните области и предмети: вовед во археологија (вовед во археологија 1 и вовед во археологија 2, нумизматика: грчка и римска (раноантичка нумизматика и нумизматика на Рим и рана Византија), римска археологија и провинцијална (римска археологија 1 и римска археологија 2 – на Република Македонија) и методологија на кабинетските археолошки истражувања.

Вонр. проф. д-р Виктор Лилчиќ успешно ги изведувал предавањата и консултациите на студиите од втор степен по дициплините: теории и методологија на археолошките истражувања, полеогенеза, циркулација на монетите во античка Македонија, археологија на Македонија (римски царски период)

Во текот на извештајниот период, кандидатот В. Лилчиќ организирал, водел или учествувал во редовни и вонредни наставни и студиски посети на студентите на археолошките локалитети, музејските збирки и други специјализирани институции, каде што студентите се запознавале со античката археологија, нумизматика како и со помошните археолошки науки и дисциплини.

В. Лилчиќ предавал на летни археолошки школи и активно ги ангажирал студентите од сите наставни години на повеќето научноистражувачки проекти под негово раководство.

Неговата студија *Early Christian Cosmos*, Скопје 2007, 1-264, како дополнета и коригирана верзија на македонското издание под наслов „Ранохристијанска црква", Скопје, 2003 година, се користи во наставата по предметите: римска археологија 1, римска археологија на Република Македонија и ранохристијанска археологија на Институтот за историја на уметноста и археологија.

Во текот на извештајниот период, кандидатот бил ментор на 77 дипломски трудови. В. Лилчиќ бил член на комисиите за оцена или одбрана на 7 докторати на универзитетите во Скопје и Белград и при Институтот за национална историја во Скопје. Освен тоа кандидатот бил и член во комисиите за оцена или одбрана на 8 магистерски работи.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања (Универзитетски гласник бр. 138, 6, од јули 2009), кандидатот вонр. проф. д-р Виктор Лилчиќ, од наставно-образовната дејност остварил 78.355 поени и со тоа го надминал минималниот број поени (15) потребни за изборот во звањето редовен професор.

Научноистражувачка дејност

Во текот на извештајниот период, В. Лилчиќ успешно менторирал три докторати и пет магистратури.

Кандидатот бил раководител на осум национални истражувачки проекти: Античкото кралство Македонија во Република Македонија (2004-2009), Тврдините - ресурси за културниот развој на Полог (2009), Археолошко истражување на комплексот локалитети Висока и Старо Бонче (2005-2010), Археолошко истражување на комплексот локалитети Демир Капија – Корешница (2008), Археолошки катастар на тиквешкиот крај (2008), Археолошко истражување на Селиште, Вешје (2007), Археолошки катастар на старите градови и тврдини во Република Македонија (2010) и Археолошко истражување на локалитетот Градиште,

Црнобуки (2010). Како што се гледа, во текот на последните пет години, кандидатот уште поактивно ги концентрирал своите истражувања на античките градови и тврдини во Република Македонија. Тој очигледно, константно ги следи постојните информации во научната и стручната литература за проблематиката на античката полеогенеза и тоа не само во потесната археолошка, туку и етнографско-географска граѓа и пошироко, преку што доаѓа до местоположбите на античките градови и тврдини. Тој изведува активни теренски истражувања и документирања, кои без долго задржување ги публикува пред научната, културната и пошироката јавност. Истражувањата ги спроведува со евидентна амбиција за квантитативно и квалитативно осознавање на античката урбана и неурбана цивилизациска платформа на почвата на Република Македонија и ценејќи ја идејата на проектот „Археолошки катастар на старите градови и тврдини во Република Македонија“, согледуваме дека тој упорно ја крева бројката на старите градови и тврдини во Република Македонија со површински идентификувани културни стратуми. Преку неговите истражувања, конечно е убицирано античкото гратче Достонеи кај мариовското село Пештани. Но покрај тоа, преку неговите истражувања во Пелагонија сторен е голем исчекор на македонската археологија во контекстот на убикацијата на значајните антички градови Пелагонија и Линк, главните градски центри на античките кралства Пелагонија и Линкестида.

Во врска со степенот на истраженоста на полеогенетскиот (цивилизациски) антички материјал, се гледа дека заклучно со последниот петгодишен период, кандидатот го надградил нашето познавање на античките локалитети со цивилизациски карактер до 80 % на територијата на целата Република Македонија. Во погледот на истражувачката методологија што ја применува кандидатот, бележиме дека освен рекогносцирањата коишто тој ги издига на врвно истражувачко рамниште, комбинирајќи ги резултатите со историските и епиграфските извори при што доаѓа до стабилни научни хипотези, тој активно организирал и извел археолошки ископувања на повеќе археолошки локалитети каде што се наоѓаат остатоците од помали или поголеми антички градови: доцноантичкиот град на локалитетот Давина Кула во Скопско, античкиот град Стена кај Демир Капија, античкиот град Аударист кај Дреново во Средното Повардарје, античките градови кај селата Крушевица / Бонче, Прилепско и Црнобуки, Битолско.

Во контекстот на убикацијата на античкиот град Пелагонија, кандидатот реферирал на научните собири на Македонското археолошко научно друштво во Делчево (2006) и Кичево (2008) каде што ги посветил трудовите:

- *Историјатот на истражување и убицирање на античкиот и средновековен град Пелагонија*, Македонско наследство бр. 27, Скопје 2006, 22-27.
- *An Attempt for the Reconnaissance of the Town of Pelagonia,* Homage to Garashanin, SANU Beograd 2006, 593-605, T. I-VII;
- *Градот на Висока во VI век*, Културно наследство бр. 30-31/2004-2005, Национален конзерваторски центар, Скопје 2006, 7-17;
- *Диоскурите и градот Пелагониа*, Македонско наследство бр. 28. Скопје 2006, 62-67;
- *Early Numismatic Finds from three Pelagonian Towns,* Situla 44, Scripta praehistorica in honorem Biba Terzan, Ljubljana 2007, 849-861.

Во тој контекст се чини дека со истражувањата на В. Лилчиќ е сторен голем исчекор на македонската археологија во правецот на идентификацијата на античкиот град Пелагонија со богатите културни хоризонти на локалитетите Висока

(акропола) и Старо Бонче (долни град и некропола), со континуитет во текот на целата антика.

Со проблемот на убикацијата на античкиот град Линк, кандидатот се појави во научната литература со амбициозниот текст на археолошко топографската и секундарно историско-епиграфската студија за Линкестида и Девриоп, како и статијата *Размислувања околу убикацијата на Линк, Macedonia Acta Archaeologica*, бр. 19, Скопје 2009, 5 страници, 11 фусноти (во печат).

Монографската научноистражувачка студија за Линкестида и Девриоп е прва книга од амбициозно најавената едиција „Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија", што д-р Виктор Лилчиќ ја покренува во 2009 година, најавувајќи во предговорот наредни 16 томови во кои ќе ја изложи огромната граѓа на оваа материја до која тој дошол со сопствените теренски истражувања. Во првата книга, за првпат се изнесува прецизната лична карта на старите градови и тврдини од регионите на древните антички области Линкестида, Битолско (делот во Р. Македонија) и Девриоп (Демир Хисарскиот крај). Притоа, В. Лилчиќ ја коригира и ја уточнува границата помеѓу областите на античките Пелагонци, Девриопи и Линкести долж Древеничката планина, реката Еригон (Црна Река) и планинскиот предел североисточно над Скочивир, до каде што според него терминира интересот на Линкестите во рамките на нивната експанзија во Пелагонија. Освен тоа, кандидатот, врз база на големото познавање на локалната археолошка топографија на овој македонски дел, потоа на движните археолошки наоди од локалитетите, и во споредбена анализа на релевантните историски информации, изнесува предлог – реконструкција на воените дејствија од една воена кампања во рамките на римско-македонските војни, во подрачјето на Пелагонија. Тоа била кампањата на римскиот конзул Публиј Сулпикиј Галба против македонскиот крал Филип V, во областа на Линкестите, Девриопите и Пелагонците, од 199 година пред н.е. Запознавајќи се со оваа реконструкција, се чини дека В. Лилчиќ не доближува до идентификацијата на повеќе места споменати во 31-та книга од текстот на римскиот писател Тит Ливиј. Книгата Линкестида и Девриоп поседува извонредно полезен илустративен апарат, со плановите на сите стари градови и тврдини во регионот, нивните точни координати, древните патни комуникации, можностите за визуелна комуникација помеѓу истакнатите фортифицирани кастели и кули-спекули во функција на заштита на античката цивилизација на овој дел од Македонија.

На проблемите на античките фортификации во Република Македонија, кандидатот ги посветил трудовите:

- *Perseus "in ripa fluminis Axii posuit castra" (T. Livy, XLIV. 26. 2-12),* Histria Antiqua, 18, Medjunarodni istrazivacki Centar za arheologiju, Pula 2009, посветен на 40-годишнината на проф. д-р Весна Жирарди Јуркиќ;
- Три тврдини на македонските кралеви кај Демир Капија, Македонско наследство бр. 33, Скопје 2008, 2-26;
- *Стратегиско-визуелните вредности на доцноантичкиот кастел спекула Видим, село Куклица*, Кратовско, Музејски гласник бр. 5, Музеј на град Кратово 2009, 41-53;
- *Македонија во доцната антика*, во Македонија (40 страници, во печат).

Кандидатот ги третира проблемите на фортификациите од рапата и од доцната антика во Република Македонија, навлегувајќи продлабочено во процесуалноста, во археолошката топографија, местоположбите, функциите,

типологијата и класификациите на овие специфични воено-стратегиски објекти врз кои што била одржувана и заштитувана античката цивилизација на почвата на Република Македонија.

За проблемите на патните комуникации во антиката во Република Македонија, кандидатот публикувал и реферирал на два научни/стручни собира каде што ги посветил следниве трудови:

- *Der weg Audaristus – Neapolis*, Folia Archaeologica Balcanica, no. 1, посветен на акад. проф. д-р Вера Битракова Грозданова, Институт за историја на уметноста и археологија, Оддел за археологија, Скопје 2006, 185-203, T. I-XIII;
- *Пашош Аударисш – Неаџол*, Македонско наследство бр. 29, Скопје 2006, 48-68;
- *The Line of Via Egnatia and the Roadside Ancient Fortresses in the Republic of Macedonia,* Aeternitas Antiquitatis, Skopje 2010, 94-107.

Целокупниот научноистражувачки опус на кандидатот говори дека е тој голем познавач на античките патни траси во Македонија. Познатиот Егнатиски пат е познат, но В. Лилчиќ во својот прилог ги презентира податоците за доцноантичките крајпатни утврдувања што ја обезбедувале Егтиската магистрала во доцната антика како и за дилемите околу некои патни делници. Наспроти тоа, кандидатот, врз база на сопствените теренски и кабинетски истражувања и анализи, обелоденува егзистенција на досега непозната, локална патна линија помеѓу античките градови Аударист (Градиште, село Дреново) и Неапол во пределот на реката Бабуна (кај селата Извор или Стари Град).

Кандидатот и натаму се занимава со проблемите на античката архитектонска камена пластика и со ранохристијанските базилики. Споменатата студија *Early Christian Cosmos,* 2007, како дополнето издание на македонската верзија од 2003, со посредство на мултидисциплинарниот истражувачки метод на ранохристијанските сакрални објекти, преку архитектурата, архитектонската камена пластика, христијанската литургија, историјата на уметноста, нумизматиката, античката религија, историјата и симболиката, толкувањата и верувањата на античките луѓе во нивниот имагинарен егзистенцијален космос (поредок), ги чини достапни и за меѓународните научни, и за пошироките културни кругови.

Во трудот *Новооткриена средновековна црква кај Вешје, Неготинско,* Македонско наследство бр. 31, Скопје 2007, 26-36, кандидатот како коавтор, ги изнесува резултатите од археолошките ископувања на една средновековна црква подигната врз остатоците од еден храм и некропола од раноцарскиот период на локалитетот Селиште.

Стручниот труд *Ранохрисшијанска базилика кај Дреново,* Македонско наследство 34-35, Скопје 2009, 67-76, кандидатот како коавтор, говори за остатоците на досега непозната ранохристијанска црква, на просторот југоисточно од античкиот град Аударист.

Кандидатот реализирал мошне полезен студиски престој во Римско-германската комисија на Германските археолошки институти во Франкфурт на Мајна, а искуствата од престојот ги публикувал во текстот *Сшудиски џресшој во Römisch Germanische Komission des Deutschen Archäologischen Instituts,* дневник дел I, Македонско наследство бр. 31, Скопје 2007, 37-52.

На покана од Универзитетот во Белград, на Одделот за археологија на Филозофскиот факултет, кандидатот во мај 2006 година одржал предавање на темата „Доцноантичките фортификации во Западна Македонија".

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања (Универзитетски гласник бр. 138, 6, од јули 2009), кандидатот вонреден професор д-р Виктор Лилчиќ, од научноистражувачката дејност остварил 156 поени и со тоа го надминал минималниот број поени (10) потребни за изборот во звањето редовен професор.

Стручно – апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во рамките на стручно-апликативната дејност, кандидатот публикувал 39 енциклопедиски единици во Малата енциклопедија на Македонската академија на науките и уметностите, Скопје, 2009.

Кандидатот бил претседател на Комисијата за ревизија на елаборати за ревалоризација на збирки на движното и недвижното културно (археолошко) наследство при Министерството за култура на Република Македонија. Потоа бил член на експертски тимови за стручна оцена за конзервација и презентација на објектот Римски форум во Стоби, потоа член на комисијата за археолошкиот сегмент од изработката на хидросистемот Злетовица, како и член на жири-комисијата на конкурсот и одборот за подигање на спомен-обележје на револуционерот Ѓорче Петров во истоимената општина.

В. Лилчиќ бил рецензент за оцена на еден меѓународен и два домашни научноистражувачки проекта за Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Вонр. проф. д-р Виктор Лилчиќ е добитник и на престижната годишна награда и признание на општината Ѓорче Петров во 2009 година, за посебен општествен придонес во научноистражувачките активности во македонската археологија.

Во својство на уредник и режисер, В. Лилчиќ снимил две документарни емисии за античките локалитети во Пелагонија, емитувани во текот на 2010 година од страна на ТВ Сонце, Скопје.

Во рамките на активностите на книгоиздателството „Македонска цивилизација", В. Лилчиќ го уредува двојазичното научно списание Македонско наследство/Macedonian Heritage, во продолжение од 2006 до 2010 година. В. Лилчиќ е и претседател на невладината организација Центар за археолошки истражувања, Скопје.

В. Лилчиќ напишал повеќе колумни за весникот „Дневник", со содржини од научно-популарен, стручен, културен и поширок интерес, публикувани во 2006 година.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања (Универзитетски гласник бр. 138, 6, од јули 2009), кандидатот вонр. проф. д-р Виктор Лилчиќ, од стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес остварил 26,2 поена и со тоа го надминал минималниот број поени (5) потребни за изборот во звањето редовен професор.

Заклучок и предлог

Сумирајќи ја гореизложената наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес, сметаме дека, како солиден педагог и наставник, активен теренски работник во археологијата на Република Македонија, квалитетен практичар, документатор, кабинетски истражувач и воопшто сериозен научен работник, во изминатиот период од пет години, кандидатот вонр. проф. д-р Виктор Лилчиќ внел нови содржини во македонската и светска археологија.

Според тоа, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања (Универзитетски гласник бр. 138, 6, од јули 2009), кандидатот вонр. проф. д-р Виктор Лилчиќ постигнал вкупно 260,555 поени и со тоа го надминал минималниот број поени (40) потребни за изборот во звањето редовен професор.

Поради изнесените податоци, како членови на Рецензентската комисија, чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатот вонр. проф. д-р Виктор Лилчиќ, да биде избран во звањето редовен професор за научните области и предмети: општа археологија (вовед во археологија, методологија на кабинетските археолошки истражувања); нумизматика (раноантичка нумизматика, нумизматика на Рим и рана Византија); класична археологија: старогрчка и римска култура; римска провинциска култура (римска археологија 1, римска археологија 2 – на Република Македонија); археолошка картографија и топографија.

Членови на Комисијата

Акад. проф. д-р Вера Битракова Грозданова, с.р.
Проф. д-р Елица Манева, с.р.
Проф. д-р Драги Митревски, с.р.

Скопје 27. 9. 2010

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Виктор, Првољуб, Лилчиќ**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Филозофски факултет Скопје, Институт за историја на уметноста и археологија
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** општа археологија; нумизматика; класична археологија: старогрчка и римска култура; римска провинциска култура; археолошка картографија и топографија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| - | **Одржување настава од I циклус студии** | |
| 1 | Увод во археологија 2 (2+1), летен (II) семестар 2005/2006 | 1,44 |
| 2 | Раноантичка нумизматика (1+1), летен (IV) семестар 2005/2006 | 0,72 |
| 3 | Римска археологија 2 (Р. Македонија)(4+2), летен (VI) семест. 2005/2006 | 2,88 |
| 4 | Увод во археологија 1 (2+1), зимски (I) семестар 2006/2007 | 1,36 |
| 5 | Римска археологија 1 (4+2), зимски (V) семестар 2006/2007 | 2,72 |
| 6 | Методологија на кабинетски археолошки истражувања (2+2), зимски (V) семестар 2006/2007 учебна година | 1,36 |
| 7 | Нумизматика на Рим и рана Византија (1+1), зимски (VII) 2006/2007 | 0,68 |
| 8 | Увод во археологија 2 (2+1), летен (II) семестар 2006/2007 | 1,44 |
| 9 | Раноантичка нумизматика (1+1), летен (IV) семестар 2006/2007 | 0,72 |
| 10 | Римска археологија 2 (Р. Македонија)(4+2), летен (VI) семест. 2006/2007 | 2,88 |
| 11 | Увод во археологија 1 (2+1), зимски (I) семестар 2007/2008 | 1,36 |
| 12 | Римска археологија 1 (4+2), зимски (V) семестар 2007/2008 | 2,72 |
| 13 | Методологија на кабинетски археолошки истражувања (2+2), зимски (V) семестар 2007/2008 учебна година | 1,36 |
| 14 | Нумизматика на Рим и рана Византија (1+1), зимски (VII) 2007/2008 | 0,68 |
| 15 | Увод во археологија 2 (2+1) летен (II), семестар 2007/2008 | 1,44 |
| 16 | Раноантичка нумизматика (1+1), летен (IV) семестар 2007/2008 | 0,72 |
| 17 | Римска археологија 2 (Р. Македонија)(4+2), летен (VI) семест. 2007/2008 | 2,88 |
| 18 | Увод во археологија 1 (2+1), зимски (I) семестар 2008/2009 | 1,36 |
| 19 | Римска археологија 1 (4+2), зимски (V) семестар 2008/2009 | 2,72 |
| 20 | Методологија на кабинетски археолошки истражувања (2+2), зимски (V) семестар 2008/2009 учебна година | 1,36 |
| 21 | Нумизматика на Рим и рана Византија (1+1), зимски (VII) 2008/2009 | 0,68 |
| 22 | Увод во археологија 2 (2+1), летен (II) семестар 2008/2009 | 1,44 |
| 23 | Раноантичка нумизматика (1+1), летен (IV) семестар 2008/2009 | 0,72 |
| 24 | Римска археологија 2 (Р. Македонија)(4+2), летен (VI) семест. 2008/2009 | 2,88 |
| 25 | Увод во археологија 1 (2+1), зимски (I) семестар 2009/2010 | 1,36 |
| 26 | Римска археологија 1 (4+2), зимски (V) семестар 2009/2010 | 2,72 |
| 27 | Методологија на кабинетски археолошки истражувања (2+2), зимски (V) семестар 2009/2010 учебна година | 1,36 |
| 28 | Нумизматика на Рим и рана Византија (1+1), зимски (VII) 2009/2010 | 0,68 |

| | | |
|---|---|---|
| 29 | Увод во археологија 2 (2+1), летен (II) семестар 2009/2010 | 1,44 |
| 30 | Раноантичка нумизматика (1+1), летен (IV) семестар 2009/2010 | 0,72 |
| 31 | Римска археологија 2 (Р. Македонија)(4+2), летен (VI) семест. 2009/2010 | 2,88 |
| - | **Одржување настава од II циклус студии** | |
| 32 | Археологија на Република Македонија (римски царски период и доцна антика), летен семестер 7.5 часа, 2005/2006 | 0,375 |
| 33 | Полеогенеза (5 часа), 2005/2006 | 0,25 |
| 34 | Циркулација на монетите во античка Македонија (5 часа) 2005/2006 | 0,25 |
| 35 | Теории и методологија во археологијата, зимски семестар 2006/2007, 15 ч | 0,75 |
| 36 | Археологија на Република Македонија (римски царски период и доцна антика), летен семестер 7.5 часа, 2006/2007 | 0,375 |
| 37 | Полеогенеза (5 часа), 2006/2007 | 0,25 |
| 38 | Циркулација на монетите во античка Македонија (5 часа), 2006/2007 | 0,25 |
| 39 | Теории и методологија во археологијата, зимски семестар 2007/2008, 15 ч | 0,75 |
| 40 | Археологија на Република Македонија (римски царски период и доцна антика), летен семестар 7.5 часа, 2007/2008 | 0,375 |
| 41 | Полеогенеза (5 часа) 2007/2008 | 0,25 |
| 42 | Циркулација на монетите во античка Македонија (5 часа), 2007/2008 | 0,25 |
| 43 | Теории и методологија во археологијата, зимски семестар 2008/2009, 15 ч | 0,75 |
| 44 | Археологија на Република Македонија (Римски царски период и доцна антика), летен семестар 7.5 часа, 2008/2009 | 0,375 |
| 45 | Полеогенеза (5 часа), 2008/2009 | 0,25 |
| 46 | Циркулација на монетите во античка Македонија (5 часа), 2008/2009 | 0,25 |
| 47 | Теории и методологија во археологијата, зимски семестар 2009/2010, 15 ч | 0,75 |
| 48 | Археологија на Република Македонија (римски царски период и доцна антика), летен семестер 7.5 часа, 2009/2010 | 0,375 |
| 49 | Полеогенеза (5 часа), 2009/2010 | 0,25 |
| 50 | Циркулација на монетите во античка Македонија (5 часа), 2009/2010 | 0,25 |
| 51 | Ментор на дипломска работа, 2005/2006, 5 x 0,2 | 1 |
| 52 | Ментор на дипломска работа, 2006/2007, 20 x 0,2 | 4 |
| 53 | Ментор на дипломска работа, 2007/2008, 23 x 0,2 | 4,6 |
| 54 | Ментор на дипломска работа, 2008/2009, 16 x 0,2 | 3,2 |
| 55 | Ментор на дипломска работа, 2009/2010, 13 x 0,2 | 2,6 |
| 56 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат за кандидатите:<br>1. Марјан Јованов<br>2. Драгиша Здравковски<br>3. Бобан Петровски<br>4. Тони Филипоски<br>5. Марина Ончевска Тодоровска<br>6. Ирена Стефоска<br>7. Звонимир Николовски | 3,5 |
| 57 | Член на комисии за оцена или одбрана на магистратура:<br>1. Миша Ракоција<br>2. Ирена Теодора Петровска<br>3. Александра Папазовска-Санев<br>4. Горан Санев<br>5. Лилјана Шаламанов-Коробар<br>6. Сања Ивановска<br>7. Гордана Јанева<br>8. Анита Василкова | 2,4 |
| | **Вкупно** | 78,355 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација: „Антички светилки во Република Македонија“ (Антонио Јакимовски, на Филозофскиот факултет во Скопје) | 3 |
| 2 | Ментор на докторска дисертација: „Антиката во Брегалничкиот басен“ (Трајче Нацев, на Филозофскиот факултет во Скопје) | 3 |
| 3 | Ментор на докторска дисертација: „Оружјето во античкото кралство Македонија“ (Бошко Ангеловски, на Институтот за национална историја Скопје) | 3 |
| 4 | Ментор на магистерска теза: „Општество и романизација во Скупи низ епиграфските артефакти“ (Маја Басотова) | 1 |
| 5 | Ментор на магистерска теза: „Рановизантиските остави од Република Македонија во контекст на варварските упади“ (Маја Хаџи-Манева) | 1 |
| 6 | Ментор на магистерска теза: „Нумизматичка циркулација по долината на Брегалница во зрелата антика“ (Гордана Јанева) | 1 |
| 7 | Ментор на магистерска теза: „Доцноантичкиот град Баргала“ (Трајче Нацев) | 1 |
| 8 | Ментор на магистерска теза: „Римско оружје од 1 до 6 век и наодите од Република Македонија“ (Бошко Ангеловски) | 1 |
| 9 | Раководител на национален научен проект: „Античкото кралство Македонија во Република Македонија“ (2004-2009) | 6 |
| 10 | Раководител на национален научен проект: „Тврдините - ресурси за културно туристичкиот развој на Полог“ | 6 |
| 11 | Раководител на национален научен проект: „Археолошко истражување на комплексот локалитети Висока - Старо Бонче“ (2005-2010) | 6 |
| 12 | Раководител на национален научен проект: „Археолошко истражување на комплексот локалитети Демир Капија – Корешница“ (2008) | 6 |
| 13 | Раководител на национален научен проект: „Археолошки катастар на Република Македонија - Неготино и Кавадарци“ (2008) | 6 |
| 14 | Раководител на национален научен проект: „Археолошко истражување на локалитетот Селиште, село Вешје“ (2007) | 6 |
| 15 | Раководител на национален научен проект: „Археолошки катастар на старите градови и тврдини во Република Македонија“ (2010) | 6 |
| 16 | Раководител на национален научен проект: „Археолошко истражување на локалитетот Градиште, Црнобуки“ (2010) | 6 |
| 17 | Монографија: *Линкестида и Девриоп*, Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија, том I, Скопје 2009, 1-232. | 8 |
| 18 | Монографија: *Early Christian Cosmos*, ed. Macedonian civilization, Skopje 2007, 1-264. | 8 |
| 19 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: „Историјатот на истражување и убицирање на античкиот и средновековен град Пелагонија“, (Македонско наследство/Macedonian | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Heritage), бр. 27, Скопје 2006, 22-2. | |
| 20 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *The History of Research and Ubiquity of the Antique and Mediaeval City of Pelagonia*, (МН/МН) Vol. 27, Skopje 2005, 22-28. | 4 |
| 21 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *Градот на Висока во 6 век*, Културно наследство, бр. 30-31/2004-2005, Национален конзерваторски центар, Скопје 2006, 7-17. | 4 |
| 22 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *Диоскурите и градот Пелагонија/ Dioscuri and the town Pelagonia* (МН/МН), бр. 28, Скопје 2006, 62-67. | 4 |
| 23 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *Патот Аударист - Неапол / The Road Audaristus - Neapolis* (МН/МН), бр. 29, Скопје 2006, 48-68. | 4 |
| 24 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *Новооткриена средновековна црква кај Вешје / New discowery, a mediaeval church at the village Veshje*, Неготинско (МН/МН), бр. 31, Скопје 2007, 26-36. | 4 |
| 25 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *Три тврдини на македонските кралеви кај Демир Капија / Three Fortresses of the Macedonian Kings at Demir Kapija*, (МН/МН), бр. 33, Скопје 2008, 2-26. | 4 |
| 26 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *An attempt at reconnaissance of the town of Pelagonia*, во: Археолошките откритија на почвата на Македонија, Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија (Прилози), кн. 18, МАНУ, Скопје 2008, 441-456. | 4 |
| 27 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *Via Egnatia Lihnid - Resen*, во: Археолошките откритија на почвата на Македонија, Прилози кн 18, МАНУ, Скопје 2008, 541-550. | 4 |
| 28 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *Римско-дорскиот ред во Македонија*, во: Археолошките откритија на почвата на Македонија, Прилози кн 18, МАНУ, Скопје 2008, 593-607. | 4 |
| 29 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *Стратегиско-визуелните и сигнални вредности на Доцноантичкиот кастел - спекула Видим, село Куклица, Кратовско*, Музејски гласник бр. 5, Музеј на град Кратово, Кратово 2009, 41-53. | 4 |
| 30 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: *Ранохристијанска базилика кај село Дреново / Early Christian Church at the village of Drenovo*, (МН/МН), бр. 34-35, Скопје 2009, 67-76 (коавтор). | 4 |
| 31 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: . Via Egnatia Revised (Via Egnatia Foundation, Conference Bitola, February 2009), Skopje 2010: V. Lilcik, Via Egnatia in the Republic of Macedonia, 24-32. | |
| 32 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Информација од работите на проектот „Античкото кралство Македонија во Република Македонија", Македонски археолошки преглед бр. 1, Министерство за култура, УЗКНС, Скопје 2008, 65-74 (двојазично македонски, англиски). | |
| 33 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: Early Numismatic Finds from Three Pelagonian Towns, **Situla** 44 Scripta praehistorica in honorem Biba Terzan, Ljubljana 2007, 849-861. | 4 |
| 34 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Perseus "in ripa fluminis Axii posuit castra" (T. Livy, XLIV, 26.2-12)*, **HISTRIA** | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | **ANTIQUA**, 18, posvecen 40-toj obljetnici profesor d-r Vesne Girardi Jurkic, Medjunarodni Istrazivacki Centar za Arheologiju, Pula 2009. (Одбор: H. Buschausen /Vienna/, V.Girardi /Pula/, E. Marin /Split/, R. Matijasevic /Pula/, A. Rendic-Miocevic /Zagreb/, I. Roda /Barselona/, G. Rosada /Padova/, F. Tassaux /Bordeaux/. | |
| 35 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: *Der Weg Audaristus-Neapolis*, списание **Folia Archaeologica Balcanica** No 1, посветен на професор д-р Вера Битракова Грозданова, Институт за историја на уметноста и археологија, Оддел за археологија, Скопје 2006, 185-203, Т. I-XIII. (Одбор: Т. Гоцевски /Скопје/, Б. Алексова /Скопје, Ј. Боузек /Прага/, М. Заниновиќ /Загреб/, М. Тачева /Софија/, Н. Цека /Тирана/, А. Јовановиќ /Белград/, Е. Манева /Скопје/, Д. Митревски /Скопје/. | 6 |
| 36 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови: *An Attempt for the Reconnaissance of the Town of Pelagonia*, Homage to Garashanin, Зборник посветен на академик Милутин Гарашанин, САНУ, Белград 2006, 593-605, Т. I-VII. | 2 |
| 37 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: *The line of Via Egnatia and the Roadside Ancient Fortresses in the Republic of Macedonia*, Aeternitas Antiquitatis, Skopje 2010, 94-107. (Одбор: A. Reitermayer /Austria/, C. Laes /Belgium/, E. Ermolaeva /Russia/, J. Bagaric /Croatia/, M.C. Haller Aelig /Switzerland/, V. Dimovska /Macedonia/, E. Dzukeska /Macedonia/). | 3 |
| 38 | Секциско предавање на научен/стручен собир: МАНД, Делчево 2006: Обид за убикација на градот Пелагонија. | 1 |
| 39 | Секциско предавање на научен/стручен собир: МАНД, Кичево 2008: Три раномакедонски тврдини кај Демир Капија. | 1 |
| 40 | Секциско предавање на научен/стручен собир: МАНД, Кичево 2008: Нови моменти околу убикацијата на градот Пелагонија. | 1 |
| 41 | Секциско предавање на научен/стручен собир: Институт за старословенска култура - Прилеп, симпозиум „Мариовско-мегленски културни релации, хотел Валида - Прилеп: Античкиот град на Висока и околните тврдини. | 1 |
| 42 | Секциско предавање на научен/стручен собир: Via Egnatia Foundation, Conference Bitola, February 2009 (хотел Молика): Via Egnatia in the Republic of Macedonia. | 1 |
| 43 | Секциско предавање на научен/стручен собир: Association of Classical Philologists - ANTIKA, Conference, Skopje August 28, 2010: The Line of Via Egnatia and the roadside ancient Fortresses in the Republic of Macedonia. | 1 |
| 44 | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет: Универзитет во Белград, Република Србија, 2006 година, на Институтот за археологија, Доцноантички фортификации во Западна Македонија. | 3 |
| | **Вкупно** | 156 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Поглавје во книга: 26 единици во Мала енциклопедија, 1 (А-Љ), МАНУ, Скопје, 2009, 28, 116, 128, 223, 236, 243, 264-265, 300-301, 326, 364, 375- | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 376, 388, 388-389, 389, 420-421, 421, 423, 461, 490, 490-491, 531, 605, 681, 715, 736. | |
| 2 | Поглавје во книга:<br>13 единици во Мала енциклопедија, 2 (М-Ш), МАНУ, Скопје, 2009, 822-823, 843, 928, 936, 948, 1128, 1047,1171, 1268, 1273, 1456, 1583. | 3 |
| 3 | Поглавје во книга:<br>*Архитектонска камена пластика во Република Македонија - ранохристијански период*, во 2000 години христијанство, Каламус Скопје 2000, 1-18.<br>*Architectural stone plastic in the Republic of Macedonia from the EarlyChristian period*, "2000 years of Christianity like a Art origins and inspiration in the soil of Macedonia" in edition of Calamus, Skopje 2006, 1-18. | 3 |
| 4 | Експертски активности:<br>Рецензент на меѓународен научноистражувачки проект: Archaeological excavations of the site Stranata, village Angelci, Струмица при Министерството за образование и наука на Република Македонија (раководители: д-р Драгиша Здравковски и д-р Малгорзата Гребска-Кулов) | 1 |
| 5 | Експертски активности:<br>Рецензент на проект: Пајонија - населби, некрополи и движни наоди во Брегалничкиот басен, за Министерството за образование и наука на Република Македонија (Институт за историја со археологија на Универзитетот „Гоце Делчев", Штип, раководител: д-р Звонимир Николовски) | 1 |
| 6 | Експертски активности:<br>Рецензент на проект: Раното христијанство во Брегалничкиот басен, за Министерството за образование и наука на Република Македонија (Институт за историја со археологија на УГД - Штип, раководител: д-р Трајче Нацев) | 1 |
| 7 | Експертски активности:<br>Претседател на Комисијата за ревизија на елаборати за ревалоризација на збирки на движно културно наследство, при Министерството за култура на Република Македонија, Решение бр. 41-6043/7 од 1.8.2008. | 1 |
| 8 | Експертски активности:<br>Претседател на Комисијата за ревизија на елаборати за ревалоризација на збирки на движно културно наследство, при Министерството за култура на Република Македонија, Решение бр. 47-247/3 од 14.1.2009. | 1 |
| 9 | Експертски активности:<br>Претседател на Комисијата за ревизија на елаборати за ревалоризација на збирки на движно културно наследство, при Министерството за култура на Република Македонија, Решение бр. 11-2488/2 од 14.8.2009. | 1 |
| 10 | Експертски активности:<br>Претседател на Комисијата за ревизија на елаборати за ревалоризација на збирки на движно културно наследство, при Министерството за култура на Република Македонија, Решение бр. 29-5681/3 од 14.2.2009. | 1 |
| 11 | Експертски активности:<br>Член на Комисијата за ревизија на елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство, - споменичка целина Архео-Астрономски локалитет - Кокино, општина Старо Нагоричане, со Решение бр. 29-604/2 од 21.1.2010, при Министерството за култура на Република Македонија. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Експертски активности:<br>Член на стручен тим за донесување на стручна оцена и мислење за крајна конзервација и презентација на објектот Римски форум во Стоби, при НУ археолошки локалитет Стоби, со Решение бр. 03-68/1 од 27.4.2010. | 1 |
| 13 | Експертски активности:<br>Член на Комисијата за следење на работите на заштитните археолошки ископувања на локалитети загрозени со изградбата на повеќенаменскиот хидросистем Злетовица, со Решение бр. 0801/245/2 од 1.11.2007, при НУ Завод и Музеј Штип. | 1 |
| 14 | Член на национална жири-комисија:<br>Член на Комисијата и Одборот на конкурсот за подигање на спомен-обележје за значењето и почитта на личноста и делото на револуционерот Ѓорче Петров, со Одлука бр. 07-2394/7 од 27.8.2009, при општината Ѓорче Петров. | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 15 | Уредник на двојазично научно списание „Македонско наследство" / Macedonian Heritage, издавач: Македонска цивилизација - Скопје | 0,5 |
| 16 | Стручни награди и признанија:<br>Носител на годишна награда Ѓорче Петров за 2009 година, повод - празникот на Општината Ѓорче Петров, 28 јуни. | 5 |
| 17 | Студиски престој во странство:<br>септември 2006, во Römisch-Germanische Kommission des Deutschen Archäologischen Instituts, Германија. | 0,5 |
| | Член на комисија за избор во звање:<br>(д-р Никос Чаусидис, 2007) | 0,2 |
| | **Вкупно** | 26,2 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **78,355** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **156** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **26,2** |
| **Вкупно** | **260,555** |

**Членови на Комисијата**

1. Акад. Вера Битракова Грозданова, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Елица Манева, член, с.р.
3. Проф. д-р Драги Митревски, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *ЈАЗИЧНИ ОСОБЕНОСТИ НА ТУРСКАТА ПРОЗА ВО СПИСАНИЕТО „СЕВИНЧ" ВО ПЕРИОДОТ ОД 1950 ДО 2003 ГОДИНА*, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ХУЛИЈА ДАУТ СКУКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата седма редовна седница одржана на 2.6.2010 година, избра Рецензентска комисија во состав: д-р Хамди Хасан, редовен професор, д-р Мустафа Озкан, редовен професор, д-р Ниметуллах Хафиз, редовен професор, д-р Џеват Гега, редовен професор и д-р Зихни Османи, редовен професор, за оцена на докторската дисертација под наслов: ***Јазични особености на турската проза во списанието „Севинч" во периодот од 1950 до 2003 година***, изработена од м-р Хулија Даут Скука. д-р Џеват Гега од здравствени причини не беше во можност да биде член на оваа Комисија. Поради тоа, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата десетта редовна седница одржана на 13.10.2010 година, ја избра д-р Теута Арифи, вонреден професор, за член на Рецензентската комисијата за оцена на докторската дисертација изработена од м-р Хулија Даут Скука. Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, слободни сме да му го доставиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Лингвистичките проучувања во билингвалните, трилингвалните и повеќелингвалните средини, каква што е Македонија, претставуваат интерес не само за балканската лингвистика туку и за турската, европската и светската лингвистика воопшто. Поаѓајќи од ваквата состојба, од триесеттите години на минатиот век, на територијата на Македонија на ова поле се направени повеќе истражувања од страна на домашни и странски истражувачи. Но, досегашните истражувања главно се однесуваат на говорниот јазик и ги опфаќаат турските говори додека пишуваниот јазик, освен во некои поситни и попатни осврнувања на одделни автори, не бил предмет на некое посебно проучување.

Во рамките на бројни можни социолингвистички насочувања, што состојбата на турскиот јазик во Македонија како предмет ни го нуди, авторката своето внимание првенствено го сосредоточува на прикажување на вистинските функционални дистрибуции на морфолошко-синтаксичките девијации на турскиот јазик во турскиот печат конкретно, во списанието „Севинч", што произлегуваат од сложената слоевитост, т.е. од интеракцијата на општествената и јазичната структура.

Докторската дисертација ***Јазични особености на турската проза во списанието „Севинч" во периодот од 1950 до 2003 година***, изработена од м-р Хулија Даут Скука, е труд кој содржи 413 страници компјутерски текст. Трудот е конципиран и поделен на следниве делови: **1. *Предговор*** (стр. 2 - 6); **2 *Вовед*** (стр. 7 -12); **3.** Прв дел - Морфологија (стр.13 - 40); Наставки **4. *Деривативни наставки*** (стр. 40-87); **5. *Дези-***

***ненцијални или инфлексивни наставки***; **6.** Полнозначни зборови – ***Придавки*** (стр. 90-113); **7** ***Прилози*** ( стр.113 -122); **8.** ***Глаголи и зборови со глаголско потекло*** (стр. 122-177); **9.** ***Семантички, темпорални и функционални промени кај глаголскиот начин*** (стр. 155 -200); **10.** Втор дел - Синтакса (стр.200-281); **11.** ***Заклучок*** (стр. 281-295); **12.** ***Апликативен дел и библиографија*** (стр. 295-407): А) *Индекс на реченици со повеќе грешки*; Б) *Индекс на кратенки и акроними*; В) *Речник на погрешно употребени зборови*; Г) *Илустративен материјал од истражувани текстови*; Д) *Библиографија*, и Ѓ) *Резиме на странски јазици.*

**1.** Во ***Предговорот***, авторката ги изложува основните поставки на истражувањето во однос на предметот и целите, на методологијата како и на структурата на изготвената докторска дисертација. Имајќи го предвид значењето на пишуваниот јазик за Турците во Македонија, а во функција на утврдување, анализа, објаснување и корекција на јазичните грешки, м-р Хулија Даут Скука си поставува за цел да ги истражува јазичните особености во списанието „Севинч", објавено во периодот помеѓу 1950 и 2003 година. Како извор за своето истражување го избрала списанието „Севинч" бидејќи во ова списание во текот на скоро пет и пол децении се објавувани текстови речиси од сите турски автори на Македонија.

**2.** Во ***воведниот*** дел на трудот се дава опис на состојбата и условите пред и по појавата на списанието „Севинч", кои имале примарно влијание на турскиот јазик и последиците кои настанале како резултат на таквото влијание. Како една од главните причини за настанатата појава се наведува фактот што авторите на материјалот што е предмет за проучување, поради околностите во кои се наоѓале, биле препуштени сами на себе без контакти со надворешниот свет и својата изворна литературна традиција. Со други зборови, споменатите автори биле принудени да започнат литература која има свое вековно минато.

Во истражувањето се проучуваат прашања кои произлегуваат од допирот на македонскиот и другите словенски и несловенски јазици од една страна и турскиот јазик, како и на тешкотиите со кои се соочуваат билингвалните Турци при преведување на текстови од македонскиот или другите словенски јазици од истата средина.

## I. ДЕЛ

### *3. Морфологија*

Во овој дел од трудот се разгледуваат интерферентните појави меѓу турскиот и македонскиот јазик, кои можат да бидат еднонасочни и двонасочни и двопасочни. Еднонасочните влијанија во дадениот случај се:

- примарниот (турски) јазик влијае на секундарниот (македонскиот);
- секундарниот (македонскиот) влијае на примарниот (турскиот)

Под двонасочно влијание се подразбира заедничко влијание на јазиците – еднакво влијаат еден на друг. Така, периодот од Втората светска војна е обележен со јазични влијанија от типот 1 и 3 кога турскиот јазик бил главно извор за заемување, додека во повоениот период се зборува првенствено за влијанија од втор тип, односно кога извор за заемување претставуваат македонскиот јазик и другите словенски јазици. Јазичните контакти во Македонија пред ослободувањето се случувале главно

на нивото на нестандардизираниот македонски јазик, додека повоените на ниво на говорниот и писмениот стандард, како и на ниво на стандардизираниот говорен јазик.

Јазичните интерференции на македонскиот со турскиот јазик се јавуваат и се остваруваат на фонолошко, лексичко-семантичко и морфолошко-синтаксичко ниво. Лексичките заемки се најчест вид интерференции бидејќи тие се можни и меѓу јазици кои се типолошки различни. Обемот на интерференцијата во голема мера зависи од тоа дали се во прашање типолошки слични јазици. И покрај тоа што Меилет смета „дека граматичките системи на два јазика... се недостапни еден на друг, според Мирјана Теодосиевиќ, „современите лингвистички истражувања докажале дека нема граници кои би можеле да ги спречат лингвистичките интерференции меѓу јазиците кои се во контакт еден со друг". На тој начин моделот на рамноправна повеќезначност, кои е карактеристичен за нашата општествена мултијазична средина, го олеснил продорот на македонските елементи во типолошки сосема различен турски јазик. И покрај тоа што на еден релативно мал географски простор се вкрстиле две сосема спротивни јазични струи, овде секако не може да стане ни збор за зачеток на еден мешан јазик.

## НАСТАВКИ

### 4. *Деривативни наставки*

Меѓу зборовите образувани со овие наставки се укажува на голем број семантички и морфолошки девијации. М-р Хулија Даут Скука, во оваа глава ги контрастира меѓујазичните синоними во македонскиот и турскиот јазик од формален и семантички аспект. Истражувањето на авторката во овој поглед покажува дека некои зборови добиле некои нови, односно погрешни значења, различни од своето вистинско значење и така ја отежнуваат или наполно ја губат смислата на реченицата. Така, на пример, наместо "***haberi*** (информацијата) "се употребува зборот: "***sözleri*** (зборовите) или ***tanımıyordu*** (не познаваше) > ***bilmiyordu*** (не знаеше); ***aynen*** (буквално така) > ***aynı*** (исто); ***yük arabası*** (товарно возило) > ***yükleme arabası*** (возило за товарење); ***pijamalarını çıkarıp*** (извади пижамите) > ***pijamalarını çekip*** (*тргне пижамите*); ***arkadaşlarıyla buluştu*** (*се срешна со другарите*) > ***arkadaşlarıyla birleşti*** (се соедини со другарите); ***iki dakika geçmedi*** (*не поминаа две минути*) > ***iki dakika gitmedi*** (не отидоа две минути); ***iade ederim*** (го враќам) > ***çeviririm*** (го превртувам); ***otları yoluyordu*** (ја кубеше тревата) > ***otları çıkarıyordu*** (ја вадеше тревата) итн.

Овие и сличните девијации настапале, како што подвлекува м-р Скука, под влијание на македонскиот јазик, недоволната филолошка стручност на авторите на текстовите во кои понекогаш избива на површина нестандардизираниот говорен турски или во текстовите им се поткрадуваат некои конструкции од македонскиот јазик.

Во ова поглавје, пак, од горенаведените причини, подвлекува кандидатката, има појави на употреба на консонант во интервокална позиција, како на пример: ***haini*** > ***hayini*** (предавникот) или обезвучување кај заемките од странско потекло коишто во турскиот јазик по правило не подлежат на вакви измени: ***kanape*** > ***kanabe*** (канабе, кауч) итн. И на крајот повторно во истата глава се подвлекуваат редун-дантните зборови кои од исти причини без никаква функција се употребуваат голем број на реченици. Меѓу позачестените зборови од овој вид, Скука ги наведува зборовите како што се: ***olarak***(како), ***doğru***(право), ***oldukça*** (мошне), ***hemen*** (веднаш), ***hepsi*** (сите),

***henüz*** (уште, се уште), ***bu kalabalık içinde*** (во овој метеж), ***bana öyle geliyor*** (ми се чини) итн.

Деривативните наставки во дисертацијата на м-р Хулија Скука се изработени многу исцрпно. Тие се изложени во четири големи групи:

1) *деноминативни наставки за номинализација*
2) *деноминативни наставки за вербализација*
3) *девербални наставки за номинализација*
4) *девербални наставки за вербализација*

Во дисертацијата, вкупно гледано, наведени се 24 деноминативни наставки за номинација, кои се дадени со сите нивни варијанти. Најзачестените девијации настанале при употребата на деноминативните наставки **-lı, -li, -lu, -lü.** Деноминативните наставки за вербализација се во помал број, односно вкупно се наведени 4. Од нив, најфункционална е наставката **-la/-le**, која е главно својствена на формата на реципроцитатив: **güzel + le + n + mek (güzelle+ ş + mek.** Девербалните наставки за номинализација се во најмал број. Од нив во трудот е употребена само наставката **-k**, со варијациите (-ık, -ik, -uk,-ük): **acı-k, ası-k.** Девербалните наставки за вербализација се многу фреквентни во турскиот јазик. Но, во трудот погрешни деривации со оваа наставка не се евидентирани.

***5. Дезиненцијални или инфлексивни суфикси***

Дезиненцијалните суфикси во споредба со деривативните суфикси се многу пофреквентни. Овие суфикси, и во трудот на м-р Хулија Даут Скука со своите девијации се најевидентни. Овие суфикси кандидатката ги дели на две групи: 1) номинални дезиненцијални суфикси и 2) девербални дезиненцијални суфикси. Од номиналните дезиненцијални суфикси кои во турскиот јазик се делат на пет групи: а) *падежни суфикси*; б) *присвојни суфикси*; в) *релативен суфикс*; г) *суфикси за образување множина* и д) *суфикси за образување прашална форма*, со оглед на тоа дека во материјалот што е предмет на истражување не биле евидентирани девијации од друг тип, кандидатката своето внимание главно го фокусира на првите три категории.

Падежните, присвојните и прономиналните суфикси го сочинуваат фундаменталниот и најесенцијалниот дел на темата. М-р Хулија Д. Скука со голема акрибија ја проучува категоријата на падежите и многу успешно ги разоткрива сите девијации, кои настанале во ова сфера. Исцрпно проучениот материјал со конкретни примери, кои се ексцерпирани од оригиналните написи на самите автори, ги расветлува причините, кои довеле до таквата состојба. Најголемиот број девијации се направени во однос на падежите, кои поред својата фреквентност можат да се распоредат на следниов начин: Најфреквентни девијации се утврдени во однос на употребата на датив, т.е. наместо датив е употребена падежната наставка за локатив и тоа најзачестена погрешна комбинација се констатира во употребата на локатив место ***dativ > lokativ***, потоа во другите комбинации овој однос опаѓа: ***akuzativ > dativ; dativ > instrumental; dativ > akuzativ;dativ > abulativ; akuzativ > abulativ; akuzativ > nominativ; dativ > nominativ.***

## II. ПОЛНОЗНАЧНИ ЗБОРОВИ

### 6. *Придавки*

Во граматичката класификација на зборовите, како во турскиот така и воопшто, придавките во функција на атрибут се слабо разграничени од другите видови зборови кои исто така можат да имаат функција на атрибут. На тој начин некои посебни групи на придавки понекогаш се сврстуваат и: а) броеви, посебно редни, збирни и др.; б) заменски придавки, глаголски придавки или партиципи. Со оглед на тоа што придавките, во принцип, многу лесно и без морфолошко преобликување можат да се супстантивираат, на пр: güzel „убав, убавичок, убавица", çalışkan „работлив, трудољубив", тие се употребуваат со дескриптивна и квалификативна функција за опишување на својствата на живите суштества. Меѓутоа, м-р Хулија Д. Скука, меѓу текстовите на списанието „Севинч" забележува интересни појави во кои придавките со својата атрибутивна функција наместо пред именките на живи суштества, се јавуваат пред именките од мртва природа: ... *bu* ***okul*** *artık* ***isteksiz neşesiz*** *geliyordu* „ова училиште доаѓаше без желба, без радост".

Во истата глава, меѓу другото, се укажува на други девијации од компаративна природа, меѓу кои: погрешна употреба на компаратив, суперлатив, степенување, детерминативни атрибути, броеви во атрибутивна функција, употреба на неодредени атрибутивни заменки наместо дистрибутивни броеви итн. Употребени основни броеви наместо редни броеви; атрибутивна конструкција/синтагма; хармонија и дисхармонија меѓу придавки и именки во атрибутивна конструкција синтагма итн.; дисхармонија меѓу придавка и именка во конструкциите составени со неодредени атрибутивни заменки. Во оваа подзаглавие, со конкретни примери се фундирани сите девијации и отстапки од граматичките правила. Во овој поглед, најмасовни се грешките во однос на бројот, при што се констатира дека употребата на плурал место сингулар е најзачестена појава: ***birçok metali > birçok metalleri; çok defa > çok defalar; pek çok sevincimiz > pek çok sevinçlerimiz***; итн.

На слични појави кандидатката укажува и кај личните заменки во кои трето лице еднина честопати се заменува со прво лице еднина: ***kıskandı onu > kıskandı buna; onunla > bununla; onu > bunu; oysa > buysa; ondan > bundan*** итн. Во истите примери се сретнуваат и други грешки во поглед на падежите, во кои акузатив постојано се заменува со датив и како резултат на тоа се добива реченица со сосема друга денотација.

### 7. *Прилози*

Во ова поглавје авторката се осврнува на прилозите за состојба, својства и попатни околности (***Niteleme-Durum Belirteçleri***) кои имале силно влијание врз јазикот и стилот на турските автори во списанието "**Sevinç**". Оваа влијание е толку големо што во оваа сфера се употребувани и калки од македонскиот јазик: ***öyle de –*** "и така" ( ***öyle de laf çevirmezdi ona*** - и така не му возвраќаше); bununla- "со ова" сосема неадекватни препозиции како што се на пр.: ***Böylece*** "на тој начин" наместо: ***bu yüzden*** „поради тоа" итн. На слични влијанија укажува и кај останатите прилози, глаголи и другите видови зборови.

## 8. *Глаголи и зборови со глаголско потекло*

*Сложени глаголи - дијатеза*

Од морфолошки аспект гледано, во материјалот кој бил предмет на разгледување и проучување, најголеми пропусти и девијации се забележани во областа на глаголите, а посебно во употребата на помошните глаголи за создавање сложени времиња, композитни или сложени глаголи, форми на перифрастични конјугации во кои спаѓаат и супстантивните глаголи: **imek** - "е", **olmak** "е", **etmek** "прави, врши"

Кај глаголите се укажува на семантички грешки во однос на препишување карактеристики на живи суштества на други суштества од нежива природа: ***Tren süratle yürüyor*** – возот брзо пешачи на место: ***Tren süratle yol alıyor*** - возот брзо оди. Глаголот **yürümek** – "пешачи" во турскиот јазик може да значи и "оди", но за човек, стока итн. а, во никој случај за превозно средство. Како слични примери од овој тип кандидатката ги наведува и примерите:

- погрешна употреба на глаголи добиени со деноминални наставки за вербализација: **rica+da bulunmak > yalvar+ma+da bulunmak**; ***Size bir ricada bulunacağım*** "имам една молба до вас" **>** ***Size bir yalvarmada bulunacağım*** "Имам едно молење за бас"; ***yoksun kalmak > ayrı kalmak*** итн.

- погрешна употреба на нецеситатив за сегашно време наместо сложени или композитни глаголи со прва компонента во апсолутен падеж: ... ***tanımalıyım ki o benden fazla çalışır*** ... "... *треба да познавам* дека тој од мене повеќе учи..." ***itiraf etmeliyim ki o benden fazla çalışır*** "...*морам да признам* дека тој од мене повеќе учи..."

- погрешна употреба на сложени глаголи наместо прости глаголи: ***Sokaktaki yolcuların gürültüleri gittikçe daha net oluyordu***. "Вревата на патниците на улица *беше сѐ по јасна*" ***Sokaktaki yolcuların gürültüleri gittikçe daha netleşiyordu.*** "Вревата на патниците на улица *стануваше сѐ појасна*".

- погрешна употреба на прости наместо сложени глаголи: ***... bir tane ödünç ver bana, büyüdüğüm zaman çeviririm*** " ... позајми ми едно кога ќе пораснам *ќе ви го (с)вртам*"... ***bir tane ödünç ver bana, büyüdüğüm zaman iade ederim*** "... позајми ми едно кога ќе пораснам ***ќе ви го вратам (назад)*".** Кандидатката, како аргументација за споменатите девијации, во својата дисертација наведува повеќе примери на глаголи од овој тип.

- погрешна употреба на пасив наместо актив: ***Faşistlerin ... kardeşlerimizi nasıl sıradan dizildiklerini ... unutmayacağız*** "...нема да заборавиме како Фашистите *ги биле стрелани* нашите браќа" ***... kardeşlerimizi nasıl sıradan dizdiklerini ... unutmayacağız*** " "...нема да заборавиме како фашистите *ги стрелале* нашите браќа". Во оваа глава кандидатката укажува и на други девијации од типот: употреба на пасив наместо повратен глагол или, пак, повратен или пасив наместо реципрочен глагол, итн., кои исто така ги коментира и ги илустрира со конкретни примери, подвлекувајќи на крајот дека ваквата состојба настанала како резултат на непосредното влијание на македонскиот и другите словенски јазици на кои се школувале турските автори.

Во овој поглед, подвлекува кандидатката, секако не треба да се испушти и влијанието на литературните текстови и дела од југословенската и светската литература кои ги читале главно во македонски или српскохрватски превод.

### 9. *Семантички, темпорални и функционални промени кај глаголски начин*

М-р Хулија Д. Скука во својата теза подвлекува дека системот на индикативните глаголски форми на турскиот јазик, меѓу другото, е карактеристичен и по тоа што некои негови членови со својот семантички потенцијал ја опфаќаат и категоријата на модалност, со чија помош, без да се воведат посебни модални зборови, можат да изразуваат различни модалитети со што се искажува односот на говорителот спрема содржината на изреченото. Од ова произлегува дека турските партиципи во принцип се синкретички глаголски форми кои семантички ги опфаќаат и темпоралните и модалните значења. Авторката во својот материјал, што и бил предмет на проучување, и во овој поглед укажува на голем број девијации кои според неа резултираат од истите причини што беа истакнати во претходните поглавја. Како по карактеристични примери од овој вид се изделуваат отстапките во кои презентот, футурот, имперфектот се заменуваат со имперфект, дуративна форма на имперфект на **"- (i) yor-du"**, **"-di"**, и **"-miş"** на дуративна форма на **"-makta"**, **"-mekte"**, итн. како нпр.:... şimdi bile utanıyor ***kızıyorum.*** "дури и сега се срамам, (и) се нервирам" ***>... şimdi bile utanıyor kızıyordum.*** "дури и сега се срамев , (и) се нервирав"; ***günün birinde ... rol oynayacak*** "еден ден ... ќ е игра улога" ***> günün birinde ... rol oynamaktadır*** "еден ден ... игра улога" итн.

М-р Хулија Д. Скука на исти и слични состојби укажува и во однос на употребата на инфинитивите, при што суфиксите за реципроцитатив: ("**-ış**","**-iş**", "**-uş**","**-üş**") и инфинитив ("**-mak**", "**-mek**") често се заменуваат со суфиксите: "**-ma**", "**-me**". Слични отстапувања, но во помал број се евидентни и во областа на постпозициите, сврзниците и извиците.

## II ДЕЛ

### 10. *Синтакса*

Во текстовите на турските автори во списанието „Севинч" и во однос на синтаксата се укажува наструктурални промени во реченицата, кои настапале главно под силно влијание на гореспоменатите причини, но секако и под влијание на индоевропските или балканските јазици, а пред се од доминантниот македонски јазик, така што структурата на реченицата (**субјект – објект – глагол**) која е својствена на стандардниот турски јазик, и покрај тоа што во споредба со говорниот јазик е значително поретка појава, сепак таа и во пишуваниот јазик не може да се рече дека е сосема искоренета и надмината состојба. Како резултат на ваквата состојба иако поретко, елементите на реченицата можат да се најдат во која било позиција.

Од синтактички аспект во трудот е посветено посебно внимание на девијациите направени во однос на употребата на релативната заменка "ki", при што се укажува на една општа паушалност, граматичка незаснованост и синтаксичка контрадикторност. Накусо речено, таму каде што е потребна нејзината примена, таа се заменува со друг вид сврзник или наполно се испушта, и обратно, таму каде што не

треба да се употребува, таа се јавува, што зборува за едно тотална неупатеност и непознавање на турската граматика. Кандидатката напоменува дека ова е многу комплексно праша-ње и заслужува да му се посвети посебно внимание.

Во овој поглед, не помалку значајна е и употребата на сложените реченици со квазисврзник/трансформантот "**diye**", на кои во научната литература досега не им е посветено доволно внимание. Меѓу турските текстови во списанието „Севинч" напоменува Скука, при употребата на ваквите реченици се јавува на еден вид редупликација на глаголот "**demek**", што претставува апсолутен плеоназам.

### 11. *Заклучок*

Во заклучокот од четиринаесетина страници се сумирани резултатите, односно најкарактеристичните морфолошки и синтаксички особености на литературните текстови објавени во списанието „Севинч".

Посебно треба да се истакне вредноста и богатството на илустративниот материјал (281- 295), кој е грижливо селектиран и илустриран на крајот на текстот за да им послужи како доказен материјал на заинтересираните идни истражувачи. Споменатиот материјал е значаен не само поради својата морфолошко-синтаксичка вредност, туку и поради тоа што тој ги презентира сите стилски нијанси на пишуваниот јазик на една заедница чии социјално-економски, општествено-политички и образовни услови за културен развој перманентно се менуваат. Целиот овој материјал ќе остане како траен документ за **морфолошката** и **синтаксичката** состојба на пишуваниот турски јазик во Македонија во одредени услови и одредена фаза од неговиот развој.

Од досега изложеново во претходните точки се гледа дека м-р Хулија Даут Скука направила еден многу интересен научен исчекор, кој, накусо, може да го резимираме на следниов начин: **1.** за првпат писмениот јазик на Турците во Македонија станува предмет на истражување кај нас и воопшто; **2.** за првпат се укажува на сите девијации во писмениот турски јазик врз основа на конкретни примери почнувајќи од наставки, видови зборови до реченици; **3.** значи, за првпат во рамките на едно истражување се опфатени наставките, сите видови зборови и реченици, со укажување на најсуштинските карактеристики и најсуптилните прашања кои се јавуваат во областа на лингвистиката во билингвални, трилингвални и повеќелингвални средини како што е Македонија.

### 12. *Апликативен дел и библиографија*

Во библиографијата се наведува користената литература која брои 134 библиографски единици, а повеќето од нив се однесуваат на диглосијата, билингвалните истражувања, влијанија и меѓувлијанија во јазиците и контрастирањето на меѓујазичните синоними и хомоними меѓу турскиот јазик од една страна и францускиот, македонскиот, српскохрватскиот и албанскиот јазик од другастрана. Кандидатката успешно се служи со литературата наведувајќи за секој проблем мислења од повеќе автори, а потоа ги контрастира со сопствените согледувања засновани на лично искуство. Списокот на скратеници ги објаснува симболите што упатуваат кон текстовите од кои се извлечени наведените примери.

**Заклучок и предлог**

Од гореизложеното дојдовме до заклучок дека докторската дисертација изработена од м-р Хулија Даут Скука е плод на студиозна работа. Проблемот што се обработува е актуелен. Методологијата и техниката на работа се современи и приспособени кон проблемот и материјалот. При класификацијата и обработката на појавите, користени се сознанијата на многу истакнати лингвисти – цитирани во наведената литература.

Резултатите на анализата претставуваат солидна основа за понатамошно и пошироко научно проучување на лексикографијата, морфологијата и семантиката на јазикот на турските билингвални автори во Македонија и во еден поширок регион на Балканскиот Полуостров.

Дисертацијата на м-р Хулија Даут Скука претставува солиден прилог кон проучувањето на современиот турски јазик во Македонија и турскиот јазик воопшто. Таа е оригинален труд во кој авторот покажува дека ја владее материјата и научно ја интерпретира според современите методи што се применуваат во лингвистиката. Дисертацијата се одликува со деталност, оригинален методолошки пристап, успешно и умешно сумирање на резултатите и заземање став во одредена проблематика.

Од сето досега кажано произлегува дека м-р Хулија Даут Скука одлично ја завршила работата врз докторската дисертација ***„Јазични особености на турската проза во списанието „Севинч" во периодот од 1950 до 2003 година*** и затоа Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја усвои нашата рецензија и да закаже одбрана

**Рецензентска комисија**

(Д-р Хамди Хасан, редовен професор, с.р.)

(Д-р Мустафа Озкан, редовен професор, с.р. )

(Д-р Ниметуллах Хафиз, редовен професор, с.р.)

(Д-р Теута Арифи, вонреден професор, с.р.)

(Д-р Зихни Османи, редовен професор, с.р.)

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ БОТАНИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-1967/4 на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, донесена на XXI седница одржана на 5.10.2010 година, формирана е Рецензентска комисија за преглед и оцена на стручните и научните трудови на **д-р Елизабета Мискоска - Милевска**, која се пријави на конкурсот за избор во звањето **доцент** во научната област **ботаника** на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија“, на 10.9.2010 година и во весникот „Коха“, на 11.9.2010 година. Комисијата во состав: д-р Лефтерија Станковиќ, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Митко Костадиновски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Зоран Т. Поповски, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Кандидатката д-р Елизабета Мискоска – Милевска е родена на 22.3.1975 година во Велес. Средно училиште завршила во УСО „Раде Јовчевски - Корчагин“ во Скопје со одличен успех. Во академската 1993/94 година се запишала на студии по биологија, биохемиско-физиолошка насока, на Природно-математичкиот факултет во Скопје, а дипломирала на 11.6.1998 година со среден успех 8,42 и се стекнала со диплома инженер по биологија. По дипломирањето неколку месеци стажирала во биохемиската и микробиолошката лабораторија при Воената болница во Скопје, каде што се стекнала со иницијално лабораториско искуство.

Со цел да ги продлабочи знаењата од областа на биологијата, во академската 1998/99 година се запишала на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, група: биологија, биохемиско-физиолошка насока. Испитите предвидени со програмата на постдипломските студии ги положила со среден успех 9,44. На 12.2.2004 година јавно го одбранила магистерскиот труд под наслов СЕМЕНСКИ ПРОТЕИНСКИ ПРОФИЛ И НЕКОИ МОРФОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ КАЈ ДОМАТОТ (*Lycopersicon esculentum* Mill.), на Природно-математичкиот факултет во Скопје и се здобила со научно звање магистер на биолошки науки – насока биохемиско-физиолошка.

На 8.7.2010 година јавно ја одбранила докторската дисертација под наслов ИСТРАЖУВАЊЕ НА МИКРОСАТЕЛИТСКАТА ДНК КАЈ РАЗЛИЧНИ ВАРИЕТЕТИ НА ДОМАТ (*Lycopersicon esculentum* Mill.), на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и се стекнала со научно звање доктор на земјоделски науки.

Д-р Мискоска - Милевска располага со вештини за користење на информатичките и комуникациските технологии и активно го користи англискиот јазик.

Во изминатиот период кандидатката учествувала на повеќе симпозиуми, стручни и научни курсеви организирани во државава и во странство, меѓу кои:

- Курсот за апликација на молекуларни методи во селекција и конзервација, одржан на Земјоделскиот факултет во Скопје од 28.10 до 2.11.2002 година и од 26 до 28.11.2003 година;

- Школата за лидери во земјоделски здруженија, во организација на Scanagri и Шведската влада, организирана во неколку фази (14-17.10.2003 година во Скопје, 2-5.12.2003 година во Охрид, 17-19.2.2004 година во Струмица и 16-18.3.2004 година во Скопје), вклучувајќи и работа на проект;

- работилницата на тема „Меѓународна соработка на Земјоделскиот факултет во Скопје со слични институции од Европската унија на полето на научно-апликативната дејност", одржана на Земјодескиот факултет во Скопје, 5-6.2.2004 година;

- работилницата на тема „Проценка и раководење со ризикот при примена на ГМО", во рамките на УНЕП/ГЕФ проектот „Развој на национални рамки за биосигурност", во организација на Министерството за животна средина и просторно уредување, одржана во Скопје на 22.4.2004 година;

- работилницата на тема „Подигање на јавната свест, информирање и учество на јавноста при примена на ГМО", во рамките на УНЕП/ГЕФ проектот „Развој на национални рамки за биосигурност", во организација на Министерството за животна средина и просторно уредување, одржана во Скопје на 28.6.2004 година;

- XI советување за биотехнологија со меѓународно учество, во организација на Агрономскиот факултет во Чачак, Србија, 3-4.3.2006 година;

- III симпозиум со меѓународно учество „Иновации во поледелското и градинарското производство", во организација на Земјоделскиот факултет Белград - Земун, 19-20.10.2007 година;

- присуство на World Food Prize Conference во Де Моин, Ајова, САД, 16-19.10.2007 година.

Д-р Мискоска - Милевска има остварено повеќе студиски престои во странство, и тоа:

- еднонеделен престој во Одделот за биохемиска генетика при Институтот за генетика „АКАД. Д. КОСТОВ" на Бугарската академија на науките во Софија, Бугарија, во 2003 година;

- учесник на работилницата „8th ISTA/FAO Workshop on Electrophoretic Methods and PCR-Techniques for Variety Verification and GMO Detection", во организација на ISTA и FAO, одржан на Ege универзитетот во Измир, Турција, 20-24.2.2006 година;

- едномесечен престој во Институтот за генетско инженерство и биотехнологија во Сараево, Босна и Херцеговина, каде што била вклучена во тековните активности поврзани со апликација на ДНК-микросателити во детерминација на генетската дистанца помеѓу различни растителни видови и варијетети;

- петнеделен престој на Државниот универзитет Охајо во САД како стипендист на меѓународната програма од областа на земјоделските науки и технологии „Норман Е. Борлауг", каде што се стекнала со практични и теоретски знаења од областа на примената на молекуларните маркери во генетски анализи на растителни популации, во 2007 година;

- учество на курсот „Plant variety protection (Plant Breeders' Rights", во организација на Naktuinbouw и Wageningen International, одржан во Вагенинген, Холандија (две недели, во 2009 година);

- еднонеделен престој на Земјоделскиот факултет во Витербо, Италија, во 2010 година.

## Образона дејност

Од академската 2001/2002 година, д-р Елизабета Мискоска - Милевска е ангажирана како стручен соработник на предметот ботаника при Земјоделскиот факултет во Скопје и е вклучена во изведувањето на практичната настава по предметот ботаника на сите насоки. На 26.2.2003 година е избрана во звањето помлад асистент по истиот предмет. Од 1.9.2003 година е вработена како помлад асистент-приправник на Земјоделскиот факултет во Скопје, а на на 8.7.2004 година е избрана во звањето асистент по предметот ботаника. На 31.3.2008 година повторно е избрана во звањето асистент по предметот ботаника.)

## Наставни средства

1. Лефтерија Станковиќ, Силвана Манасиевска – Симиќ, **Елизабета Мискоска – Милевска**. 2010. Скрипта за лабораториски вежби по ботаника наменета за студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

Во изминатиот период, д-р Елизабета Мискоска – Милевска била вклучена во истражувачките тимови на два проекта како учесник, и тоа:

- билатерален проект со Р. Словенија, „PrP полиморфизам во геномот на македонските и словенечките автохтони популации овци од расата прамснка", 2007-2008 ;
- меѓународен проект 145040-TEMPUS-2008-DE-JPCR „Improvement and Establishment of Biotechnology in Higher Education", 2008-2011.

Како резултат на научноистражувачката дејност, д-р Елизабета Мискоска – Милевска, како автор и коавтор, заклучно со последниот избор има објавено 8 труда, рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (број 852 и 938). Од последниот избор, кандидатката се јавува како автор и коавтор на 8 објавени труда и еден труд во печат. Покрај објавените трудови, д-р Мискоска – Милевска се јавува како коавтор и на една публикација.

**Краток приказ на трудовите за рецензија:**

9 **Elizabeta Miskoska - Milevska**, Blagica Dimitrievska, K. Porču. Z. T. Popovski. 2008. Differences in tomato seed protein profiles obtained by SDS-PAGE analyses. Journal of Agricultural Sciences. University of Belgrade, Republic of Serbia. Faculty of Agriculture. Belgrade. Vol. 53. No1. 13-23.

Во овој труд се анализирани протеинските профили од подвидовите (subsp. *cultum* Brezh, subsp. *subspontaneum* Brezh и subsp. *spontaneum* Brezh.), според методата на натриум додецил сулфат полиакриламиден гел-електрофореза (SDS-PAGE). Електрофореграмите и дензитограмите на вкупните, растворливите и нерастворливите протеини кај испитуваните домати покажаа квантитативни и квалитативни разлики.

10 Лефтерија Станковиќ, **Елизабета Мискоска – Милевска**. 2008. Папратите – отровни за домашните животни. Моја земја. Списание за земјоделство и рурален развој. Скопје. Бр.33. 44-45.

Изнесени се податоци и факти за отровното дејство на папратите врз домашните животни. Ставен е акцент на ботаничките карактеристики на папратите (*Dryopteris filix mas* и *Pteridum aquilinum*) и знаците на труење кај домашните животни предизвикани при нивно консумирање. Исто така, се изнесени и литературни податоци кои се однесуваат на направени опити кај различни домашни животни.

11 Лефтерија Станковиќ, **Елизабета Мискоска – Милевска**. 2008. Обичен балан - *Atropa belladonna* L. – отровен за луѓето и животните. „Моја земја". Списание за земјоделство и рурален развој. Скопје. Бр.34. 44-45.

Презентирани се податоци за лековитото и отровното дејство на обичниот балан (*Atropa belladonna*). Покрај ботаничкиот опис на растението, дадени се и податоци за местото и времето на појавување, хемискиот состав како и знаците на труење. Во литературата постојат бројни експериментални податоци за труење со обичен балан кај животните, а дел од нив се презентирани во овој труд.

12 Лефтерија Станковиќ, **Елизабета Мискоска – Милевска**. 2008. „Водениот цвет“ (flos aquae) – отровен за животните. „Моја земја“. Списание за земјоделство и рурален развој. Скопје. Бр.36. 42-43.

Дадени се податоци за отровноста на „водениот цвет“ (flos aquae), како и податоци за поволните услови кои влијаат врз неговото формирање. Со оглед на фактот што „водениот цвет“ е масивен збир од различни родови и видови на модрозелени алги, дадени се подетални информации за најчестите модрозелени алги во „водениот цвет“: *Aphanizomenon flos-aquae, Anabaena flos-aquae, Mycrocystis aeruginosa* и *Nodularia spumigena*. Детално се разработени и симптомите на труење кај домашните животни предизвикани од отровното дејство на „водениот цвет“ .

13 Popovski T. Z., Dimitrievska R.B., Porču D.K., **Miskoska - Milevska E.** 2009. Microorganisms as tools in genetic modification. 6th Balkan Congress of Microbiology-Abstract Book 184-185.

Во овој прегледен труд презентиран како воведен реферат на овој меѓународен собир е анализирана улогата и значењето на микроорганизмите како алатка во генетските модификации. Притоа се споменуваат предностите и негативностите на некои микроорганизми при генетски манипулации со нив. Исто така, се нагласува големото влијание на достигнувањата во микробиологијата во стекнувањето на сегашниот статус на генетското инженерство.

14 Lefterija Stanković, Srebra Ilić-Popova, Elizabeta Angelova, **Elizabeta Miskoska - Milevska**. 2009. Problems Associated with the Usage of the Accumulation Water by the Drip Irrigation System. Acta herbologica, Beograd. Vol.18. No.1. 51-57.

Во оваа студија е направена квантитативна и квалитативна анализа на фитопланктонот во акумулацијата „Паљурци“ во близина на Богданци. Притоа е испитуван фитопланктонот во водата која минува низ филтер-станицата, како и седиментите кои се задржуваат на емитерите во стакленикот за производство на градинарски култури, а кои користат иригациски систем „капка по капка“.

15 Lefterija Stanković, Srebra Ilić-Popova, Elizabeta Angelova, **Elizabeta Miskoska - Milevska**. 2010. Ecological Characteristics of Some Weeds from the Dojran Lake. Kragujevac J. Sci. 32: 95-100.

Во оваа студија е изведена квалитативна анализа на некои плевели во Дојранското Езеро. Во еколошките анализи се вклучени 20 видови плевели кои

припаѓаат на 12 фамилии. Еколошката карактеризација е направена според еколошките фактори за влажност (F), за хемиска реакција на стаништето (R), за хранливи материи (N), за светлина (L) и за температура (T).

16 **Elizabeta Miskoska - Milevska**. 2010. Истражување на микросателитската ДНК кај различни варијетети на домат (*Lycopersicon esculentum* Mill.). Докторска дисертација. Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје. УДК: 577:635.64.

Во ова истражување е проучена апликативноста на 12 ДНК-микросателитски локуси (LESSF-локус, LECH13-локус, LE21085-локус, LEMDDNa-локус, LEEF1Aa-локус, LELEUZIP-локус, LEWIPIG-локус, LELE25-локус, LE20592-lokus, TMS9-локус, LE2A11-локус и LECHSOD-локус) во молекуларната карактеризација на 6 варијетети домати на Lycopersicon esculentum Mill.: var. *grandifolium* од subsp. *cultum*; var. *cerasiforme* (со црвени плодови), var. *cerasiforme* (со жолти плодови), var. *pruniforme* и var. *pyriforme* од subsp. *subspontaneum*; и var. *racemigerum* од subsp. *spontaneum*. Податоците добиени со фрагмент-анализи и секвенционирање на PCR-амплифицираната ДНК со ДНК-анализатор ABI Prism 3130 статистички се обработени со софтверските програми Power Marker и MEGA3.

17 **Elizabeta Miskoska - Milevska**, Zoran T. Popovski, Blagica R. Dimitrievska, Koco Porču. 2010 Determination of genetic diversity among different tomato varieties using SSR markers (in press).

## Публикации

18 Лефтерија Станковиќ, **Елизабета Мискоска – Милевска**. 2008. Етимолошки речник на некои фамилии, родови и видови на васкуларни растенија застапени на територијата на Република македонија. Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје. ISBN 978-9989-57-594-5.

Во овој извод од флората на Република Македонија дадена е етимологијата на имињата на 100 васкуларни растенија (папрати, голосеменици и скриеносеменици). Во поголем број случаи се изнесени комплетни информации за потеклото на името на фамилијата, родот и видот. Според Правилникот на Меѓународниот кодекс за ботаничка номенклатура (ICBN), постои дефинирана постапка за именување на растителни родови и видови, која се базира на т.н. бинарна номенклатура. Имињата на растителните родови и видови се изведени со прифатени зборови од латинскиот и грчкиот јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на достапните податоци од доставената документација, Комисијата констатира дека д-р Елизабета Мискоска – Милевска располага со неопходен научен, стручен и педагошки потенцијал и поседува формални квалификации, согласно со законските прописи и Статутот на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, да биде избрана во звањето ДОЦЕНТ во научната област ботаника.

Имајќи го тоа предвид, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, кандидатката д-р Елизабета Мискоска – Милевска да биде избрана во звањето ДОЦЕНТ во научната област ботаника.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Лефтерија Станковиќ,**
**редовен професор на**
**Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

**Д-р Митко Костадиновски,**
**редовен професор на**
**Природно-математичкиот факултет во Скопје с.р.**

**Д-р Зоран Т. Поповски,**
**вонреден професор на**
**Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **ЕЛИЗАБЕТА МИСКОСКА – МИЛЕВСКА**

Институција: **ФАКУЛТЕТЕ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

Научна област: **БОТАНИКА**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Лабораториски вежби по ботаника (0+2) , зимски 2001/02, 14 часа неделно х15 недели х 0,03 | 6,3 |
| 2. | Лабораториски вежби по ботаника (0+2), летен 2001/02, 14 часа неделно х15 недели х 0,03 | 6,3 |
| 3. | Лабораториски вежби по ботаника (0+2), зимски 2002/03, 12 часа неделно х15 недели х 0,03 | 5,4 |
| 4. | Лабораториски вежби по ботаника(0+2) , летен 2002/03, 12 часа неделно х15 недели х 0,03 | 5,4 |
| 5. | Лабораториски вежби по ботаника (0+4) , летен 2003/04, 20 часа неделно х15 недели х 0,03 | 9 |
| 6. | Лабораториски вежби по ботаника (0+4), летен 2005/06, 20 часа неделно х15 недели х 0,03 | 9 |
| 7. | Лабораториски вежби по ботаника (0+4) , летен 2006/07, 24 часа неделно х15 недели х 0,03 | 10,8 |
| 8. | Лабораториски вежби по ботаника (0+4), летен 2007/08, 24 часа неделно х15 недели х 0,03 | 10,8 |
| 9. | Лабораториски вежби по ботаника (0+4) , летен 2008/09, 24 часа неделно х15 недели х 0,03 | 10,8 |
| 10. | Лабораториски вежби по ботаника (0+4), летен 2009/10, 28 часа неделно х15 недели х 0,03 | 12,6 |
| 11. | Теренска настава по ботаника (4 часа х 8 години х 0,04) | 1,28 |
| 12. | Интерна скрипта за лабораториски вежби по ботаника | 3 |
| | Вкупно | 90,68 |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 2. | Одбранета докторска теза | 8 |
| 3. | „PrP полиморфизам на геномот на македонските и словенечките автохтони популации овции од расата праменка" (2007-2008) (билатерален проект со Р. Словенија – учесник) | 5 |
| 4. | „Improvement and Establishment of Biotechnology in Higher Education" – European Project No 145040 – TEMPUS-2008-DE-JPCR (меѓународен проект, учесник) | 5 |
| 5. | Станковиќ Лефтерија, **Мискоска Елизабета**, 2004. Труење на домашните животни со семе од памук. Сточарство. Сојуз на земјоделските инженери на Македонија и Факултетот за земјоделски науки и храна. Скопје. Година 2. Број 2. 39-40. 90% | 1,8 |
| 6. | Станковиќ Лефтерија, **Мискоска Елизабета**, 2004. Труење на домашни животни со семе од какол. 2004. Сточарство. Сојуз на земјоделските инженери на Македонија и Факултетот за земјоделски науки и храна. Скопје. Година 2. Број 2. 40-41. 90% | 1,8 |
| 7. | Станковиќ Лефтерија, **Мискоска Елизабета**, 2004. Некои поважни карактеристики на елдата (*Fagopyrum esculentum* Moench.), Списание за пчеларство и апикултура „Мелитагора". Скопје. Издание 56/2004. Година 9. Број 2. 41-44. 90% | 1,8 |
| 8. | **Мискоска – Милевска Елизабета,** Туџаров Т., Станковиќ Лефтерија. 2003. Корелација помеѓу некои поважни својства на плодот кај доматот (*Lycopersicon esculentum* Mill.). Годишен зборник на Земјоделскиот факултет. Скопје. Година 48. 171-180. 80% | 1,6 |
| 9. | **Мискоска – Милевска Елизабета,** Туџаров Т., Станковиќ Лефтерија. 2004. Наследување на поважните карактеристики на плодот кај доматот (*Lycopersicon esculentum* Mill.) во $F_1$ генерација. Годишен зборник на Земјоделскиот институт. Скопје. Том XXII/XXIII. 63-71. 80% | 1,6 |
| 10. | Станковиќ Лефтерија, Илиќ – Попова Сребра, Ангелова Елизабета, Манасиевска – Симиќ Силвана, **Мискоска Елизабета.** 2004. Примена на еколошките индекси за карактеризација на плевелната вегетација за локалитетот Гази Баба, Годишен зборник на Земјоделскиот факултет. Скопје. Година 49. 121-133. 60% | 1,2 |
| 11. | **Elizabeta Miskoska-Milevska**, Z. T. Popovski, Blagica Dimitrievska, K. Porču. 2006. Upotreba SDS-PAGE Proteinskih profila u dokazivanju $F_1$ recipročnih hibrida paradajza (*Lycopersicon esculentum* Mill.). XI Savetovanje o biotehnologiji. Čačak. Vol. 11 (11-12). knjiga I. 211-219. 60% | 1,8 |
| 12. | **Elizabeta Miskoska - Milevska**, Blagica Dimitrievska, K. Porču. Z. T. Popovski. 2008. Differences in tomato seed protein profiles obtained by SDS-PAGE analyses. Journal of Agricultural Sciences. University of Belgrade Republic of Serbia. Faculty of Agriculture. Belgrade. Vol. 53. No1. 13-23. 60% | 2,4 |
| 13. | Лефтерија Станковиќ, **Елизабета Мискоска – Милевска**. 2008. Папратите – отровни за домашните животни. „Моја земја", списание за земјоделство и рурален развој. Скопје. Бр. 33. 44-45. 90% | 1,8 |
| 14. | Лефтерија Станковиќ, **Елизабета Мискоска – Милевска**. 2008. Обичен балан - *Atropa belladonna* L. – отровен за луѓето и животните. „Моја земја", списание за земјоделство и рурален развој. Скопје. Бр. 34. 44-45. 90% | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Лефтерија Станковиќ, **Елизабета Мискоска – Милевска**. 2008. „Воден цвет" (flos aquae) - отровен за животните. „Моја земја", списание за земјоделство и рурален развој. Скопје. Бр. 36. 42-43. 90% | 1,8 |
| 16. | Popovski T. Z., Dimitrievska R.B., Porču D.K., **Miskoska - Milevska E.** (2009). Microorganisms as tools in genetc modification. 6th Balkan Congress of Microbiology-Abstract Book 184-185. 60% | 1,8 |
| 17. | Lefterija Stanković, Srebra Ilić-Popova, Elizabeta Angelova, **Elizabeta Miskoska - Milevska** (2009): Problems Associated with the Uusage of the Accumulation Water by the Drip Irrigation System. Acta herbologica, Beograd, Vol.18, No.1, 51-57. 60% | 2,4 |
| 18. | Lefterija Stanković, Srebra Ilić-Popova, Elizabeta Angelova, **Elizabeta Miskoska - Milevska** (2010): Ecological Characteristics of Some Weeds from the Dojran Lake. Kragujevac J. Sci. 32: 95-100. 60% | 2,4 |
| | Вкупно | 48,00 |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Лефтерија Станковиќ, **Елизабета Мискоска – Милевска**. 2008. Етимолошки речник за имињата на некои фамилии, родови и видови на васкуларни растенија застапени на територијата на Република Македонија, Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје. | 3 |
| 2. | Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот | 4 |
| | Вкупно | 7 |

Дејности од поширок интерес

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Студиски престој во странство (до три месеци) x 6 | 3 |
| 2. | Изготвување и пријавување на национален проект, МЗШВ, 2007 (соработник), арх. бр. 08-10829/1 | 0,5 |
| 3. | Изготвување и пријавување на национален проект, МЗШВ, 2008 (соработник), арх. бр. 08-12805/1 | 0,5 |
| 4. | Изготвување и пријавување на национален проект, МЗШВ, 2009 (носител), арх. бр. 02-9494/2 | 1 |
| | Вкупно | 5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ ЗА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 90,68 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 48,00 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | / |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 12 |
| Вкупно | 150,68 |

**Рецензентска комисија**

**Д-р Лефтерија Станковиќ,**
**редовен професор на**
**Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

**Д-р Митко Костадиновски,**
**редовен професор на**
**Природно-математичкиот факултет во Скопје с.р.**

**Д-р Зоран Т. Поповски,**
**вонреден професор на**
**Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје од 1.7.2010 година бр. 07-1362/3, избрани сме за рецензенти по пријавата од м-р Ламбе Барандовски, помлад асистент на Институтот за физика на конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 8.6.2010 год. Врз основа на поднесените документи и познавањето на кандидатот го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци и образование**

Ламбе Барандовски е роден на 24 јуни 1978 г. во Битола. Со основно и средно образование се стекнал во Ресен, постигнувајќи континуирано одличен успех и притоа двапати бил прогласен за ученик на генерацијата. Истовремено редовно учествувал на натпреварите по физика, на кои бил наградуван. Во последната година од средното училиште, на Републичкиот натпревар по физика, го освоил првото место и истата година како член на македонскиот тим учествувал на Меѓународната олимпијада по физика одржана во Садбери, Канада.

На студиите по применета физика на ПМФ се запишал во учебната 1997/98, каде што дипломирал во јуни 2004 г. со дипломската работа *Изучување на атмосферската распространетост на тешки метали во Република Македонија со помош на неутронска активациона анализа на примероци на мов.*

Во учебната 2007/08 се запишал на постдипломските студии, пасока: теориска физика, подпасока: квантна и статистичка физика на Институот за физика. По положувањето на предвидените испити (средна оценка 9,75) во ноември 2009 година го одбранил магистерскиот труд *Биомониторинг на загадувањето на воздухот во Република Македонија со тешки метали со примена на неутронска активациона анализа.*

Во текот на студирањето и потоа, реализирал повеќе престои на разни институции за обучување и истражување:

-Аристотелов универзитет, Солун (еден месец во 2000);

-Обединет институт за нуклеарни истражувања, Франкова лабораторија за физика на неутрони, Дубна (вкупно 5 и пол месеци во текот на 2002, 2003 и 2006);

-Норвешки универзитет за наука и технологија, Институт за хемија, Трондхајм (тримесечен престој во 2004);

-Институт за трансураниумски елементи, Карлсруе, Германија (едномесечен престој, 2004);

-Институт за применета екологија (ОИКОН), Загреб (една недела, 2006);

-Геолошки институт, Љубљана, Словенија (една недела, 2007);

-Институт за физика, Природно-математички факултет, Загреб (едномесечен престој во 2007).

При посетата на Институтот за применета екологија во Загреб ја водел обуката на претставници од Институтот за стандардната постапка на собирање примероци мов. При посетите на Карлсруе и Загреб се стекнал со сертификати за

учество на курсевите - $7^{th}$ Nuclear training course with Nuclides.net, односно Нуклеарни центри и лаборатории.

Во текот на студирањето и подоцна, м-р Барандовски освоил повеќе награди и признанија за својата работа. Ќе ги спомнеме:

- најдобар научен труд од областа на "Nuclear methods in Life Science", VII конференција на млади научници и специјалисти на Русија , Дубна Русија (2.2-6.2.2003 год.).
- најдобро изработена дипломска работа на студиите по физика при Природно-математичкиот факултет во учебната 2004 година;
- втора награда на конкурсот за научни, методски и применети трудови на Обединетиот институт за нуклеарни истражувања, Лабораторија за физика на неутроните во 2006 година, за трудот со наслов: *Изучение воздушнўх загрязнений в Македонии с применением метода мхов-биомониторов. НАА, ААС и ГИС-технологий.*

Кандидатот одлично зборува англиски јазик, а може да користи литература на руски јазик. Добро ги познава и ги користи компјутерските програми MS Office, Pascal, Origin 6.0, Coach 5 и Corel Draw.

**Наставно-образовна работа**

М-р Ламбе Барандовски на Институтот за физика работел како демонстратор од 1 октомври 2003 до 27 декември 2005 г., а како помлад асистент од 28 декември 2005 г. до денес. Притоа бил ангажиран во изведувањето на вежби по повеќе предмети на студиите по физика, како и на други студиски групи на ПМФ и на други факултети: 1. физика и заштита на животната средина; 2. нуклеарна физика со физика на елементарни честички (насока за применета физика); 3. атомска и нуклеарна физика (наставна насока); 4. вовед во атомска и нуклеарна физика на студиите по математика-физика; 5. биофизика; 6. дозиметрија и заштита од зрачење; 7. физика III (на студиите по математика - физика); 8. физика IV (на студиите по математика - физика); 9. физика (на студиите по биологија - хемија); 10. физика (на студиите по аналитичка биохемија; 11. биофизика (на студиите по фармација); 12. биофизика (на студиите по шумарство); 13. радијациона физика (на студиите за рендген-техничари на Медицинскиот факултет).

**Научноистражувачка работа**

Бидејќи се работи за избор во звањето асистент, ќе ги наведеме трудовите каде што учествувал како автор/коавтор:

**1.** L. Barandovski, M. Cekova, M. V. Frontasyeva, S. S. Pavlov, T. Stafilov, E. Steinnes and V. Urumov, *Biomonitoring of atmospheric metal deposition in the Republic of Macedonia*, $3^{rd}$ International workshop of the project "Atmospheric effects on the human environment in the tertiary basins in the Mediterranean, Proceedings, Štip, 5-16, 2005.

Овде се прикажани резултатите за присуството на тешки метали во атмосферата што се добиени преку анализа на примероци на мов што за прв пат се направени со целосен опфат на територијата на Република Македонија. Анализата е направена со помош на неутронска активациона анализа извршена во лабораториите во Дубна и со помош на атомска апсорпциона спектроскопија спроведена на Институтот за хемија.

**2.** L. Barandovski, M. Cekova, M. V. Frontasyeva, S. S. Pavlov, T. Stafilov, E. Steinnes and V. Urumov, *Air pollution studies in Macedonia using the moss biomonitoring technique, NAA, AAS and GIS technology,* E18-2006-160, Объединенный Институт Ядерных Исследований, Дубна 2006.

Резултатите од првата студија за атмосферската присутност на тешки метали регистрирани според нивната акумулирана концентрација во примероци од мов, овде се дадени најдетално со вкупно 39 географски карти за најдената распределба на концентрациите на одделните елементи.

**3.** Z. Špirić, M. V. Frontasyeva, T. Stafilov, L. Barandovski, S. F. Gundorina, T. M. Ostrovnaya, D. Bukovec i Z. Mesić, Mahovine kao bioindikatori onečišćenja zraka, Peti Hrvatski Znanstveno-stručni skup, Zaštita zraka, Zadar 2007.

Во трудот е изложена постапката за собирање на примероци на мов спроведена во Хрватска, за подоцнежно анализирање на присуството на тешки метали во атмосферата како резултат на антропогени активности.

**4.** L. Barandovski, M. Cekova, M. V. Frontasyeva, S. S. Pavlov, T. Stafilov, E. Steinnes and V. Urumov, *Atmospheric deposition of trace element pollutants in Macedonia studied by the moss biomonitoring technique*, Environmental Monitoring and Assessment **138**, 107-118, 2008.

Во работата се соопштуваат резултатите за присуството на тешки метали во атмосферата во Македонија, добиени со примероци на мов собрани од 73 локации во текот на 2002 г. Укажано е на зголеменото присуство на тешки метали во околината на топилниците. Податоците се однесуваат на 43 елементи. Работата е цитирана шест пати од независни автори.

**5.** H. Harmens, D. Norris and the participants of the moss survey 2005 – Spatial and Temporal Trends in Heavy Metal Accumulation in Mosses in Europe, Centre for Ecology and Hydrology, Bangor, pp. 51 (2008).

Во овој труд се прикажани резултатите за присуството на тешки метали во примероците од мов добиени за 29 европски земји, меѓу кои е и Македонија.

**6.** *Биомониторинг на загадувањето на воздухот во Република Македонија со тешки метали со примена на неутронска активациона анализа,* магистерска работа, Институт за физика, ПМФ, ноември 2009.

Во магистерската работа детално е образложен методот на неутронска активациона анализа со кој се анализирани примероците на мов собрани во 2002 и 2005 г. од 73 локации што ја опфаќаат целата територија на Република Македонија. Врз основа на овие податоци, покрај просторната состојба на загаденоста на атмосферата, за првпат можеше да се анализира и нејзината временска еволуција. Притоа е најдено повеќе од двојно зголемување на медијаната на концентрациите на никел во примероците од мов од територијата на Република Македонија. Членови на комисијата за одбрана на магистерската работа беа двајца врвни светски експерти за оваа тематика, Ајлив Стајнес од Трондхајм, Норвешка и Марина Фронтасјева од Дубна, Русија.

**Објавени апстракти**

**1.** L. Barandovski, M. Cekova, M. V. Frontasyeva, S. S. Pavlov, T. Stafilov, E. Steinnes and V. Urumov - *Air pollution studies in Macedonia using the moss biomonitoring technique, INAA, AAS and GIS technology*, 3rd Balkan conference of Environment, p. 289, Katerini, 2006.

**2.** L. Barandovski, M. Cekova, M. V. Frontasyeva, T. Stafilov, E. Steinnes and V. Urumov - *Air pollution studies in R Macedonia using moss biomonitoring technique*, Renewable energy sources and environment-multidisciplinary aspect, pp. 46-47, Belgrade, 2006.

**3.** T. Stafilov, L. Barandovski, V. Enimiteva, M. V. Frontasyeva, S. S. Pavlov and V. Urumov - *Moss biomonitoring for air pollution with heavy metals using INAA and AAS, The results from the study in Republic of Macedonia*, 7th International symposium and summer school on bioanalysis, p. 57, Pécs, 2007.

**4.** L. Barandovski, M. Cekova, M. V. Frontasyeva, S.S. Pavlov and V. Urumov - *Air pollution in the Republic of Macedonia: moss biomonitoring study-2005*, 20th Task force meeting of the ICP vegetation, p. 49, Dubna, 2007.

5. Z. Špirić, M. V. Frontasyeva, T. Stafilov, L. Barandovski, V. Enmiteva, L. Barandovski and V. Urumov, Atmospheric deposition of Cd, Hg, and Pb in Croatia and neighbouring countries, Assessment based on moss analysis, 21-st Task Force Meeting of the UNECE ICP Vegetation, p.38, Oulu, Finska, 2008.

6. T. Stafilov, M. V. Frontasyeva, L. Barandovski, V. Enmiteva, S. S. Pavlov, and V. Urumov, *Biomonitoring of air pollution using AAS and NAA: The Republic of Macedonia case study,* International Conference on Chemistry "Green and Sustainable Chemistry for developing countries", p.19, Cairo, 2008.

**Учество на конференции, школи и курсеви:**

- Advances in physics and astrophysics for the 21-th century, Varna (6.9-11.9.2005).

- VI конференција на физичарите на Република Македонија, Охрид, Македонија (21-24.9.2006) (усно соопштение).

- Renewable energy sources and environment-multidisciplinary aspect, Врњачка Бања, (17-24.10.2006) (Постер).

- VII курс за нуклеарна физика (7th Nuclear training course with Nuclides.net), Карлсруе, Германија, (25-28.04.2006).

- VII конференција на физичарите на Република Македонија, Охрид, Македонија (21-24.9.2006), (усно соопштение).

**Добиени сертификати:**

- сертификат за учество на 7th Nuclear training course with Nuclides.net, Карлсруе, Германија, (25-28.4.2006);

- сертификат за учество на летната школа "Renewable energy sources and the environment, multidisciplinary approach", организирана од Француската академија на науки, ВИНЧА - институтот за нуклеарни науки и Универзитетот „Пјер и Марија Кири" од Париз (17-24.10.2006);

- сертификат за завршен курс во областа „Нуклеарни центри и лаборатории", Институт за физика, ПМФ, Универзитет во Загреб, со стипендија од Меѓународната агенција за атомска енергија (1-31.10.2007);

- сертификат за учество на работилницата „National workshop on record keeping and tracking for radioactive waste inventories", Скопје (5-9.10.2010).

**Учество во проекти**

**1.** Atmospheric deposition of heavy metals in Veles studied by biomonitoring technique, раководен од проф. д-р. Ајлив Стајнес, Norwegian University of Science and Technology, Department of Chemistry, Трондхајм.

**2.** Investigations in Market Needs of Various Physics Study Profiles: A New Supplement Diploma, ТЕМПУС - проект (2005-06, раководител: проф. д-р Олга Галбова).

**3.** Изучување на атмосферската распространетост на тешки метали во Македонија со помош на мов-биомониторинг техника (2006-09, раководител: проф. д-р Виктор Урумов).

**4.** Меѓународен проект со IAEA, C6/MAK/07027.

**Стручни трудови и други публикации:**

-Л. Барандовски, Неутронска активациона анализа, ИМПУЛС **50**, 4-7 (2004);

-Л. Барандовски, *Дали ИТЕР ќе биде последниот чекор кон решавањето на енергетската криза*, стр. 40-47, Школа „Млади физичари", 2005;

-Л. Барандовски, *Столетието на Ајнштајн*, Ајнштајновата чудесна 1905 година, стр. 119-124, Скопје, 2005;

-Л. Барандовски, Принципи за забрзување на честици. Акцелератори на честици, стр. 1-14, Школа „Млади физичари", 2008.

**Објавени книги:**
Гордана Апостоловска, Ламбе Барандовски - *Физика и заштита на природната средина*, Темпус проект "Истражување на пазарот на трудот за потребите на различни профили на физичари", Институт за физика, Природно-математички факултет, Скопје, 83 страници (2006).

**Научно-популарни предавања и семинари:**
- Зрачењето како човеково секојдневие, Воздушното загадување како проблем на современото општество, Институт за физика, ПМФ, Скопје, 2006;

- Изучување на атмосферската распространетост на тешки метали на територијата на Р. Македонија со помош на мов-биомониторинг, неутронска активациона анализа и ГИС-техника, Институт за применета екологија ОИКОН, Загреб, Хрватска, 2006.

**Други активности**

Кандидатот м-р Л. Барандовски активно учествува во организацијата и подготовката на регионалните и државните натпревари по физика за учениците од основните и средните училишта во Р. Македонија. Автор е на повеќе задачи од областите на електричество, магнетизам, оптика, атомска и нуклеарна физика, кои учениците ги решавале на регионалните и државните натпревари.

Исто така учествува во промоцијата на студиите на Институтот за физика во средните школи во Р. Македонија што има за цел да се привлечат млади талентирани ученици за студии по физика.

**Заклучок и предлог**

Кандидатот м-р Ламбе Барандовски е успешен млад соработник на Институтот за физика од младата генерација на соработници којшто се вклопил во работата на Институтот. Своите работни обврски во наставно-образовниот процес ги извршува квалитетно, а односот кон студентите и колегите е на висина. Со работата на проекти од областа на загадувањето на воздухот со тешки метали и биомониторинг на животната средина (од која област е неговата магистерска работа), тој израснува во стручњак чие знаење е мултидисциплинарно (физика, хемија, биологија).

Реализирал студиски престои во Русија, Норвешка, Хрватска, Србија итн., каде што се запознал со современите нуклеарни техники и се здобил со сертификати кои потврдуваат дека тој може да ги користи овие техники. Неговото знаење е добредојдено така што тој успешно изведувал вежби од десетина различни курсеви, надополнувајќи го недостатокот на млади стручни кадри на Институтот.

Доверените задачи за усвојување и унапредување на техниките за детекција и дозиметрија на јонизирачките зрачења со опремата донирана од Меѓународната агенција за атомска енергија тој успешно ги реализира. Во иднина од него очекуваме натамошен напредок во досегашната успешна академска кариера.

Врз основа на изнесените факти во Извештајот, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да го избере м-р Ламбе Барандовски за асистент при Институтот за физика, ПМФ.

Рецензентска комисија:

Д-р Доне Гершановски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Виктор Урумов, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Драган Јакимовски, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

# ПРЕГЛЕД
на прифатени наслови на програми за изработка на магистерски труд на Факултетот за музичка уметност во Скопје

| *Кандидат* | *Ментор* | *Наслов на тема за изработка на магистерски труд* | *Комисија* |
|---|---|---|---|
| 1. Ариса Реџепи | Проф.д-р Димитрије Бужаровски | Видео колекција на детски музички игри од Косово во 2010 година | Проф.д-р Димитрије Бужаровски<br>Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска - Гмирја<br>Доц.д-р Александар Димитријевски |
| 2. Индира Чипа | Проф.м-р Тодор Светиев | Каталогизација на делата за пијано од косовските композитори | Проф.м-р Тодор Светиев<br>Проф.м-р Евушка Елезовиќ<br>Вонр.проф.д-р Викторија Коларовска - Гмирја |